л'уте (сă)* impf 'искажува нетрпеливост, омраза' ~ *óде уф–грáдо, тáм па–аптéкăта му–дáвăт лéк. И рéкăл п–аптикáро: "Céа тúа ќи–дóѫт, адпи двýјца дýши, áс ќи–м–дáм. Тú нéма дă–că–л'ýтиш* [ПК,2(231)]; ~ *тó–ј пăл'ýтип зă–нéшто пă–мéпе, ми–că–л'ýте и нé ми–гувóре, пą–мýртип óде и нéма маабéт уд–нéго* [ПК,2(70)].

Л'утец top. 'име на рид во Кула, Серско (со остри страни, непошумен)'; fig. од л'ут + суф. -ец [ЈИ (СД),150)].

л'утúца f, zool. 'многу отровна змија' [ПД,124]; ~ *л'ута змија бркат,[л'ута ми л'утица,[рибпик да ја прават,[рибпик ми јапгулпик* [ТГ, 329].

л'уто adv 'злобно' ~ *л'ýто–că мáмо пăл'утих[извадúх пóш уд–пужпúца[удрежáх лóза уд–кóрип* [ПК,2(315)]; ~ *мајка меп ме л'уле, Стујап,[јазе се си плакум.[Тоги мајка меп ме, Стојап,[л'уто пракăпала,[л'уто ме пракăлпа, Стојап,[песпа ми пејаќи* [ТГ,200].

л'ýтос f 'лутина, злоба' ~ *тогáс кадúата му велú сос л'ýтос за да гу оплáши, да га остáви жепáта: "а бре беззакóпик, зашто́ пристăпкаш закóпот"* [V,PM,12].

л'ýште* impf 1. 'ја симнува кората од нешто' ~ *л'ýштум јăбýлки*; **2. 'ја симнува покривката (лисјата) од класот на пченка' – чиничката** (пченката) ќе ја дотерат в село, на определено за тоа место, и тука се **л'уште** [ТГ,290]; **3.**. fig. 'приграбува сé' ~ *мă–изл'уштú, мă–устăвú ус–прăсто уф–ýстта* [ПК,2(70)].

л'ăгáло и: **лигáло** n 'место направено пригодно за лежење (за човек или животно)' ~ *сáа ќи–мо:–пáјде лиг`лто пă–ќóруфто кýтре* [ПК,2,68]; ~ *că–вúке дéк лéже чувéко, дéк си–пучúпуве, а повúчке зă–кукóшки вúкуме: пă–л'ăг`лто лéжăт* [ПД,119].

М

ма conj < 'ама' (за спротивност) ~ *т'ѐиц'ира́та сӑс ш'ирóпу, ја ту́рiувáми па врӑх баклава́та, сӑ патуп'óва и фáш'тами ... да јид'ѐми; ма ш'тó за јид'ѐми?* [MS,t,8].

маа (и: **маје, маха**) impf 1.'со брзо движење на раката фрла некој предмет, мава' ~ *излизе́ла мóма, мóма Катири́па [двóри дӑ–изме́те, двóри рáпiи двóри [двóри, рáпiи двóри, рáпо укул–зóри [ја́ уд–дóлу лу́до мла́до сúва кóјпа вјáе [сúва кóјпа вјáје и рӑка ип–мáје* [ПК,2(328)]; 2. 'ги движи рацете наваму, натаму' ~ ако плаче детето штом ќе се роди, народот верува дека ќе биде работливо, ако покрај тоа и со рацете **маје** ќе биде **сербес** (дрско, луто и "дигноглаво"); ако детето веднаш по раѓањето отвори очи – веруваат дека ќе биде **ачик-ѓозли** (т.е. бистро, снаодливо) [ТГ,106]; 3.'испраќа некакви сигнали, правејќи одредени движења со глава или со рака' ~ *и тóзи стра́х–му–е дӑ–сéдпе, се бóе, вúке тáа: "Не бój–се, пе бój–се, – мáа–му су рӑкӑта – услубóди–се мáлко"* [ВК.284]; ~ *е мадам така е, и јазика за тебе дојдох. Не чипам кабул, тој стар прафтју да ми памига сос окоту и да ми маха сос главата* [V,PM,78]; 4. – **(се)** 'се тепа' ~ *се бурија, се мајаја цал деп ду пладпипа...[се излажа Ваиќелипа, удрила па пегу,[си удрила, Ваиќелипо, али пе го секла* [ТГ,41] – во контекстот имаме 2 посебности: прво, употреба на адверсативниот сврзник **али** 'ама, но': **удрила, ..., али не го секла**; второ: формата на л. ж. име **Ваиќелино** (во функција на субјект) напомнува на м. род: **си удрила, Ваиќелино** [ТГ,41] – објаснување за ова гледаме во аргументот дека категоријата род (како што веќе истакнавме) во овие говори, не функционира нормално; 4. изр. **ми-сӑ-ма́а гла́фта** (= ми се врти свест, губам рамнотежа) ~ *шó–би́ве ус–ме́п кój зпáа, ка́ ќи–стáпум ми–сӑ–мáа гл`фта, пă–мóш д–óдум* [ПК,2(177)]; в. **махне**.

м'ą pron 1. 'кратка заменска форма за директен објект од **јас'** (наместо 'ме') ~ *пулéк, пулéк мájка м'ą парáсти, м'ą пýспа и па ш'кулóту* [MS,t,87]; ~ *му вилú: "јáс т'éб'ą млóгу т'ą милóвам и за м'ą éзмиш' за ж'éпа?"* [MS,t,83]; ~ *"áку úш'тиш' тú да сӑ примóлиш'... áку м'ą устáи мóга за да дójда"* [MS,t,83]; ~ *утúдуха, пúтаха: "тó ч'ýка па пóртата?" – "јáс сӑ идúп ѓеч'кипц'úја, м'ą пи ш'т'éти тóс в'éч'ер...?"* [MS,t,15] (во претходниот пример интересен е збороредот: негацијата доаѓа по кратката заменска форма: *м'ą пи ш'т'éти тóс в'éч'ер...?*"); 2. 'кратка

заменска форма за индиректен објект од **јас'** (наместо 'ми') ~ *арасла́пут вили́ па лиш'и́цата: "гу гл'е́пдаш' то́с ч'уфч'и́ја м'ạ разби́ пуз'а́т'ạ"* [MS,t,77]; ~ *му вил'а́т: "ш'о́ ха и́ш'тиш' смокфат'ạ са́с т'е́б'ạ пабу́п?!" "м'ạ-и стра́х да ми-ха пи е́змити!"* [MS,t,86]; ~ *та́тку м'ạ има́ш'и пукалпа́нт, да би́х ста́пал магар'ạ, с'а́ м'ạ прусти́ та́тку* [MS,t, 55]; – во последниов контекст истава форма **м'ạ** еднаш е во функција на директен, а друг пат на индиректен предмет; освен тоа присутна е глаголска конструкција од **има, нема** + гл. **придавка** и тоа во првичната форма кога придавката се сложувала со предметот на кој се однесува: **м'ạ има́ш'и пукална́нт** (место 'пукална́нто').

ма-а (ма:) pron 1. (добиено со асимилација и контракција < **му** 'кратка заменска форма за индиректен објект од *тој'* + **ја** 'кратка заменска форма за директен објект од *таа'*) ~ *па ва упитвајпе сипајпиту ми ричеа оти сеа Вардар ма-а затпал устата па Кара-азмак* [ME(P),77]; ~ *ка́жсаа па́шпе бижа́пци: се́куј да́-си-та́ргпе бра́зда, да́-пе́ му-о́т бижа́пците, да́-пе́ ма:-о́рат* [ПК,2 (223)]; ~ *идпа́ш са́л утипаа идпо, и па то са́л кожта маа издраа* [ME(P),77]; 2. (< **ми** 'кратка заменска форма за индиректен објект од *јас'* + **ја** 'кратка форма за директен објект од *таа'*) ~ *В`пто ма: зима́ та́тра́тка́та; ~ кпи́шка́та ма: пе́ма; ~ ма: пајде́* (= ми ја најде) [ПГ (Фур)]; ~ *ма́а (м`) па́пра́ви́* (= ми ја стори) [ПС(Град)].

ма(а)да́ф (и: **маадé**) conj, praep 'освен, само што' ~ *дру́го пе́ ра́бо́тше маада́ф шо́ тка́јше* [ПК,2(72)]; ~ *вија́ му са́ по-гулемите тукмечки. Од пих мадав има́ оша́ идпо пешто... је а́нга́ријта́* [ME(P),89]; ~ *пи идеп до сеа пема зепо да паписа за пего пешто повеке, ут то мадаф* [ME(P), 69].

маабе́т m 1. 'разговор' ~ *де́к д-о́де се́ ус-ме́п мо-ј маабе́то, се́ ус-ме́п са́-чеше* [ПК,2(193)]; – тогаш девојките одат на **пупретка,** на **мабет,** на **чиничка чукајне** и се веселат по цела ноќ [ТГ,12]; 2. изр.: **маабе́т да́-на́пра́ве** (= да поразговара) ~ *зе́ а́дпа спа́а ус-га́зо а-за́тво́рува вра́тта, пе́ зпа́а ус-а́јп чуве́к маабе́т да́-папра́ве* [ПК,2(205)]; ~ *устапа́х са́ма уф то́лкува ка́шта, кут-сурту́к, пе́ма ус-ко́ј маабе́т да́-папра́вип* [ПК,2(172)]; **нечис маабет** (= разговор во кој се мешаат јазични (дијалектни) посебности ~ *та́м, уф-Мура́рци, пајде́х кулу седа́мпа́јсе-усумпа́јсе ка́шти кулиша́пе. Ус-пи́х паправи́х ма́лко маабе́т, а́ма пе́чи́с маабе́т. А па́јпо́го ма́-арися́ уф-Лагади́па* [ПК,2(308)]; **маабе́т не́ма уд-не́го** (= се кажува за човек што неволно и малку разговара) ~ *то:-ј пал'у́тип за́-пе́што па́-ме́пе, ми са́-л'у́те и пе́ ми-гувóре, памурти́п о́де и пе́ма маабе́т уд-пе́го* [ПК,2(242)]; ~ *сидпа́л та́м кут-јумýк, маабе́т пе́ма уд-пе́го; ма́ка́м ви́киме па́-жсивути́пте, кучи́па и́ма пе́кој ма́ка́ми шо́ а́пат* [ПК,2 (243)]; **маабе́то дики́ш не́ ти фа́ште** (= се кажува за човек што води несериозни разговори) ~ *шо́ са́киш л'ýјто да́-та́ слу́шат ко́га маабе́то дики́ш пе́ ти фа́ште;* со слично значење: **маабе́то мо-ј бл'у́ткаф** ~ *ка гувóриш кла́в-му ма́лце со́л' па́ то́о маабе́то, пи́м да те́-ј бл'у́ткуф;* **ми-ва́де маабе́те** (= измислува и шири навредливи работи) ~ *ба́че са́-пал'утúл ус-п'а́а и па́ ме́п ми извади́*

маабе́те [ПК,2(175)].

маабитчи́ја m 'човек што многу сака да зборува' [ПС(Град)].

мааде́ n 1. 'стомак', сп. го изразот: **му пуно́се мааде́то** (= може многу да изеде) ~ *е́ј гу ја́дшто, пе́к ја́де, а́к му пупо́се мааде́то;* 2. fig. 'душевна расположба': **му-пуно́се мааде́то** (= поднесува, прифаќа некои недобри работи) ~ *пе́ зна́м, ка́ мо́жа̨т пе́куј да–зи́мат чу́здо! Ка́ им пупо́се мааде́то ко́ј зна́а?* [ПК,2(178)] (од тур. mide 'желудник').

мааде́м m 1. 'место од каде што се копа руда, рудник' ~ *уд–мааде́мо ва́дӑт вӑглипе;* 2. изр.: **то́о не́-ј мааде́м** (= се укажува дека нешто е во ограничена количина и дека не смее да се троши безразборно) ~ *шо́ си–зъгрьба́л тӑка́, то́о пе́–ј мааде́м, пу–ма́лчко, зъ–си́те д–и́ма* [ПК,2(72)].

ма́(а)дӑм 1.adv 'божем' ~ *ма́адӑм о́па–ј сӑјби́кӑта, ка́–ј зӑдӑва́ла кума́пди... ма́адӑм ти́ мӑ–ра́пше* [ПК,2 (72)]; ~ *пу–нӑто: нӑро́т, нӑро́т, гле́јш чуве́к умре́л нӑ–нӑто. Бе́гӑт, ма́дӑм Ту́рци и́дат, ко–уста́вӑт нӑ–нӑто у́мрип чуве́ко, же́па–би́л, мӑш–би́л, де́те–би́л, шо́–де́–ј, г–уста́вӑт* [ПК,2(283)] – случај со нарушена конгруенција, резултат на нестабилноста на категоријата род: **же́на-би́л...** (за едно друго, несоодветно толкување на односнава појава в. во граматичкиот дел, но и во др. примери во **Речников**); 2. part 'нели, ете' ~ *уф–Сики́рпик и–стрижа́ли о́фцте, ја́рпа, е́сипо вре́ме пруддо́ели вӑлпа, слубо́дпо ма́адӑм* [ПК,2(292)]; ~ *тӑкво́ бе́гпе дӑ пе́–да́а го́спо. По́л'то го́рше. Сио́-пто пу–пи́вте ги–згуре́ли. Ле́бо гу гуре́ли, жи́тто. Ма́дӑм уф–же́тва избига́ме, ба́ш у–же́тва* [ПК,2(283)]; 3. conj 'штом' ~ *тога́с жепа́та му му вели́: "е́, ма́дам така́ е ра́ботата, мӑ́жу, и́ди па Ста́мбол да си ви́диш ра́ботата, а́ма ско́ру да до́јдиш!"* [V,PM,18]; ~ *си́га пи пра́ими пио́ш' па та́с зил'е́пата тр'ӑ́ва?, ж'пата му вили́: ма́дам ти и́ш'тиш', да сто́рими ту́ка!* [MS,t,78]; ~ *и как гу виде от срешта ошти, ча е бил јупак оп, што га зема момата му, без да му чини пишто, му рече: "ади ајол мадам, таков јупак си, аку га зема момата ми за тебика, халал да ти е"* [V,PM,77]; ~ *вели па пеа: "мадам така ти речи, мајко, царјут, да ми кладеш петри аф една копапка и да ми фӑрлиш петри па морету!"* [V,PM,89]; ~ *е мадам така е, и јазика за тебе дојдох. Не чипам кабул, тој стар прафтју да ми памига сос окоту и да ми маха сос главата* [V,PM,78].

мааза́ f 'просторија во која се сместени различни работи што потоа се носат в продавница, магазин' ~ *уф–Бо́нуфта мааза́ и́мше ут–пи́ле мле́ко* [ПК,2(72)]; ~ *се́ си–искаја́л о́п: "пиши́п – ре́ка̨л – га̨–убр`ме мааза́та. Е шо́ кула́ј на̨јде́те: ка̨тра́ши ка̨за́п тури́те, та́м да̨–пра̨па́дне уф–ка̨за́по"* [ВД(Н),280].

маана́* f 'негативна особина, недостаток' ~ *чуве́к шо́–ј но́го лимо́п–тӑбитлиа, но́го маапи́ но́жде, се́ пе́ му сӑ–аре́суве* [ПК,2(205)].

Маара́та top. 'место, има пештера', турцизам, Зилјаховско [ЈИ(СД),151)]; основно значење: 'широк, рамен простор, пасиште'; сп. **мера.**

маасара f 'окружување со војска на место што треба да биде усвоено, блокада' [V,PM,373].

магази́а* f 'склад во кој се чуваат ствари'; сп. **мааза** ~ *та́мо седна́ около две́ ме́сици; се́тпи господа́рот излезе́ па магази́ата, му направи́ де́сет кора́би, ги напӑлиј сто́ка* [V,

PM,13]; ~ *влезоха на една магазиа, му вел'ат на траговецот: "кири господине, нашиот базирґанин сака има пи тепко кату камуха, штото мăра драмови да има, млого пари да сече"* [V,PM,177]; ~ *катаидjá дojдé рéт, извадú тел'ál да продáва магазúата му, пак тój гу вúка тел'álот на хáпот и гу пúта: "чúа магазúа са продáва?"* [V,PM,15]; ~ *пák ги закл'учú магазúите, бéз да зéми едná дукáта пúшту* [V,PM,21].

магáр'ạ (и: **мăгаре**) n, zool. 1. Eqquus asinus 'товарно домашно животно, се користи како замена на коњ, помало с, има долги уши' ~ *имáш'и шпó магáр'ạ Настрадúп–хóм'а, имáш'и млóгу длăгу вудúло* [MS,t,55]; ~ *сă вăрпа пазáт' да вúди, ш'ó да вúди : идúп пóп сăс идпó магáр'ạ jахпáпт и врави пăпт'ут* [MS,t,70] – во контекстот има беспредлошки додаток за место: **врави пăнт'ут**; ~ *Ирипгjóт пи имáш'и магáр'ạпта* [MS,t,48]; ~ *и стáпах па–ýтрипáта, имáх идúп братуч'éпт туká, имáш'и дв'ă магáр'ạпта ... и утúхми дур у Лагадúпа* [MS,t,3]; ~ *úш'ти ... друк да бóцка кóрип'ạ, ... друк да кáра вóда сăс кóп'у и сăс магáр'ạту* [MS, t,5]; ~ *оттамо пак а зема двете магари, отиде па друго едно место, си и фатил па един бăлгарин, чорбаџиа много, да носи па пивите му ґубре сос двете магари* [V,PM,180] – случај на проширена употреба на наставката за множина **-и** и кај именки од среден род (**двете магари**); 2. 'дрвена направа на која се ставаат дрва кога се сечат' [ПК,2 (204)]; 3. изр.: **нé сă кăчúл нă-мăгáрто, нójсто ги мáа** ~ *óште пé зпáа ká ќе–j, шó ќе–j рăбóтта, сă–фáле кут де–j гутóво* [ПК,2(181)]; **нé нă-мăгáрто, тă нă-сумáро** (= се кажува кога казната не е управена кон вистинското место' ~ *пéкуj шó–j–крúф пé о–кạзпýват, óт–ej пó–jáк, ил'–пă пó–бугáт, тýк ќо–кáзпат пă–друќоо, шó–j пó–мúрип, ил'–пă пó–слáп* [ПК, 2(180)]; или: **нă-мóжум нă-тéбе, нă-жăнá-ти ки-врéвум** [ПД,138]; **áтувуто сă-рúткăт, мăгăрúнта уддéвăт** (= кога моќните се конфликтираат тогаш слабите ги поднесуваат последиците) [ПД,137]; **мăгáрто уд-зóп нéк ýмре** (= се кажува кога некој ќе касне нешто убаво, или ќе се напие малку повеќе) [ПК,2(178)]; **ýмрăно мăгáре уд-вăлк нé сă-бóо** ~ *тóо сă–вúке зă–пéкуj чувéк шó имáл пéкуj тишкутúj, пéкуj мăки дăлго врéме ус–пéкуj, сjáа гáаре утрăпиáл, сé едпó мо–j шó ќи–бúде* [ПК,2(204)]; **мăгáрто нă-свáдба о-кáнăт вóда дă-нóсе** (= се кажува кога некој е повикан, односно вклучен во извесна работа, но само за да им заврши нешто на оние што го повикале) [ПК,2(178)]; **уд-мăгáре ќи-пáдне чувéк пá ќи-с-удмóре** (= реакција на човек кога му се врши притисок за да продолжи да работи, иако е уморен) ~ *пúм сă–вáрки тóлко, уд–мạгáре ќи–пáдпе чувéк, пá ќи– с удмóре* [ПК,2(204)]; **нă-кýсо мăгáре ќи-мă-кáче** (= многу ќе се лути и ќе ме кара) ~ *глéj дă пе о–рăсúпиш, зéр мájк–ти пă–кýсо мăгáре ќи–тă–кáче* [ПК,2(184)]; или: **нă-кýсу мăгáре гă-кăчúа** (= ја посрамотија).

магаренце* n, zool. dem. од **магáр'ạ** (и: **мăгаре**) ~ *"Ја го дедо Бужиќ иде сус криво магаренце; ки ти дупесе: бобо, дулама, папуци, фес сус пискул'. Ако пе молчиш, ка ки чује оти плакиш, ки са пал'уте и пе ти дупесуве пишто!"* [ТГ,84]; ~ *питала мајка и: "Зашто немум браџа, мале?" – "И, керко! Ти имише девит браџа, ама бегаа". Момата рекла: "Ќ–одум. ки и*

палам, дајти ми магарецето, и кученцето што збруве!" [V,PM,269]; *~ утипа́ни о́ни ут–се́луто и–извади́ја.. И свăли́ја до́ле, и–кла́дéа пă–купи́укут, во́ика тăка́, трите вујво́ди шо беа. Пумипа́ме су–та́тку–ми ни́е су–ăдно́ măгăре́ице* [ВЕв, 298].

мạгạре́шка во́са f, zool., Vespa crabo 'тенкокрилен инсект, од родот на осите, но поголем, стршел' [ПК,2 (72)].

магарешки adj 'в. **магарјув**' ~ и *тојпака отиде, си примоли па Бога и му вели: "дај ми Боже, едно чедо, та пека е магарешка глава!"* [V,PM, 88]; ~ *и стапа от таму, кписа та дојде па дома си, па магарешка глава му вели: "ох сипку, пе ти вел'ах јазе, таја работа пе бива?"* [V,PM,89]; ~ *пéко: дéтипце уд–пéго ро́дпо, и сјáа цáро ка́ ко:–зимáл до:–пóсе пă–гро́бо, сé јабýлкта а тăка́ му că–чипувáла пăд–пéго. А пă ка́ –ќ дујдéла та:, цáрицта – ѓýпката, пă–п'а: măгре́шки лáјпа и́ дàвáла* [ПК,2(259)]; сп. уште: **măгăре́шки ина́т** (се кажува за некој што многу држи до своето, па дури и кога не е во право) ~ *тúạ и́мат măгăре́шки ипа́т, ич пé чéки дă–до́от* [ПК,2(178)].

магарешки јамбалаќ m 'силна настинка кај децата' – се лекува на следниот начин: ќе се земе кромид, семе од црна метла, 3 лажици зејтин, *јамбалаќови билки*, квасец, ќе се скрши едно јајце, малку ракија и сето тоа ќе се измеша и загрее. Со таа смеса ќе се намачка целото тело на детето. Ако по сето тоа детето се испоти и заспие, значи дека **јамбалаќот** ќе помине. Освен **магарешки**, има уште **жăлт** и **обичен јамбалаќ** [ТГ,128].

магаре́ш'ку кајвé n 'печено кафе помешано со 'рж, јачмен'; подбивно: **карама́рску кафé** [MS,s,63].

мạгạрешта́р m 'човек со долни квалитети, морални, воопшто, а и полови' [ПК,2(72)].

магарјув adj 'нешто што се однесува на магаре' ~ *и богатјувата мома, кату беши заспала и баилдисапа от она вода, тогас си разбудила и вели: "мари сестру, па това магарјув цар пусти пиител са чуи дур тука"* [V,PM,72].

мạгạри́ца (и: **măгăри́ца**) f, zool. Equus asinus **1.** 'женско магаре', в. **магáр'ạ**; voc. **măгăри́цо**, чл. **măгăри́цта** [ПС(Град)]; **2.** изр.: **рăспáсна măгăри́ца** (= неморална жена) ~ *тạкá că–кạжýве пă–пéкаа жéпа шó пé–ј кăштóвпица, шó óде ус–мăже* [ПК,2(191)]; **тăрче кýту пăрле прăт măгăри́ца** (= се кажува за личност што нема трпение, што се избрзува, што ги прекинува другите во разговор и сл.) [ПК,2(200)]; **куту мóкра мạгạри́ца** (= личност без авторитет, исто се кажува за некоја срамна ситуација) ~ *бигá, áма că–вăрпá куту мóкра мạгạри́ца* (станува збор за девојка што го напуштила семејството, а потоа се вратила) [ПК,2(171)].

Магаришти Кукул' top., 'пат во Драмско' (присуство на архаичната наставка **–ешти**: **магарешти** (м. 'магарешки') ЈИ(СД),155)].

магáрка f 'женско магаре, магарица'; сп. **парли́ца** [MS,s,63].

магáрч'ạ n (dem.од **магаре**) ~ *си кýп'ạх ипó магáрч'ạ, си кáрахми дрăвýш'ки* [MS,t,1].

Мáгда 'ж. л. име запишано во Кукушко' ~ *гувóре Гóце Пéтров, сúп па бáба Мáгда. Рóдип сăм ут–тýка, ут–дóл că–мójте* [ПК,2(304)]: исто така и во Гевгелиско како варијанта на **Магдалина** [ТГ,114].

маги(j)а* f 'натприродна сила со која

магесниците "прават" чудни, обично лоши работи' ~ *му вели на катарџиата: "господине, тиаака сос еди аахан маица, што аасити фрет аскерот ми, това беши магиа; туку сега сакам сос еди чадăр да покриеш фрет аскерот ми"* [V,PM,79]; ~ *и тјаака зема иејиото корапче, влезе аф морету, сос магиите га најде Цăрнодрехата, дека и седјала сос мăжо ѝ* [V,PM,53]; ~ *женаата и била млого умовитиа: знаиши, ча иа уврејската книга е писано, кој увреши да можи човешко сăрце да открадн, да стори магиа, да баи, сите христиани да си одавјат иа морету* [V,PM,193]; – *"Ади, јазе за сторја враговчиии, тја сама да дојди!" И така иеговот маштех стори магии, та момата халваџијчеиито гу зал'уби* [V,PM,201]; ~ *и уврешиот, кату зема от прасиито сăрцето, стори магиа и баја и'е, да си одавиха сичките добици* [V,PM, 194]; – спроти празникот **Ѓ**ургевдин, домаќинката ќе земе во "скут немирено' бело просо и ќе го *прасеје целиот двор* и ќе ја биколи куќата. Некои, освен што ја **прасејват** куќата со просо, уште и ќе ја "опашат" со бел памучен конец, верувајќи дека на тој начин ја прават куќата непристапна за **магии** и **лушутии** [ТГ,64].

Магилата top. 'високо место' (од **могила** - со акавизам), Драмско [ЈИ (СД),155)], в. **мọгила**.

маглúца f в. **мăгла** ~ *и змиéта заспá иа мóмии скóта. И замиá мáлко врéме, и са подáде мáлку маглúца и вăрвjéше насáм, и момáта и'áхтја да гу пурýка* [V,PM,260] – во Долновардарско секундарниот ер се рефлектрира во **ă** (**мăгла**), во **маглúца** имаме **а**, што е резултат на неинтензивниот изговор на неакцентираното **ă**.

магнит m 'специјален челик којшто има особина да привлекува парчиња железо, никел' ~ *они удриха топузката иа земјата, кал'а са чиии висок, момата га откиаха, али момата са и вăрнала иазат да гу види пак, каков деф беши. Тојиака заедиоч га исмрăкиа, га зема кату магиит* [V,PM,64] – во контекстот забележуваме 2 посебности: рушење на категоријата род (**кал'а висок**) и употреба на сврзникот **али** со адверсативно значење *(га откиаха, али момата са и вăрнала).*

Магýшува Рýпа top. 'пештера во месноста **Рýпите**' (присуство на архаичната лексема **рупа** 'дупка' (како апелатив ретко се среќава) [ЈИ(СД), 155)].

магă f в. **магиа** ~ *слăпцăто сă ч'удило, што да прави, утишло иа ăдиă магăсиицă. Казал хи, чи угодиицата му го оставила, и хи сă молил, да стори магă, што да му сă моли, пак да го зăмă. Магăсиицата сторила магă...* [V,PM,288].

мада conj 'ако, иако, макар' – на полноќ, кога е **никује доба** не треба да се излегува надвор бидејќи тогаш крстарат лошите духови. За да се спаси човек од нив треба да се крсти или да светне со нешто, во таков случај лошиот дух бега, **мада** е *самјут крив–ѓавол* [ТГ,11] – празноверие.

Мадема top. 'старо наоѓалиште на железна руда' - тур. madem 'рудник', Драмско [ЈИ(СД),155)].

мạдăно vok. (игра на зборови, како парник на 'кадăно': **кạдăно, мạдăно**) ~ *óде да:–мăлзе кáдăита вéчạрта бúвул'цта. "Кạдăио, мạдăио, шó ти кáде уддóл"* [ПК,2(234)].

маéпса pf 'со помошта на "тајни сили" направи некој да изгуби контрола, **маќепса**' (празноверие) ~ *вич'ăрóт си л'éгиаха; пустрид'á вéч'ăр бáбата ја маéпса ж'шиáта* [MS,t,71].

маесна* f в. **мајеш'ница** ~ *така кату па млого кахăр што си паваши кралицата, ету едни деп едни ѓупки* **маесни** *шетаха по градот, та промипали приз кралицата* [V,PM, 133].

Маждревката bot. Fraxinus ornus 'растение, вид дрво'; во Серско се јавува како топоним: 'месност според името на дрвото **маждревка**' Серско [ЈИ(СД),155)].

ма́ж'и* impf **1.**'става тенок слој одозгора на нешто, мачка' ~ *ма́ж'ам сăс вáр фтисó* (= сидот го мачкам со вар); ~ *ма́ж'ам сăс лáт' кур'ému* (= си го мачкам со маст стомакот) [MS,s,63]; ~ *такви папуци да ми направиш, што се мажат буја, уд четири митилика една кутијка, и да лăскат, сус високи тупуци* (потпетици) [ТГ,134]; ~ *ако нé те ли́че, ли́це[к'и те ма́жам смóла и катрáп[к'и те пéчам, ли́це, па лéтно слăнце* [ИГ.107]; и: **маи*** ~ *и когá га ви́де самови́ла, га фати, га баца́, ката дéп гá чéшиши, га ма́иши, кату кéрка га и́маши* [V,PM,133]; **2. маза** 'допира' ~ *кату са борјаха, едната змиа падна, са оклава, другата пак зема една трјавчина, ја маза по устата на оклаваната змиа и ја ожувјала* [V,PM,216].

мази́лу n **1.** 'мачкање'; **2.** 'масажа' [MS,s,63].

ма́зна adj, m || f 'со рамна површина' ~ *ма́зна прăс* 'измазнета земја' [MS, s,63]; – случај во кој родовата опозиција не функционира. Некои научници во ваквите примери гледаа остатоци од крајниот **ер**; мислиме дека тоа е резултат некомплетни сознанија за разнишаноста на категоријата род во долновардарските говори – впрочем за ова поопширно во граматичкиот дел.

ма́зне impf **1.** 'израмнува нешто' (пр. земја) ~ *зăма́зи'аа та́а писóкта;* **2.** 'гали, милува', изр. **ус-пе́ро о-ма́зне** (= му ги исполнува сите желби) ~ *ви́а гра́ждáне дéцта ус–пéро и–мáзните* [ПК,2(206)]; **3.** – **(сă)** 'си го дотерува лицето, си ја чешла косата' (да биде **мазна**) ~ *пáшта мóма ка́ сé–ј зăма́зни́ла, чи́ниш пă–глéдне к–óде* [ПК,2(72)].

мазнéјко m 'човек што лицемерно им угодува на луѓето' [ПК,2(72)].

мазну́л'ка f 'жена што лицемери' ~ *тă–лăже, пим и́ виру́ви, а–зни́м шó мăзну́л'ка–ј* [ПК,2(72)].

ма́ј* m 'петтиот месец во годината' ~ *за гу скупáш' , за дójди мáју, за гу упл'áш'* [MS,t,4]; [ПД(Фур)]; во Гевгелиско (според Тановиќ) паралелно со **мај** се употребува и **црешнар** [ТГ,7]; во нашите истражувања во Гевгелиско овој назив не го констатиравме, што не е чудно ако имаме предвид дека тој материјалот го собирал пред повеќе децении.

мај (и: **маја**) f, hip. од 'мајка' ~ *си легнале. От как помнало малце време, Алате викнал "Предлозање, спијш?" Он отговорил: "Не, мај ни ни риче, да ни дадиш по едни казан алва"* [V,PM,272]; ~ *и сипá хи са ч'ýдеше, дали́ е лýда или ни е. Отговóри сипá хи: "Мáју, ти́ си лýда и сбăркана. Кój та зи́ма, и да та óжене?"* [V,PM,73].

мајá pl.tt. (f) 'волшебно дејство на тајни сили, магија' [MS,s,63].

маја f 'голема жештина, кога нема ветер и е придушно' [ПВ(Кр)].

мајéш'ница f 'митолошко суштество кое што со "тајни сили прави некои работи" што се надвор од можностите на обичен човек' (празноверие) ~ *утúди да брăка идна́ бáба мајé-ш'ница, ја нájди идна́ такфáс бáба и вилú ...* [MS,t,68]; и **магесница** ~ *и тјанака зема пејното корапче,*

влезе аф морету, сос магиите га најде Цăрнодрехата, дека и седјала сос мажо и. Магесницата му даде на детету една вода, си напи, и заедноч кату умреи засна [V,PM,53]; ~ *овчаро сă ч'удил, што да прави, и утишел при едній старă бабă магесницă, на котрă казал, как сă је с тăрговецо обложил, чи ако излăже женăтă му, да му земе двăтă товарă алтан'ă* [V,PM,280] – во контекстот има употреба на архаизмот **котри**, со прекинати изоглоси, сп. рус. который (за ова в. во уводниот дел); ~ *царјут толку на севда гу имал, штоту да беши кабил да гу земи сос пегу на една трапеза да јадат. Ама гарезут шо не чини! Царјут имаши на копаќут му едни магесници* [V,PM,73]; односно: **магăсницă** ~ *слăпцăто сă ч'удило, што да прави, утишло на ăдній магăсницă. Казал хи, чи угодницата му го оставила, и хи сă молил, да стори магă, што да му сă моли, пак да го зămă. Магăсницата сторила магă...* [V,PM,288].

Мајдон 'м. л. име' ~ *едно време имаши едни сиромах човек. Жената му беше трудна. Дојде време, родила едно дете, името му туриха Мајдон* [V,PM,73]; ~ *Ама гарезут што не чини! Царјут имаши на копаќут му едни магесници; познаха, ча Мајдон на сетнина ке да си чини цар* [V,PM,73].

мáјка f **1.** 'жена којашто родила и има (односно имала) деца' ~ *и т'á си умр'ăá на вич'ерó и такá си устáиах јас ивдувéц, сăс трú мáлки и иná стáра мáјка* [MS,t,3]; ~ *д'ăт'ąиту и р'éч'и на мáјка-му: "јас за пóда на касабáта да брăкам рáбута"* [MS,t,81]; ~ *мáксус гу фăрлú врит'éиуту у буиáр', дójди и т'á плáч'иш'т'ém на мáјка-и* [MS,t,63]; ~ *пујиó вр'ăм'ą имáш'и иiá мóма иiá мáјка* [MS,t,52]; ~ *с-умурúą и дубúцте, с-умурúа и чувéцте. Испупăпцáа, кóлко дýши измрée пу-пăто, е-е. И мáјките си-јустăвáа дéцта пу-пăто* [ПК,2(296)]; ~ *му р'éч'и: "... мáјка-ти ти клáди зáхраиа на мáиц'ата да јид'éш' да да сă захрáниш'"* [MS,t,31]; се среќаваат и случаи со редуцирана, скратена форма: ~ *"е, рéкăл, иé излéве уд-адиá кирфúă адиá пиристúą, а иé пă дă-устáие, пă дă-ј-иóсиш иă-мáам-ти"* [ПК,2(302)]; **2.** 'пчела што снесува јајца, матица, мајка на пчели од еден кош' [ПК,2(72)]; [ПС(Град)]; **3.** 'женско животно коешто родило мали' ~ *на пăрл'ăто тáа му-ј мáјка* [ПД(Фур)]; **4.** 'извориште (на река)' ~ *сега има три години на таја вода, што идеши на касабата, на мајката излела една страшна ламја, та не остави водата да тече на касабата* [V,PM,162]; ~ *тиiака, л'у да идиш таму да видиш, дека е мајката на водата, да га сечиш да не иди хич вода* [V,PM,42]; ~ *и отиде да улови, дека да најди, от чешмата мајката* – случај на употреба на предлогот **од** со посесивно значење: **да најди от чешмата мајката** (особеност што се третира како влијание од балканската јазична алијанса); 5. сп.: **мáмо** vok. од 'мајка' ~ *дéцта кąжáли: "Е, мáмо иúą ќи-с-игрáјме с-иéго. Нé о-јáдиме, иé о-тéпме"* [ПК,2(232)]; **мају**: ~ *рéче му: "чéдо, јас та сам бизáла и хрáиила, и ни штеш да ма ожéиеш... Отговóри сиiá хи: "Мáју, ти си лýда и сбăркаиа. Кój та зúма, и да та óжеие?"* [V,PM,264]; ~ *и там úмашја адиá дýпка, óти лежéше адиá мéчка. И рéче на мáјка си: "Мáју, сéди тýкаиа! Сегá шта*

дójде јупáка" [V,PM,264]; почесто: **мáле**: ~ *и слăнцето, кога са и родило, па човек гу мириса, и па мајка му вели: "мале, тука па човеско месо ме мириса"* [V,PM,99]; ~ *áс ú вéл'ум: "А–сјáа шó прáјме мáле?" Мájка вéле: "Оди до: вúкнш мáтку–ти"* [ПК,2(248)]; ~ *сéлцки виргиницúја, мáле, мóмш зулумцúја[мóмите да и гóда, мáле, кој па кóју мóмче* [ME(P),99]; ~ *дошлá едпá какарáска та па бéлојут óл му фл'ázи от устáта и от гáзот му изл'ázи, та пé знам, мúла мáле, товá штó ки рéчи!* [V,PM,30]; ~ *па мајка му пак вели: "ами мале, ко татко ми беши авцца, дека му са пушките и другите посати?"* [V,PM,41]; на крајниот југ (Солунско): **мáли** (со редукција) ~ *"ш'ó, да ти кáж'а, мáли, па т'éб'а лапц'á пи стапýва"* [MS,t,84]; ~ *му вилú па п'éгу: "Пóт' мáјч'ип–ти!... ч'ạ з'éпт'у спú óш'ти; кáк да гу разбудúми?" – "Хýбавạ мáли за пóда!"* [MS,t,17], но се употребува и во служба на interj со значење 'ле-ле': ~ *мáле, мáле вúј ká сé–ј дутерáла* [ПК,2(72)]; ~ *тóо тăркáлто а врăс тóо тýка, а врăс тóо прăс тýка пумипá и мă–изгурé... ду–кăт Дáбиле мáле умирáчка, тăкá, тăкá, тăкá, пăмăлú бóлшто* [ПК,2(240)]; **б.** изр.: **уд-дéвит мáјки цúце** (се кажува за оној што користи повеќе можности и привилегии) ~ *зă–вýјк –ти лéспо–ј, уд–дéвит мáјки цúце. Му–пюсе бáб–мо, му–пюсе дéлт–ти, пă сéтше дрýкте, и ká глéјш пúкуј пă–мóжсе до:–стúгше* [ПК,2(203)]; **ќи-му-рăспláче мáјкăта** (= ќе го казни, ќе му се освети) [ПК,2(201)]; сп. и: **ќи-с-прăпláче мáјчинто млéко** (= голема мака ќе види) [ПК,2(201)]; исто: ~ *лигáв–го, лигáв–го,* **тóо ќит рăспláче мáјчинто млéко** [ПК,2 (201)]; **дéте уд-мáјка ќ-уткрáде** (= се кажува за некој што е многу вешт во крадење и лажење) [ПК,2 (159)]; со слично значење: **мáјкта с-ја: плáке** (за некој што е многу снаодлив) ~ *тóо пáшто кумшúче, áко–ј мăлéчко, мáјкта с–ја:–плáке* [ПК,2(175)]; **уд-мáјка рóдăн** (= племенит, човечен); но: **кут уд-мáјка рóдăн** (се кажува за оној што е сосема без облека) [ПК,2(171)]; **еднóш мáјка прă тáтко и тóо прăт Вилúгдин** (= се кажува за работи што се случуваат многу ретко и во непогоден момент) [ПК,2(162)]; **мáјка нáс ус-цăрăн пувój нă-пувијáла**, *и читúрте сéстри пóго мăка гу–пуми-пáме живóто* (= живееме со големи тешкотии) – именката **мăка** е употребена со значење на 'мачно' [ПК,2(175)]; сп. уште: **кут-мáјка-ј** (= се однесува како мајка) ~ *дóд Цóфа кут–мáјка–ј, сúт–сă укул–п'áа, и сúпуфто и спáјте – си–ј úме кут свój штéрки* [ПК,2 (171)].

мáјкине pl. 'мајка ми, заедно со најблиските' ~ *мáјкше ус–тýли, ус–кáмше ќи–турúли тéпцăрто фăсýл'–ли, шó бúло дă–гóтват... И тúă шопските дéца... ус–кáмше, бýум пă–тéпцăрто áји кáмш, сăбóрјо: пă–тéпцăрто* [ПК,2(325)]; ~ *é тáм мáјкше уддéли, кăлдéли мáпци дă–вáрăт... Имáло рéка, уф–тáа рéкта пу–крáјта пăкăлдéли–си типцирúпта, пăпрăвúли упáци, си–турúли мáпци дă–вáрăт* [ПК,2(321)].

Мајмун Дере top. 'мала река, притока' (според турски образец: употреба на именка со придавско значење), река што тече во близина на месноста: **Мајмун** (= врв, назив от е добиен метафорично, според тешкопроодниот терен); **дере** 'река' (тур.) Валовишко [ЈИ(СД),155)].

мајмун сурạтлиа 'навредливо обраќање за лице што напомнува на мајмунско' ~ *амáи, пúм да–зúмиш тáа зă–жéпа, пéл' глéјш кăквá–ј, мăјмýи сурạтлúа* [ПК,2(178)].

мајра f 'мајка' ~ *и момата сос благос и сос радос зела трите кавади, фати сос мајра ú и со сестритја ú са прости, и трăгнала сама да брăка кăсмет* [V,PM,208] – формантот **-ра** во **мајра** од 'мајка' е позајмен според грчки образец.

мајстур* m **1.** 'занаетчија што има мајсторски испит, тој може да работи со помошници, калфи (има: **мáјстур зидáр, дăрвудéлиц, тиникициúја**)'; ~ *кукјите бегут ăј бурчлијă, коа ки имă ихтиза дă кладă мајстурă* [ME (P),87]; ~ *сă–вăрúпе дéтто. Гу–пúте мáјкă–му: "Нăправúли бе, мáјстуро пиристúа?" – "Нé, пé изливáло"* [ПК,2(302)]; ~ *úм вéли па опúја човéци: "ви са мóл'ам, пéка úди едúп човéк да вúкпи коцáбашијата и от испáфите по едúп мáјстор"* [V,PM,22]; ~ *му вели; "ej море, мајстори, виде дипеска как пе можахми да искарами двамипата една работа малка па мегдап?"* [V, PM,87]; и: **мáстур** ~ *кш'éпудóхипу клáва мáстур да му стóри кăш'тата* [MS,t,12]; ~ *и пýш'та л'ýди, ги ус'ăкуват, ги прáв'ат трú грéпди и ги дукáруват ... д'é рáбут'áха мáстурéту* [MS,t,44]; ~ *Дéдала бúш'и идúп хýбаф мáстур* [MS,t,58]; ~ *оп отговори: "ету има па една касаба една водипица, ја прајат масторету: деп'а ја работат, вечер јаз ја турјам, и мастори толко сам отепал!"* [V,PM,166]; ~ *пим гу чéпки, úма мáстуре, кăшта прáве – јáјце му сă–пéче пă–гăзо* [ПК,2 (168)]; **2.** 'рибар, сопственик на рибарска колиба во Езерото во Ениџевардарско' ~ *тијă шо сакăт дă ловăт су потискă или су мрежи му плајкăт пă мајстурут пă кулибăтă кесим* [ME(P),89]; **3.** fig. 'итар, 'човек што успешно врши некоја работа', може и со пејоративно значење: **мáјстур лăжáч**, или **мáјстурица** (жена со неморално поведение) [ПК (Гăр)]; ~ *éм тă–лăже, éм ни–мóјш до:* (да го) *пузпáјш* [ПК(Мор)]; **5.** изр.: **сј-о: нăјдé мáјстуро** (= се кажува кога некој ќе се судри со сериозен ривал, т.е. кога нечија активност ќе наиде на соодветна реакција) [ПК,2 (195)].

мајстурка* f 'циганка – маѓесничка' ~ *кралицата ги викпа петре в копаќут, фатила да ги пита па ѓупкате, вел'ајке: "ох цапим, мајсторку, молим да видиш малко па моите моми касметите, ча по–малкате ги просјат от млого места"* [V,PM, 208]; ~ *беши станала векu кату иѓупка, стојаши тамо при бупарот кату ч'узда ч'удпа. Ету дошли мајчиши робипки вода да пал'ајат. Кату ја пајдоха тамо, ја вел'ат: "што сакаш, мајсторку, тука?"* [V,PM,195].

мајстурски adj 'нешто направено убаво, како што треба – **уд мајстур**' – за **ергенут**, кога го спремаат за женидба, дома се прават некои поситни работи, пр. појас, чорапи, но поважните: пр. панталоните, во минатото во Гевгелиско ги викале **барнавези,** ги носеле на мајстор, да ги *сушије мајстурски, тирзијски,* да ги украси со гајтан и со црвена чоја, *"куту за ерген"* [ТГ,133].

мајув* adj в. **мајчин** ~ *отгóре брјáстот са попикá. Тогáс фатúха бизирѓáпите да вел'ám: "о–хо–хó! мúла мáјува рóсица по дјáдова брадúчка!"* [V,PM,48].

мáјч'ин* adj 'нешто што се однесува, односно што ѝ припаѓа на мајка' ~

и така пепел'арув сип сос мајчиште му молитви и сос господиска помош киписа, отиде па чуздипа да работи [V,PM,48]; ~ *е́дпо вре́ме ричел: "Ба́че, ричел, ма́јчипут пре́шлеп притижа́, ќи–гу–испу́штум". – "А бе́, ричел, ка́ ќо–испу́штиш, ќи–ј–исте́пиш чувеќте"* [ПК,2(346)]; ~ *му вели: "паистипа, мои сипуви, па човек ва мириса. Гу имам скриип едип млат, ама дурде пе си закалпети за мајчипо ви златип зајб, пема кабил да гу извадја јаз па мегдап"* [V,PM,51]; ~ *ма́јка–му ко́лку гу ка́пи: "ја́ш' ма́јч'ип ма́ци'а!" "пиш'та́м, ма́ли, ми сѓ пи ид'е́ ма́ци'а* [MS,t,31]. Необична линеаризација: негацијата доаѓа веднаш до глаголот, т.е. по кратките заменски форми: **ми сѓ ни ид'е́**.

ма́јчица f, hip. од 'мајка' ~ *Ша́пко се ма́мо мо́ри разбуле́[де́вит гудипи ка́к ле́же...[гу–пи́те пе́гава ста́ра ма́јчица:["Ша́пко, бре си́пу вујво́до...[ут–што́ си бо́лки ти ле́жиш?"*; vok.: *ма́јчице: ма́мо–ле, ста́ра ма́јчице[ди́л'ми мѓ–пи́тиш, ќи–ти–ка́жум[пѓ–ма́ма ла̏жа пе́ би́ве* [ПК,2(314)].

ма́к m , bot. Papaver (полско растение со црвени цветови – булка) [MS,s,63].

ма́к m , bot. Papaver somniferum 'медитеранско растение, цветот се оформува како главичка што содржи опиум' ~ *гу закара долу аф старата ка̏шта при ба̏чвите, му даде мак да спие* [V,PM,94].

ма́ка* impf 'топнува со парче леб во сад во кој има сок од манца или нешто сл.' ~ *кугá и́ш'тими, јад'е́ми сѓс кач'амак ... ш'ту и́ш'тиш' мáкај сѓс п'е́гу* [MS,t,4]; ~ *гле́ј–гу ка́–ј за̨ма̏ка́л, пе́ пра̏ста́пуве, се́ ќи–изе́де* [ПК,2(72)]; и: **ма́це*** ~ *измáц–јаа т`фта, гле́јш о́ште ко́лко и́ма зѓ–ја́дпе уф–п'áа* [ПК,2(72)]; сп. **ма́кнува**.

макајне n 'кога се топнува леб во течно јадење, во манца' — за **рачок** обично се приготвува јадење погодно за **тупајне** или **макајне** [ТГ,18].

Македонија(та) (и: **Ма̏кидон'а**) f 'земја на Македонците' ~ *ка̏да стреди па Бугуројчипут месиц да тра̏гпа за дома – за Македопија̏та* (членување на географско име) [ME(P),68]; ~ *пу́шките пи́м си–фа̏рл'а́јте[са́бјите пи́м си–ка̏рше́јте[па́ша Ма̏кидо́п'а пазе́јте* [ПК,2(297)].

македонски* adj 'нешто што и припаѓа на Македонија, односно што има врска со Македонија' ~ *това́ де́те по–вре́деп је́ от си́чките писа́ри, и от ме́пика е́ по–вре́деп". Тогáс господа́рот му ве́ли па́ писа́рат: "така́ да зпа́јте, от Македонска зе́мја каквѝ ду́хови испа́ждат!"* [V,PM,153].

макидуни́ш' m , bot. Petroselinum sativum 'градинарска култура, магданос' [MS,t,63].

ма́кина f **1.** 'шијачка машина'; **2.** 'направа за превоз што се движи по шини, железница'; ~ *ко́ј сака́ уф–Стру́мица утиде́, ко́ј сака́ по́вече па–го́ре утиде́. Ду–Удуво, ду–г`рта ус–ко́ли, а пѓ–та́мо ус–ма́кипта, ус–во́зо* [ПК, 2(354)]; ~ *ути́ѓх а вѓа̨пáх ма́к'ипта, си ути́ѓх па́к па̨ Со́луп* [ИГ,121]; и: **маши́на** ~ *бига́ме трипа́јста гудипа... Вojпи́ по́папре́т и́даа, зѓ–та́м ва̏рваа, пѓ–Со́луп, пут–Ку́куш удо́ло–ј Са̏ра́ѓо́л', де́ка ма̏ши́пта зѓпи́ре* [ПК,2(277)]; ~ *ѓо́л'о пи бли́ско, Арџи́пскоо Ѓо́л', ма̏ши́пта де́к ва̏рве зѓ–Ка̏ра́суле и зѓ–Ку́куш, ту́к пукра̏ј Арџо* [ПК,2(339)]; во Пат: **пѓмпо́р** [ПД(129)]; **3.** 'брод' (се именува **ма̨ши́на** бидејќи во движењето ја користи силата на мотор = машина) ~ *му–ве́ле пѓ–ца́ро: "Та́те да́ли зла́тпѓта ма̏ши́пта те́–ј по́–ми́ла, или ја́с ти–сум по́–ми́л* [ПД,149]; ~ *сѓ–ва̏ри́пе и до́ктуро,*

ма: дáвăт мăшúːпта и штирúјсе вăгóпи прáзни, штирúјсе рăбутпúци [ПД,149]; 4. 'железна направа за орање, плуг' (во однос на ралото плугот сепак е нешто како **машина**) [ПК,2(72)].

Маклата top. 'плодородни ниви покрај Струма', Валовишко; сп. стсл. **макати**, рус. макать 'натопува' [ЈИ(СД), 155)].

ма́кнува impf 'става нешто во течност (за извесно, кратко време), топнува' ~ *ма́кпувам п'éпата у милáп'* (= го топнувам перото во мастило) [MS,t, 63]; сп. **ма́ка**.

ма́ксус 1.adv 'намерно' ~ *и óпи, л'у чýха, ча дојдé таксилдáр ма́ксус за пúх, стапáха, отидóха тáму, дéка бéши óп копдúсап* [V,PM,23]; ~ *викпá, им вели: "господáри мой, вúа, што длагóвати па мój госпопдáр ету тóлку грóша, ма́ксус за вáс сáм дошéл да ми платúти"* [V,PM, 20]; ~ *ма́ксус гу фăрлú врит'éпуту у бупáр', дójди и т'á плáч'ш'т'ém па мájка–и* [MS,t,63]; ~ *ма́ксус бắркум тăквú лáфуве да–прăпóґум* [ПК,2(72)]; сп. изр. **ма́ксус гу-пудúге** (= го предизвикува да стори нешто непријатно) [ПД,134]; 2. adj 'специјален, наменски' ~ *ги тýрпувáми кóш'увéту па зим'áта и фáш'тами да рипдúми сăс иглáта; úмами мáксус т'ут'úґ'уви úгли* [MS,t,5]; ~ *за сторјат едпа каписка, штото га за дојдат сватовито и кумовиту, за да везмат пивјатата. Тогај му ја поклопуват тас каписка па кумот. Така прават и три колачипта максус* [V,PM,248]; ~ *з'éвам и идúп чумáк, гу прумúпам па крóспуто утпр'ắт' , úмам ма́ксус врăзáлки па крупóту* [MS,t,7].

максýл m 'продукти произведени дома (земјоделски, сточарски) [ПК(Ал)]; ~ *мăксýл вúкме пă сé шó збúрме ут–пúːфта и шó дáве стóкта: млéко, мáсло, сúрпе* [ПК,2(76)]; овој турцизам кај некои говорители е ограничен само на 'млечни производи' ~ *мăксýлут сáке пóго дé–ј чúсто* (се мисли на садови во кои се обработува млекото) [ПК(Гăр)]; исто и кај Тановиќ **максул** се однесува само на 'млечни производи'. Според истиот автор во Гевгелиско постои верување дека спроти празникот **Ѓургивден** може да се направи магија и да **са праземе** млекото. Тоа може да го направи само жена која веќе не може да раѓа, која веќе **прајасала** Тоа се прави на следниот начин: *"уф пикује доба са сублечуве куту уд мајка рудепа, и вјапуве па едпо кросло и излезе па сред село"*. Потоа се упатува кон куќата, односно кон **уборут** каде што е стоката од која сака да го **праземе максулут**. Таму, *уф уборут* праве магии и на излегување кажува: *"На мепе млеко и масло, па тебе г..."* [ТГ,66].

максăмче n 'општ назив за мало дете' ~ *дéтто мăлéчко кá–ј* [ПД(117)]; ~ *тó–ј мăксăмче, шó зпáа?!* [ПК,2 (76)]; ~ *па Вилигдип рапо са оде уф цркви*. Мајките ги носат со себе сите деца, па дури и пеленачињата, или овде како ги викаат: **максаме** [ТГ,59].

мал m 1.'имот' (турц.); сп. **мал-сăјбија*** 'турски великодостојник, бег (= господар на беглик)' ~ *има и апгарија па бегут (па мал–сăјбијта) и па субашта (па викилјут)* [МЕ(Р),74]; ~ *су–јдпа лăкăрдjă оп ăј повикă уд мал–сăјбијтă ув селту* [МЕ(Р),90]; ~ *тăка и Постул сă имă чпету мал па три мал–сăјбиј* [МЕ(Р),83]; ~ *а ут ки избегăш немăш рăботă пи су пăпрежијут мал–сăјбијă* [МЕ

(P),88]; **2.** изр.: **от мал** 'кога нешто ќе се совлада без тешкотии' ~ *ре́че ади́па змиј па ч'ол'ака: "пре́тел'о, зе́ми ко́жета та ид до́неси во́да да пи́еме!" И то́ј ста́па та зе́ ко́жета и от ма́л е ди́гпа, за да́ иде па о́да* [V,PM,262].

ма́ла ду́ша изр. 'состојба на крајна исцрпеност' ~ *и па–де́до Ко́л'о шти́ри са́ата са́–гу–типа́ли читвуру́ј ца ду́ши... Гу–пушти́ли, а́ма ка́ о–ду-ка́ра́ли па́–ма́ла ду́ша* [ПК,2(274)].

Мала бугуројца f 'име на празник' – летото трае од **Петров пост** па до **Мала бугуројца**, а есента трае од **Мала бугуројца** до Свети Никола [ТГ,7].

ма́л езѝк m 'ресичка над душникот' [ПД(115)].

Малакова Кузн'а top. 'работилница (ковачница) на семејството Малакови' Серско [ЈИ(СД),155)]; присуство на лексички архаизам, сп. рус. **кузница** 'ковачница',

маламо́са pf 'стори со злато (нешто), позлати' ~ *пак ца́рјут ја вели: "пот па детепто ти да ка́жеш: тас ба-хча ако можи да ја маламоса за три дена, за мо ја дам момата!" Отиде ма́јка му, му каза па детепто и, ча ца́рјут сака да му ја ма-ламоса бахчата* [V,PM,197].

маламо́сан* adj 'обвиткан, покрисн со злато, позлатен' ~ *та́м д'е́ бира́ш'и смо́кфит'а ви́д'а ши́о пи́л'а ху́баву, али́с маламо́сапу* [MS,t,45]; ~ *ја́духа, пи́ха и да́ди и бакш'и́ш' прӑстиј'а, цура́ј'ка́, булџ'у́ци, с'е́ маламо́сапи* [MS,t,10]; ~ *змиата пак му рекла: гајле да пема, кату па плапината стори, и па бахчата ја маламоса за три дни. И кату виде ца́рјут бахчата маламосапа, сакаши без мӑра да си загуби умот* [V,PM,197].

ма́ламу n 'жолт, скапоцен метал, злато (Au)' ~ *кога́ ја ви́д'а мӑш'ти-ха́–ји сӑс пу́лпа фу́та ма́ламу о́ш'ти по́по́вики изил'е́пса* [MS,t,63]; ~ *ви́д'а ши́о м'а́сту мло́гу ху́баву стули́-сапу о́кул, о́кул с'е́ сӑс стр'е́бру и ма́ламу заград'е́пу* [MS,t,60]; ~ *хри-сухо́ту ути́ва у ц'а́р'у, му сӑ змо́л'ува: "да́ј–ми мрӑва стр'е́бру и ма́ламу, пак тфо́ј за́–ј"* [MS,t,19].

малаче n, zool. 'малото од животното бивол се вика **малак**, односно **малаче**' - на **Коледе**, утрото пред големиот христијански празник **Божи́к** децата одат по куќите и пејат коледарски песни, еве еден стих: *"Кол'де, олелеле!... Дӑј ми, бабо, кулаче, да ти је живо малаче!"* [ТГ,80].

малено adj, n 'мал' ~ *ој пивесто, пивесто![имаш дете малепо,[јублӑчи го јуф црвепо,[јупаши го сус зилепо,[пушти си го па порти,[да прачеке лазарӗпки* [ТГ,54].

малечка́ву adj 'мал' ~ *пим ме пити да ти ка́жам:["имах мо́мче ма-лечка́ву[па двапа́јсет гуди́пи[оп ути́де па јабапда́"* [ME(P),95].

малечко-големо – со значење: 'сите' ~ *па уф тоа време умрел ца́рут ут тоа грат. Тоги имале адет, кога да умре ца́рут, да са зберат малечко–големо, да испадпат вопка ут градут, да са мол'ат па Бога* [V,PM,274].

мал'е́ч'ку* n 'мало дете' (поименчена придавка) ~ *и т'а има́ш'и ма́лки ме́ш'л'ӑпта, ги дујаш'и; пукра́ј п'е́јпи-т'а ... гу дујаш'и и мал'е́ч'куту* (детето) [MS,t,16]; и: **мӑле́чко** 'бебе' ~ *ви́кат уф–ил'а́ата адпо̆ мӑле́чко сӑ–ро́ждде ус–кушу́л'ка. То́о де́те–ј кут биле́к, пӑ–пе́го пи́што пе́ о–фа́-ште, пи куршу́м, пи кле́тва* [ПК,2 (206)]; ~ *и мӑле́чкуту би́ше та́м* (се мисли на малото дете) [ПК (Грам)]; ја имаме регистрирано и множинската форма **малечки** 'деца'

~ *"Много стока најдех, токо сă размислих за братовите ми малечки"* [МС(В),96].

малечук adj 1.opp. на голем – мал' ~ *ут коа се јсуши Галик и са чини по малечук* [МЕ(Р),72]; ~ *имало блато, шо му велјăт "Кангăличко блато", ама то и помалечку и пе е толку пузнато* [МЕ(Р),77]; – при работата в поле наутро **удмурувајнето** е кратко, најдолго е околу пладне, кога жештините се најголеми, а попладне, кога ќе залади, **пучинувачките** исто така се **малечки** [ТГ,22]; **кăрчáк** = *ej мла́д за́јц, пé ми́сл'ум малéчко é́птеи, пéго мóже вéч дă–бéге* [ПД,125] – присуство на сврзникот **него** со адверсативно значење: **нéго мóже вéч дă-бéге**, за ова поопширно во граматичкиот дел; и: **мăлéчук** – за птицата **киркинéс** во Дојранско го запишавме следново објаснување: ~ *пи́ле–j тăвá, пó–мăлéчко уд–чáфкăта, óи éj сúво, пăпăл'áво* [ПД,126]; сп. top. **Мăлéчкăта Кăлдăрмá** – дел од патот меѓу Стар и Нов Дојран (поплочен со камења) – двокомпонентно име на место со турцизам и словенизам [ПД(135)]; во с. Градобор (Солунско) запишавме: **Мăлéчкуто Дăрво** top. 'име на место, имало дебело дрво поставено преку реката, наместо мост, за поминување'; 2. 'низок' ~ *сăто поле опашано–j су неколку ридишта едри и малечки... планини* [МЕ(Р),70]; 3. изр.: **мăлéчко Тýрче, гулéма чáлма** (= се кажува кога сме изненадени од силата и моќта на човек што ни изгледал немоќен и слаб) ~ *ви́ди, ви́ди, мăлéчко Тýрче, гулéма чáлма, шó имóт, шó чýдба пичăлúл, а сјáа де!* [ПК,2(179)]; сп. уште **малечук нишан** – кога стројникот ќе донесе **бохчалăк** од девојката (**пачета, риза,** чорапи и китка), тогаш му кажува на таткото на младичот дека е договорено да биде **армасут**, односно да *размепат малечук нишап* (размена на прстени) [ТГ,151].

мáлина f 'волнена материја'; сп. **ифáзмата** [MS,s,64].

Малино 'фамилијарно име, скратено од Малинов' ~ *уф–Кукýш сă–пóвиче кулишáпе, и ут–Струмица úма. Нă–Штéрјо úма, пă–Малúпо úма, пă–Кăл'пúкăвци úма, пă–Лúка Тóмчува úма* [ПК,2(221)].

Малинова Бăрчина top. 'рид, возвишение, dem. од **брдо**; според л. име **Малин**', Валовишко [ЈИ(СД), 155)], во истата регија (Серско-Драмска) според Ј. Иванов се среќава и друг деминутивен формант **-це: Малкото Бăрце**; сп. уште: **Малко Дебело Бăрдо**. Иако зборoформата **брдо** е присутна во нормативниот Речник, сепак во говорниот јазик многу често е заменета со 'рид', оттаму назначениот топоним го означуваме како архаизам. Во југоисточните говори со исто значење се јавува турцизмот **баир**, но во топонимијата се чува стариот збор 'брдо', пр. **Валандуфцко Брдо** 'висок рид на просторот Валандово - Струмица'.

мáлиста adv 'добро, така е' ~ *"си хазăр' да дóш' сúга?" – "мáлиста! за пóда дур у думá и за–сă вăрпа за пулувúп саáт'* " [MS,t,84].

Мáлиш top. 'име на регија во Источна Македонија' ~ *пú плăпúпцко, пú пóлцко бúше сéлто Штéмпица... тýк адпá тумбáрка, тáм адпá тумбáрка, áма сă–рăбóте. Кут уф–Мáлиш* [ПК,2(221)].

малишовка f ~ *стапа да с–јоде тоја лудо младо јабапцијче,[и што си веле, младо јабапцијче, јубаво: "седи сус здраве, тепка Малишовко јубава!"[и што му веле тепка Малишовка јубава: "Оди сус здраве, амак будала биз пушка!"* [ТГ,156].

ма́лјут прӑс m 'најмалиот прст на рака (или нога)' ~ *има́ло не́коо вре́ме не́каа мо́ма, о́ти у́бува сă–вика́ла Дујна́ Ѓузăли́ца. Кój ќ–о́д дă–гă–ви́де, ма́лјут прӑс дă–ј–гу ви́де пиз–ја́мут, ќи–дáа е́дна ту́рцка ли́ра* [ПК,2(298)]; сп. случај кога придавката е поименчена: *мӑлечќу́т* 'најмалиот прст од раката, ногата' (: *на́лиц, пукăза́тил', гуле́мјут, мӑле́чќут*) [ПС (Град)].

ма́ллчко adv 'нешто во мала количина' (со чувствен однос) ~ *ка́ нă мо́жăхме дă–си–ку́пме нăадно́ч вре́јка бра́шно, купу́вахме пу ма́ллчко, кулку зă адно ме́сне* [ПК,2(192)]; ~ *то́о тăрка́лто а врӑс то́о ту́ка, а врӑс то́о прӑс ту́ка пумпна́ и мă–изгуре́. Чура́по ác иска́рум. гле́дум ма́ллчко сă–дӑрже но́хуто* [ПК,2(240)]; и: **ма́лчко** ~ *е, де, шо́ а́к тă–нăро́се ма́лчко, не́–с шќе́р дă–сă–сле́јш* [ПК (Ал)]; ~ *сто́мнăта то́не, нăто́пуве, и́збăрш–а, о́на па́к пушти́ла ма́лчко* [ПД,129]; сп. **нăрше́ле** = *ка́ вӑрне сне́к или до́ш пу–ма́лчко* [ПД,131]; односно **ма́лчичко** [ПД(131)]; ~ *ма́лчичко задо̧не́х, а о́нн удде́ле;* и: **ма́лкичко** ~ *и́мн се́јăхме: учуме́н, сусáм, рӑш ма́лкичко, жи́то нájно́вике, бустáн* [ПК,2(240)].

ма́лкај adj, opp. на 'голема' ~ *мо́ри Да́но, ма́лкај ле Да́но[откáк сме се армаса́ли[не́ сме се виде́ли де́[са́мо еди́н нӑт, му́ри Да́но, на бунáро* [ПК,2(331)]; ~ *са́м са́м јуфчáр ма́лкај–ле Да́но [са́м са́м јофчáр, са́м са́м ќája* [ПК,2(332)].

ма́лкиј-мӑја̧нц (и: **ма́лкију-м'а́сниц**)* m 'месец февруари' ~ *тр'ӑбува прӑву да гу с'ӑјми с'ӑм'а̧ту у ма́лкију м'ӑја̧ниц* [MS,t,4].

ма́лко adv **1.** 'мала количина од нешто, малу' ~ *по́сле ка̧нди́се, му–ка̧нпу́ве ма́лко, о–о–п, а́рно. А, о́ш ма́лко, пуглидна́л* [ПК,2(231)]; ~ *тогас от јунакот за врӑзат една кӑтка, за ја варакосат с фарак, и четри–пет алтăни, и едйн прӑстен от стребро... и за кладат на едйн лингер малко ририф* [V,PM,245]; ~ *мо́лчи–ми си́но, не́ пла́чи[ма́лко ли–сă мо́ми у–се́ло[ма́лко–ли–сă ја́гн'а у–тă̆рло[ма́лко–ли сă ки́тки уф–грӑди́на* [ПК,2 (328)]; **2.** 'краток период' ~ *би́л ма́лко ус–кумите́то, куту сă–бо́ут–Ѓӑрцте* [ПК,2(221)].

Малко Гонило top. 'провизориум (од корита) за миење (**гонење**) на руда'. Место покрај река чија вода се користела при миењето [ЈИ(СД),155)].

ма́лку* **1.** n 'бебе' (поименчена придавка, в. **мал'еч'ку**) ~ *ста́паха саба́ли, му вили́ на ступа́ниту: "тузи́ ма́лку ш'ту сă руди́, ви сă мо́л'а мло́гу, дад'ӑти гу на м'е́л'а заш'то́ јас ич' л'е́мам ма́лки"* [MS,t,16]; ~ *промнпаха две или три месици, и позпала момата ча е тешка, и са и чувала от сичко пешто, за да пе гу метни малкуту* [V,PM,55]; ~ *фл'ази ... за да сă скри́ј; ж'ипа́та–ми би́ш'и дити́л'а и ут стра́ха сă удби́; гу загуби́х го́туву ма́лку* [MS,t,57]; **2.** 'мал по години, на млада возраст' (често во компарација) ~ *фати цӑрјут, викпа на чамурлиовата жена и го даде и неговото малко, она да го глепда; он ја хранпши пеа* [V,PM, 233]; ~ *хри́пна на врӑх змиа́та, извади́ са́бјата, ја закла́;... мо́ј сос са́бјата га распо́рна змиа́та, гу извади́ ма́лкуту жи́ву* [V,PM,23]; ~ *га вели: "мари́ же́пу, таја́ ри́ба га земáх дипе́ска за едйн гро́ш. Го́тви дипе́ска от пе́а мӑра да ида́т ма́лкате"* [V,PM,17]; ~ *на ср'ад'а́ се́лоту и́маши една ахта́рпица, та са бер'а́ха ма́лку и гол'а́му* [V,PM,31]; ~ *игра́јаш'и пузи́ ма́лку та́м, Дијупи́ш'*

ш'ту гу ви́каха [MS,t,46]; ~ *па пъ́т'ут при една́ р'а́ка најде една́ змија́ многу́ голе́ма; са́каши да изја́ди една́ же́ља сос две́ ма́лки* [V,PM,22].

малој adj, opp. на 'голема' ~ *мори, Гиргили́је, ма́лој мо́ме[мори, ко́ја ше́та крај Дуна́ва* [ME(P),99].

Малто Блато top. 'име на место во Ениџевардарско' (= мало езеро, вода што не истекува) [ME(P),77].

малук армас m 'прв договор за свршувачка, тогаш се дава збор и се разменуваат подароци' ~ *тогас тојпака извади и другиот алтъп, гу даде па мајка му, и едип прăстеп. И отиде мајка му па царјут, мипиха пишап, чипиха малук армас, и са чипи голем радост* [V,PM,49]; ~ *и опа отидел, гу бакпа рăпката, и тој ја дава едип алтип многоценпо, штото па царјут пема таков алтип. И така стапа чилиби Теодораково-то малок армас* [V,PM,164]; ~ *и така за седпат сички, и за едпош трапезата курдисуват, пак ракиа пијат, по ракијата јадат, випу пијат, песми пеат и ахеп чипат васа пошт. Ету така си чипи малок армас* [V,PM,246]; и: **малечук нишан**.

ма́лук* (и: **ма́лка** – за m и f) adj 1.opp. на 'голем' (в. **малечук**) ~ ~ *и то́ј сă убрију́ва му ка́зува: "сид'ă дивиди-се́т и д'е́вит' л'у́ди и́мам уклава́пу да кла́т' си па умо́ ко́лку дру́ги по́-ма́лки ра́бути и́ма сто́рипу!"* [MS,t, 43]; ~ *за шпа́ тапс'а́ баклава́ (гул'а́-ма, ма́лка?) три пръ́ст'а шпа́ ука́ ш'ики́р* [MS,t,8] (во реченицава е испуштена придавката **дебела** и глаголот **треба**); 2. 'млад, мал по години, на млада возраст' (често во компарација) ~ *ца́р' има́ш'и и три́ мо́ми; ма́лката мо́ма пе утиди у ч'е́ркфа, уста́па дума́* [MS,t,33]; ~ *по–гул'а́мојут брат га изја́ди смо́ква-та, па по–ма́лкојут ишта́х му оста́-па* [V,PM,28]; ~ *кумот за везми ч'ашата с ракиата, вели: "е добрја ми дојдохти сватови!... Кој пе види такос радос, да види, и па по–малки-те да си радувами, хајрлии, када-млиа"* [V,PM,248]; ~ *пај–ма́лкојут, кату зпа́ши ма́лку да пи́ши, оти́де па еди́п гол'а́м базирґа́шп* [V,PM,20]; ~ *е́дпо дъ́рво шимши́рово[и по́д пе́го до́бър ју́пак[до́бър ју́пак ли́чип Къ́рсте[и пред пе́го ма́лка мо́ма[ма́лка мо́ма Макидо́пка* [ПК,2(257)]; сп. интересна форма за ср. род **малу-ко**: ~ *му ве́ли: "ама́п, бра́те, да ми дадеш и па ме́пи едпо́ ја́гпе па Вели́кдеп да јам со́с тајфата ми!" Тогас бра́т му фати да му ви́ка и да гу го́пи: "а́јде, бе́гај от ту́ка ма́луко си!"* [V,PM,147].

ма́лку́т adj 'малиот'; изр. **нă-мо́жме дă му-сă-фа́тме нă ма́лку́т пра́с** (*пă–пе́го*) (= тој е неспоредливо по-добар, поуспешен од нас) [ПК,2(72)].

малу-млогу adv в. **малце** (укажува на приближна вредност) ~ *то́јпака па́ бога́тио работи́л ма́лу–мло́гу до три́ годи́па, хи́ч па́ тајфа́та му пи́ту пи́смо пратил, пи́ту харчла́к* [V,PM,108].

ма́лце adv 'opp. на 'многу' ~ *викпу́ве еди́п риба́рип: "Ej ч́и́чко, е́ла бе!" "Шо́ бра́ мо́мче?" "А бе́ са́кум дă–мă–изво́зиш, ръ́че́л, ма́лце"* [ПД, 146]; ~ *и тăка́ дупце́а ма́лце ле́п тугáj, тă–апи`ме. Кój умре́, умре́. Апии кру́ши, пăпи́j–се во́да, а́пии пе́што уф–три́те де́па адно́ш* [ПК,2(278)]; ~ *дă–сă–вăрпиме ма́лце. Ка́ бига́ме, уд–Нима́ници ка́ излизе́ме пи́ă удде́ме пă–па́што се́ло, пă–Плă-пи́ца. Плăпи́ца по́–пăтăка́ е, о́па пе́ би́ше зăпа́л'па* [ПК,2(251)]; — трудната жена кога оди некаде треба да има придружба, бидејќи *"туварипа жепа уд малце пешто реа зимуве"* (= не треба многу за да ѝ се случи

нешто) [ТГ,103]; ~ и: **малци** ~ *пуштиха копите на зелена ливада – копите да попăсат, а они малци да илиндисăт* [МС(В),95]; ~ *Сраулица фати да пеи една песна, малци речовита, ама много гласовита* [МС (В),96]; во контекстот што следува не е сигурно дали се работи за прилог или за поименчена придавка ~ *зева акалесарпицата кумот, благославја и здрави: "добрја ми дојдохти, да са здрави и жјуви, да мо и чистито, от Бога ризик да имат! Кој не види таков радос, да види, па по–малциту да си радуваши!"* [V,PM,247]; односно **малцă** ~ *кој sивгар имă малцă тајфă, пă пегу клавă другă тајфă* [МЕ(Р),90].

малчичко* adj, n 'малечок' ~ *једиn деn ја пакарала мајка хи да смете дора. Тја как си мела , малчичкото хи братле си играло по доро... го ударила јаче по рăкăтă једпо даро* [V,PM,292].

мал'ка f 'клас од пченка' ~ *плóдо пóсле му стăпýве куту уд чипúчка клáшче, мáл'ка уд чипúчка, цăрвéпо, рáсте пу кăрувăто'* (станува збор за тревата **змијáнăц**) [ПД(122)]; - за односниов предмет во југоисточната регија постојат повеќе називи, така при истражувањата во Дојранско запишаме 3 називи: во Ник **мáл'ка,** во Пат: **кубáк**, во Фур **пичéнка** [ПД(123)].

мамáнка f **1.** 'цуцла'; **2.** 'брадавица на градата од жена'; **3.** 'виме од крава' [MS,s,64] – односново објаснување од Малецки не е доволно прецизно, веројатно се работи за долните испуштени делови од **вимето** од кои се извлекува млекото.

мами* impf 'лаже, доведува некого во заблуда' ~ *тија пе са, Стујан, млади ти другаре,[туку ми са, Стујан, врли сумувили,[тебе ми те мамат, тебе ми те чекат,[да т–искарат, Стујан, па бели друмове,[да те посат, Стујан, они дека сакат* [ТГ,178].

мамиц m 'црвче или нешто сл. што се става на јадицата кога се ловат риби'; називот се употребува паралелно со **стрăф** [ПС(Град)].

манáл m 'голем сад (бакарен) во кој се оставаат свеќите в црква, свеќник' [MS,s,64].

манастúр* m 'христијански религиозен објект, обично в планина' ~ *пујпó вр'ăм'ą идúп калýјар исл'ázи ут манастúру, утúди па перивóл'у да субирé смóкфи* [MS,t,45]; ~ *ако пе ја дадат, мале,[поскоро да дојдиш,[абер да донесиш![Зарем ќи си јодам, мале,[црпо калуѓерче,[сарај ќи расипум, мале,[манастир ќи правум* [ТГ,51]; и: **мăнăстир** ~ *русалúј–сă тúй куту цамалцúј му–вúкăт... Играјájќи бикóл'ат пу–двóрувито, бéрăт бакшúже... сúчко ги–пудáруват, а óни тóо гу–бéрăт зă–цăрква дă–цапрáват, мăпăстúр ли* [ПК,2 (355)]; сп. top. **Манастир** 'име на локалитет покрај брегот на Дојранското Езеро, таму има повеќе **лувишта**' [КД,65].

Манастирско Брало top. 'проширено место на река каде што се **собира** водата и оттаму се изделува и се "управува" кон одреден правец' [ЈИ (СД),155)].

мáнга* m 'мангуп, арамија' ~ *два мáнги ('харамíју') вил'áт "да гу в'éпими па Настрадúп–хóм'а магáр'ątу!"* [MS,t,55].

мангáл m 'плиток бакарен сад во кој се става жар и се користи за загревање' [MS,s,64].

Манго Брјаст top., bot. (**манго** - погрден збор за циган) - двочлена синтагма од именки, првата со придавско значење (без посесивен зборообразувачки формант, според турски образец)

Серско [ЈИ(СД),155)].

ма́нгуруфо́р(ин)* m 'полицаец' ~ *тук у с'е́луту има́ш'и ма́нгуруфо́ри, ш'ту ш'е́таха, брӑ́каха липута́тки* [MS,t, 2].

Манда Ѓол' top. 'мочурлива месност' – синтагма од 2 турски елементи: освен познатото **ѓол'** 'езеро' и помалку познатото **manda** 'бивол'. Првата именка има придавско, посвојно значење (**манда** м. 'мандин'). Овој образец потоа се проширил и во синтагми во кои зборoформите се македонски, Серско [ЈИ(СД),155)].

манделаја́к m 'крпче за нос'; сп. **манди́л** [MS,s,64].

ма́ндра f **1.**'ограден простор, трло, заедно со овчарска колиба каде што се молзат овците и се преработува млекото, бачило' ~ *па–стр'ӑш'та има́ш'и ипа́ ма́ндра; ч'уба́ниту ут–стр'ӑш'та ги гл'е́даха пукра́ј ме́ш'л'ӑнта́та ч'а̣ и́ма и ипо́ д'ӑтници* [MS,t,16]; ~ *ути́ди па крајо́ ма́ндрата, павѝка* [MS,t,18]; ~ *ка́к виде́ така́, оти́де па ма́ндрата не́гова, па́ чоба́ните му ве́ли: "о́ј чоба́ни, у́три хе́р–ко́ј човек да пу́сна, ви́а да гу уте́пити!"* [V,PM,j46]; ~ *ражʼа-ни́ната уста́нува па ни́вата, ја з'е́ват ки́хајиту, ја зап'е́ват па ма́драта* [MS,t,67]; **2.** top. **Мандра** од тур. mandıra, во истата регија (серско-драмска) се присутни и зборообразувачките варијанти: **Мандрацик**, **Мандрето**, **Мандриште** – Серско, Валовиште [ЈИ(СД),156)]; **3.** во Солунско (Градобор) ја запишавме следнава значенска разновидност **мандра** 'билук, крдо (говеда)', како синоними се среќаваат **бӑрло́к** и **бил'у́к** ~ *це́ла ма́ндра гуве́да ка́рӑше* (= цело крдо говеда тераше) [ПС(Град)]; **4.** 'рибарите кога ловат во Дојранското Езеро со помош на птици оградуваат еден простор во кој птиците ги гонат рибите, тој простор се вика **мандра**. **Мандрӑта** парцијално се преградува за на крај рибите да бидат собрани на тесен простор што се вика **котец**, оттаму рибите просто се црпат' [ПД,126]; ~ *е́дно вре́ме спи́ја: уф–лувѝшчӑта, о́ти ко: стуја́л Ста́р До́јран ма́ндрите би́ле пӑ–го́ре... дӑле́ко и уд–пӑде́л'а пӑ–пӑде́л'а си иде́ле до́ма* [ПД, 128]; **5.** fig. 'мноштво од нешто' ~ *пи́м зи́ми то́лко, пе́–ј ма́ндра* (со исто значење: *пе́–ј фу́рпа*) [ПК,2 (72)].

ма́ндрӑџи́а m 'човек којшто работи на **мандра** (трло), што прави сирење' [ПК,2(72)],[ПС(Град)].

мандӑл m 'дрвце со кое се затвора надворешната врата, портата', функционира така што **мандӑло** се спушта и ја затвора вратата'; сп. *замӑнда́л'аа вра́тта ќи–си ле́гпиме га́аре* (преку тур. од н. грч. μανδαλοσ) [ПК,2(72)]; ~ *мӑнда́ло́с–јӑ вра́тта* (= затвори ја вратата) [ПД(120)]; в. **мӑндӑла́рка**.

м'а́нка adj (m || f) **1.** 'мек'; **2.** fig. 'питом, пријатен', сп. **м'е́нка** [MS,s,65].

Манл'оова top. 'име на место покрај брегот на Дојранското Езеро, каде што се ловело со **влак**' (= поставување, фрлање на мрежа (белвичар) за ловење риби) [КД,61].

Мантар Баир top. 'ридна месност' (и двете единици се позајмени од турскиот јазик: **баир** 'рид' и mantar 'печурка'), Валовиште, [ЈИ(СД),156)]. Уште еден пример за присуство на турскиот образец: едната именка без формални белези (зборообразувачки) се јавува во функција на придавка, но има и обратни случаи: **Мантарска Махала** Валовишко [ЈИ(СД),156)].

мантули́ну n 'музички инструмент, мандолина' [MS,s,64].

Маӈу́ш м. л. име ~ *Маӈу́ш шо́ и́ма ади́и си́и, сте́л'то му изде́... у́че ќо́о–ми–ти* [ПК,2(195)]; ~ *ас уддех та́м, ӈајде́х ади́и кулиша́пе, рӑску-*

па́ме ка́мшито, а́ма не̣ најде́ме ни́што. Ут–та́м се́тне, не̣најде́х адни́ уд–Мо́крине, не̣–Пе̣нда̣ли́уф Маги́ш прӑф бъ̆рче́т [ПК,2(308)].

ма́нци adv 'нешто во мала количина, сосема малку' [ПК,2(72)].

Манчова Бук top. 'падина со ретка шума' (формата **бук** место 'бука' bot. Fagus silvatica укажува на архаичност на топонимот, сп. рус. **бук**) [ЈИ(СД),156)].

Манчоково лувиште 'име на место покрај брегот на Езерото (Дојранско), семејството Манчокови таму имале **лувиште**'; се наоѓа во локалитетот **Сунѓурли** [КД,65].

манц'ура́на f, bot. Origanum majorana 'растение со пријатна миризба, се става во јадење'; сп. **са́пш'иху** [MS,s,64].

ман'а́ f 'баба' ~ *сӑ ш'тинахуре́са мума́та и вили́ на ста́рата :"ман'а́! да ми дад'е́ш' и́зин!"* [MS,t,63].

м'а̣н'е́н(т)* adj 'сменет' ~ *си млӑкна мума́та, ги ви́д'а̣ и ш'апда́ниту м'а̣п'е́нти* [MS,t,21].

ма́н'ц'а f 1.'варено јадење' ~ *с'е́нп'а̣ за ва́р'а тра́хна ('ма́нц'а ут бра́ш'ну' : прајат ч'а́сту, гу сӑхнуват, гу трӑјат др'е́бну)* [MS,t,65]; ~ *ги кира́са пу шно̀ кајве́ и пра́в'ат мухабе́т, ч'а́кат да сӑ сфари́ ма́нц'ата* [MS,t,54]; ~ *"и́ч' ни ја́ди, гла́дни за си л'е́гни, то́с в'е́ч'ер, да му зака́рам го́р'а̣ шно̀ бл'у́ду ма́л'ц'а"* [MS,t,37]; ~ *"ош'ти п'е́ма за ни дад'е́ш' дај–д'е́ми?"' "Н'ӑј варе́на ма́нц'ата о́ш'ти"* [MS,t,55]; н: **манца*** ~ *"ско́ру да ми дадо́ети да ја́м, ча мо́шни сам гла́дни! И не́мој гле́даш кеба́рски ма́нци: што да е јаз ја́м"* [V,PM,24]; ~ *Има́ло ре́ка, уф–та́а ре́кта пу–кра́јта нӑкӑлде́ли–си тинцири́нта, нӑпрӑви́ли ума́ци, си–тури́ли ма́нци дӑ–вӑрӑт* [ПК,2(321)]; ~ *еди̇н ден порӑнчја на бата да тури на манцјата зехир, да го утруи дјатенто* [V,PM,158]; односно **ма́нжа** ~ *и на една́ о́дае фне́тре и́машја зла́тна суфра́ и позла́тни сто́лове, и фсје́кога и́деха да едат фне́тре. И на́ софра́та и́машја ца́рцки ма́нжи* [V,PM,259]; 2. изр. **шӑрла́н уф–ма́нца** (се кажува кога некој е натраплив) ~ *о́н се́где–ј шӑрла́н уф–ма́нца, се́ сӑ–пра́ве от на́ј–но́го зна́а, (от) на́ја́рно–ј не́јнто* [ПК,2(212)].

м'а́ра f 'мерка, размер за тежина, должина, ширина' ~ *м'а́рими сӑс мутувилуту, ко́лку мутувила́ за гу трӑгними пла́тнуту и с'е́нп'а̣ нас м'а́ра јӑ ут'е́гнува́ми* [MS,t,6]; изр, **з'е́ва м'а́ра** (= измерува) ~ *и там з'е́ват м'а́ра ут грнпди́т'а̣; фа́ш'тат т'ем'е́л'а, ги дука́рувам дур на д'уш'ам'е́ту* [MS,t,44].

Мара Полена top. 'планинска долина' (уште еден случај на употреба на именка во служба на посвојна придавка - според турски образец) – Зилјаховско, но сепак: **Марина Вода** 'чешма, наоколу шума' [ЈИ (СД),157)].

Ма́ра 'ж. л. име запишано во Кукушко' ~ *си–нӑпрӑви́ кӑшта та́м, Благо́јуфгра́т. Ќе́рка–му гӑ–жени́ та́мӑ, не̣ гӑ–зна́јш – Ле́та. Се́тне На́да, Ма́ра. три̇ ќе́рки и́ма* (случај на додаток за место без предлог: **нӑпрӑви́ кӑшта та́м, Благо́јуфгра́т** – посебност позајмена од балканската јазична алијанса) [ПК,2(324)]; ~ *гу–зӑтвури́ли уф–ӑдна́та удајчка и Ма́ра ќо:–пе́че, ма́јкӑ–ј ќ–о́де нӑ–нӑза́ро, ќи–до́нсе саму́п, ќи–ја́т* [ПК,2(254)]; во Гевгелиско како варијанта на **Марија** [ТГ,114].

мара́з(с) m 'хронична болест' (тур.) [ПД,134]; ~ *та́а мо́ма си и́ма не́кој мӑра́с* [ПК,2(76)]; [ПД(134)]; ~ *му вели́: "што продавӑш, господи́не?"*

И тóјпака удревú: "јáзе, дивóјку, хéм смóкви продáвам, хéм сам хикимцúја – стáр мараз излекýвам". Цáрјувата мóма úмаши стар мараз: пúкој (м. 'некој') хикимцúја пе мóжиши да позпáј, штó мараз бéши [V, PM,29].

маразлив* adj 'тој што често боледува, болешлив' – на 31 август, пред изгрев на сонцето **маразливите** деца ги поминуваат низ **сребрин, Бугуројчин поjс,** што е своина на црквата (во Гевгелија), со верба дека Богородица ќе им помогне да бидат здрави [ТГ,75]; – кога детето е слабо, суво и не напредува, тогаш се кажува дека е **маразливо**. Под зборот **мараз** се подразбира внатрешна болест, во цревата и во стомакот. Таквото дете го носат по лековити извори и бањи. Му даваат како лек мед измешан со истолчено семе од растението **гингер** (од семејтсвото Lapa Minora) и 'ржана вода. Некои спремаат чај од растенијата **арамијска трева** и **кантарион** [ТГ,124].

Марангозови Ниви top. 'ниви во Зрневско Поле' (сп. тур. marangoz= мајстор, дрводелец) [ЈИ(СД),157].

маргарит m 'скапоцен камен, бисер' ~ *и кату ја виде мајка ú, много са зарадува, хем плакаха и двата: от момините очи безер си роппши, от устата ú маргарит са пижсиши* [V,PM,219]; ~ *паj–после дојде времја за да си пои чобапот. Фати царјут да му дава дар злата, маргарит и други царски работи* [V,PM,170]; ~ *па скалата го беха ч'акали до хил'аде душа, хем от скалата до пеш копак беши постелапа сé многоцеп камеп и маргарит па земјата* [V,PM,172].

Маргариттасово лувиште top. 'име на место покрај брегот на Езерото (Дојранско), семејството **Маргариттасови** таму имале **лувиште**'; се наоѓа во локалитетот **Орео** [КД,65].

Ма́ргу 'ж. л. име запишано во Солунско' ~ *и цáрjут са почýди, от дéка тóлку алтъпи фати. Цáрjут му памáз дъпото па кúлото сóс катрáп и гу дадé па Кира Мáргу* [V,PM,18].

мари́ interj (за обраќање кон суштество од женски род) ~ *"ш'ó кáзуваш', мáри, éш'ти ми ја дръж'úш', пи вúкпуваш' забúтипут, ш'у–и дóл ... да ја закóли"* [MS,t,84]; ~ *úди маи'ц'ó–ји, ја гл'éда, лиж'ú: "стáи' , мари́ ж'éпу, да пójми"* [MS,t,13]; ~ *"да б'ъ́гами ... ч'ạ тáтку–ми и–двáта за пá закóли" – "ш'ó кáзуваш', мáри!"* [MS,t,84]; ~ *вéли па жéпа му: "мари́ жéпу, ýтри да ми кладéш л'áп аф тóрбата! Јазе ки си úда да тéрам късмéт'ут ми"* [V,PM,31]; ~ *велú па жепáта му: мари́ жéпу, јáзе ки úдам па Стáмбол. Имам едúп брáт та ми пúшиши от нéкпи, да му кýпја едпá кáшта* [V,PM,25]; сосема ретко ќе се сретне и во обраќање кон лице од м. род: ~ *му вилú Настрадúп хóц'а па фурнáрипу...: "Мáри, јáла да ид'éми! вúд'ạ, јáс как т'ạ курталúсах!"'* [MS,t,57]; в. **мори.**

Маријче 'ж. л. име запишано во Гевгелиско' ~ *Маријче, тепко, високо,[пемој ми врваш пиз двори,[пим ми раздигај јадови,[јадови моји дертови,[чупки са малце мојите,[а што да правум и сус твоји?"* [ТГ,100].

Марин 'м. л. име запишано во Солунско' ~ *утрипата си паучиха базирґапиту, как чилиби Теодорак допел певеста от Европа. Фатили да хождат, да го чистип'асоват. Отиде първо Марип базирґап* [V,PM,164]; ~ *Марип му вели: "ах господипе Теодораки, много ти жал'ам, хем јазик па тебе! Отдека ја пајде*

таја кахпеа та ја зема за стопаница да ја имаш?" [V,PM,166].

Маринова ограда top. запишан во Драмско (од Ј. Иванов) 'градина, бавча' [ЈИ(СД),156)]; спомнатово значење (градина во близина на населба) се среќава како топоним во повеќе македонски говори, независно што основното значење на гл. е: 'оградува, ограничува извесен простор со плет и сл.', сепак и спомнатово вторично значење е старо, бидејќи го среќаваме во други словенски јазици, пр. во чешкиот јазик (zahrada).

марифет* m **1.** 'умеење, мајсторство' *~ тогá отúде и Кулýф на óјска, и Гóспод му дадé јáкос млогу и марифет: са чипú опбашúа, от опбашúа јýзбашúа и прóчее* [V,PM,9]; *~ тогас тојпака му отговори и му приказа таја приказка... тогас татко му са почуди, какоф марифет си паучи сип му* [V,PM,36]; *~ Јазе имам адет да чипам млогу марифети; аку можите марифетите да ги свăршите виа, да ви га дам момата"* [V,PM,45]; и: **морафет** *~ му вели: "Ах татку, милип татку! Друга жена, што ки земиш, пе знаиш, каква ке да излези... ти са мол'а да земиш таја мома, која мепе ме изуча толкус морафети* [V,PM,275]; **2.** 'подлост, измама' *~ от мăра час сетпи и тојпака си разбуди и, кога виде, ча марифет му чпиха, фати после да ги тера и ги прифтаса па пăтјут... ~ и другиот Грăк рече: "ах, побратими, пе знаиш, ч'а и јазе ишт'а да ти река, да му го сторими тос марифет па бăлгарипот"* [V,PM,178]; и: **мăр(и)фéт** *~ áрпо-áма адúп дéп пивéстта гу-пúте дéтто: "сус-кăквú мăрифéте мă-зимá мéпе?"... "Нé-е, úли ќи-кáјш ус-кăквú мăрфéте мă-зимá úли ќи-сă-вăрпум"* [ПК, 2(264)].

марифетлиа adj 'тој што умее, што е способен' *~ детето сос гласот му храпиши сичката тајфа, и пајпосле са чипи детето вреден човек и млогу марифетлиа за сичка работа* [V,PM, 40]; *~ фати да плаче, ама колај немаши; туку заедпоч прати двамипа л'уди, които беха млогу јаки и марифетлии млогу* [V,PM,63]; за ж. род: **марифетлијка 1.**'девојка (жена) што умее да сработи убаво различни работи' *~ видé-ли пéкаа áрпа мóма... мăрфитлúка, знáј ќи-зéме вирáп чувéк* [ПК,2(152)]; *~ рече па пај-малката мома: "скору, сипку, да идиш сос пашут зет, ча двете ти сестри па зл'а палитјаха, хозмет да им чпиш!" Ама пај-малката мома беши пај-хубава и* ~~**на-марифетлијка**~~ [V,PM,62]; – случај на употреба на скратена форма на партикулата 'нај' > **на**, што претставува влијание од влашките говори, иако претходно односнава партикула тие ја позајмиле од македонскиот јазик; **2.** 'итра, снаодлива' *~ тогас царјувут сип, кату чу, сакаши да пукпи от јад, отиде па мајка му, га вели: "мале, пе ти вел'ах јазе, ча беши мома? Ама беши млогу марифетлијка, та пе можах да га позпа"* [V,PM,73]; **3.** се употребува и со негативна конотација, сп. **мăрфитлúка** 'девојка (жена) со неморално поведение' [ПК,2(76)].

маричка f, zool. Coccinella 'инсект со црвени крилца и црни точки – божја бубалка' (Дој), во соседното село Пат (се наоѓа преку Езерото, во границите на Грција): **уч мара** [ПД(124)].

Марков* adj 'нешто што му припаѓа на Марко' *~ кату излезе одапăд, најде чешма, па чешмата беши Маркова керка: кату слăпце светиши,*

кату месичина греши, сос сребарни ибрици вода налјаваши [V,PM,77]; *~ Грујо Шкиндерлија сос Маркувата керка отиде на стар Хајдара, му вели: "ету, побратими, га земах опаја, што саках"* [V,PM,77].

Маркова Бајна top, f 'име на место (извор) во Еничевардарско' *~ на во извор пăтниците пазарејна... гу велјат "Бајната", друзи па ут Водиш ут та страна* – **"Маркова Бајна"** [ME(P),69].

Маркова Скала top. 'висока карпа на излезот на р. Струма од Рупелската клисура' [ЈИ(СД),157)]; (стариот збор **скала** во македонскиот стандард е изместен од **карпа**, сп. рус. **скала**).

Марковица 'име на жена според името на мажот' (во случајот Марко) *~ Марковице, бре млада нивесто,[засукај си скути ем ракаве,[измеси си ду девит пугачи,[исукај си ду девит баници,[испечи си уф мисур кукошка* [ТГ,177].

Марку 'м. л. име' *~ тјапака му вели: "јазика хазăр сам за тебика, ам аку ти познае татку ми Марку, и тебика и меника ки ни погуби"* [V,PM,77]; *~ киписал Марко да шете,[да шете село да гледе;] пу него Струма нивеста,[еј, што му веле гуворе:["Врни се, Марко, ступано,[врни се малце пучеки!"* [ТГ,53]; *~ дури да идат халајките да кажат на татка и Марка, тојпака баја мегдан зема сос момата. Марку вјахна па неговата којна, зема и тешка бозлугана* [V, PM,77].

ма́рмару n **1.** 'мермерна статуа' *~ прумúпаха л'уд'éту; тój стујáш'и халúс мáрмару* [MS,t,78]; **2.** 'камен мермер' *~ здигнá пот скáлата што бéши мермéрот, пајдé кл'ýчовиту, отворú магазúата... си пајдé сúчките дéлви пăлни алтăш* [V,PM,18]; *~ тогáс богáтиот пот скáлата здигнá едúн мермéр кáмин мишалúа;... гу земá кл'ýчот и отворú неговата магазúа* [V,PM,17]; и: **мермер** *~ тјáпака отúде, сóс едúн тáс мáлца фрет аскéрјут гу пáсúте... и тогá фатú ги двéте и мпýки, ги зачукнá, и двéте мермéр ги чипú* [V,PM,143].

Маркувци pl. 'фамилијарно име запишано во с. **Бугуројца**, Гевгелиско' – на средниот ден од празникот **Вилигден**, во дворот на црквата, на лицитација се купуваат икони што ги продава клисарот; интересно дека семејствата секоја година ги купуваат истите икони, т.е. истите светци: **Ѓорúќајви** секогаш го купувале *Св. Тапас*, **Гошувчуви** – *Св. Вашил'*, **Маркувци** – *Св. Лазар*, **Попувци** – *Св. Параскева.* Објаснувањето за ова е следново: *"Така сме запамтиле уште од дедо, уд старо време"* [ТГ,62].

Ма́рно По́ле (<**Марино ...**) top. 'име на место во Пиринска Македонија низ кое поминале бегалците кога се повлекувале од Егејска Македонија' *~ му–зúмăт кубúлта и бúл' пă–мóсто гу–кăлвáли, дă–пé–ј избéгип ут–вујпáта. Зимáме кубúлта и пă–стигнá пă–пас пă–Мáрпо Пóле* [ПД(124)].

Марсол'кирово лувиште top. 'име на место покрај брегот на Дојранското Езеро, семејството **Марсол'кирови** таму имале **лувиште** (= рибарска колиба, се прави на колови во Езерото)'; се наоѓа во локалитетот **Рофка** [КД,65] – сп. **марсол** = излачевина од носот.

ма́рта f **1.**'третиот месец во годината, март' [MS,s,64]; [ПС(Град)]; [ПД (Фур)]; *~ сечко сече, марта дере, април посе кожи да пурдаве* [ТГ,7]; **2.** 'исукани два конца (црвен и бел), спроти први март младите, особено

девојчињата си ги врзуваат околу вратот, или на раката, и ги носат додека не се искинат, тогаш ги стават под бел камен, верувајќи дека нема да "ги фати сонцето" и дека ќе останат бели' [ТГ,42]; 3. изр. **куту ма́рта-j** (се кажува за нестабилен човек) ~ *о́п–ej куту ма́рта, сjа́а сӑ–сме́е, пӑ–адно́ч ко:–ви́jши сӑ–пӑл'ути́л* [ПК,2(171)].

мартин m 'име на третиот месец во годината – март' ~ *кулужек, сечко, мартин и април ка одиле, рекле: "Аде да му истепиме па тоа ќаа девит ил'ади офци!"* [V,PM,293]; ~ *ет ти го Мартин гу пристрител, му рекал : "Поможи Бог, ќаа"* [V, PM,293].

мартѝн' m 'оружје' [MS,s,64], сп. **пушка мартинка**.

Мартинци 'овој празник го викаат уште и **Вӑлков празник**, се слави три дена'. Утредента по празникот **са пулазуве**, а тоа е поврзано со верувањето дека среќата во куќата ќе ја одреди тој што прв ќе дојде: каков **полаз** има (**арин** и **лек** или **лош**). Во деновите на односниов празник не треба да се фаќа оружје, бидејќи и самите **Мартинци** се наоружани со **мартини** (сп. *мартинка пушка*) [ТГ,77].

ма́ртир' m 'тој што потврдува нешто, што сведочи' [MS,s,64].

мартири́са* pf 'посведочи, потврди некоја вистина' ~ *и му вили́ па иримби́цит'а: "ви да мартири́сати зара́т м'е́п'а, ш'ту м'а уклава́ то́с ч'увӑк!"* [MS,t,18].

Ма́руш 'ж. л. име' ~ *Ма́руш би́ше же́па пӑ–Андрија́п ама́липо* [ПК,2 (72)].

Марушка 'ж. л. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,114]; ~ *Мӑру́шка а–ви́каа та́а ду–па́с..., што́–j пубилее́ о́чте, што́ у́курве́;* [ПК,2(76)]; в. **Маруш**.

Ма́рча 'л. ж. име' ~ *се́jше ду–па́ска, до́лце ду–Вӑртипта че́шма, по́го би́а дука́пап* (бедни) [ПК(Гӑр).

Марчово Ториште top. 'падина, ниви' по л. име **Марчо** (Марко); основното значење на **ториште** е 'место каде што се собира ѓубре од животинско потекло, а потоа се користи за ѓубрење на нивите' [ЈИ(СД),157)]; сп. **тор** 'измет од животни'. Називот е присутен во јужнословенските јазици (бугарски, српски, хрватски), додека во РМЈ не е регистриран.

марш interj 'мавни ми се' ~ *jас сум прӑкӑра́л ду–се́га по́го. Ја́с, ви́кум, ка́ ќи–утка́рӑх пӑ–гра́до дӑ–пурда́м, мо: сто́ка, сӑ–пабе́рӑт кулу ме́п чуве́ци. Што бе́, си́те цӑмба́зе ќи–вӑ–пр`м пӑ–мо́jта, ма́рш ут–ту́ка* [ПК,2(241)] – случај на употреба на перфективен презент: **сӑ-набе́рӑт** (м.: 'ќе се наберат').

мас f **1.**'стопена мрснотија од свиња' ~ *(тӑка́) ви́кӑме пӑ бишко́вӑта ма́с, сле́ца ма́с* [ПД(119)]; ~ *сӑс по́го ко́ри дибе́ли, сӑс–си́рпе, сӑс–у́рда, сӑс сви́пска ма́с, та́а и́ ви́кӑт ко́рпиде* [ПК,2(245)]; **2.** 'маслац што се добива со преработка на млекото' [ПВ(Кр)].

маса f 'дрвена направа на која се јаде и сл.' [ПС(Град)]; ~ *о́де, па́j–уф–гла́вӑпто каавипе́ се́дат гуспудата пӑ–м`сте, а́j и о́п сидпу́ве пӑ–дру́га ма́са, са́м* [ПК,2(267)]; ~ *и фли́зӑт уф–адна́ грӑду́па, де́ка пе́ма по́го паро́т и се́дпӑт пӑ–адна́ ма́са, си–пуприка́жвӑт зӑ–л'убо́в* [ВК,282] – уште еден случај на употреба на перфективен презент: **и се́дпӑт нӑадна́ ма́са.**

Масал Камен top. 'карпи и ниви наоколу'; според преданието на карпите се собирале селските овчари и си кажувале приказни' (сп. тур. masal

'приказна'), Драмско [ЈИ(СД),157)]

мацлéнце n, dem. од 'масло' ~ *пу–éдно врéме ричéл: "ми сă–óде пу–пýжда" ... и пăпрăвúл такá. Тиă прăмăт'рто ричéли: "зилéпо мацлéпце, бóгуво мацлéпце"* [ПК,2(346)].

мáслина f, bot. Olea europaea 'медитеранско маслодајно дрво; плодот од тоа дрво' [MS,s,65].

маслинкă f, bot.1. в. **мáслина** ~ *овчаро в сăндăко през сăрцето гледал и видел, чи па корема имала пишап маслипкă. Сетпе, като тја заспала, изл'ал от сăндăко, зел хи гердапо* [V,PM,281] – во контекстот среќаваме употреба на именка како атрибут на друга именка: **нишан маслинкă**, според турски образец – за ова в. во граматичкиот дел; 2. 'брадавица' – според Малецки [MS,s, 65], сепак овде е потребно дообјаснување, имено: **маслинка** е фактички сден вид мал црн израсток на кожата, личи на брадавица, но не смее да се кине, бидејќи може да биде малигна (брадавицата е поиспакната и не е црна) ~ заплашила го јако и му рекла: *"Ил право да ми кажеш, как виде пишјапа, маслипкăтă, пă женăтă па това ч'ул'ак и как хи зе гердапо, ил шта ти отсека главăтă!"* [V,PM,253].

Маслинката top., bot. 'рид, ниви' (топонимски назив според името на јужното растение **маслина)** Валовиште [ЈИ(СД),157)].

мáслу n 1. 'вид мрснотија, низ продукт, што се добива кога се "чука" матеница' (при обработка на млеко) [ПС (Град)]; ~ *уд млéкăто шó ки–сă–искáре, шó ки сă чýке мăтăиúцăта, то–j мáсло* [ПД(119)]; ~ *ја затвориха три дена и три пока, после три дена ја извадиха вупка, ја беха намазали масло по лицето и по сичката спага и вездеи ја дражаха па слăпцето* [V,PM,195]; ~ *за шпá тапс'á баклавá ... идпá укá мéт... стó дрáма пиш'иш'тé, пулувúп укá ш'имигдáл ... с'éтпiа шпá укá мáслу* [MS,t,8]; ~ **úма крáфцко, óфчко (мáсло)** [ПК,2(73)]; 2. изр. **пóвиќе дáра, нéгли мáсло** (се кажува кога од некоја работа нема добивка) ~ *тáа пáшта излизé пу–рудпúпски, пóвиќе дáра пéгли мáсло. Арпо си–зпáм áска, ус–рудпúпа дă–си пéмум зúмпе, дáвпе* [ПК,2 (188)]; пр. за употреба на сврзникот **негли** со значење за спротивност; прашање што побуди дискусии, во некои се негираше ваквата употреба (за ова поопширно во граматичкиот дел).

м'ацóтузáпус (и: **мéснати зáпусти**) m 'деновите меѓу празниците Божик и Месници' [MS,s,65].

мастрáф m 1.'потрошени пари за некој настан, пр. за именден, свадба и сл.' ~ *гулéм мастрáф* [MS,s,65]; ~ *папкум и уставијă дă–j рăботăт бијлиците сами, оти субајште му клавиа пă исапут пă бејзте погу мăстраф* [ME(P),89]; ~ *му–купú пúви, уд Рáдуво пúви му–купú и ут–тýка, му–рăздилú... Нă–пáс супрé, е–пă úма и мăсрáф... дă–дóо рéт сéга ут–кá умрé тáтку–мо, дă–тéрăт гробпипа... ут–тúа пúви с–уддéл'ат тúă* [ПК,2(286)]; 2. 'работи што се стават во некои слаткиши (јадења)', пр.: *шó мастрáф трибýве зă–бăклавá ?* [ПК(Гăр)].

мастрафлúа adj 1. 'тој што троши многу пари, обично за дотерување' ~ *Кúрто–j пóго мастрафлúа, сé–j патóкмип* (= дотеран); 2. 'јадење за кое се потребни скапи состојки' ~ *баклăвáта–j пóго мастрăфлúа* [ПК (Гăр)].

масýр' m 'стебло од растение што внатре е празно, во конкретниот случај парче трска на кое се намо-

тува преѓа – цевка' ~ *и з'éвам óспува пáсму пу пáсму , гу врăзувам па чумáку; и клáвам идúп масýр' па спувáлката и фáш'там да м'áтам* [MS,t,7]; ~ *ги з'éвам патúтрит'ạ, ги з'éвам хумóтиту, ја з'éвам кр'ăпката, гу з'éвам и круснóту, субúрам и масýр'ạ* [MS,t,7].

м'áта impf (в.**метне**) **1.**'фрла' ~ *д'ăт'ạту му прáви па тáтку–му: "ми пи дáваш', тáти, мрăва парú, да јáхпа кóпý, да пóја па дрýги силá, да м'áтам парú па зим'áта"; ~ јáхпува д'ăт'ạ кóпý, прумúпа прис силáта, м'áта парú и л'уд'éту ут дóлу бирáт* [MS,t,20]; ~ *стóриха ч'ивúја ... и фáт'ạха да рúјат. Рúјат сăс прăич'кит'ạ, ја м'áтат прăстá сăс ш'импúт'ạ* [MS,t,48]; **2.** 'пука оружје, топ', сп.: *ги спрáтиха дур па пампóру ... ги апухиритúсаха инсáпу ... и фáт'ạха тóпуви да м'áтат баа, баа* (почнаа топови да фрлаат = пукаат) [MS,t,13].

матáн (и: **бијанúца**) m 'она што останува од млекото кога ќе се извади од него (со чукање) маслото – матеница'; сп. **ч'ýкану мл'áку** [MS,s,65].

мáтима f 'лекција' ~ *ти за ји вилúш': "дáскалу м'ạ клáди млóгу мáтима за да п'ăја"* [MS,t,31]; ~ *господáро, кату гу видé дéтето, му вéли: "а брé сúпку кáк отúваш сóс матúмата ти пá скóл'уто;"... и тój му вéли: "áх, господáр мój, млóгу добрó си чипúл па мéпика, и јáзе вредéп си показáх пá мáтимите ми"* [V,PM, 150].

Матицата top. Валовиште [ЈИ(СД), 157)] (овој назив со основно значење 'извориште, глава на река' е нашироко познат во македонската топонимија, пр. го имаме запишано во струмичкото село Вељуса); секако основното значење е 'мајка'; сп. изр. **мáтка му-уждúре** (= се кажува за некој што е поуспешен, подобар од некого) [ПК,2(179)].

Матруната top., bot. 'ниви' (местото почнало да се именува според називот **матруна** - назив за еден вид круша што раѓа крупни плодови) Валовишко [ЈИ(СД),158)].

мáтурца (и: **матурица**) f, zool. Sus domestica **1.** 'свиња што има мали прасиња' ~ *áдпа мáтурца си–ј издé бишúпита (ká рабóтах уф–куликтúво);* **2.** fig. за дебела жена ~ *мáтурцо п'адпа* [ПК,2(73)]; [ПС (Град)].

мáтурка f, bot. *'трéва, пóго гă–јáдăт óфците'* [ПК,2(73)].

мáтурка* f 'сад за вода од алуминиум, погоден за носење, се закачува на појасот; во минатото дел од опремата на војниците' ~ *и–сă–пучúа ф–пáс от úма рăкúа, вáрăхме пу–пéтстóтни кúла рақúй, ут–цăрпúци, и кут пă–вóда úăт с–мáтурките. Пу–пéчéс дýши зúмăт мáтурките, дó·т, пăпăлпăт* [ПК,2(223)] – примери за перфективен презент: **зúмăт мáтурките, дó·т, пăпăлпăт.**

маќедонски adj 'нешто што се однесува на Македонија' ~ *пујпó в'р'ăм'ạ па маќедóнскију цáр' па Фúлипáта му пýспа... идúп кóп' сăс вóлска глáва* [MS,t,59].

Маќедунúја top. ~ *и тáтку–му тугáс му дáди дувáта и му р'éч'и "брăкај ш'арóка з'ém'a, Маќедупúја т'ạ пи з'éва т'éб'ạ!"* [MS,t,59].

м'аýка impf 'подражавање на гласот на мачка' ~ *м'аýка кóтка* (= мачката мјаука) [MS,s,65].

махалá (и: **мала**) f 'дел од градска или селска населба, маало' ~ *тáм, д'е вр'ăвиха, му т'éкпа па паш'áта, гу пúта ч'урбаџ'ијата: "тýк у ваш'та махалá шпó бáмбаш'ка úм'ạ ч'ýх"* [MS,t,48]; ~ *и кога за киписат да подат да и л'атат колачипитатја,*

(ки) ги носат момите хем пејат, да па друга махала ки запеват да а пекат [V,PM,247]; ~ *сăс та́блата па глава́та да ш'е́та пу сука́ците, да ви́ка пу махала́та: "пуртука́ла! пуртука́ла!"* [MS,t,26]; и: **мала*** ~ *има́ш'и па малата иди́п трипда́фил, тас мума́та искула́сува́ш'и ут скул'о́ту* [MS,t,52]; ~ *има́ш'и па мал`та иди́п трипда́фил, тас мума́та искула́сува́ш'и ут скул'о́ту* [MS,t,52]; топ. **Јени́ Маале́** 'турска населба – кога постоел Стар Дојран' [ПД,134] – турц.; ~ *е, мал'те сă–ви́каа: Турту́рка – адна́, Турту́рка Ма·ла́, Чирпи́ши Ма·ла́ сă–ви́кше дру́гăта, и́мше и Гира́по, Гира́п сă–ви́кше де́к би́й дика́нчăта, о́п би́ше сре́т се́ло* [ПК,2(217)]; **3.** изр.: **нă-ма́ала бих** (= бев на разговор кај комшиките); **ма́алта гă-ди́ге** (се кажува кога некој многу гласно вика, се расправа) ~ *спо́шти ма́алта гă–дигна́те, шо́ би́ше то́о ви́кне у–ва́ска, ус–ко́ј сă–ръспра́вăхте?* [ПК, 2(175)]; **вăри́не уд-ма́ала** 'се кажува за предмет што не е најпогоден, но сепак може да се употреби, т.е. не́ ослободува од барање од соседите (во маалото)' [ПК(Мор)].

махмуд'е́ (и: **махмуџ'е́**) n 'декоративна пара што обично девојките ја носат обесена на врат' [MS,s,63]; во Гевгелиско: **мạ(х)мудна́** 'златна монета со вредност од 129 гроша' [ИГ,127].

махмузи pl.tt.'дел од коњската опрема, во **махмузите** јавачот си ги става нозете (чизмите) и го удира коњот за да побрза' ~ *тогај вјахпа и дјатепто па бăрза таткова му коп'а примпепт, уружеп кату зепт, и еднош кату изл'ал вăик да удри пес махмузи па коп'а, коп'ут кату пиле летпа* [V,PM,183].

махне pf **1.** 'фрли нешто со движење на раката' ~ *кату чу таа букосвиец, земал едип камип и гу махпал; падпа камипот покрај пихпа бăрзоходеца* [V,PM,46]; и: **ма́не** ~ *ку́те́к, ку́те́к, гу–спрусти́рăт пạ–вắлко, гу–иска́рăт ут–вре́јкăта, гу–ма́пăт пă–тăка́* [ПК,2(267)]; **2.** 'даде знак со раката (главата)' ~ *му–мạхпа́х, а́ма пе́–м виде́* [ПС(Град)]; **3.** 'отстрани, набрка (некого)' ~ *да гу ма́хпат Ту́рч'шу* (да ги набркаат Турците) [MS,s,63]; ~ *отишле па царут, му рекле: "Царо! Да пи дадиш пари". Царут им рекал: "Маиајте се ут тука, голоташе!"* [V,PM,...]; ~ *дуjде́л пе́куj цапда́р ту́рски ус–ко́јп... а пă куми́тип има́ло до́ма уф–пас... Ма́јка ричела: "Ма́пи–се ут–ту́ка, ки–тă ви́де Ту́рчипо, ја ка́ сă вắрте пăва́ки"* [ПК,2(320)]; **4.** 'униште, убие' ~ *зă–вре́ме пă–бе́гăпто ма́јкă–му и та́тку–му Гắрцте ги фăти́ли и ги–зăтвури́ли уф–купа́кут, а́ма се́каа ве́чăр пу–двă–тру́јца măпува́ли ко́ј му–причело* [ПК,2(304)]; **5.** 'кога птица ќе ги придвижи крилата и ќе летне'; **6.** – **(сă)** 'се истави, си замине' ~ *ко·лта мо–ј ту́ка, а́ма де́к удде́л?!" – "Уд–де́к дă–зпа́јме, се–ј măпа́л ту́к пе́где"* [ПК,2(337)]; ~ *тогас то́ј му ве́ли: "а́јде ма́хпи си от ту́ка, барлив човек!Де́ка ти сам виде́л јазе те́бика?* [V,PM,8]; ~ *тогај си махпа от пего јуда та там, гиту вăрви па детепто па друго место, па му излева папрет с друг тебдил* [V,PM,8]; ~ *и сă разјắж'да та́тку–и: "ско́ру да по́ш' при п'е́гу, да ми сă ма́хпиш' ут кắш'тата"* [MS,t,84]; и: **ма́н (сă)** ~ *то́ј ја го́пш: "ма́п' ми сă утýк! т'е́с м'ạ пастúса-ха да с'ắ то́ј за м'ạ про́ко́псa!"* [MS,t,37]; ~ *гу пи́те: "шо́ бе чо́рбă-ци, ти пи́ ја́дпш, пи́ пи́јш, шо́ и́мпш?" "Ма́п сă ут ту́ка!" – му ре́кăл во́а* [ИГ,111] – имаме скратен императив,

без наставка; в. **маа**.

махрим adj 'тој што е напуштен, изостанат' ~ *и еднош кату изл'ал вăик да удри пес махмузи па коп'а, коп'ут кату пиле летпа и се загуби отпред пих. Те останаха жалпи тăј махрим и беха расипали бракот без пивјаста* [V,PM,183]

махýна (и: **маýна**) f'лаѓа што не користи платна (едра)' [MS,s,63].

Маца 'ж. л. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,114].

мáцка f, zool. Felis domestica, в. **мáчка** [MS,s,63].

мац-мац interj 'извик за вабење мачки' [ПД(126].

мáцу n 'собрани лисје од тутун наредени во бале' [MS,s,63].

мацýка f'детска цуцла'; сп. **мамáнка** [MS,s,63].

мáче n, zool., dem. од 'мачка' ~ *а, тóо мáчто óде, тúа кóпăито шó-j фăркăт, зúме, адпа рúбичка-двé, дă-с пугóде, уф-тáа рúба пăрстăпо* [ПК,2(265)]; ~ *глéде вăртăт гувéта, глéдат адпó прăкăршăпо мáче. Шăрéпо мáче. И тавá мáчто о-фáште у-стáпо, гу-клáве уф-цéбо* [ПК, 2(262)].

мáчинце n, zool., dem. од 'мачка' ~ *кá удделá уф-тáа вудшúцта имáло: áдпо кýчипце, áдпо мáчипце и áдпо питéлче. Кýчипцто, мáчипцто и питéлчто гă-прăчикáли* [ПК,2(285)]; ~ *сестрите ú, ка и виделе, оти такви деца рудила, и уткрале и ú клале две мачипцијпа. Двете деца и затворше уф едш ковчег, и фăрлиле уф едш ѓол* [V,PM,267]; во Фурка запишавме: **мáчăнце** [ПГ(Фур)].

мáчиц m, bot., Papaver rhoeas ~ *тúа бýлките шó-că, ус-цăрвéите лúста, шó пáѓăт. Тúа ká că-мпáди, óште уф-мáрт мéсиц ги-бéрăт зă-дúво зéле* [ПК,2(73)].

мáчка f, zool., Felis domestica 'домашно животно, ја чува куќата од глувци' [ПВ(Кр)]; ~ *и тójпака му вели па децата: "а брé дéца, зашто́ ки га утéпити тајá мáчка? Нá ви пéт парú, дадéјти ми а мéпи!"* [V,PM, 109]; ~ *то: ричéл: "Нă-тéп пó-дибé-л'о:". – "Нé-j, цúцкăта-j, ричé, мáчкăта грăбпá гăлăбо"* [ПК,2(73)]; ~ *утивáл пă-лóф, кáтăдéп járбици пусувáл, гăски, шó ќи-утипáл сé пусúл... Е, рéкла та: жепá-му: Ти дупсé, вăл'ál гăлăбе, járбици, áма мáчките г-издéли"* [ПК,2(258)]; во Солунско: **мáцка** [MS,s,63].

мáч'ка impf **1.**'притиска, гмечи' ~ *пáјди идúп кáл, гу закувáва мýл'ąту дур па кур'ému у калó п'étрą и тáм гу мáч'ка с'é шпó* [MS,t,34]; ~ *утúва пák дýр па калó, гу закувáва мýл'ąту дур па кур'ému и гу мáч'ка тáм* [MS,t,36]; **2.** 'убива, уништува со притискање' ~ *и приз опщ пăт млогу аскер вăрвјаши и млогу от опиа мрави са убиеха: едни сос копи ги мачкаха... ги утепуваа* [V,PM,96]; ~ *после жепата му просиши да си храпиши. Нај-сетпе отишла покрај едш зид, падпа зидот, ја мачпа. Тамо умрја и тја сос лош'а умирачка* [V,PM,170]; **3.** 'става тенок слој по површината на нешто' ~ *áс зимáх дă-că-мóчум, стéпки, стéпки кулку едпа лăжúца мąлéпка... práво уф-рăцте, му-мáчкиме па-ýстта пă-тóо брáтчто. Му-мáчкиме пă-ýстта дą-зáпре пúскăпто, дă пé пláче, дă пе-пи-издáде* [ПК,2(358)].

мачле n, zool., в. **мачинце** ~ *рéкоха па бáбата: "когá ки рóди, бáбо, цáрјувата жсéпа, тúпака дá ги зéмиш мáлките, да ги фăрлиш пá рекáта, тá да зéмиш едпó мáче и едпó кýтле, пá цáрју да му кáжиш, ча жепáта му мáчле и кýтле родú"* [V,PM,141].

мąчóр* m, zool. 'машкото од мачка'

~ е, ги–ра́пе е́дно а́рпо, змѝта стъпа́ла кулку кл'у́пко, тъква́ дибе́ла. Ку́трито стъпа́ло гуле́мо ку́че. Ма̨чо́ро и о́п стапа́л ба́ба́ [ПК,2(262)], и: **мачур** [ПВ(Кр)]; уште: **ма̨ча́ро́к**.

мачуковчани pl. 'селани од с. **Мачукуво**' (се наоѓа на самата граница) имаат своја **Прачестина круша** на една раскрсница, близу селските лозја. **Прачестина** ја викаат бидејќи на **Вилигден**, попот во присуство на верниците *ја прачестил* крушата, на тој начин што засекол едно место од кората на дрвото и тука ставил **прачеста**, потоа ја врзал кората, и откако таа ќе зарасне, **прачестата** останува во дрвото, а таа, крушата станува **прачестина** [ТГ,63].

ма̨цир m 'преселник, доселеник' (од тур. muhacir) *~ и ут ка са напа́лпи Пазар су ма̨цири, кира̨цилакут пумпа за Бугарјту, Французите и ма̨цирјто му зеа кјарут* [МЕ(Р),73]; *~ шпи и а́ку се пйогјйт ув пекуј чифлици јйра̨цпј и ристејпй и Турци, то Турците сй повикје мъцире* (емигранти) [МЕ(Р),84]; *~ Стру́мица сй–пйпа́лпй мъцпре ут–трипа́јста гудпна* (се мисли на 1913 год., т.е. на периодот по Балканските војни) [ПК,2(77)]; *~ ки речиме неколку лъкъ́рдиј зй пътиштй димир–јол и мъцириту* [МЕ(Р),92].

Ма̨цирска Тумба top. (**тумба** 'рид', **ма̨цир** 'преселник') Зилјаховско, [ЈИ(СД),155)].

ма̨цун m 'конфитур, тиква рендосана и варена во **пекмез**, посолена со печен сусам' – во минатото, кога свекорот (заедно со роднини) оделе кај девојката да ја известат за свадбата носсле: товар леб, буре ракија, буре вино, неколку **оки калинки**, **ќум** (бакарен сад со уста како барде) со **пекмез** (течен конфитур од црници или грозје), потоа **канаваза** (сад од глина) со **ма̨цун** и др. [ТГ,161]; – на **Бъдни вечир** откако домашните ќе наседнат околу огништето, домаќинката ќе ја постави *търпезата*: **леб** (во кој има **заманска** пара), овошје (калинки, лубеница и др.), малку **ма̨цун**, малку **туршија** (грозје што го чувале во солена вода), малку **камбус** (пиперки, зелени патлиџани, млади динчиња, што ги чувале во киселина), **сарлија** (вид баклава), **паурче** со ракија и др. [ТГ,82].

маша f **1.** 'метална направа со која се разгорува оганот'; **2.** изр.: **ма́ша мо́ј** (= се кажува за непринципиелно користење на туѓата личност, односно кога некој е премногу сервилен) *~ пъпкум ки лафиме зъ църквътъ и сколјото, кътто маши зъ борбъ су "слъвјансвоту"* [МЕ(Р),83]; *~ се́ ус–пе́го шушу́ке. Шо́ пе́ ки–шушу́ке ка́ мо–ј куту ма́ша, си́те ръбо́ти му–ј–въ́рше* [ПК,2(175)]; **уд-мъ́ша́та зъ́фъ́ти́** (= почна од многу малку, од ништо) *~ ка́ ки–би́де думъки́п уд–мъ́ша́та ки–зъ́фа́те* [ПД,137].

машала! interj 'извик со кој се искажува радост, односно се посакува нешто добро' [V,PM,374]; *~* секој што ќе види дете болно од **баба шарка** треба да рече: *"Машала! Да пе му е од око!"* Без овие здравја, болеста може да се **нал'уте** и детето да настрада [ТГ,127].

маштех m (f), 'иако од формален аспект се работи за м. род, т.е. за 'оќув': **неговот маштех**, сепак содржината упатува на 'маштеа', бидејќи **магии** обично прават жените' *~ тогас маштехот па халваџијчепто му вели: "сипко, да пощш да ја открадеш царјувата мома, шпак пе ти ја дава!" – "Ади, јазе за сторја враговчпш, тја сама да дојди!" И така пеговот маштех стори магии, та момата халваџијчепто гу зал'уби* [V,PM,157].

маштеха (и: **мъ́ш'тиха***) f 'мајка што

не е вистинска, односно ако на детето му умре мајката, па таткото се **пражене**, таа другата жена нему му е **маштеха'** ~ *дојде времја, татко ѝ и маштеха ѝ киписаха за Великден да подат па добрата рјача, ја ви-кпаха и пеа: "ади, кутро пипелашку, ела и ти"* [V,PM,205]; ~ *Тогас тја извадила, па сички и дала по едпа златпа јабалка, па маштеха и па татка ѝ беши дала по едпо лајпо́* [V,PM,205]; ~ *мăш'тихáта изилéпсу-вáш'и па д'улберлúку и гл'éдаш'и, кáк, кáк да ја загýби* [MS,t,61] и поновата фонетска разновидност (со елизија на меѓувокалското **х**): **маштеа** ~ *таму изл'ази царјувата мома па врăх мајчип гроп, са поткол'апи и фатила да плачи: "Ах мале, мила мале! Стапи да видиш, па што кучка маштеа западпах* [V,PM,275]; ~ *маштеа хи, като видела толко руба, каскапдисала и утрипта, като сја паучила, у–де хи ја, пратила сојăтă си дăштерја* [V,PM,286].

м'ă pron 'кратка заменска форма за директен објект од јас – **ме**' ~ *му вилú: "ми утúваш'! за т'ą уб'ăси цáр'у!" – "п'éка м'ă уб'ăси, јáза пóја!"* [MS,t,22].

м'ăјąнц (м'ăјинц, м'ăсниц) m 1. 'период од 30 дена, дванаесеттиот дел од годината' ~ *стујáхми пу идúп м'ăјąиц двá у Кавáла* [MS,t,2]; ~ *па гудúпата стáпа тéш'ка и па óсим м'ăјпици гу рудú сабáпш* [MS,t,3]; ~ *тузú за си рич'é демéк двапáјси м'ájиц'ą да рáбут'а за трúјси ú–двáта зăмб'ą пú пи фтáсува* [MS, t,41]; и: **месиц** ~ *и пé удú пóго врéме, кулку едúп мéсиц, едúп мéсиц мóж д–удú* [ПК,2(175)]; ~ *кăда стреди па Бугуројчипут месиц да трăгпа за дома – за Македопијата* (случај на членување на географско име) [МЕ(Р),68]; односно: **месăц** ~ *тиă* (езерските птици во Дојранско) *пучиўвăт дă–úдăт уф–уктóмвăр мéсăц* [ПД,127]; поретко без редукција: месец ~ *и така ги вăрна и ги прави тешка свадба и ги гости цел месец и папкуп ги пушти па града Будима* [МС(В),96]; сп.: **трú мéхца** [ПС(Град)]; ~ *и вăрвеме зă–Сăмоков. Шо сидеме, тиа два–и–пул мехца пă–рăпца тама. Момичкăта а–закупаме пăт–Кучарипуво* [ПК,2(340)]; **2.** в. **мисинч'ина.**

м'ăри (м'ăри)* impf **1.** 'определува, размерува нешто по тежина, односно по должина или ширина, т.е. "зема мерка", за да биде точно она што го прави' ~ *за вéзмат и за гу уч'úст'ат хýбаја, вр'ăтиш'тăт'ą, за м'ăрат ж'úтуту* [MS,t,67]; ~ *и фáш'тами прăву м'árими сăс мутувúлуту, кóлку мутувилá за гу трăгпими плáтпуту* [MS,t,6]; ~ *идúп пóп утúди па удипúцата ... сид'ăца сăс дирмиц'úјата, си м'ăр'аха пúлкат'ą* [MS,t,78]; ~ *клáва т'ąл'алц'úји да вúкат пу сукáциту да пóјат луд'éту ш'úч'ки да му м'ăрат дúрата* [MS, t,22]; и: **мери** ~ *вели па мајка му: "мале, ти са мол'а, иди па цар'ут да му чипиш от мепика клапети, да ти даде ухтар'ут да мерим алтăпите, што сам добил аф чуздипа!"* [V,PM,48]; ~ *и гу чипиха опова житу зăрпо по зăрпо, зашто мрафките фатиха едпца да посат ичмепо, други чипицата, ... утрипата гу мериха житуту, пак 40 кила излези* [V,PM,97]; **2.** 'нишани' (кога ќе фрли нешто, ако сака да погоди, тогаш **мери**) ~ *фáти да м'ăри бăпч'фата и вилú : "сигá за пáм'ąр'ą дăпиту!"* [MS,t,68]; ~ *пáмери áрпо (áк сáкиш до–о пугóдиш)* [ПК(Гăр)];

3. изр.: **ус-и́с а̨рши́н ме́ри** (биди правичен, постапувај еднакво со сите) [ПК,2(206)]; **ме́ре сука́цте** (= се кажу-ва за човек што не работи) ~ *мла́т чувéк пé фа́ште пéка: рăбóта, туку по цéл дéн мéре сукáцте* [ПК,2(175)]; сп. **мерка**.

м'а́сти (и: **м'а́сти**)* impf 'мести, пренесува' ~ *ја удм'а́стува хóртумáта шиý мéтру пóутáтак и такá м'ắстиш'т'ém хóртумáта ја ч'изилидúсуват ш'úч'ката пúва* [MS,t,3].

м'ắстиш'т'ém adv 'местејќи' ~ *ја удм'á-стува хóртумáта шиý мéтру пóутá-так и такá м'ắстиш'т'ém хóртуáта ја ч'изилидúсуват ш'úч'ката пúва* [MS,t,3].

м'ắсту (м'а́сту) n **1.**'просторот што го зафаќа некој предмет, односно каде што се простира нешто' ~ *там д'é сп'ắш'и па п'éгуóту м'ắсту клáва идúи ч'áикур* [MS,t,75]; ~ *утú-ди па шпó м'á́сту, па шпа гóра п'é-трą и там пáјди идúи стáр д'ắду* [MS,t,14]; ~ *пúта, д'é ја прáв'ăт кúпрújата, да сă науч'ú; и кáзаха, па–ш'тó м'á́сту ја прáв'ăт* [MS,t,24]; ~ *сă ч'ý па шпó м'ắсту шпá гóра сă утфáрала и сă и затфáрала* [MS,t, 35]; и **место:** ~ *прет тắрлуто шó–ј зăгрáдăпо, то:–ј кутáр. Мúсл'ум тắрăлто сé–ј тắрло, е пред п'о: úма зăгрáдăпо, то: мигдáпче што–ј, гó:лто мéсто, тó–ј кутáр* [ПД,125-126]; ~ *кипúса па пắт'у да úди и, л'у прибли́жи па оповá мéсто, дéка бéха хајдýциту, извадú сáбјата му* [V,PM,21]; ~ *зă се шо сă имă ричепу, гирек пă цăрквă, гирек па апут или пеѓди пă другу месту, субăшувите пријатил'ă му кăжувăт пă пегу* [ME(P),91]; **2.** 'простор наменет за нешто' ~ *зă фăсулјут и бустапут, аку сă па мистијптă пă пчипичките, ти сă лагăт за пчипичкă* [ME(P),89]; ~ *југријала рапа звезда,[брке место да купдисе,[место пе ја харисуве...[харисала, бипдисала,[ф–тија попови јудаји* [ТГ,52]; ~ *Постол ти се пулја кату град и зарди разридечката па ридут можа да се вида и ут далеки мистијпа* [ME(P),71]; **3.** 'населба, град' ~ *отúде па едúп гол'ам базирѓáпш, са главú таксилдарш, да му берé верис'áпта по далéчните местá* [V,PM,20]; ~ *пи ддéа тáм д–ójме, дă–жсивéјме... А тáтку–ми пијќáл, гу–вăрпáл óп тăвá, кá сă–вúке дé, ришéпше... Оп ричéл: "Ас сáкум зă–мójто мéсто, дéк бúх пá тáм д–óдум* [ПК,2(323)]; ~ *и óп са исмáми заедпóч и му речé па цáрјут: "цáрју, јáзе спóшти бéх па едпó мéсто; видéх едпá дивојка, о–твójта армаспúца по–хáрпа"* [V,PM,10]; ~ *уф–Лагадипа пад–двеста и усумсе кăшти има паши. Тоо е место речи кулку пулвипа Струмица* [ПК,2(309)]; **4.** 'службен ангажман, позиција' ~ *ела да ти чúпам зéт и да ти úмам кату чéду; когá ки ýмрам, тúпака да устáпиш па мójто мéсту цáр"* [V,PM,KK]; ~ *уф–дипéшпо врéме пе сă–пóжде тăкво мéсто;* ~ *па тąквó мéсто трибýва пóдрýк чувéк* [ПК(Мор)]; **5.** изр.: **нéма мéсто дéк дă–тă–тýре** (= кога некој се однесува со особена и пренагласена почит) ~ *ут–кá ки–гу–изликýвиш дéтто, цáро ки–пéма мéсто дéк дă–тă–тýре тé-бе* [ПД.148]; **мéсто нé о фáште** (= се кажува за нервозен човек што не може да седи на едно место) ~ *кá ќи–дójде мéсто пé о–фáште, сé тук шéте уд–удáа уф–удáа* [ПК,2 (175)]; **ми дујдé сăрцто нă–мéсто** (= се ослободив од грижите) ~ *сă–прă-брáа дéцта, ми–дујдé сăрцто пă–мé-стто;* (= се чувствувам задоволен)

~ у́бувo гă–изругá мằш–ић, нéма гáаре дă–м–сă–прáве куџáбашúка. Сјáа ми–дујдé сằрцто нă–мéстто [ПК,2(175)]; **три конаци место** (= во минатото конаците во кои преноќувале кираџиите се правеле на оддалеченост еден од друг за кое е потребно еден ден одење со коњи; во случајот изразот се однесува на растојание од 3 дена одење) *~ и тогај трằгна детето на пằтот да хожда. Там, шту вằрви на три конаци место, приближи на јудинско село* [V,PM,155].

ме pron 1.'кратка заменска форма за директен објект од **јас**'; 2. 'кратка форма за индир. објект од **јас**, место **ми**' *~ тамо от мнюго топло за јода искал да пукни дјатенто, и сé му велише: "аман, јодичка да ме најдиш!"* [V,PM,157]; *~ ти да ме купиш бằрза коњ'а, и чифта пиштоли на појас и о̀стра сабја на рамо* [V,PM,56]; *~ му вели на калека: "отидоха сега двете зентјувци да брằкат о–пиле млеко: пос му и л'акот на таткови ме очи"* [V,PM, 160]; *~ јазика сос татко ти сал един вечер си зарадувах, и ме остави това пằрстен и ми рече: ако родја мома, да гу продадам, да чинам прикиа, да га ужепам* [V,PM,56].

Меду́л' 'м. турско име запишано во песна од Кукушко' *~ já уд–до́ло и́де еди́н учи́тăл [и пă–кајмăка́мо си́лно гувóре: "Е, бре кајмăка́м, Меду́л' Ефе́нди [ти́ја са̀ прóсти л'у́де, пи́што не́ зна́јат* [ПК,2(333)].

меѓа f'тесен простор меѓу ниви (обично необработен) што служи како граница' (со исто значење и: **бразда**) [ПС(Град)]: *~ бре пивесто црна јока! Нимо јоди рано вопка,[не са гледе сапр меѓа,[сапр меѓа црна веѓа* [ТГ,54]; *~ з–е́дна бра́зда ме́сто сă–истăпáа;* Мисирков бележи **мегја** 'граница, освен ниви одделува и области' *~ на идеи уд ридиштта шо му прават мегја на полјто ут ветăрут ăј идеи град ут турцко врема* [ME(P),72] – **ветăрут** овде е употребен со значење: 'северна страна'; *~ и така сега пија на истта "Слајпца" имми:* **1. Слајпцата, 2. Урумлукут, 3. Полјто** и *мегја су пи Вардаријата* [ME(P),76].

Междирек top. 'место меѓу 2 реки'(?) Валовишко - со делабијализација од **Междурек,** последнава форма постои во Кукушко како име на село [ЈИ(СД),163)].

между prаер 1.'означува положба (состојба) со која се разделува нешто во просторот и времето, односно дека нешто се наоѓа помеѓу 2-3 (или повеќе) работи' *~ плăни́та тăка́ пăт Ра́мна ут–го́ре и пăт Сăрдумли́, таа сă–ви́кше Дулá Тепé. А пằ таа ут–кăде и́згрева, ме́жду и́згрева и за́уда, ут–кăде и́стук о́на пă–сă–ви́кше Дамлăја́* [ПК,2(247)]; *~ испăдпáме г`ре пă–вằро. "Сј`, ви́ке, сме ме́жду две́те гра́пици"* [ПД,174]; и **мижду** (со редукција на **е** во **и**) *~ и та́м засúпаха земе́та сас ка́мене, ка́тý кугá има хил'ади дува́ре. И си ре́куха мижду тја́х: "сти́га ве́јке ка́мене да фằрлеме: то́ј до сегá от пе́к пра́х пе́ма!"* [V, PM,263]; односно **ми́ж'ду ~ ми́ж'ду на́м** (= меѓу нас); **ми́ж'ду т'а́х** (= меѓу нив) [MS,s,67]; има случаи во кои поновото **меѓу** го истиснало **между**: *~ хама́лите ре́коа ме́ѓу пи́хка: "а́јди мо́ре, да гу изди́гниме, хе́м пет гро́ша хамалắк ки зе́мими"* [V,PM,120] – во примерите се забележуваат две посебности: првата се однесува на нерегуларната употреба на заменските форми, имено формата за индиректен објект **нам** наместо

наплака (се)* pf 'низ солзи и лелекање ја искажа својата мака, несреќа' ~ *жалај ме, мила, мамо, да не се нажалаш,] плакај ме, сиротице, да не се наплакаш!] јодејне јима, мила мамо, врнате нема* [МП(М),73]; – во контекстот е забележливо присуството на гл. именка од перфективен глагол (врнате), што не е обично во македонскиот јазик.

наплакан* adj 'тажен, со расплакани очи' ~ *и кату приближи на касабата чуј типани, сфирки кату на сфадбата, ама типаниту чукаха кату нажјал'ани, и сфирките сфирјаха кату наплакани* [V,PM,162]; ~ *ој пиленце гласовито,] гласовито, красовито,] што си толко нажалано,] нажалано, наплакано,] со куќите изгорени* [МП(В),119].

нàпла́тẹн* adj 'кога за некој предемет е дадена потребната сума пари' ~ *от–ва́рани ја́јца, не́ќити шéс ја́јца*

да–ви–нàпла́тат, не–са–нàпла́тени, а–те́рати, ви́ка, три́ста ко́ко́шки, от–ва́рени ја́ја. Ас, ви́ка, се́а, вàри́х че́ни́ја, па–не́ка ни́кни [ЛК,123].

нàпла́ти pf 'даде пари во замена за стока' ~ *от–ва́рани ја́ја, не́кити ше́с ја́ја да–ви–нàпла́тат, не–са–нàпла́тени, а–те́рати, ви́ка, три́ста ко́ко́шки, от–ва́рени ја́ја. Ас, ви́ка, се́а, вàри́х че́ни́ја, па–не́ка ни́кни* [ЛК,123];

наплати pl.tt. 'дрвени парчиња, ги има 6, што го формираат кругот (обемот) на тркалото од кола, врз нив се монтира железен обрач (шина)'; односно: *да́рвуто на–тăрка́лта пут–ши́нте* [ПК,2(78)].

нàпле́ска pf 'изнатепа (обично со шлаканици)' ~ *а́к–гу нàпле́скиш не́ма да–му–те́кне уше адно́ш то́о да–гу–пра́ве* [ПК(Грам)].

нàпле́те pf 'продолжи да плете дополнително од некое место каде што било прекинато плетењето' ~ *три-бу́ве да–нàпле́тиш у́ше не́кој ре́т, да–не́ му–би́дат ку́си чура́пто* [ПК (Грам)].

наплетена* adj, f 'кога на девојка (жена) косата и́ собрана во плетенки' ~ *ој Стрифула, млад Стрифула,] покарај ја нивестата,] да не јоде како мома,] како мома како дома,] како дома при мајка му,] набелена, направена,] топ цилуфи нечешлани,] ред плетенки наплетени* [МП(В),218].

наплоди (се)* pf 'се намножи преку раѓање' ~ *тога се слăнцето сетило, че тие шта заселет земета. Та името на момчето било гефа, което значи чисто, от мајка не родено... Дефа станал пăрв крал на земета, и дур да се наплодет л'удете, сăдил на пилетата и на жјувините* [V,PM,266]; ~ *да–и́ма но́го уд–на́ште бижа́нци та́м. Ка́ удде́ме уф–Со́фја, не́мше нăро́т но́го. А ка́ удде́е уд–на́ште Мăкидо́нци: "Со́фја, ви́кăт, са–нăплуди́ се́га, пурăсна́ Со́фја. Нăро́т сă–нăплуди́, ка́шти си–нăпрăви́ă"* [ПК,2(284)].

напл'у́ва* impf 'со плувачка испрскува некого (нешто)' [MS,s,73].

напола adv 'нешто наполу' ~ *на завоја на Черна грозин бој се започна,] грозин бој се започна между Срби и Балгари,] между Срби и Балгари напола Македонци* [МП(М),21].

напои* pf 'даде на добиток да се напие вода' ~ *Стани ми, стани, танка Ваńелино,[борна да нàцепиш, огин да навалиш,[огин да навалиш, каве да ми свариш, којна да напојиш, којна да назобиш* [ТГ,177].

наполјон* m 'златна монета (има голема вредност)' – *Земи ножици, Лено, пресечи фустанот,] па отвори, Лено мори, вратничка, вратничка,]... – Как да присечам, Ѓорги, фустанот, фустанот,] три наполјони, Ѓорги, аршинот, аршино* [ПМ(М),143].

напо́пуку adv в. наопуку [MS,s,73].

напо́ри (сă)* pf 'се боцна' (силно – на шајка, односно на голем трн) ~ *то́с в'е́ч'ер ма́јка–ти ти кла́ди ина́ фармака́та и́гла на јата́ку да л'е́гниш', да сă напо́риш'* [MS,t,31]; ~ *ка́ сă–нàпра́х адна кăрфи́а, ча́к звездите и–виде́х* [ПК,2(80)]; (со исто значење: по́рнува – [MS,s,73]).

напо́сл'ат 1.praep 'укажува на положба зад грбот на означениот предмет – зад, по' ~ *Ги над'а́наха крила́та и му пурăнч'и на д'ăт'ату "с'е́ напо́сл'ат м'е́н'а да и́диш' "* [MS,t,58]; 2. adv 'потоа' ~ *и з'е́ват двами́на ду́ш'а ... ут крăхч'а на крăхч'а прува́л'ат ро́пки и иди́н ч'ув'ăк напо́сл'ат кла́ва ло́зи на ро́пкит'а* [MS,t,3]; ~ *трăч'а́ха и н'е́с напо́сл'ат н'е́тр'а за да гу фа́т'ат* [MS,t,56]; ~ *ету и Бăлгаринот напослет кату идиши, го наи дјадото на пăнтјут, и му вели: "поможи Бог,*

дјадо!" [V,PM,159]; и: 'најпосле' ~ *и Зарзавилата му гојори: "наистина, сите спани са." И така поверува дјатенто и го зева на-послет да подат* [V,PM,157].

на́права f'изработка' ~ *та́м му бје́ше кӑшчата, штото бје́ше от ади́н ка́мјан излопа́на фрет кӑшчата, и бе́ пригизде́на фне́тре сӓс сја́какви прилигйа, штото не мо́жја чулјак да отбере́ направа́та хи, о́ти ни е ч'уле́шта на́права* [V,PM,259].

напра́ви (и: напра́ве) pf 1. 'стори нешто' ~ *прӑви́ле шо прӑви́ле та́мка, ве́чӑрта, адетто и́ нӓпрӑви́ле и си л'ӓгна́ле* [ПД(151)]; ~ *чјодеше́ са ка́к да пра́ви за́ ода́та, о́ти ко́жета не мо́же пра́зна да но́си; аку да е напӑлни ка́к што́ е отне́се? И фа́ти та на́прави адно́ ши́ло та копа́јеше, за да вӑрне ода́та да хо́ди на колйба́та* [V,PM,262]; ~ *и то́с ги напра́ви крила́та... ги сто́ри ут ко́куш'ко́ви пира́* [MS,t,58]; ~ *отиде на мајка му дома, та га вели: "мале, динеска тил'ал викаше: царјут направи златна топузка, и кој ки можи една лажа да му кажи, на негу ки га дај"* [V,PM,100]; 2. 'приготви, среди' ~ *ка и види книгите, плесна рӑци на неговото внуче Јанкула: "скоро да ми направиш кон'ат да одам да откинам града Солуна"* [MC(B),97]; ~ *ка́та сто́ гуди́ни стану́ва и пујно́ та́вма – тфо́јта гӑска прул'е́тна, утйди да ти напра́ви пӓнт'о́* [MS,t,57]; ~ *му вели́ на гимицйата: "о́ј гимицйа, бра́тку, о́шти не́ е вре́ме да и́дими на господа́ро, но да напра́вими та́ја сто́ка, што земахми ту́ка, да и́дими на мја́сто да га продаде́ми!"* [V,PM,13]; 3. 'постигне, успее во нешто' ~ *о́ште сто́ ли́ри па́ри му-да́вӓт. Оде, сӓ-бану́ве уф-адна́ канцала́рја, да-с-у́че та́м пи́сар. Ча́то шо ви́кӑт. Уче, пи́ше, у́че, пи́ше, не́гӑвјо рӑкупи́с нӓ-мо́ж да-напра́ве ни́куј. Иска́рӑве и тӑва́ шко́ло* [ПК,2(271)]; ~ *оти́де пра́ве на господа́ровата кӑшта, чини́ здра́во-жи́во сос госпда́рот и му показа́ тефте́рите за пет годи́ни, што ра́бота направи́л на таксйтот* [V,PM,14]; 4. 'организира' ~ *и та́м, на нози́ се́ло и́машја адна́ мо́ма мло́го ги́здава. И бје́ше го́това момата́ да са го́ди. И до́јде Вилйгден, и напра́виха селене́те хо́ру на се́луту да са весе́л'ат* [V,PM,254]; ~ *а́рно-ӓма, ӓдно́ де́н та́тко-му нӓ-де́јто зӓфӑти́л дӓ-си-ӓзӑрису́ва и ут-кӑ-бе́ше сѐ а̣зӑр и пукӑни́л сӓте сил'а́јна и нӓпрӑви́л ӓдна́ у́бӑва го́зба* [ВЕв(К),293]; ~ *вечерајте не ме чекајте,] јас вечерав на мејана –] јало пило, сум се напило,] голем џумбуш сум направило,] сум утепал син на мајка* [МП(Д)169]; 5. 'состави, напиша' ~ *пашата направи едно тескере и го даде на шестмина суварии и му го нусиа* [MC(B),89]; 6. 'замеси пециво, погача' ~ *те́јко нӓ-на̣де́л нӓ-Ду́пница ча́к. Ка́ сме удде́ли уф Бугарја... И уф-се́лта ки-уди́ли, шо има́ло бли́ски се́ла та́м, ки-купи́ли бра́шно, ки-нӓпрӑви́ли пу́пи, ки-ни-пиче́ли нӓ-жа́рта* [ПК,2 (322]; ~ *и удде́ме Димйр Иса́р, Ку́лта а-ви́кат се́га уф-Бугарја, сӓ-збра́ме двӓ-три́ кӑшти тӓка́, на́што се́ло. Дру́јсте избига́ли нӓ-тка́, нӓ-тка́. Бига́ли. Та́м ле́п нӓпрӑви́и ма́јкте, испичёӑ* [ПК,2 (219]; 7. 'зготви' (јадење) ~ *здруби́ли зе́ле, свӑри́ли, гу-нӓпрӑви́ли рӑчо́к, гу-тури́ла ба̣пта уф-адна́ чини́а, ке́рка-ј пӑ си-пушти́ла уф-зе́л'то винча́лцкут пӑрстин. Гу-тури́ла пӑрстинут уф-зе́л'то, гу-нуси́ла*

нă–ца́рут [ПК,2(300)]; ~ *ка отишел дефот пак кăд кон'от и дигнал кошот, го најдел на Јане пот кошот и речел на жента му (на утрето била недел'а) да го заколе на Јане и да го направе ручок* [ШК,5(С),411]; 8. 'искове (предмет од железо)' ~ *една́ же́на, нима́ла–си пиристи́й, не́–зна́м да́ли ви́кте сјаа. "Бре́ си́нче, на́–ти та́а кирфи́јчкăта, о́ди нă–кува́чо дă–нăпра́ве а́дна пиристи́й, дạ–ми–дуне́сиш ня–ма́ма"* [ПК,2(302)]; 9. 'стави, намести (нешто)' ~ *дефот си отишел. И от три дена седне Јане си направил една брада и се облечел о едни дрепави руби* [ШК,5(С),411]; ~ *дуј*дé: *Буга́:рто дă–бра́нăт ви́ке нăкăд–Џумăја́, кăд Дӳпница нăго́ре. И та́м дуј*дé:, *фро́нт нăпрăви́й* [ПК,2(219)]; 10. 'приреди, инсценира некоја непријатност' ~ *нă–зе́то се́ пу–га́јдăта му–оот, сă–бо́от дă не́ им–нăпра́ве не́кој мăскăрлăк* [ПК,2(193)]; ~ *ж'ина́та си вили́ сăс умо́: "ду в'е́ч'ера т'ạ напра́в'ạм ја́с!"* (= ќе ти покажам, ќе те средам) [MS,t,37]; ~... *и́ли на ју́ку́ма́тут ки ти нăпра́вă не́кој ке́дăр* [МЕ(Р),90]; 11. – (сă) 'се пристори, си го промени изгледот (пр. за да не биде препознат)' ~ *е, гуди́на вре́ме пумина́ло, ọддӳме ца́рут де́те, ниве́стта–му. И тăка́ ма́јкта шо́ ќи–нăпра́ве, сă–нăпра́ве ӳ́пка, ус–ќе́ркă–ј ќ–о́от, ќи–про́сăт дур уф–царо* [ПК,2(299)]; ~ *пу–се́лта завуде́л–си ко́јно, во́де–си ко́јно и нă–пăто гле́де адна́ лиси́ца, сă–нăпрăви́ла у́мрăна* [ПК,2(225)]; ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома?" ... "и јаз палах или нивеста или мома, сă направих царско бостанџијче и дојдех да ви земам"* [МС(В),94]; ~ *ма́јстуре ви́ка но́го – ади́н де́н, што–ки–е–нăза́т, два́ нăпре́т не́к–е. Нăбра́а–се о́ра. Та́а се–нăпрăви́ нă–ма́ш – истрижа́–си ко́ста* [ВК,283]; ~ *и тăка́, сă–кăчи́ла нă–го́рницта и фăти́ла дă–тре́се. Тре́се, тре́се, пă ки–зăста́не и ки–ј–нăчу́рле у́ште и ки сă–нăпра́ве куту дă–слу́ше не́што* [ВД(П)287]; 12. – (си) 'наштима (муз. инструмент)' ~ *кату трăгнаха да подат на панаирот, Петку са запр'а на един орман, да си направи лирата, да ја д'уздиса* [V,PM,196]; 13. 'сосида, изгради куќа' ~ *уф–Мура́рци и́мше две́ мли́на нă–га́с, нă–га́зија... Се́лто би́ше кулк пулви́на гра́т. Сăга́ уди́х пă–не́ма ни́што... Ка́ о́дум та́м, нă–то: ме́сто, шо́ ќи–ви́диш – сѐ пул'а́ни... Та́м адни́ дикáнчăта нăпрă-ви́ли, мăле́нки* [ПК,2(217)]; ~ *мори иди мале да ја сакиш,[белким, мале, ки ја дадат,[ако ти ја дадат, мила ле мале,[поскоро абер да чиниш,[море да растурам ветки куќи,[да направам висок сарај,[море пинџерки му сидифлији,[а пирдина кадифлиј* [ТГ,97]; 14. изр.: си-направи́ тува́рут (= го постигна тоа што го сакаше, пр. се збогати или нешто сл.) ~ *тога́с ви́ки са чини́ това́рот: сирома́хот направи́ та́мо една́ гими́а се́ о́т зла́то, га напăлни́ алтăни* [V,PM,14]; ~ *и́ч не́–мо́–ј гạјле́, уд бра́тто де́лут о́н гу–зе́, сј–о́о напрạви́ сјаа тува́рут* [ПК(Гăр)]; нăпра́ве пăзăрлăк (= се договори за цената при купување – продавање) ~ *гу прăви́кăве ура́чут: "ќи–м гу да́јш то́а де́тто ня ме́не. Ко́лко па́ри са́киш ќи ти да́дум. – Напра́:вăт пăзăрлăкут, гу фа́шке за ръ́кта* [ИГ,111]; ~ *е, му–иска́рăт е́јн па́суш, гу–иска́рăт нă–пạза́ро. Си́те о́дạт та́м, здра́во жи́во ус–та́тку–му, са́кạт дă–нăпра́вạт пăзăрлăк, а́ма ни́кој не́ сме́е д–о́де кăдă не́го*

[ПК,2(271)]; ~ *пăзăрлăк пра́вăт, ба́бăта не́јќе до:–да́де угла́мнико, а ара́пино гле́де до:–фа́те угла́мнико. Нăпрăви́ли пăзăрлăк, гу–зи́ме во́ло* [ПК,2(270)]; прăдукарăт нă-пăзăрлăко (= се приближат до договорот за цената) ~ *Си́те о́дат та́м, здра́во жи́во ус–та́тку–му, са́кат дă–нăпра́ват пăзăрлăк, а́ма ни́кој не́ сме́е д–о́де кӑдă не́го. Тăма́м ко:– прăдука́рăт нă–пăзăрлăко о́но ќи–рче: "Ej, ут–те́п по́–у́чăн ним–зи́ми"* [ПК,2(271)]; пăт направи́ (= се кажува кога некој многу често патува на одредена релација); сп. ~ *утринта́ бишка́ринот стана́, гле́да би́шката, па́к га не́ма, а́ма на ра́нинта бе́ши па́днало сла́на, и ка́к си о́зиши вă̆жето, пăт направи́* [V,PM,116]; ни-напра́ви ќе́ф (= им ги исполни желбите, тоа што го очекуваа) ~ *е, се́а ца́ро ре̨ши́л да–на–пра́ви е̨дна́ при́ре̨дба, го́збе̨ да на̨пра́ј. Да–ка́жими уф–те́а́таре̨ ќе̨ се̨ збе́рат ти́а̨ го̨л'а́ми, сѐ мини́стри. До́бро. А, на–не́го̨ го̨ ка́ни да ни на̨пра́ви ќе́ф* – употреба на кратката форма за индиректен објект од 'ние' (ни) со функција на кратка дативна форма од 'тие', т.е. место им: го̨ ка́ни да ни на̨пра́ви ќе́ф) [ЛК,126]; го́збе̨ да на̨пра́ј (= да организира веселба) ~ *е, се́а ца́ро ре̨ши́л да–на̨пра́ви е̨дна́ при́ре̨дба, го́збе̨ да на̨пра́ј. Да–ка́жими уф–те́а́таре̨ ќе̨ се̨ збе́рат ти́а̨ го̨л'а́ми, сѐ мини́стри.* [ЛК,126]; хаи́р направи́ (= направи нешто општокорисно) ~ *Кустади́не, ми́ли си́но,] то́лку ходи́, то́лку шета́,] ни́шчо хаи́р не направи́!] А јо́н ве́ле, ем говоре:] – мо́ри ма́ле, ста́ра ма́ле!] Ез направи́х голе́м хаи́р: на два пӑќа, на два́ дру́ма,] ма́ла че́шма бурмали́ја* [ШК,СбНУ,(1),233]; со блиско значење: му-нăправи́х добрина́ (= му помогнав) ~ *кӑжу́ве: "Дву́јца лувци́ј вӑлко гу–зăгуни́ли, о́н дуј де́ прӑ–ме́не. Ас му–нăправи́х адна́ добрина́, о–бутна́х у–вре́јкӑта, лувци́јте зăмина́а и о́н са́ке дӑ–мӑ–изе́де"* [ПК,2(266)]; ~ *та́а ре́кла: "Сӑ–зăбра́уве, ја́. Ас ка́–бих мла́да, мо́јте де́ца не́–ќ–уста́вӑх ни–бис–куко́шка, ни–бис–пи́ле, ни–бис–ни́што, а́ма сјаа... мӑ–нăпӑди́а̨ уд–до́ма"* [ПК,2(266)]; си-нăпрăви́(х)ме маабе́т а. (= си поразговаравме) ~ *у–Дрӑгуми́рци гу–нăјде́х Дини́ш Га́л'уф. Он–е́ј на́ш чуве́к. Ус–не́го си–нăпрăви́ме маабе́т, сӑ–рӑшита́ме* [ПК,2(306)]; ~ *уф–Драгуми́рци и́ма а́дна Та́на Бӑрбу́тува, се́стра, ама не́ гувóре пу–на́шо, са́мо пу–гӑрчки, зӑто́о не́ сӑка́х дӑ–слу́шум. Ут–та́м сӑ–дигна́х, удде́х уф–чи́кто Дини́ш, си–нăпрăви́хме маабе́т и ут–та́м испӑдна́ме, ути́их уф–Кре́цăво* [ПК,2(307)]; б. (= разговара со одредена цел, да дознае нешто) ~ *ти́а̨ че́ка̨т да–ка́жи н'а́што, па́ ни́што. А та́а има́ла бра́т... Же̨на́та̨ о́ди ка̨жу́ва̨ на̨–не́гу, ви́ка̨: "Напра́ви еди́н маабе́т са̨с то́а̨. Пи́смото̨, ви́ка̨, пи́ши, да̨–му–га̨–да́јми ма̨ле́чка̨та ќе́рка, а̨–о́н не̨–гово́ре̨ ни́што́"* [ЛК, 125]; направил главата (= се опијанил) ~ *детенто, кога си нарасти, отиде еден ден сос јунаците и тој на еден џумбуш. Кату направиха главите, сички фатили да си фал'ат секој спроти фалбата* [V,PM, 196]; ~ *Дини́ш па́к а–нăпрăви́л гла́фта, а́ј–го де́к сӑ–ну́рке* [ПК,2(152)]; ~ *и кату беха просили, берали џакон'а, хлеб, пари много, и да отидоха на една михана да јадат... просицити, кату направили главите от вину, станаха по ручокот да просат* [V,PM,188]; о-нăпрăви́а пустаки́а (= го изнатепаа; пустакиа зн. 'необработена кожа') ~ *сно́шти*

адно ергéнче ка́ о–фатúа два–трýјца о–нăпрăвúа пустакúа. Нóго гу типáа [ПК,2(187)]; пăртáл гу-нăпрăвúа (= го испотепаа, го испокинија) ~ *викала: "ах, ăх, бóлин здрáф нóсе, бóлин здрáф нóсе"... И ка́ нăблúжуве ду–тăрлуто, "врéж, врéж" и рúпне уд–вăлко, гу фáштăт. пăртáл гу–нăпрăвúли* [ПК,2(227)]; ~ *си–вéле лисúцăта сáмăта: "Е–е, глáво, глáво, нúту тáтку–ти бúл судúа, нúту мáјка–ти, а јáс ќи–бúдăм судúа. Пýли сéга! Мă–нăпрăвúа пăртáли* [ВК(Бо),326]; ~ *и скукнýва чýпăта, си–гу–фáшта тáтко му. – "Ти–ми–си тáтко, а мáјкă–ми вúа ми–и–нăпráј". А фáштăт măштéăта, ă–клáвăт нă–трú кóјна, уsáде ă–вăрsýвăт и удрúле кóјнăта – пăртáли ă–нăпрăвúле* [ДК,145]; со исто значење: направ'ат го на четири парчá ~ *завáр'уват го там вечерта харамијте, разбојниците, заварват го там. "Е–ех – казва, – кој ни е зел парите!" И фат'ат, фкарват го вăв стајата, направ'ат го на четири парчá* [ВД(Ка),334].

нąпра́вин* adj 'приготвен, сторен' ~ *у–Пурóј пá–с нăјдéме. Кăрáме, кăрáме ду–Димúр Исáр, нă–мóсто. Тáм нé пумúнувăт дубúцте. Мóс, таквó, нăпрáвин нă–лóтки* [ПК,2(219)]; ~ *Сéлто бúше кулк пулвúна грáт. Сăгá удúх пă–нéма нúшто... Ка́ óдум тáм, нă–то· мéсто, шó ќи–вúдиш – сè пул'áни... Тáм адни́ дикáнчăта нăпрăвúли, мăлéнки. То·–ј. Сéлто, дéка–ј стáрто сéло нúшто нéма нăпрáвăно* [ПК,2(217)]; ~ *úмше тáм и адна́ вójчка, јá куту úзвурче, тăкá пу–брéго тéчше. Тáм уф–брéго нăпрáвно кáјниче, тăкá куту штýбил', пу–брéго истéчуве. Тáа рéкичка ин–вúкаа Дирвéнто* [ПК,2(247)]; ~ *тóгăј úмше пă нóго рăбóта: мăгăрúна, кójне, бúбуле, тăквú рăбóти. Имаа нóго рăбóта. Ка́ ќи–дójше, пáри ќи–дóнцише кăквó. Já тáа кăшта, сјá· стáрта шó–ј, тóгăј е нăпрáвна – нă–Нóво Сéло ка́ óјше óн* [ПК,2(325)] – во контекстот заменската придавка каков (какво) е во употреба на прилогот 'колку многу': ка́ ќи-дójше, пáри ќи-дóнцише кăквó.

направо adv 1. 'управено кон десната страна' ~ *колај има за тас работа: довечира татку ми как ки спии, покрај негу има един камшик, ти камшико земи, пот кулата, седим направо, и три нал'аво да удриш сос камшикот* [V,PM,278]; ~ *кату ѵу царјут, млого са нал'ути и пуснал пак аскер, да гу соборјат, ама детенто, как излези сос остра му сабја, си завратја еднош на л'аво, еднош направо; душа не остави жјува* [V,PM,226] – меѓу архаичните посебности, зачувани во долновардарските говори, освен познатите траги од некогашните назални гласови, односно широкиот изговор на јат, се среќаваат (веќе рековме), и повеќе лексички архаизми, во конкретниот случај имаме уште една потврда за присуството на прав со значење 'десен' укомпониран во прилогот направо; 2. 'кон предната страна, напред' ~ *кă ќи флéјш уф кýкта, нă дéсно úма удájка (зą гóсте), нąпráво трéмче, нă лéво килáрче* [ИГ,119]; ~ *народот се собра во среде Солуна,] бесилка да прават за Васил велешки...] Васил му избега на турцки жандари,] он му избега направо надолу,] направо надолу Река Волија* [МП(В),103]; 3. 'директно' ~ *нąпráво уф кýкта ќи флéзиш. Гóре сóфа има, уąк úма, пут сóфта дóлу дубúцте си ј вăрзýвăт* [ИГ,119]

напразно adv 'попусто, некорисно, без

потреба' ~ *пашата рече: "кабаат немат тија деца, вие напразно сакахте да ги биете"* [МС(В),74]; ~ *кату чу така протудраку, фати да си џаска аф сандя̑кот, фати да рита, ама сичко напразно.Мајдон гу здигнал на рамуту, гу закара на џарјувут конак* [V,PM,76]; ~ *му вели* (змијата): *"Ти ме куртулиса от огинут, а сега ез ќи те изедум, зашчо сега такя̑ф е сфетут – "чини арно, најди зло". Офчарут ѝ се моли, но напразно* [ШК,(5),429].

напраше* pf 1. 'кога на нешто ќе се нафати, ќе се налепи прашина' ~ *побрзаа да ме ожена̑т,] додек сам млада зелена,] па на мен ерген избраха,] фалија него, грдија,] вино, ракија не пије.] Ракија пије без чаша,] за да не му се напраша* [МП(К),161]; ~ *пулека си терај, лудо,[твоја брза којна,[да не напрашиш лудо,[мое бело лице,[моје бело лице, лудо,[на бајна бајнано* [ТГ,158]; – кога ги бањаат овците внимаваат времето да не биде ветровито за да не се напрашат [ТГ,375]; **2.** 'кога ќе влезе прашинка во очите' ~ *и сјáː, óн óште нé флéгя̑л, тáа дя̑–ся̑–пуфáле: "Кýму вя̑лче, нé пуглéдни ня̑–гóре, зéр тя̑рне, глóжде úма, ќи–т ся̑–ня̑прáшя̑т óчте"* [ПК,2(225)].

напр'а̑т adv 1.(временски) а. 'прво, пред другите, напред' ~ *смря̑кна вода сос устата му и отиде, га изгя̑сна фурната, флезе тојнака најнапрет и фати да вика и побратимиту му: "ади братку, елајти и виа аф фурната, ама земајти и мя̑ра вогин"* [V,PM,46]; ~ *тря̑бува да пóјми и инá нóга напр'а̑т да му рич'éми да стáни тас рáбута* [MS,t,15]; ~ *утúди напр'а̑т, ја нáјди гурáта, д'é ся̑ утфáраш'и и ся̑ затфáраш'и* [MS,t,36]; ~ *и Алéксандрóту ся̑ пуч'ýди и нóс р'éч'и да пój напр'а̑т и нóс ... ся̑ врна насáм'* [MS,t,60]; ~ *úдаш'и пáк ся̑с куш'úја ... ут м'éн'ą напр'а̑т' да дójди* [MS,t,70]; б. 'порано, во минатото' ~ *се наогја прид иден "паметник" шо му–ј пувя̑ријна мислите на по–вичка ут 2200 гудини напред* [МЕ(Р),69]; ~ *ама тиј, што ми позна мене и ме раздели от арапката, ету пуштам веке водата на касабата да тече кату напрет и е биде да не ся̑хне* [V,PM,162]; ~ *здигнá пот скáлата што бéши мермéрот, најдé кл'ýчовиту, отворú магазúата, влезé нéтри, си најдé сúчките дéлви пя̑лни алтя̑ни, кату кáк му ги казá напрéт богáтиот* [V,PM,18]; ~ *си оплашúха сúчки тáмо да не си одáвет, станáха сúчки на мóлба да са мóл'ат на Бóга, стáнá и тój јунáк и, л'у фáти óн да си мóли, фуртýната пáпса, и са умирú морéту кату напрéт* [V, PM,23]; во Ениџевардарско регистрирано: наприд (= во минатото) ~ *во ногу ачик ки ся̑ видя̑ аку се стокмя̑ живеачкя̑тя̑ ув Постул ут 20 гудини на наприд* [МЕ(Р),90]; ~ *Постул кя̑ту ся̑тя̑ села шо лежат ня̑ арни мистијня̑ и лесно ся̑ пувелјя̑т, оше ут наприд ки бидя̑ чинет чифликј* [МЕ(Р),83]; ~ *уд неколку гудини наприд и јас пя̑метя̑м, ошя̑ блатто летто се сујише* [МЕ(Р),77] в. 'однапред, пред да се реализира главното, закажаното' ~ *вéли на женáта му: "мари жéну, Господ и нас на имјáл на ум; тихиса, дојдé едúн трагóвец ... са ценúх и јáзе сос нéгу да úда; и éту ми дадé дéсет хил'áди грóша напрет да ти остáвам тýка, да хрáниш тајфáта, дур да дójда јáзе* [V,PM,13]; 2. (просторно) а. 'во прв план, пред другите' ~ *постелаха нетри у*

кучиата сé златни постел'а, фати царјут, са прости сос царицата и вјахна на кучиата, трăгна напрет аскерот и тој после [V,PM,210]; ~ *ка ги нусихме, ги вăрзахми шерветите на муцката като на дубиците, и тупанот напред удри* [MC(B), 92]; ~ *сă фáти мурабéту, аскéрут фáти да хóж'да напр'ăт'* [MS,t,87]; ~ *покрај та река одејќи еден черн шеј излизе, киниса по мене – јаз напред с овците, то шеот, с овците* [MC(B),87]; во Кукушко: нăпрéј ~ *уф–ýстта тúй дéк сă–нарéдăни зă-бито сă–жлибúни, а тúй нăпрéј шо–сă, ги–вúкме дудáци* (покажува на усните) [ПК,2(237)]; б. 'во правец каде што е свртено лицето, односно каде што е управен погледот' ~ *после за растроши еден кулак от онúа, што сторили на пентук, и ки го фăрли напрет и назат* [V, PM,250]; ~ *му велú: "амú едúн твój хизмúкăр нáјдох да úма опрé-гнати óловиту, и еднóту гу бодјáши нá чéлото, дрýгото нá кăчут, и не мóжиши нúкак да óри, заштó едúнојут óл напрéт отúваши, дрý-гио назáм!"* [V,PM,115]; 3. изразува покана, односно заповед: ~ *напред, напред за слава,] на бојното поле,] за македонска слобода,] там секој да умре* [МП(М),87]; 4. изр. отива напрет (= кога некоја работа се одвива среќно) ~ *кăсметлиа беши големојут, понеже неговата работа га благослови Господ, отиваши напрет, и си чинил нај–богат от сички тамошните* [V,PM,82]; ~ *гу пуштјаши аф скол'уто, да са учи книга и други умни работи, ама училиштето беши на далеко место. Ката ден дјатето отиваши, и се напрјат му отиваши учението* [V, PM,95]; и со негација: ~ *разбери ти оти не ни оде напред* (= немаме среќа): *кога кукошки биле не снесат, а камо уд друга работа аир (хасне) сакиш* [ТГ,401].

напреде* pf 'преработи волна (или памук) во преѓа' ~ *сутрин сам рано станала,] кош сам толопе испрела,] шиник вритина напрела* [МП(Д), 46]; ~ *кăци, кăци бабичка,] напрела је бабичка,] до две, до три вретенца,] на каца ги ставила,] дошла маца бутнала* [МП(К),161].

напреднат adj 'тој што успеал, што стекнал богатство, односно висока поставеност во општетството' ~ *твá д'áти квạ–нạпрéдналọ мнóгу, и, кọгá гọ–лýпнал фарáон у–зáтвọр, у–úстиạ зáтвọр, у–úстạ ọдајá, дạ–кáжими и дрýги, н'áкој ọфицéри, ẹдúнјọ бил гéнерáл, дрýгјọ гол'áм чọв'áк... И тóạ–ẹ унéтрẹ, твá дáти. Нạпрéднатọ мнóгу* [ЛК,111]; и: нạпрéдан ~ *"...нạ–двá пăтạ, вúкạ, нạ–трú ми–сạ–дọнẹсéли пọ–дẹстúнạ лúри, вúкạ, прẹт–врáтатạ истýрẹно. Турéјтẹ засáдạ, вúд'ајтẹ кój ги–нóси. Ас нẹ–знáм". Дóбро. Ама тój, дẹтé-тọ, лọвцúатạ, си–úмạ и–сọ–влáстạ. Нạпрéдан чọв'áк* [ЛК,129].

напредне pf 1. 'се придвижи напред' ~ *ужасен бој се започна,] многу момчијна паднаја,] и нашиот четен командир.] – Стани ми стани, командир,] твојата чета напредна.] – Не можам братќа да станам* [МП(К),138-139]; ~ *није да се бијме су Камил паша,] борба зафатиме на десетти август,] топовите пукат, гранатите трескат,] фронтот го скинаја, Турците напреднаја* [МП(В),171]; 2. fig. 'кога нешто успешно се одвива' ~ *анцúјата кугá си–кýпе сóл', кугá си кýпе брáшно – сирумáх. Ка–сиднá дéтто уф–нéговију áн, и нă–анцúјата нăпридна́ рáботта* [ВК,282]; односно 'кога некој ќе стекне богатство или

висока положба' ~ *иска́рве че́шкäта ут па́звäта, нäпӑлне–гу во́да – се нäпӑлнуве сус зла́то. Е, то́ј–е мо́јто бугáсво; анци́јата ут–тува́ нäпридне́* [ВК,282]; ~ *тва́ д'áти ква–напре́дна̣ло мно́гу, и, ко̣га́ го–лу́пнал фа̣ра̣о́н у–за́твор, у–и́стиа̣ за́твор, у–и́ста̣ о̣даја́, да–ка́жими и дру́ги, н'а́ко̣ј о̣фице́ри, е̣ди́нјо̣ бил ге́не̣ра́л, дру́гјо̣ го̣л'а́м чо̣в'а́к... И то́а̣–е̣ уне́тре̣, тва́ да́ти. На̣пре́дна̣то̣ мно́гу* [ЛК,111].

напре́жин* adj 1.'поранешен' ~ *бе̣јзте најповикјä зäрди... погулеми арцуве се повикјä и повикјä и рäсипувäт (газäт) напрежните тукмечки* [МЕ(Р),86]; ~ *а ут ки избегäш немäш рäботä ни су нäпрежнјут мал–сäјбијä* [МЕ(Р),88] 2. 'високо поставен, со поголема моќ' ~ *Ива́н кажу́ва за не́го, ... ве́ле: Во́а шо ви ре́кох, пу ме́н шо ки до́јди, по́гуле́м, и напре́жин, и ут не́го си зе́хми шо ни дарува́* [MV,K...]; ~ *то́а чове́к што си устави́ ку́ки... за́рди мо́јто и́ми, сто́ ка́та ки си зе́ми да́р... и но́го е́мин шо са напре́жнии ки би́дат на́јдо́лни, а на́јдо́лни ки би́дат на́јнапре́жни* [MV,K,263]; ~ *на Сфе́тиц сла́вин напре́жин ма́ртир Димитри́а шо те́чи ми́ру* [MV,K, 296].

на́преко adv 1. 'кога нешто ќе се постави во правец на ширината а не на должината'; 2. fig. 'кога некој со погледот искажува нетрпеливост' ~ *сѐ–ј на̣л'у́тин, сѐ ме–гле́да на́преко* (или: *напуре́чки*) [ПК(Грам)].

напреш adv 1. временски: 'порано' ~ *като стигнал дома си, тја като как напреш изл'ала да го посрештне и да му фати коно* [V,PM,281]; ~ *как да се фатам, луду, на ору,/ тате не ми купи фустан,/ фустанче, срмали кулан!/ – Пукнала, Бо̣ју, триснала,/ ут не ми кажа по напреш,/ јас ки ти купах фустанче* [ТГ,369]; 2. просторно: 'пред другите, меѓу првите' ~ *вäрна се Вела јот уода] с дванајсте робинки,] с тринајсте робчета,] робинки напреж вäрвјаха* [МП(Д),62].

на́при adv в. напреш (1.) ~ *ка си ути́дох, са̣ ми́х, е́то си упули́х. Му рико́а на не́го: Кӑд и во́а чове́к?... шо би́ши на́при сле́п* [MV,K,259]; ~ *бе́ши и о́н иде́н ут ни́х: Ми́на Но́мото на́ш гу сӑди на чове́кот, а́ку не́ а слу́ши на́при ут не́го, и да разби́ра шо да чи́ни?* [MV,K,262]; (2.) ~ *и са́каши да а ви́ди на Исус ко́–ӣ; и не́ мо́жиши ут сфе́тут, о́ти на бо́јут бе́ши ку́с. И си тӑрча́ на́при, да сӑ–качи́ наврас идна́ царни́ца* [MV,K, 280].

напридѝа f 'успех, среќно одвивање на нешто' ~ *ве́к дӑ–вику́вте, напридѝа д–и́мте* – добри желби упатени кон младоженци [ПК(Гӑр)].

на́проти́во adv 'обратно, во противен правец' ~ *другáрите вел'áа: "ету ту́ка и́ма за́јци. Да и́дими!" Ама о́н, на́проти́во, и́диши та́мо де́ка не́ма за́јци, зашто́ са́каши да на́јди врја́ме да побе́гни* [V,PM,111].

на̣пру́шки pl.tt. 'дел од разбојот: метална направа, како лента со која се опнува платното кога се ткае' [ИГ,121]; верување: кога платното ќе биде исткаено, не е добро напрушките да се фрлат на земја. Тој што ќе ги згазне секогаш ќе биде со искинати алишта, т.е. дерен – перен (нешто истрошено, во лоша состојба) [ТГ,364].

напрӑска* pf 'расфрли рамномерно капки вода или друга течност, односно нешто што е многу ситно' ~ *га ториха, најдоха царскиј син, беши фатил векн да мухл'асува, кон'ут и тој така. Отидоха, земаха жива вода, гу напрӑскаха, и така*

ужсувја [V,PM,53]; ~ *ка́ бига́ме сắто се́ло с–испразни́, ги–фăти́ли, ги–зăруби́ли ти́ја шо–устăна́ли. Ту́рцте о́от дă–пл'а́чкăт на́ш–се́ло Кре́цăво. И–ни́х ги–зало́вăт та́м, ги–нăпăлнắвăт уф–ка́шта, нăпрăска́ли га́зја... И тăка́ устăна́ли гла́фте изго́рни нă–гре́јте* [ПК,2(311)] – во контекстот имаме беспредлошки додаток за место: о́от дă-пл'а́чкăт на́ш-се́ло Кре́цăво (м. '... во наш-село') ; ~ *легнаха двата близу–близу; ама истом по ранината хăтленту сос опашката си земуваши от реката вода и напрăскаше околу момата тревите* [V,PM,71]; ~ *и дујде́л не́кој куми́тин, сăрди́се се́лто, фа́ште Ту́рцте, ги–затво́ре уф–џами́та и фăрле две́–три́ бо́мби; фа́те же́нте су–сѐ де́цта ф–не́ка пле́мна, сла́ма туру́ват и нăпрăскувăт га́зја, и зăпа́л'ат* [ПК,2(218)] – во последниот контекст среќаваме повеќе примери со употреба на перфективен презент: сăрди́се се́лто, ги-затво́ре, фа́те же́нте, што претставува специфичност на југоисточната говорна регија.

нăпрăстин (и: напрăстăн) m 'метална направа, како мала капичка, се става на прстот кога се шие со игла за да не се боцне тој што шие' [ПК(Гăр)]; во Солунско: на́прăстук [MS,s,73]; во Гевгелиско последнава форма (напрăстук) се јавува со значење 'украсен предмет, колце од злато или сребро што се носи на прстот од раката како симбол дека личноста што го носи е во брачна врска' ~ *пушти си го на порти,[да прачеке лазаренки,[која мома ки јаресе.[– Арисал је, биндисал је,[руса гојка главатарка,[он и даде бел напрстук,[она чивре пак му даде!* [ТГ,55].

напсова* pf 'окара, опцу – мајка, сестра' ~ *а пак тре́тиа на́псо́вал на џа́рја ма́јката и рекăл: "Го́спот да ми даде́, а то џа́рјови́те пари́ ништă". И на но́зикана чјас сла́хал са та замино́ваше о(т)та́м џа́рја... и ги дочу́л што вре́вили* [V,PM,253]; ~ *и му ре́че џа́рја: "Ни бо́ј са!" Тога́ му ка́за и тре́тиа – "о́ти напсо́вах ма́јка ти и ре́кох:.. "* [V,PM,253];

напу́и* pf 'даде вода на животно да се напие' ~ *си собра́ха мно́гу јуна́ци. Момата ни́кој не́ аре́са. На́ о́нај ча́с и то́јнака дости́гна аф една́ че́шма, ко́н'у си напу́ши* [V,PM,112]; ~ *за ве́зми ко́ниту, за ха напу́ј, за му дад'е́ да ида́т ч'уме́н'* [MS,t,66]; ~ *за ве́зма о́луве́ту напр'ăт', да ха на́пуја о́луве́ту* [MS,t,65]; ~ *отиде царски син да напуи неговот кон на бунарот. Кату извади вода сос ковата, беши изл'ало и златнојут папуц* [V,PM,206]; и: напоји* ~ *виздéн ми са шéташ лу́до нис широ́ко по́ле [на вичéра и́диш ко́јна да напо́јиш на бе́ли Дунáве* [ME(P),93]; ~ *мар та погл'адни низ јасно небе,] мар изл'азла ли ја звјазда деница, звјазда деница, баш керванџијцка! Мар та назоби девет биволици...] мар та ги напоі до рујно вино* [МП(Д),95]; односно на́по́е ~ *сă–кăчу́ва нă–та́ тупо́лта узго́ра. Се́де. Шо́ дă–пра́е? Сă–у́ме се́а. Е, гре́де џа́рут д–и–нă–по́е ко́јнăта – ă–ви́жџа чу́пăта* [ДК,115]; во Зборникот од Драмско: напије* ~ *сношчи јотидох мају ле,] кончето да си напија,] на нăзи чошма шарăна.] Тамо си мају намерих,] до двја ми моми хубави* [МП(Д),112]. Ретки се примерите во кои односниов глагол се однесува на човек, тогаш значењето (често) е пејоративно: даде да пие во голема количина ~ *ка го бричиха, го гостиха, го напојали, му дадеха рójно вино* [MC(B),98].

напукошин* adj 'последен, тој што дошол подоцна' ~ *ви́кај на аргáти-ти, и дáј му на ни́х áкут му, да зáфати да плáтиш ál пишúн ут напукóшнити дур на прáвнити* [MV, K,315].

напу́лни pf 1. (просторно) 'во некоја затворена средина се стави нешто и се полни до крај' ~ *и Алéксандрóту напу́лни дв'ă ш'иш'áнта ... си ги клáди у ч'áнтата* [MS,t,60]; ~ *дójди ги напу́лни трúт'ą дугáн'ă ви́ца н'ăш'ту и фáти пу идúн измикáрин* [MS,t,28]; ~ *стáна сабáлин, нáјди инó храбу́лч'ą, нáјди и инó ш'иш'éнци, напу́лни вóда* [MS,t,24]; во истиот материјал (од селата на исток од Солун) ја забележивме и фонетската разновидност: напăлни (без лабијализација): ~ *сă умурú сăс прáзин м'ăх и си р'éч'и: "áку гу нáпăлн'а, за м'ą змáч'ка!"* [MS,t,74]; ~ *а хúтра Пé-три ут стрáх напăлни гáш'тит'ą (сă пусирá)* [MS,t,75]; ~ *"с'éтн'ą кăк за дójдиш', за–ти нáпăлн'а јáс зимби́л'ут пуртукáл'ą и калúнка"* [MS,t,86]; ~ *"хýбајą стóри! тýрни ха смóкфăт'ą, да ти гу нáпăлн'ą зимби́л'ут"* [MS,t,86]; во материјалите од Верковиќ: наполни и напăлни ~ *да знајат они от тука, од нируjата да земат малко вода да го умујат, царскиј син оздравјава... жената, кату чу така, си наполни шишету вода, земала и малко кал, враза на една кăрпа* [V,PM,167]; ~ *и тójнака, кату чу такá, земá еднá крáва јаловúца, гá заколú, га удерá кожáта, га направú мéх, га напăлнú млéку* [V,PM,117]; ~ *сéтни господá-рот излезé на магазúата, му направú дéсет корáби, ги напăлнú стóка, му дадé и едúн пăрв гимициа и гу пратú да гу продадé оновá имáни и да си вăрни назáд* [V,PM,13]; во западната регија од Солунско (с. Ватилак): напăлни ~ *напкун и́ риче: "да направиш едно поклони – пога-ча, да напăлниш две долиј вино и да заколиш наj–големиот брав, и утри застра ки одими"* [MC(B),96]; ~ *два пăти отиде, на трита пăта, ка напăлнихме пампорот с овци и пампорот хазăр беше за да киниси, и он отиде* [MC(B),82]; 2. 'стави' ~ *тогáс брáт му си га напăлни стóката аф магазúата... вéли на женáта му: "добро вéчер, жéну!"* [V,PM,15]; 3. 'кога се насоберат многу луѓе на едно место, односно кога станува нешто полно' ~ *и ут ка са напăлни Пазар су маџири, кираџилакут пумина за Бугарjту, Френците и маџирjто му зеа кjарут* [ME(P),73]; 4. (временски) 'кога завршува одреден период' ~ *кą напăлнúл Иван усумнájсе гудúни, бúл нóгу сúлан ургéн. Он сéкуј дéн шăтáл пукráј Вáрдар пу–залéнте ливáди* [ВД,277]; ~ *сă–нăпăлнúли гудúнте, и нă кáжăнто тóо сă–вăрнáл нăзăде* [ПК(Гăр)]; 5. изр.: нăпăлнúх óчте (= многу се растажив, очите ми се наполнија солзи) ~ *тăвá, вúке–j у–гудúни, áк о–пýштиме, тóо ќи–пóмне óти тáтку–мо ќи–г–убúj-ме, вúке дрýг–j–о. По́–árно, вúке, дéка–j тáтку–м и óн тáмо. Тăвá, вúке, áк–гу–устáвме жúво, вúке, ýтре кóрно ќи–гу–искупáче, вúке. Нăпăлнúх óчте дă–плáчум* [ПК,2(358)]; нăпăлнúл пăтýрто (= многу се исплашил) ~ *сă–прáа вáжин, áма кá припукáли и нăпăлнúл пăтýрто* [ПК,2(201)]; сéкуј ќи-си-нăпăлне рóпката (= секој ќе умре кога ќе му дојде часот) [ПК,2(192)]; со блиско значење: ќи-сj-о: нăпăлне трáпо (= ќе го убијат некаде) ~ *нóго шкúте, лумпýве, ама*

ќи–сјо: нăпăлне трáпо нéгде [ПК, 2(201)].

нąпу́кą* pf 'кога пупката ќе почне да се отвора, пред да почне да цвета' ~ *изникнáлą пиринýгą, изникнáлą пиринýгą,] при–чубąнóвотo стáдo, при–чубąнóвотo стáдo,] Чубáн стóę пą–гą–глéда, чубáн стóę пą–гą–глéдą,] рáсни, рáсни пиринýго, рáсни, рáсни пиринýго,] дą–нąрáсниш, дą–нąпу́кąш, дą–нąрáсниш, дą нąпу́кąш* [ЛК,131]

напу́лн'ува* impf в. напулни 1. ~ *и тугáс гу пу́ш'тами ви́нуту, гу напулнувáми пу бăнч'фит'ą и пу варéлиту* [MS,t,4]; ~ *и тáтку–му мираклúја сă нáјди, му напу́лн'ува идúн дисáјќ лúри, му дáва на д'ăт'ąту, му вилú: "пóт', ш'étај сă!"* [MS,t,20]; ~ *и сă ус'ăкува ракúјата т'éч'ин'éту ... и с'étн'ą си напулн'увáми у ш'иш'áнтата* [MS,t,4]; ~ *сă напулн'ува дрăнгó, гу врăзувáми канáп'у, гу дигнувáми дрăнгó с'étн'ą, гу клáвами на чардáку на с'ăнка* [MS,t,5]; и: напăлнува ~ *и фатил да вели: "напални си, капа, сопразни си!" И капата фатила да си напăлнува пари и да са сопразнува* [V,PM,83]; ~ *и та баницата беше млечник. Как удри, муцката сă напăлнуваше с млеко* [K,BC,92]; односно нąпăлнăве* ~ *кá дујдéли Бугá:рто, нáште фájкăт, гу–збéрăт сéлто Кăркýтно уф–штúри плéмни: жéни, дéца, д–ýхо и ги–нăпăлнăвăт, ги–нăпрăскăвăт гáзја, ги–зăпáл'ăвăт. Укулу чéтирстóтини кăшти бúло сéлто, изгóрăве* [ПК,2(312)]; 2. 'намота одредена количина преѓа' ~ *напу́лнувáми двájси, трúјси калáм'а аналóгус на мутувúлата, ш'ту за снувéми* [MS,t,6]; 3. (временски) 'завршува одреден период' ~ *сидимт'áх гудúни сă напу́лн'ąха и т'á за сă уж'éни, ни мóгам да ја прифтáсам* [MS,t,19]; 4. изр.: суфиа сă напулнува (= станува разумен) ~ *сă вąрнáле на Галилéа, на нéнито грáт Назарéт. Па дéтито си пурастýаши, и ýм си клáваши, и софúа сă напąлнýаши* [MV,K,314].

напурéчки (мă глéда) adv 'кога некој со погледот искажува нетрпеливот' ~ *сè–ј нąл'ýтин, сè ме–глéда нáпреко* (или: *напурéчки*) [ПК(Грам)].

нąпуслéдну adv 'најпосле' ~ *пучнáла младúнта да–вăрве и дą–вúка кój уд–јáгне, кój уд–гýде, кój уд–јáре, кój уд–не знáм шó, димéк рáзни тăквúја. Нé мужáле дą–нájăт ут–шó–е, ут–шó нé–е. Нąпуслéдну вăрве идéн и му–вéле: "Вá–ј уд–вóшка"* [БМ,194].

напушта* impf 1.'дозволува некому да влезе (или излезе) – пушта' ~ *тој сă узовал и рекал: "ела да ми отвориш, зашто мăжо ти ма прати да преспим тăзи нăшт тука у вас." Тја му рекла: "ако и да та је мăжо ми пратил, ала јаз ни та напуштам внетре"* [V,PM,280]; 2. 'замина, се оддалечи' ~ *и питáли: "Дéк ќ–óјте?" "Ќи–с–óјме тáмо, дóма". Рéкăл: "Ак с–јójте, рéкăл, ќ–óјте нă–Дójран, кăт Сăрбиа". И дујдéа. Кулку шó дујдé тáтку–ми, гăрчкăта вójска нăпуштú Петрúч"* [ПК,2(220)]; ~ *едúн дéн Иван и Тúна рąшúле дą–сą–грúжат сáми зą–сéбе. Гą нąпушчúле тáткувąта кăшча и уддéле уф–шýмąта* [ВД,276]; 3. 'остави нешто, дефинитивно' ~ *кăд нáс дујдé: уд–гóре нéкуј нáши Măкидóнчăта, úда: пут–кăнвój. Ф–нáс – Мóкрăна дујдé адúн, прăспá áдна вéчăр, вујнúчки рýби, áма нăпуштúа сúчко вúќе, фрóнто испуштú се* [ПК,2(222)]; ~ *утидéе уф–Сóлун, нă–сулýнскоо фрóнт и трú гудúни уф–Дójран; дăржáа Бúтул'а, тáм*

ќи–ка́жме Гирма́нцте и Австри́јците и Бу́гарто. И осумна́јста гуди́на нӑпушти́а фро́нтут... 4. 'прекине некоја врска (пр. љубовна)' *~ врбу, ле, врбу, зилена врбу,] што си навела грани надолу?] Грани надолу, каку мен глава?] Дал и ти жалеиш за прво либе?] Тој ме напушти, тој ме остави* [МП(М), 150].

напӑде pf 1. 'набрка, принуди некого да си замине' *~ та́а ре́кла: "Сӑ–зӑбра́уве, ја́. Ас ка́–бих мла́да, мо́јте де́ца не́–ќ–уставӑх ни–бис–куко́шка, ни–бис–пи́ле, ни–бис–ни́што, а́ма сја́а... мӑ–нӑпӑди́а уд–до́ма"* [ПК,2(266)]; *~ Галӑпке моме, Галӑпко,] ни може да мина јуттука,] ти шта ми магии направиш,] жената да си напӑѓа,] пак тебе моме да зема* [МП(Д),141]; *~ којнут му отгуворил: "Е, сино, немаш фајда; ќи те изеде; зашчо времето сега е такфо: "Чини арно, најди зло!" И ез, куга бех млад работих на л'удето... ама сега остарех, ме напӑдиха"* [ШК,(5),429]; 2. изр.: на́пӑд-си-ј де́цта (се кажува ако дома има направено многу вкусно јадење и човек би посакал да го изеде сам) *~ ади́н ри́бник шо и́мше уф Ре́са, на́пӑд си–ј де́цта, тӑ ја́ди* [ПК,2 (185)].

напӑдӑве impf в. напӑде *~ цӑри́цта пучаштава́ла, пучаштава́ла нӑ–го́стто, а́ма кути чуве́к сӑ–ј̣злӑжа́ла не́ли, сӑ–ј̣спӑрде́ла. Ца́рут му–нӑдна́л ша́нут, о́ти сӑ–ј̣спӑрде́ла, зи́ме гӑ–напӑдӑве. И нӑпӑлне адна́ зо́бник ли́ри, гӑ–но́се ус–му́зика уф–го́рта* [ПК,2(300)].

напӑлнет* adj 'кога некоја запремина е полна' *~ аку но́гу дӑ–ви́е кужу́рци то́гин нӑ–но́га це́лу вре́ме, ни ле́п не́ ни–ји́ше дӑ–ја́јме, па вӑрс–та́ дру́га ве́јка, пу́лиш, пубиле́ла бу́ба, цӑрве, па́ дру́га ве́јка, и то́лку ќи–са–нӑпра́ве сӑте ве́јки напӑлне́ти* [БМ,201].

нӑпӑрже* pf 'приготви храна (пр. јајца) со пржење' *~ ти́е па́рте и си–ј̣–брое, си–ј̣– тро́пе унӑтре у–уда́јта. Гу–ви–де́ла гуле́мта сна́а прику–иднӑ–ду́п-кичка ут–та́ вра́тта. Пу́ле, ста́рјут па́ри има́л. Оде, питу́лици му–нӑпӑр-жи́ла* [ВМ(Зб),321].

нӑпӑрче* pf 1. 'нешто постави во опачна положба, пр. со отворот на долу, а со дното нагоре' *~ нӑпӑрч–јоо то́о куте́ло, и́стури шо́ и́ма уф–нӑтре* [ПК,2(80)]; *~ гле́јш о́ти о–нӑпӑрчи́, ќи–с исту́ре* [ПК(Мор)]; *~ и–би́ӑ пустава́ли кӑза́јнто дӑ–сӑ–ва́рӑт. Мрӑфките, ка́ сӑ–тӑка́ пулви́н ки́ло, теле́шки, се́тне за́вӑрни, нӑпӑрчат кӑза́но, нӑ–ко́јно, а́јде* [ПК,2(223)]; 2. – (си) 'правејќи се важен се накостреши' *~ најсе́тне му–дојде́ ре́дут и нӑ–за́јӑут дӑ–ка́же шо́ рӑбути́л. То̀ си–нӑпӑрчи мустаќте и ричелу: "влизе́х у–ра́слут, кӑсна́х ма́лце ут ра́слут и сӑ–пушти́ја три́ гуле́ми пјӑе́та..."* [ВМ(Тр),318]; односно 'кога некој се однесува многу претенциозно' *~ но́го би́ше сӑ–нӑпӑрчи́л, а́ма Тудӑ–ра́ќто ка́ о–испизи́ а́дно а́рно, дӑ–ви́ка мо̀–прӑсиче́ ка́шлицта* [ПК,2 (177)]; сп. уште: *~ но́го нӑпӑрчин е́ј то́о бра́т–ти* [ПК(Мор)]; 3. изр.: пурдаде́ рѝпте, нӑпӑрчи́ ко́шо (= ги заврши важните работи) *~ на́ште де́ца изучи́а, сӑ ижини́а, сӑ–измаѓи́а, не́мум гаје́ гааре, нӑпӑрчи́х ко́шо;* ча́шка пу-ча́шка нӑпӑрчи́л па́шка (= се опијанил, се стркалал, паднал со нозете нагоре) [ПК,2(185)]; [ПК,2 (211)].

нарадýва* pf 'доживее чувство на радост' *~ да в'е́ни ади́н ерќе́ч' да*

закóлими, да јид'éми, да пи́јми и да сă нарáдувам и јáс [MS,t,17]; ~ *н'éка да си нарáду́ва д'ăт'ạтоми!* [MS,s,73]; ~ *Едночко имум, и сакум дудека сум жив да си гу суредум и удомум, оти не знам колку оште ки живејме. Дудека сме живи да са нарадујме* [ТГ,144].

нарáми pf 'стави нешто на рамото за да може да го носи' ~ *ре́че: "кóпам, óти на мéн адна́ кóже óда ни ми сти́га да пи́ем, та затова́ шта напрáвем, сама́ одáта на колúбата да си дохóде". И змиéта си́ зима́ кóжата и é напăлни óда, и нарáми е та си́ оти́де* [V,PM,262]; ~ *ти да ми јодиш на гости,] на ден добар ден Велигден,] да јадиш руди јагăнца.] Тодор ми пушка нарами,] киниса бели друмови,] ем ке ми јоде на гости* [МП(В),71].

нарáмјува* impf в. нарами ~ *рече: "Прéтел'о, шта ти дáм адúн чјовáл алтăне та си иди на кăштата домá си!" Пак тój ре́че: "Заштó ми са тóлко парú? Јас си и́мам домá мло́го и тóлко парú ни ги нарáмјувам, áку и́скаш, донеси́ ги ти сáм домá!"* [V,PM,263].

нарáне pf 1.'даде храна на човек (или на добиче) да се најаде до ситост' ~ *боса мома река прегазила,[шо и зела ду два златни српа,[да нажније росна дитилина,[да нарáне јунакова којна* [ТГ,164]; ~ *дистúн ду́ши другáре бúа, јă–кáк. Си́чко им–дáвăхме. Ќи–ј нăрáнăхме, ќи–јáдăа, ќи–пусéдăа и ќи–кинúсăа дă–си–глéдăт рăбóтта* [ПК,2(342)]; ~ *му–вéле нă–тó стáпу: "Слу́шăј вáка, стáп! Нăрáнто ќи–стáниш, ќ–и–истéрăш крáвите дă–пáсăт, ќи–нăпăлниш вóда; ќ–и–нăрáниш кукóшките* [ДК,124]; ~ *зúме адúн кóјн, си–купу́ве, óде уф–цáрут нă–гóсте. Ќ–óде (да) сă–вăрзе óн кóјно. "Нé, прија́тăле, éла ту́ка, ác и́м слу́ги, ти–вăрзăт кóјно, ќ–о–нăрáнат тáм"* [ПК,2(316)]; 2. – (се) 'постави храна, мамец на јадица' – рибарот што лови со јадица на јажето ќе прикачи овде-онде 3-4 јадици што ќе се наранат со црви или со леб и ќе ги остави така да престојат цела ноќ [ТГ,394]; – местото каде што се оставени јадиците со храна (мамец за рибите) се вика ранило [ТГ,393].

нạрáнsa f, bot. 1.Citrus aurantium 'портокал' ~ *пусéстримте пéạт: "Вóди, брáче вóди,] прет кýм да а нóсиш – кум ќа а дạру·ве] дýјна ем нạрáнsa* [ИГ,117]; од истата регија и: наранџа — прв во куќата на невестата влегува кумот и и́ подава јаболко во кое има забодено повеќе *металици* (= ситна турска монета), посестримите пеат: *Ти дадеја, моме, дујна ем наранџа,[ми те канат, моме, дур на чужда куќа,[кајил да са чиниш, реч да не повриниш!"* [ТГ,176]; 2. Нạрáнза – ж. л. име во Гевгелиско [ИГ,127].

нарáсти pf (и: нарасне): 1. а. 'стане повозрасен (пр. за дете)' ~ *нарáсти, мло́гу гудúни пруминáха, стáна куџ'á јунáк'* [MS,t,16]; ~ *утрината остави на мајка ми това пăрстен и рече на неа: ако остани трудна и да роди мома, да га нарасти, да продаде пăрстенот... и да га ужени* [V,PM,58]; ~ *хájди, хájди, пруминáха гудúни, нарáсти на ч'урбаџ'ијата мумáта* [MS,t,14]; ~ *нýзи мáлку, ш'ту сă рудú и гу крăст'ạха Инсáф ... нарáсти* [MS,t.,48]; ~ *и кату нараснаха харну, тогас гол'амојут му рече на татко му: "тати, јазика сакам да ида да си шетам твојта земја "* [V,PM,51]; – во случајот има употреба на додаток за место без предлог: си шетам твојта земја (м. ...'во твојата земја'),

оваа особеност присутна во западното наречје и во егејските македонски говори, на редакторот на Зборникот на Верковиќ не му била позната и ја третира како грешка (с. 51); б. 'стане поголем (пр.: за растение, за рогови и сл.)' ~ *пу́ш'та три́, ч'е́тир листа́ и гу скупа́вами ина́ мо́тика; л'у за нараст'е́ дур на кул'а́нуту ... гу зари́вами курин'о́* [MS,t,5]; ~ *и с'е́тн'ạ за нараст'е́ анало́гус на ни́вата на куве́т'у мо́ж'и да ста́ни дур на крӑсту* [MS,t,5]; ~ *тикфата и́ вел̀е: "Не си нараснала нишчо: јазе ако раста триесет години като тебе, ќе нараста дур на небето"* [ШК,5(С),409]; ~ *роговиту, колку дена проминат, они по-голами са чинат: ден за ден си нарастат, дури векн са не земуват и удајата, и ниту можеа да излезат вӑнк* [V,PM,35]; – употреба на перфективен презент: колку дена проминат, они по-голами са чинат; 2. 'одгледа, исчува' ~ *пуле́к, пуле́к ма́јка м'ạ нара́сти, м'ạ пу́сна и на ш'кулóту* [MS,t,87]; ~ *си́нку, ти́нака и́маш та́тку, ца́р је́ на земја́та... кога́ бе́х тру́дна со́с те́бика, отпре́д не́гу прӑднах, и о́н си разл'ути́ и ме́ изгони́ ту́ка на та́ја пу́ста зе́мја; ти роди́х те́бе и со́с зе́лје ти нара́стох* [V,PM,154]; ~ *фати царју́т, викна на чамурциовата жена и го даде и неговото малко, она да го гленда; он ја храниши неа. Дојде времја, ха нарасти жената и двете малки* [V,PM,232].

нара́ст'ува impf 'станува поголем, односно повозрасен, нараснува' ~ *за пруминáт питнáјси дни с'е́тн'ạ нара́ст'ува, пу́ш'та три́, ч'е́тир листа́* [MS,t,5] ~ *и пуле́к, пуле́к си нара́стуха; д'ӑт'ạту ... с'е́ на ж'др'ӑпч'ӑту, ути́ва, гу хра́ни* [MS,t,31].

нар'е́ва* impf 1. 'подредува, става; прави нешто да биде наредено' ~ *и така́ гу дин̀а́сува ш'и́ч'кију т'ут'у́н' и така́ ста́нуват с'е́ д'е́нгуви и гу нар'е́вами у удајáта* [MS,t,5]; ~ *тогај кумот има хазя̆р кӑтки от бря̆шл'ан та на сите кумови и сватови им дава по една кӑтка бря̆шл'анова си нареват, така и зентјут* [V,PM,249] – уште еден случај на обратен ред на зборовите: атрибутот доаѓа по именката: кӑтка бря̆шл'анова – веќе рековме дека се третира за балканизам; ~ *кату фати хамали да носјат керпичите на корабјут, тој пак ги нареваши нетре на корабјут: от долу ониа клаваши, што имали џифаири* [V,PM,190]; ~ *ги наре́вами пря̆ву пря̆нч'киту, му прумúнами на с'а́кој пря̆нч'ка и ино́ кару́лч'а* [MS,t,6]; 2. 'изговара, реде зборови' ~ *и тој кондиса тамо на едно дрјаво стреишта неа, и фати да свири сос јазикот и нареваши тиа думи: "јазе сам господин Костандин, твој л'убов"* [V,PM,176]; в. нӑреде.

нарежда* impf 'нешто заповеда'; в. наренди 5. ~ *о́ти та́тку–ни ви́ќе нӑ–мо́јше д–о́де дӑ–ги–пя̆рче́кува, дӑ–н'о пузна́т, о́ти Ту́рци сѐ уф–нас, уф–дика́но, уф–дво́ро чак и́ат, е ут што́ те́јко и́ч не́ уди́л, му–нӑ–рйздали, ка́тӑ–ве́чӑр уф–нас и–нуси́ли кумúтто* [ПК,2(320)].

нареже pf 'со притисок од ножот направи нешто на парчиња, или (во случајот) направи црти врз некој предмет' – додека русилиште играат во дворот, еден од нив со ножот ќе нареже крӑст над вратата, тогаш *тефтер–баша, питропот* и еден *русилија* ќе влезат во куќата и ќе го подадат дискосот кон домаќинот за да фрли еден металик (= турска пара). Народот верува дека куќата над чија врата *русилиште* ќе *нарежат*

крӑст ќе биде берикетлија, а болестите не можат ниту да се приближат (до куќата) [ТГ,224].

на́рек* m 'тоа што е определено, наречено' ~ *си жа́л'а ма́јко, ри́зико] ри́зико, ма́јко на́реко* [ПС(З),73].

нарен adv 'редум, еден до друг' ~ *тогас чобанот извади кабачката, ја отвори, на секој човек ланџица даде, бонела, нож и прочее. Сички нарен седјаха* [V,PM,176].

наренди (и: нареди)* pf 1. 'намести некои работи по ред', в. нар'е́ва 1. ~ *на дру́гајут д'е́н' ра́нуту враш'и́луту зӑј хазӑр; за ве́зми сно́питу, за ха наринди́ на враш'и́луту* [MS,t,66]; ~ *за везмат... прăмната, везената чевр̥ја или една ширвета алова, и сос алово прело или коприна за нарендат секакво зелено цавти* [V, PM,247]; ~ *ски́на си срӑка бо̥сил'а́к] наренди́ ја на ча̥лма́та̥* [ПС(З),71]; ~ *тој пак ги нареваши нетре на корабјут: от долу ониа клаваши, што имали џифаири, па отгори наренди празнате керпичи; сал еден карпич остави отгори сос џифаир* [V,PM,190]; ~ *лувѝшчето* (наколната колиба во Дојранското Езеро) *и́ма со́ј, со́ј ги ви́кӑме ти: шо сӑ дӑбуви ко́луве, сӑ зӑбо́ј џӑт уф зе́мӑта пуд во́:та и по́сле ки сӑ нӑре́дӑт кути кӑшча* [ПД(127)]; 2. 'постави нешто некаде' ~ *нӑ–пӑрбра́л не́кој каавџи́й, ко́ј–зна́: ко́лко ду́ши та́мӑ. Има́ло не́ка: ре́ка тӑка́. Та́м та́а ре́ка ма́јкине нӑридѝли, си–клӑва́ли ма́нџа дӑ–пра́вӑт, нӑ–мо́јш сѐ гла́дӑн дӑ–си* [ПК,2(322)]; ~ *се субрале малце и многу,] малце и многу трицет души,] да ми одат паша чаир,] паша чаир на џадету,] наредиле две–три пусии* [МП(В),129] – големиот број на случаи кога именка се јавува како атрибут на др. именка од типот паша чаир (м. 'пашов') зборува дека турското влијание во југоисточните говори било силно изразено; 3. 'среди, приготви' ~ *Не́ вируѝм а́с ни́што. Еми, но́г а́рно виде́х, тӑ–ќи–вируѝм; дӑ–вируѝм! Го́спо и́ма?! Не́к испа́дне, а́с ќо:–су́дум не́го. И–о́н не́ а–нӑридѝл. Ми–дде́л ве́к, се́какви бо́л'ки ми–дде́* [ПК,2(279)]; ~ *ка́к би́ло то:, ка́–ј здадин све́то, ка́к кӑжа́л, зна́чи: ут–то́о дӑрво дӑ не́ јӑјте, ка́ јӑде́ли о̥ни. Го́спо ка́ нӑридѝл не́ко: вре́ме си́чко, нӑпрӑви́л чуве́к* [ПК,2(237)]; ~ *на̥–кни́гӑта̥ би́ло нӑпи́сӑну: "Кӑто́ причѝта́ѐш тӑс кни́га̥, јӑ шта̥–ста́на̥ и шта̥–са̥–о́жӑн'а̥ за̥–те́б'а̥"; ӑга́ ја̥–исче́ла̥, умр'а́лија мӑш са̥–сӑжувѝл и ста́нал... ру́кнӑли мно́гу рудни́ни и нӑр'а̥ди́ли гул'а́ма̥ сва́дба* [ВД(ГБр), 330]; 4. 'прати порака' ~ *Димо пасе сиво стадо,] и го пасе, с кавал сви-ри,] на кавала наридаше:] – Марго, Марго, Маргарито,] куја вечер дӑ ти дојда?* [МП(Д),40]; 5. 'даде наредба, заповеда' ~ *и се́га ца́рут нӑре́дил нӑ–же́нӑ–му дӑ–ӑ–изва́дӑт нӑ–сре́т се́ло, су–плу́нки дӑ–ӑ–да́вӑт* [ВЕв(К),302]; ~ *и учѝта́ло нӑ–на́с ќи–ни–на̥ре́де: "Ви́а̥ ту́к дӑ–се́јте, дӑ–се́јте, дӑ–мируѝфте, дӑ–не́ пи́ските, дӑ–не́ чину́фте" И нӑ–Ки́ро: "Ки́ро ти́ дӑ–гле́диш ко́ј не́ слу́ше, ко́ј не́ мируѝве, дӑ–ми–ка́јш нӑ–ме́не"* [ПК,2(320)]; 6. – (са) 'застане во ред (еден зад друг)' ~ *да и пувел'а́ на сфе́тут да са̥ наре́дат уф тре́вата, и́ли зе́ ти́и не́т лебо́ви и две́те ри́бички, и... благосови́ и и скаршѝ, да му дадѐ... дава́ле на сфе́тут и сӑти јӑде́ле, и сӑ пријӑде́ле* [MV,K,266]; 7. – (са) 'се дотера, се украси, стори да биде со убав изглед' ~ *мар та искарај Златина чумбер,]*

та са прјамјан'аj и са нарјадаj,] и са нарјадаj Златина примјана! [МП(Д),71]; ~ *Доневата мајка мете, пастре,] мете пастре, син ки жене.] – Стани Доне, мили сине,] стани Доне промени се,] промени се, нареди се.] Ја ваа мајка не вирува,] душа берам, ке си јумрам* [МП(В),43]; ~ *чернојоке нивјасту,] имаш дјате маличку,] прјамени гу, нареди гу,] надени му червену,] јопаши му зилену* [МП(Д),18]; ~ *наре́нди сѧ мума́тѧ* [ПС(З),69]; 8. изр.: сjа́ нарид*и́*л (= завршил некоја работа, обично со привилегии) ~ *то́о шо́ сjа́ нарид*и́*л рӑбо́тичкӑта, си–нӑрид*и́*л до́ма, *и́*ма па́ри, не́ма гаjли́на* [ПК(Гӑр)]; ~ *кумши́jте, удде́ли уф–гра́до, си–нӑрид*и́*ли рӑбо́тта* [ПК,2(156)]; ~ *си́те сӑ–нӑрид*и́*а, си–удум*и́*а де́ута, ни́а са́мо сӑ–рӑспра́вме. Не́ зна́м, ни нӑ–не́бо, ни нӑ–зе́мна сум* [ПК,2 (182)]; а́ма о-нӑрид*и́*х, о́ш адно́ш не́ма дӑ-до́jде (= кога во меѓусебна расправија луѓето ќе си изнакажат повеќе непријатни работи'); ми-сӑ-нӑрдѝа за́лцте (= така се изразува човек што се задавил од брзо јадење и храната (залаците) како да му стојат наредени во грлото) [ПК,2 (176].

на́рѐндбѫ f 'упатство, укажување како треба нешто да се направи' [ПС(З), 69]; ~ *и се́га ца́рут нӑре́дил нӑ–же́нӑ–му дӑ–ӑ–изва́дӑт нӑ–сре́т се́ло, су–плу́нки дӑ–ӑ–да́вӑт... не́ма, ма́ло гуле́мо, се–да́ла нӑре́дба сӑта дӑ–вӑрвӑт нӑ–ре́д дӑ–пл'у́jӑт* [ВЕв(К), 302].

нар'е́ндува (и: нӑре́дӑве, односно нӑре̑ду́ва) impf 1. 'става нешто во ред, подредува, пр. садови на полица' ~ *и́ӑт та́м, и́ нӑре́дӑве. Му кӑжу́ве де́тто на̑ ца́рут: "Ут цӑри́цӑта на̑до́лу фа́ти на̑ре́т, на̑ре́т и гле́ди мӑ́же сӑ или же́ни"* [ИГ,112]; ~ *Ту́рчин ади́н прӑпурда̑ва́л пу́шки нӑ–куми́тто, сӑ–вика́л Ѓа́фур ага́. Нуси́л аднуч пу́шки, му–дде́ли ше́jсе ли́ри. Се́тне Ту́рчино фа́jке, уф–тӑ–кви́ сӑндӑци на̑ре́дӑве мӑстӑга́рки и–но́се, и–пруда́ве нӑ–куми́тто, му–зи́ме па́рте* [ПК,2(311)]; 2. 'дава наредба, заповеда' ~ *"Шо́ ми рудила?"... Ко́а о́ди, гле́да ку́че и ма́че! И о́дма нӑридува дӑ–се́ди ду–гуди́на време пут скала̑та зӑкупа́на ду–пулуви́на, дӑ–му ска́пӑт но́гите, за́што дӑ–ро́ди ку́че и ма́че!* [ВЕв(Кр),302]; ~ *"си–излажа́х, дичи́њӑта ги–зе́х и фӑрли́х пу Ва́рдӑр. И ми–дӑде́а ку́че и ма́че дӑ–му–кла́дӑм". И ца́рут на̑ре̑ду́ва бӑргу дӑ–се̑–зе́ва же́нӑта, дӑ–си–изми́е, дӑ–си–изба́jна... дӑ–ӑ–дуне́сите ту́ка* [ВЕв(Кр),303]; ~ *а пӑ кӑ–ќ дуjде́ла та́, ца́рицта – гу́пката, нӑ–н'а́ мӑгре́шки ла́jна и́ дава́ла. Таква́ при́кӑската. Та́ усе́шќе и фа́ште та́м на̑ре́дуве, дӑрвуто гу–се́чӑт, ца́рицта нариди́ла* [ПК,2(259-260)]; 3. – (сӑ) 'застануваат еден до друг' ~ *пуми́нвӑт вра́пците. –"Шо́ пла́чиш, ба́бо, це́л де́н, му ве́ле, ту́ка?" – "Бре, нӑ–мо́ж дӑ–гу–нӑпълнӑм ришетто во́да"... Сӑ–нӑридувӑт сӑте вра́пци, му–гу–зӑти́нӑт ришетто. Си–гу–нӑпална́ува, си–о́де* [ДК, 116].

наресен* adj 'украсен со реси' ~ *шче докара вран'а кон'а,] на кон'а ле сино седло,] на седлото малка мома,] малка мома Катерина –] измијена, изрешена,] на шијата наресена* [МП(Д),78]; ~ *покарај нивестата,] да не оде горе – долу,] горе – долу по чешмите,] приминета, наредена, како китка накитена,] како перо наресено* [МП(К),72].

нарет adv 'редум, еден по еден' ~

фатиха сичките јунаци, си мачиха, не могли нити да ги познајат, кои са по–големи, нити да ги варзат нарет [V,PM,97]; ~ *сéднаха на–рéт, фати́ нéговата л'убóвница да гу бáра, да гу шцитусува на трапéзата* [V,PM,10]; и: нарéт ~ *и́ăт тáм, и́ нăрéдăве. Му кăжýве дéтто нạ цáрут: "Ут цăрúцта нạдóлу фáти нарéт, нарéт и глéди мăже сă или жéни"* [ИГ,112].

наре́че* pf 1.'раскаже' ~ *нарнчé Гóспот на вáа прикáзна: Испаднá јарạцúата да си сéи сéмито му. Да тáму шо сéиши, кój зăрно ут сéмито му паднá на пăтут и сă газá* [MV,K, 273]; 2. – (се) 'стави име' ~ *и толко се карали, дур штели един на друг да се поедат. Тога Бог се нал'утил, та триестето брата дигнал горе на небето да му правет хизмет, и тие се нарекли Дефове* [V,PM,266].

наре́чници (и: нарăчници) pl 'митолошки суштества (од ж. род), коишто на трéката вечер ја одредуваат судбината на новородено дете' ~ *дојде време, родила едно дете, името му туриха Мајдон. На трите дни дојдоха наречниците, да му пишат кăсметут. Една рече: "до трите дни да умри, ча е татку му сиромах"* [V,PM,73]; ~ *и тóјнака, кату земá писмóто, киníса да и́ди. На пăтју излéзоха нáречниците, му вéл'ат: "дáј ни, брé сúнку, от пáзуфата пúсмото, да вúдими, штó пúши!"* [V,PM,146]; ~ *ка утишăл на планнта, тамо гу нашăл Дедо–Госпуд. Рабутил су него три дни и не му збрувал, и сé гу пулил, што чинувал. На вечарта му донесле на Бога измитчијте мо (тиа биле нарăчниците) вичера* [V,PM,266]; поретко, но се употребува и еднинската форма наречница ~ *на чурбаџ'ијата му са páж'да инá мумýш'ка, и́ди стр'ạд'ă нóш' нáрич'нúцата* [MS,t,14]; во Серско се јавува од м. род ~ *и нáрешнúцити, и–тój и слýшал. Пăрвиọ нáрешник му–вúка: "Твá д'áти дạ–ẹ–зрáвọ и жúвọ". Втóриọ вúкạ: "Срéкạ гọл'áмạ дạ–úмạ, а трéтиọ вúкạ: "И нạ–тóạ тạргóвец дạ–му–јáди имáнитọ"* [ЛК,107].

наридéн (и: нареден)* adj 1. 'нешто ставено во ред, едно до друго, како што треба' ~ *нă дéсно úма удájка (зạ гóсте), нạпрáво трéмче, нă лéво килáрче. Килáрчто зạ синдýцте, пустéл'та наридéна тáм* [ИГ,119]; ~ *уддéме Сикúрник дă–сéдме, áдни тýрцки кăшти пăлни гýбре. Шó вúкăт вóшки, сúчко, ój тă–сéди. Сéди нă–мигдáно, а пă гóли бúме. Нúа бигáме, сúчко, сúчко си–устạвúме, нарéдино* [ПК,2(341]; ~ *уф–ýстта тúй дéк сă–нарéдăни зăбито сă–жлибúни, а тúй нăпрéј шо–сă, ги–вúкме дудáци* (покажува на усните) [ПК,2(237)]; 2.'облечен со убави детали' ~ *покарај нивестата,] да не оде горе – долу,] горе – долу по чешмите,] приминета, наредена, како китка накитена,] како перо наресено* [МП(К),72]; ~ *мома стоје јуф Дунава,[јуф Дунава, крај Дунава,[тенка бела преминена,[ситно, дробно наридена,[ситно, дробно јуплитена,[дробни китки наридена* [ТГ,171]; ~ *и тóјнака хрипнá, вјахнá нá цúрното, гу извáди на дóлна земја по–надóл. Тáмо најдé еднá цáрска мóма, накитéна, наридéна, стојáши покрáј едúн езéр, плачáши* [V,PM,134]; 3. 'се кажува за некој што е добро ситуиран' ~ *áма тугáј имáло сăјмéни, нéли. Е, уф–тáа кăшта дéк бúл вујвóта тáм флизéл и сијмéно. Чукнýве, флéве. Гáздạта гу–пúте шó сáке. Он му–вúке: "дă–сă–пулáфме дујдéх. Сáкум дă–вúдум кáк сте нăрéдени;*

слу́шум има́ло куми́те уф–се́лто" [ПК,2(335]; 4. 'одреден. определен' ~ *шо–ќ ти кажум! Тӑва шо–ј нӑредно, нӑпишно ќи–дојде. Не вирум ас ништо. Еми, ног арно видех, тӑ–ќи–вирум, дӑ–вирум!* [ПК,2(279)].

нариен* adj 'закопан (в земја)' ~ *кој ки–м ја плачи мојата младост...] што ме устави и ме заборави.] Ки ме палаш, не ки ма најдеш,] ки се пишманиш, ама по време,] от как ки ме најдиш вов црна земја,] во црна земја наријена* [МП(В),277]; ~ *и ке ме бараш, па по време,] от ко ки дојдиш на мојта гроба,] во црна земја наријена* [МП(В),278].

нарица impf 'кажува, зборува' ~ *засфирил Марку, засфирил,] сас тенка бјала пишчалка]... на пишчалка си нарица: "Вӑрвете моми, нивјасти,] скоро се назат врашчајте,] чи ста заминӑт, поминӑт,] арапи черни манафи..."* [МП(Д),24]; ~ *на кавала нарицаше:] – "Зајди, зајди јасно слӑнце,] да јогрјаје мјасечина,] мјасечина јот барчина,] да изл'ази бјала Неда* [МП(Д),36]; ~ *Диму, Диму дјали Диму,] Диму пасе сиву стаду,] ем гу пасе, кавал свира,] на кавала наричаша: –"Ој кавалу мој другарју..."* [МП(Д),40].

наричјан adj 'именуван' ~ *тој ден часот на шестја си собират јунаци три, прајат бајракот наричјан хламбор* [V,PM,248].

наричува́но adv 'со дадена порака, "пророчено" ' (според преводот на Библијата) ~ *мо́лиши на Бо́га за сфе́тут, и Сфе́ти Ду́х бе́ши навраз не́гу. И бе́ши наричува́но на не́гу ут Сфета́го Ду́х да не ви́ди умре́ш, ду́ри да ви́ди на Христо́с Господи́н Бо́г* [MV,K,313].

наро́си pf 'попрска, покрие со ситни дождовни капки' ~ *ро́си, ро́си, вај Ду́ду́ле, си́тна ро́са, ми́ли бо́же [да наро́сиш са́та зе́мја, вај Ду́ду́ле, ми́ли бо́же* [МЕ(Р),97]; ~ *ej дудуле мили боже,] заврни ми дождовете,] да наросат ситна роса,] да навадат рамно поле* [МП(К),44].

нарочито adv 'кога нешто се прави со одредена цел, намерно' ~ *и–то́ј до́шал ка́сно, единајси, двана́јси са́то, нарочи́то, и ви́ка на–же́на–му: "Ско́рни–го Ме́чо, зе́то, да–и́ди на–ко́нито"* [ЛК,109]; ~ *"Ја́ди". – "Е–па–шо́ да–ја́дам ас. Апна́х дв'а́–три лажи́ци са́мо". Нарочито да–го–исту́ри. Па ви́ка: "Не́–е тва ја́дини за–чов'а́ко, за–али́штата–си. Оти обла́чан. Ас ква–до́јдах ни́кој не–ме–пока́ни, се́а за–али́штата ме–ка́нити", ви́ка* [ЛК,121].

наружи* pf 'подготви, дотера' (примерите многу често се однесуваат на спремање на коњ за јавање) ~ *Марку му веле на млада Марковица:] – ej ти мори млада Марковице,] aj тури се темна кујнашница,] да наружаш мојта брза којна,] мори, да му кладиш седло шиклосано,] да му кладиш узда позлатена* [МП(М),44-45]; сепак сретнавме и случаи кога ружењето се однесува на нешто друго: ~ *oj ти мори млада Марковице,] ... наточи ми две здравици вино,] наружај ми две бели пугачи* [МП(М), 46]; ~ *јајде скоро, мајко, спромени ме,] промени ме, мајко, наружај ме!] војник д–одам, мајко* [МП(М),111].

наруча (са)* pf 'се најаде' (не мора да се поврзува со терминот ручек = пладнина) ~ *и кату се науми това, гу удри по земјата тасот, гу разби. И кату гу разби тасот, от земјата беха изл'али млогу секакви манци, и тој седнал, са и наручал* [V,PM, 277]; ~ *кинисаа, утидеа. Удеки и аскерут дојде. Царувут зет му веле на шура мо: "Ад да поручиме, да*

напкум кă са удриме!" Са наручаа [V,PM,296]; ~ *ја вели: "ej побратими!... кату идех на пăнтјут, гу удрих* (тасот) *от земјата, гу разбих, и беха изл'али манџи млогу и са наручах"* [V,PM,277]; ~ *у–нáс сидéја и нă–вéчăрта, и сăбóттą нă–вéчăрта бúја, и дéу–ти Пéно... Идéја, пúја, сă–нăручáја* [ВМ(Цăр),320].

на́рчи adj 'нешто што ја има бојата на портокал (наранџа)' ~ *ричé Гóспот: Бéши идéн човéк зингúнин; да бéши приминéт на рýба нáрчи и цąрвéна, си радýваши кáта дéн су лúџба* [MV,K,274].

на́рăнч' m 1.'заграб, нарамник (пр. дрва)'; 2. 'скут, место каде што се држи мало дете' [MS,s,73].

нарăча* pf 'даде порака (барање) нешто да се стори, да се изврши' ~ *тогај детенто тури на вогинот от мравјате мишјано, та дојдоха та го чиниха зăрно по зăрно башка. И па нарăчја царот да закол'ат 100 крави да ги готвјат манџи* [V,PM.162]; ~ *и тогас Марин писал една гажетичка, хем ја даде на един негов човек и му нарăчја да пои на Вардарската порта, да чека, кога ки промине чилиби Теодорак, да му ја даде на рăнката му* [V,PM,166]; ~ *питал ... што му нарăчали. Слăнцето му рекло: "Момите ни сја уженјуват, зашто бо еднач ни са сја пред слăнце омили"* [V,PM.284]; ~ *нарăчај, моме, порăчај [кога ки метат пулена [и твојта пулена да а изметат* [ME(P),100]; и: наринч'а* ~ *тогас старата змиа му ја даде кабачката, хем му наринчја: "кога сакаш да ја отвариш, да велиш: "ач асандра" – ки си отвари сама"* [V,PM,176] – со назален призвук; и: наричја ~ *си отишел кахăрлиа на дома му, да ја вели на жена му: "ох, мила жену, как да чинам јазе сиромах, зашто крал'у ме наричја тешка поранка, да му најда 40 јајца с по еден зајк нетре"* [V,PM.243]; ~ *да му ричé: Мóма, стáни си. И сă вăрнá дýшата на нéа, и станá на тóа саáт. И пувел'á да му а дáдат да јáди; и зачудúле тáтко и мáјка му. Па óн му наричá на нúх да нé си кáжат на нúкој тó шо чинúло* [MV,K,276].

нарăчба f'претскажување, порака што ќе се случи во иднина' ~ *ношта чуждинчето момче чуло оти "нарăчниците" нарăчували малката момичка за него, – да биде негова невеста. А момчето, от страх, да не се испăлни таја нарăчба... а зел момичката... и а забодел на един кол* [ШК,5(Г),401].

нąрăчува* impf 1.'ја претскажува иднината' ~ *ношта чуждинчето момче чуло оти "нарăчниците" нарăчували малката момичка за него, – да биде негова невеста. А момчето, от страх, да нé се испăлни таја нарăчба... а зел момичката... и а забодел на един кол* [ШК,5(Г),401]; 2. 'прави порачка' (пр. нешто да се купи) [СК,301]; ~ *чувéко умикнáл, ... тúą óąт, óąт уф–Сóлăн. Тáм нă–нéкуј шиваč нăрă-чуват: éт такви́, такви́ рýби сáкме, кóлко пáри чúнат ќи–си–плáтме* [ПК,2(337)].

нас pron 'долга форма за директен објект од ние' – *Хајде кал'мано до дома,] до дома у нас на госте!] од Бога да најди мају ле,] одгоре нашта кумица.] Чи си ма мене излăга,] излăга...* [МП(Д),52] – изр.: сé ќи-бúде сáмо нáс нé-ќ нă-бúде ~ *сúте рăбóти ќи–сă–рéдат, ќи–сă–свăршýват... сáмо нúа нéма дă–сме млáди, здрáви сéкуј пăт. Ет, тá–ј* [ПК,2 (193)].

нас pron 'показна заменка за ж. род –

онаа' в. нäзи; ~ *ја з'éва нас кни́га Анг'елус Кири́ју, му ракч'éхнува, му пи́ш'и, ина́ дру́га кни́га му да́ва* [MS,t,17]; ~ *иди́н д'ён' пруминá ут нас махалá, ш'ту с'ад'ăш'и цáрувáта мóма* [MS,t,26]; ~ *м'áрими сăс мутуви́луту, кóлку мутувилá за гу трăгними плáтнуту и с'ётн'ạ нас м'áра јă ут'éгнувáми* [MS,t,6]; ~ *нас гуди́на ш'ту и сă с'ăј, д'éсит', дванáјси пăнт'а тр'ăбува да сă скупáј* [MS,t,4]; ~ *фл'ази д'ăт'ạнту у нáс дýпката да вравú, зл'ази на иднó ач'úк м'ăсту* [MS,t,86]; ~ *фáтиха да игрáјат пáк и нáс сă умурú и т'á му вилú: "да пóа дóл да си пýсна вудáта"* [MS,t,9].

насаа́т m 'одговор, совет' ~ *богáтиот кату чý такá, си разл'утил и му вéли: "áма ви́а сиромáсите и знáнте млóгу да врéвите, и не можи нéкој да ви дадé насаáт "* [V,PM,17].

насáва* impf 'кога мајката му дава да цица на бебето' ~ *мáјка насáва малéч'куту* (со исто значење: дујй) [MS,s,74].

насади* pf 1. 'во обработена земја фрли семе за да никне растение, пр. пченица', или пак: 'закопа в земја корен (пр. од овошно дрво) за да порасне' ~ *ко ки јумре гроба ископајте,] сос раце земја нафрл'ајте,] на главата црква направејте, и да рече бог да прости јунак.] На срцето лоза насадејте,] кој ке мине грозје да набере* [МП(В),142]; ~ *Исус и Богородица му рекли: "Ти, шо сакаше да нé утепиш, сега носи един бостан, да ти се платат греховите. Човекăт насадил бостан. Тогава заминало едно дете; то отивало на сфадба. Човекăт му рекăл: "Стој, да ти дадăм една лубеница"* [ШК,(5),439]; ~ *до цвеќето чешма направејте,] кој ќе мине вода да се напије,] и да рече бог да прости јунак,] до чешмата лоза насадете,] кој ќе мине грозде да набере* [МП(В),143]; 2. 'стави јајца во гнездото на кокошка од кои квачката ќе изведе пилиња' ~ *ќи–тýриш јáјца пут–кукóшкạта, óна ќи–ј лéже трú нидéли и ќи–исјкáре пúлчки. Е, тóо сă–вúке дă–нăсáдиш кукóшка* [ПК,2(80)]; 3. 'разместува, растура снопје на гумното за да се врши жито' [СК,301]; ~ *нăсăдúх* (исто: *о–нạслáх*) *врáо, ќи–вăршум вáдин, дóнци кóјно* [ПК,2(80)]; 4. fig. 'уреди некои околности така што одредена личност да има непријат-ности' ~ *нă–рóдин брáт о–нăсăдú, úч óко нé му трепнá* [ПК(Мут)]; сп. ~ *тă–нăсăдú дă–рăбóтиш и–дéне и–вéчăр, сјáа ќи–тј–о: глéде áло* [ПК,2(199)]; или: ~ *чéки* (исто: *чéк*), *чéки, ác ќ–о:–нăсáдум нă–нéго*; од-носно: ~ *árно мă–нạсạдúхте вúạ нạ–мéн* [ПК,2(80)].

насадувајне n 1. 'активност кога се спрема гумното за вршење жито' – еден врах се состои од 80 до 100 снопови, што ќе ги распослат на гумното во вид на круг, така што класјата ќе дојдат од внатрешната страна и на површина за да може полесно да се врши; односнава активност се вика насадувајне [ТГ,340]; 2. в. насади 2; – кокошката се насадуве кога ќе се раскваче и кога сакаме да изведе пилиња. Насадувајнето се врши навечер, за да лежи квачката цела ноќ врз јајцата и да се навикне да лежи. Прво се спрема сиделото, во кое кокошката **ќе** кваче. Сиделото се прави од слама или сено, а се наместува пуд суо, на некое закриено место (пр. во некој кош) [ТГ,401].

насáм adv 1.(просторно) 'кон местото

каде што се наоѓам(е), наваму' ~ *му вели на букосвиеца: "побратими, стани, фӑрли едѝн ка̀мин, ча ... му зема капата и си иди на насам!"* [V, РМ,46]; ~ *ут мра̀ва вр'ӑм'а̣ с'е́тн'а̣ гу гл'е́дат и́ди наса́м сӑс ко́н'у* [MS, t,59]; ~ *и змии́та заспа́ на мо́мини ско́та. И замина́ ма́лко вре́ме, и са пода́де ма́лку магли́ца и вӑрвје́ше наса́м, и мома́та н'а́хтја да гу пуру́ка* [V,PM,260]; 2. (временски) 'кон сегашниот момент' ~ "... *ви кажу́вам, ча еди́н де́н от тога́с наса́м н'а можа́х да ви́дам бел де́н, зашто́ кога́ си нау́мјувам, ка́к ви́каши господа́рот ми, кога́ ја́зи гу би́ех сос камини да гу о́тепа...*" [V,PM,28]; ~ *ут хи́л'а ин'ако́ш'а и́куш'и ин'а́ да на–са́м* [MS,t,6]; ~ *утфа́рат ко́нди ка́та и гу нахо́ждат Пе́тру игу́мину и ут н'е́гу да наса́м и́ма три́ста гуди́ни дур сига́* [MS,t,46].

насвали* pf 'симне нешто, го стави од повисоко на пониско место' ~ *ој другари, чујте ме:] насвалејте малихери,] натурејте ви ножеви,] приготвејте и бомбите,] и врвејте по мене* [МП(К),117].

нас̣е́дȩ* pf 'седне на некое место и остане подолго време' ~ *и–се́а̣ спре́ма̣ нэ̣д'а́ла̣, а́ј се́а̣ орото̣, ќ–и́гра̣т, ќ–и́гра̣т, тва́ вр'а́ми, по́кӑсно̣, до–де́ва̣т сӑто̣, до–де́са̣т, ка́ ќэ̣–нас̣е́да̣т, ц'а́ла̣ ве́чар, ка̣–ќэ̣–нас̣е́да̣т и свира́чити: ба́м, ба́м* [ЛК,121]; ~ *На́–припе́лка̣. Аа, си́ти ќи–си–ка́жими: "Мо́рии! Та́ ве́чар да̣–до́јдити!" Сви́ти дивојки, нив'а́сти мла́ди, уф–кру́г. Ка̣т–на̣–гу́мно. Ќи–си–нас̣е́дими, см'а́шки ќи–пра́јми, мо́ри не́–и за̣–ра̣бо́та̣ да̣–ра̣бо́тими, та̣ка́ да̣–п'а́јми. Ама зна́ѝш до̣–ка́ј да̣–си–слу́ша!* [ЛК,135]; ~ – *Нели ти ме питаш, мамо, право ќи ти кажам,] право ќи ти кажам, мамо, Јесин се јармаса,] Јесин се јармаса, мамо, доло јод Полјани.] – Ако, јако, јако Јајше, ти ќе се наседиш,] на сарај ќи седиш, Ајше, јалтани ќи носиш* [МП(М),138].

насе́дне* pf 'го свитка телото, и со задникот се постави на некое место (пр. на стол, на земја)' ~ *да как си ути́доа и заседна́ле уф ку́ќата, е́ту и дру́зи но́гу имрукчи́и и гре́шни л'у́ди ка си дујде́ле, си наседна́ле су Исус и су Учени́цити не́гови* [MV, К...].

наседла pf 'стави седло на коњ, го приготви за јавање' ~ *тога́с стана́ бра́т му, оти́де на до́ма си, наседла́ ко́н'ат му и гу вјахна́, кини́са да и́ди на ца́рјут* [V,PM,16]; ~ *тога́с стана́ бра́т му, оти́де на до́ма си, наседла́ ко́н'ат му и гу вјахна́* [V,PM,17].

насе́е* pf 'стави, фрли семе во земјата за да изникне растение' ~ *на но́јзте пи́смо испиша́јте,] на сӑрци́то, пи́ле Ста́но,] к'и́тки насија́јте,] ко́ј да̣ поми́не – се́ да̣ си ски́не* [ИГ,108]; в. насади.

нас̣е́ле (сӑ)* pf 'се настани, отседне некаде' ~ *шо́ и́маа ко́ли sигва́ре, сӑ–свӑли́а ту́к уф–стру́мичко, а тӑкви́ куту на́с устана́а. Да̣ и но̣́го сӑ–нӑсилиа, за–то́о сјаа уф–Со́фја и́ма но́го на́ши та́м. Ее–е, си–нӑправиӑ кӑшти та́м* [ПК,2(284)]; ~ *и тӑргна́ме ут–Сики́рник, ту́к ут–Куле́шино, то: пӑт пра́во зӑ–Мо́кринӑ. Удде́ме, Мо́кринӑ пра́знӑ. Нӑсилили сӑ–та́м на́ште бижа́нци по́ра́но, по́а́рните кӑшти-чки тӑка́ фӑна́ли* [ПК,2(80)].

насиде* pf 'насаска куче, го предизвика да биде агресивно' ~ *жена́та му утрина́та не́ пу́сна зе́тјут, л'у пу́сна две́те и дја́ца; оти́доха на ма́ндрата,*

чобáните насúдеха кученшата, ги изjáдоха двéте дéца [V,PM,146].

насипи* pf 'истури, стави нешто, пр. песок, или било какви ситни предмети (на некое место)' ~ *море там имаше сè млади нивести,] сè млади нивести сè со млади деца.] Заповед си даде црквa да запал'ме.] Насипаме мале ситен, дробен барут...* ~ *отишéл отринтá и му насúпали на еднó вăршúло по еднá мjáра от фрет сéмjата и го накáрали "до ýтре рáно акó мóжеш да гú одбéреш – хáрно, и шта та загобúме* [V, PM,258] – пишувачот или печатарот испуштил "ако не" пред: *шта та загобúме.*

насúпува* impf в. насúпи (со исто значење: пусúпува) [MS,s,74].

насити* pf 1. 'направи некој да биде задоволен од храна, вода – да биде сит' ~ *еднó врjáме úмаши еднú самовúлски кéрки, трú сéстри. Еднáта речéˊ: "мéни да ми зéми цáрjувут сúн, сóс едúн тáс мáнца фрéт аскéрут да гу насúтjам!"* [V,PM,46]; ~ *сос един сахан манца неговот аскер да го наситjам* [V,PM,549]; 2. – (си) 'си ги задоволи потребите од храна' ~ *и тjа им вели на рубинките: "ох, мили робинки, кажите на кралицата, и jазе да дojда во нejни конаќja, гăските да паса, на леп да си наситем!"* [V,PM,196]; ~ *му вéли на цáрjу: "éj гиди, тáте, кăсмéт сáм имáла, и си најдéˊ товá jунáче, тáмо га утепá лáмjата: и jáзе си куртулúсах, и фрет човéците да си насúтjат на вóда"* [V,PM,135]; и: насăти ~ *му вéли на децáта му: "а брú сúнку, вúа сегá са чинúхти коцáмити jунáци; не úдити да си главúти на н'ákои чорбацúи, да си насăтити л'áп "* [V,PM,20]; 3. 'човек може да се насити, освен од јадење, пиење, и од играње, богатство и сл. – кога ќе си ги задоволи желбите' ~ *ету една страшна змиа беши изл'ала от орманот, да му вели на сиракот: "сфири ми, сфири, јуначе, јазе хоро да игра, да си наситја на хору!"* [V, PM,197]; ~ *жими деца; две имам на них да не са наситум* (така се колне мајка во двете деца, за да ѝ поверуваат во она што го тврди) [ТГ,320]; ~ *зема другиот ден таистрото и лирата, да утиде па таму, фати да сфири. Пак излезе змиата, фатила да играи, дур си насити и пак му напăлни таистрото алтăни* [V,PM,197]; ~ *сă-нaсúтúх уд маабéте* (= доста ми раскажуваш приказни); 4. 'се задоволи од направената пакост и прекине со таквата активност' – в среда, на последниот ден од свадбата, гостите правејќи шеги кршат чинии, шишиња, бокали, некои одат толку далеку што се качуваат на кровот ги кршат керамидите, го растураат оџакот и сл., а домаќинот не смее ниту *зăб да убеле,* бидејќи таков е обичајот. Ќе престанат откако ќе са *наситат правеќи акарет* (пакости) [ТГ,190]; 5. изр.: сă нaсăтах нă тоз живóт (= изморен сум од животот) [ПС(З),65]; чóику сáмо су-ина рăка прăс сă-насúтфа (= пословичен состав што се однесува на човековата грамзивост) [ДК,107]; нă-мóш сă-нaсúте (нă тóо шó нă-најдéˊ) (се кажува кога некој ужива во туѓата несреќа) [ПК(Мор)]; исто: ~ сă-нaсúштат нă-чýздăта мăка [ПК(Гăр)]; на младуст да не са наситиш! Аир да не видиш (кога се проколнува млад човек) [ТГ,320].

наска pron 1. 'долга форма за директен предмет од заменката ние' ~ *тогај му вéле негóвата,] негóвата стáра мáјка: – От бог, сúну, да си нáјдеш!] Тáја бéше сестрá ти Елéна,] сестрá ти Елéна и зéтот ти идеа за уф наска,* 2. 'во функција: долга форма

за неправ предмет од ние, наместо нам' ~ *кога́ бя̆х си с арами́ите,] во го́рата, плани́ната,] не́ли на́ска ле́бот ни се свя̆рши,] да пушчи́хме до труи́ца,] в до́бро се́ло Борисла́ва,] ле́б да са́кат, ле́б да про́сат* [ШК,СбНУ(1),116]; 3. изр.: муѓи на́ска да уста́не (= она што го зборуваме да не се шири, да остане тајна) [ПК,2(177)].

наскоро adv 1. 'пред малку, непосредно' ~ *напкун питами: "Кој излезе сега наскоро от свадбата?"* [МС(В), 92]; 2. 'во непосредна иднина' ~ *не́ка̨ ми да̨де́ Го́спуд' че́нду, а̨т не́ка̨ у́мри. Нас̨ко́ру му са̨ руди́ла̨ мо́мичка̨* [ПС(З),76]; ~ *ако–ј дивојка бре мили бај Дино,] ако–ј дивојка наскоро ја мажи,] наскоро ја мажи да не те осраме.] Ако је нивеста бре мили бај Дино,] ако је нивеста лулка да му купиш* [МП(В),48].

насл'а́ди pf 'тргне да оди по некого, да го следи' ~ *му дадé жената му саломадáрникот, и тój киníса да úди да зéми ширлагáн, пáк богáтиот гу насл'áди, кату земá кя̆рпáчинот ширлагáн, и киníса да úди на домá му* [V,PM,17].

наслони* pf 'потпре некој предмет до друг' ~ *што ин вели на дружина:] Ej дружино чујте ме!] Наслонејте малихери,] натурејте ножови,] запалејте бумбите* [МП(К),116].

наслуби pf 'стави некого во непријатна ситуација' ~ *јод Бога да најди,] кој Руса наслуби,] на девет девере,] на уосем сня̆хи,] и на четир зя̆лви,] четир л'ути змии* [МП(Д),94].

насм'ӑ̨ј (сă)* pf 1.'со израз на лицето и со артикулација на смев изрази одредено чувство (пр. на изненаденост, на извинување, на радост и сл.) ~ *му т'éкна за нóс ч'ув'áк, ш'ту гу закóли, сă насм'ӑ̨* [MS,t,18]; ~ *тојнака, кога си насмеа, жената му гу и видела и му вели: "мя̆жу, зашто си насмихна?' Тојнака га вели: "жену, не и твоја работа да ми питаш, зашто си насмихнах. Карај си на пя̆тјут!"* [V,PM,81]; ~ *и кога́ збóр чини́ха ца́рјут и сироми́хот, ца́рјут рече́: "óшти ацами́и са, а́ма не́ка да ги уженими, ке да доби́ат у́м". Кату чу така́ зе́тјут, си насмеа́; ца́рјут гу ви́де* [V,PM,114]; ~ *ку́пила смóкви от не́гу и ха́пнала, и си насмеа́ и му ве́ли: "господи́не, дали́ мо́жиш да познӑ́ш, што мара́з и́мам ја́зе?"* [V,PM,29]; ~ *кату му са поклони, му вели: "царју, јазе дојдох да просја твојта мома за мојто дете, чопл'акот". Момата, кату чу това, си насмеја и рекла на татка и́: "дај ми, тате, на него, та нека е чопл'ак!"* [V,PM,245]; 2. 'се потсмева, иронизира' ~ *тогај стана и Бя̆лгаринот, са уму, извади капата си, са прекря̆сти, каде угрјаи слонцето, па си надјана капата. Тогај му рече на Гя̆рциту: "добро утро ви, братќа!" И они си насмејаха на Бя̆лгаринот, кату на пеза* [V,PM,179]; ~ *ве́чирта са–нàвичера́ле, ја̨де́ле, спа́ле. На̨–у́труту ста́вя̆т, си–о́дя̆т. "Е, му–ре́кля̆ та же́нта–му, о́ти ко–изsвига́ ко́јнут и куби́лта ти са–нàсмија́"* [БМ,200]; ~ *о́ца̨та̨ му–ви́ка̨: "От–бе̨ Пе́тре̨ та̨ка́ на̨пра̨ви́ ти́? На́ли ќи–зе́миши, ви́ка̨, ля̆жити, ќи–до́јдиши". "Да̨–се̨–нàсме́е̨ме̨, ви́ка̨, ма́лку, да̨–се̨–на̨для̆жими. Еми, по́го̨л'а́ма̨ ля̆жа́ о̨т–та́а̨ милу́ва̨ш? Ко́лку вр'а́ми потпи́ра̨ши та́м зи́до̨ве́то̨?"* [ЛК,130].

насмева* impf 1. в. насм'ӑ̨ј (сă) 1. ~ *Господ и на него* (на мајмунот) *му вели: "Ето, гледаш тоа човек, шчо седе на ќошето? Ќи ти биде стопанин; ќи ти рани со лешници, орехи и други емише; ти ќи го*

насмеваш со играчките тфој и ќи му смееш и лăжиш децаťа" [ШК,5(В),39]; сп. нăсмеве сă 'низ смев ги изразува своите мисли, чувства' [СК,301]; 2. – (сă) 'се потсмева' ~ *у–у, и она пă–ќи–сă–нăсмéве нă–нéкуј, кóга сúте пéзи сă–пу–н'áа* [ПК,2(80)].

насметка adj (f) 'загрижена' ~ *Росице пуста, Росице,] всекога јо вас да дојда,] все тă насметка намирам,] все жална, все разжалена.] Дăли тă мајка карала,] ил тă са братја бедили?* [МП(Д),148].

насмијачка f 'нешто несериозно, смешка, шега' ~ *и на трита дена ки уживеи... да му сă виделе виа лафови на них кату насмијачка, вии приказни, и не а веруваа* [MV,K ....]

насмихне (си) pf в. насм'ăį (сă) ~ *зашто си насмихна?* [V,PM,549].

Насо (< Атанас) 'м. л. име запишано во Кукушко' ~ *ká сé–ј чинúл тóо Нáсо, чинúцта уф–ýстта сј–áа нóсе* [ПК,2(211)].

насолен* adj 'јадење на кое има ставено сол' ~ *во торбата пиле припржено,] пиле припржено, жено, жено,] ах мори жено женке,] пилето е со сол насолено* [МП(М),165].

насоли pf 1. 'стави сол на јадењето за да биде вкусно, односно да го заштити од расипување' ~ *така извадила сăрцето от прасинто, та другото гу насоли, ча жената и била млого умовитна: знаиши, ча на уврејската книга е писано, кој увреин да можи човешко сăрце да открáди* [V,PM,193]; ~ *га вели: "марú жéну, тајá рúба га земáх динéска за едúн грóш. Гóтви динúска от нéа мăра да идáт мáлкате и дрýгата нáсоли а сос сол!* " [V,PM, 17]; ~ *му вéли: "óх мăжу, хáрно си земáл рúбата и ми вéлиш да гóтва мăра, а дрýгата да га нáсол'а, ами кату нéмами нúти сóл, нúту пипéр, нúту шарлагáн?"* [V,PM,17]; 2. fig. 'кога "невкусноста" на зборувањето невистини се прикрива, се ублажува' ~ *трибýве мáлце да га нąсóлиш* (лагата) [ПК(Мор)].

На-сóлиштето top. 'сточарски термин – место каде што на овците им оставале сол да ближат' (се среќава често во микротопонимиската номенклатура); запишан во с. Дрјаново (Серско) [ЈИ,МИ...,163].

наспие* pf 'кога некој ги задоволи потребите од сон' ~ *нали са си наспала;] два вечера без мен'а?] ја та најдах, јас та најдах,] при моите другаре,] сăс мойте јаркане* [МП(Д), 116]; ~ *и óн му–ă–трăгнýва скáлăта, ă–фăрл'а пóнáка и си–óде. Тúа, кă–сă–нăспáја, сă–рăзбудýвăт, сáкăт дă–сă–свáл'ăт сéга. Пýл'ăт – скáла нéма* [ВК(Тр),323]; ~ *излéгух на–кавинéту, пúх иднó ка:вé, сéтн'и ми–са–прија́ди, утúдух дóма, са–најáдух, пáк дăж'ų'иш'и, пáх си–лигнáх да спúја, са–наспáх* [ВБ(Не),339].

наспри́ту praep 'наспрема (нешто)' ~ *ричé Гóспот на Ученúцити нéгуви: Сéкој човéк тó шо ки ми сă кáжи за мéн наспри́ту л'ýдито, и Човéшноу Сúн ки му сă кáжи на нéгу приту óчити на Господúнцки Ангели* [MV, K,298]; ~ *насприту снáга рóжба Господúн Бóга нáш и Прибуждéн нáшаго Исус Христос (Бужúќ) (Велúќ)* [MV,K,305].

насрди (се) pf 'се налути, се нанервира' ~ *тогај се валија насрди,] извика на јузбашите:] – Ај тргнејти го на страна,] однесити гу чаршија, там нек вика тилалин,] нека се збере народот,] тамо бре да се убесе* [МП(В),129] ~ *дека е мајко Бојана,] што ти си стара станала?] Боја е*

саноќ комшии,] сега е дошла, заспала.] Стојан се луто насрди,] извади острото новче,] та ја прободи Бојана [МП(К),68] – и во двата контекста (првиот од Воденско, вториот од Кукушко) е присутен балканизмот: отсуство на предлог кон додатокот за место: однесити гу чаршија (м. 'во чаршија)', Боја е саноќ комшии (м. 'во комшии'), второ, ја сметаме за превид формата новче (во контекстот од Кукушко), зашто нашите истражувања на дијалектната ситуација во Кукушко упатуваат на 'нохче'.

насред prаер 'укажува дека нешто се наоѓа еднакво оддалечено од крајните точки' ~ *место бӑрке да кундисе,[арисал место, биндисал,[насред село на мирата,[на таја трева зилена,[крај тија чешми шарени,] крај тија води студени* [ТГ,98].

нӑстáви* pf'остави, тури нешто некаде' ~ *и тá ви́ке ки–сӑ–испи́ка сӑта најс–вéјкте и ќи–си–изви́е кужу́рци и пу–идна́ нидéл'а ќи–а–рӑстрису́виш вéјкта–бу́бӑта, ки–си–і– нӑкла́виш у–идна–уда́ја на–про́струм, ти́е по́лни кужу́рци зӑ–мили́на. Е, тӑка́ кужу́рци ќи–си–і–нӑстáвиш та́мка* [БМ,201].

нӑстáне pf 1. 'стане возрасен, порасне' ~ *нӑстӑна́а дéцта са́ке (трибу́ве) д–им рӑздéл'ум имóто* [ПК(Гӑр)]; ~ *од как сам ерген настанал,] девет сам града прошетал,] в девет сам моми зал'убил* [МП(К),145-146]; 2. 'бидне' ~ *ка го видеја сите моми,] сите на нога му станаја,] само Маријка не му стана,] та ки настане јарамијка,] јарамијка лута змија* [МП(М),26]; 3. 'се крене' ~ *ти́ӑ русӑли́јте уд–дéк Сӑлма́ново, ти́ӑ уддéк Амбáр Ќój фӑти́ли са́мо сӑ–бикóл'ӑт и вӑрвӑт. Сé–тка́ óрто гу–бикóл'ат... Тӑпӑнто чýкӑт нӑ–жа́л: да́м, ду́м, да́м, ду́м, а–ру́–сӑлијте ус–кӑлӑ́чките ќи–сӑ–јскó–л'ӑт. И нӑстӑна́ли ста́ри л'у́де кул усӑмдéсет гуди́ни тӑрча́ли та́м ми́ќи ни́х, флизе́ли та́мо* [ПК,2(355)].

Насташија 'ж. л. име во Гевгелиско'. Како поспецифични од истата регија пред скоро еден век се споменуваат следниве машки имиња: Анасташ (Атанас), Акила (Акилеф), Анди-Питруш (ново – дојдено во тоа време со пропагандите; истово објаснување важи за сите случаи во кои покрај името стои *ново*), Анди-Филис (ново), Анго, Апостул, Александар, Аргир (ново), Божидар (ново), Бранко (ново), Вангел', Вано, Вашил' (Шил'о), Вел'о, Глигор, Гоне (Гоце, Ѓорѓе), Дел'о, Димо, Дино (Кустадин), Душан (ново), Ефтим (Ифтим), Зафир (Фиро), Илија (Ил'чо, Ил'о), Јанкула (Јанко), Јоаким (ново), Јосиф (ново), Јован, Јурдан, Кол'о (Кол'чо, Никола), Крӑсте (Ставре), Лазар, Милан, Мил'о (Мил'ко, Михаил), Мицо (Мито, Димитре), Нако, Павле, Петре (Пено), Радумир, Ристо (Ито, Ичко, Индо), Саве, Стојко, Сутир, Тано (Танче), Трајчо, Тодор (Тоде), Ташо, Тиохар, Тодор (Тоде), Тошо, Трајко, Филип, Шарафин (Серафим), Штифан (Штефан, Стифан); женски: Анета (Ана), Анѓелина, Афрудита (ново), Бил'а, Бужана, Бусил'ка, Ванга, Вера (Варвара), Вилика, Гина, Гонда, Гуна, Гуца, Дафина, Доста, Донка, Душанка (ново), Евгенија, Ефемија, Ефка, Зорка, Ирина, Јелена, Јурдана (Дана), Ката (Катарина, Катирина), Кустанда (Санда), Ленка, Ливена, Лисава (Сава), Магдалина (Магда, Лина, Линка), Марија, Марушка, Маца, Милена (ново), Милица, Насташија (Анасташија), Надежда, Неда, Пулисена, Румка, Русија, Руша, Сирма, Славка, Спасија, Стоја (Стојна), Султана, Танка, Тинка, Тона,

Фанија (Фана), Фида, Цофа (Софија), Шикирина, Шинка [ТГ,114-115].

настéнке pf 'наполни нешто до крај, со притисок' ~ *и́ма да гă настéнкум пéчката, ќа–а–зацăрвум* [ПК(Гăр)].

настигне pf 'привтаса некого' ~ *да фркна да си префркна,] да настигна ле Бојана,] да хи искарам јочите,] като два студни кладенци,] да хи јизгризам ликото,] като црвена јабалка* [МП(Д),118]

настил'é pf 1.'постила нешто на широк простор' ~ *за дунис'é на враш'и́луту раж'ани́на, за ја настил'é у враш'и́луту* [MS,t,66]; 2. 'посипе' ~ *мóш' да клад'éш' ниш'ан'ă, на зим'áта пéп'ăл за настил'éш'; и на скáлата пармáку катрáн за гу намáж'иш'* [MS,t,22].

нạсти́не* **pf** 'се поболи од студ и недобра облека' ~ *мă–фạти́ адúн лáдин дóш, нạстинáх* [ПК(Гăр)].

настинан adj 'болен од настинка, преладен' – кога човек седи на влажна земја или на студен камен може да настине и тогаш добива вăрвеж (= пролив) [ТГ,239]; ву Кукушку: нăсти́нин ~ *то: уд–нóго пéјне, уд–нạсти́нка грéздăво гувóре. Гăрлуту мо–ј уд–нăсти́нка, нăсти́нин и гувóре гăрличáво. Имше адúн гу–ви́ка: Гăрлицта* [ПК,2(242)].

настинуве impf 'се проладува, го фаќа настинка'– кога човек седи на студено, несоодветно облечен [ТГ, 239]; в. нạсти́не.

настр'áш'та adv 'на страната што е отспротива' ~ *на–стр'áш'та имáш'и инá мáндра; ч'убáниту ут–стр'á–ш'та ги гл'éдаха пукрáј мéш'л'ăнтá–та ч'ạ и́ма и инó д'ăтинци!* [MS, t,16]; ~ *тогас пак рăжна неговата кон'а, и си отвори морету, и тој сос момата промина настрешта; и, кату излезоха от морету, тогас вели на момата...* [V,PM,236]; ~ *и си фăрлú уч'и́т'ạ, пугл'éда на–стрă–ш'та Алéксандрóту и ви́д'ạ инó м'áсту млóгу хýбаву* [MS,t,60]; и: насрешта ~ *напкун имаше един другар на–срешта, патардијата га чу и как чу и пушката, тăрча и кажа на селото* [МС(В),75]; сп. **Насре́шта** top. 'место што се наоѓа од спротива на с. Герман (Валовишко)' [ЈИ,МИ...,163].

настрет adv в. настрид'á ~ *ка дујдé настрет ут Велúгден, утúшăл Исус, сạ закачú на И...–то и сạ прикажýваши. Да па Чифýтите сạ чудúле, éм вел'áле: Как вóа знáј книга, не учéн?* [MV,K,256]; ~ *и а нóсиши сáм крăстут на рáмото; испаднáле да утидéле на мéстото шо му вéлиа Глáва, Чифýцки му вéл'ат Голготá; тáму шо гу раскрăстиле на нéгу, и суз нéгу зájно друзи двéми́на, идéнјут ут иднáта стрáна, па другјут у–другата да настрéт на Исус* [MV,K,293]; и: насред ~ *место бăрке да кундисе,[арисал место, биндисал,[насред село на мирата,[на таја трева зилена,[крај тија чешми шарени,] крај тија води студени* [ТГ,98] – според наши сознанија во гевгелискиот говор групата -ср-, се изговара со вметнато –т- (-стр-), но сепак го предаваме како што е запишано.

настрид'á adv 'кога нешто е еднакво оддалечено од краиштата, односно што се наоѓа на средина' ~ *и вилú ... : "ни фарл'óвам на дăнуту, за фăрл'а на стрид'á !"* [MS,t,69]; и: насред'á ~ *Гóспот познá нéговата клéвета, и затовá на–сред'á пăт'у си заоблачú небéту, вати тéшко да грамú* [V,PM,16], односно нăстрéде ~ *дéка сичéл óн имáло нăстрéде иднă–бýка, úсе шó бúло, бúла прáзна* [ПК,2(80)]; ~ *лисúцата му–вéле: "Јáс мóжăм дă–сýдăм, áма*

дă–сă–утвúе ут–тúлут, дă–зăстáне нă–пăтут дóлу. Јáс ќи–зăстáнăм нăстрéди и ќи–сýдам: кój–е крúф, кój–е прáф" [ДК,137].

настуде (са) pf в. нàстúне – кога човек силно ќе настине тогаш го лекуваат на следниот начин: ќе се загрее вода во кутел, внатре ќе стават малку синапуво семе, лушпи од крумид и малку сол, потоа болниут ќе ги стави нозете до колена во водата, и самиот ќе седне, ќе се намести така што пареата ќе му доаѓа в лице. Преку глава ќе му стават дебел покривач ич издух да не зимуве (= да не вдишува воздух), добро да се напаре и спотне; некои се мажат су нишадăр (салмиагас). Други се лекуваат поинаку: ќе земат околу 100 гр. лута ракија и десетина суви лути пиперки, што ќе ги иситнат и ќе ги стават во ракијата; на ова ќе му додадат и малку зејтин, ќе го загреат на жар, но без пламен, бидејќи ракијата може да се запали. Потоа со оваа смеса ќе го истријат болниот по целото тело и добро ќе го покријат за да се испоти. Често се употребуваат и миндузи (специјални чаши што се ставаат на грбот на болниот). Доколку е настината и главата тогаш се маже су газија – петрулеум, а се става и синап [ТГ,239].

нàстăпва* impf в. настăпи 2. ~ *Ká бигáме ли? Пáсăхме нис–пóл'то. Гăрцте уз–дóл ká нàстăпваа, сă–глéјше бúл' ká úдаа. Нúà фăтúме дà–бéгме, а пă уд–дóл адни бугáрски вујнúци тáм нà Гàрдúштто нáше, нăт сéлто, прăпукáа* (*Гàрдúштто* < градиштето – име на место што често се среќава во македонската топонимија) [ПК,2(290)].

настăпи pf 1.'притисне со ногата, згазне' ~ *бајрак си заводе,] јăф средја хорото,] кон за бајрак вăрза,] та си ми са фати,] за крајна дивојка,] дваш хоро јобиде,] триш мома настăпи,] шарăни чорапе* [МП(Д),114]; ~ *на пат ки стретам малкај девојка,] кај што излеве од вруќа бан'а...] полека карај брзата кон'а,] ќе ми настăпиш пандофлите,] везени пандофли и бели нозе* [МП(К),181]; ~ *пулека си терај, лудо,[твоја брза којна,[да не ми настăпиш, лудо,[меснати ми пети,[меснати ми пети, лудо,[на бајна бајнани* [ТГ,157]; 2. 'навлезе, се пробие кон одредена цел' ~ *ој ти лојзе, лојзе ти дојранско лојзе,] право ке ми кажеш дал ке настапиме,] дал ке настапиме во Дојранското Поле,] дал ки настапиме ил ки отстапиме* [МП(К),136]; 3. 'се појави (некаде)' ~ *Турци викат – Алах, алах!] Ура, викат комити.] га разбере цела Европа,] как се бијат комитите.] Седум души настапија,] седум души там паднаја* [МП(К),116]; – пример за редукција на е во и во туѓи зборови: Европа < Европа.

настăрве (сạ)* pf 'се привикна на некои погодности' ~ *си–бúл едéн уфчáр, имáл óфци, árно áма сạ–настрвúла днá мéчка и сéкуј дéн му–земувáла пу–днá óфца* [ВГ(М), 273]; ~ *сијала мома црвена лоза винова,[ја уд лоза си црвено грозде јубаво,[ја уд грозде си црвено вино јубаво...[она курдисала сред село мијана јубава,[се настрвило едно лудо младо јабанџијче,[пило што пило два дни ми, три дни, четири* [ТГ,156].

насăбéре (сă)* pf 'на едно место ќе се најдат повеќе луѓе (предмети)' ~ *на úтринта дéн шó и пу петóкут, сă насăбрáле Старéите и Ф–ите на Пилáто, и му вéлеа: Афéндо, си а смилúхми* (смислихме?) *óти тáа*

лăжа шо рéкал, жúв бидéки: пу трú днú нáпкун ки застáни [MV,K, 289] – во контекстот имаме уште еден случај во кој првобитниот гл. прилог бидејќи се јавува со зачувана глаголност, а не како сврзник: жúв бидéки; ваквата функција во долновардарските говори е обична, а не е позната во нормативниот јазик.

насăлзен* adj 'кога некој е расплачен, со солзи во очите' ~ *а бре вије кукушани,] што сте толку нажалени,] и со очи насăзени.] Как да не сме нажалени,] кога в село чудо стана...] Гоце Делчев го убија* [МП (К),115] – песната е запишана од бегалци од Кукушко, што живеат во Струмичко и оттаму формата насăзени, со ă за некогашното вокално л, бидејќи таму така се реализира; сепак во насловот ја претставивме кукушката форма.

насăрчи pf 'даде потстрек' ~ *на него најстина толку гу ареса селто су негувјут башка–мурлија живут, шо ма насăрчи да зем да написам* [МЕ(Р),70].

натáзјакá adv 'на ова место, тука' (?) ~ *з'é–јина глáвн'а ут вóгн'у и прул'éтна пáк за да си дójди натáзјакá* [MS,t,23].

нạтáка adv в. нататак ~ *и тóгăш стрил'áчут – трéс! Ґáвăлут уд–зé-мин – ґáвăлут нạтáка пájґа, дивójкта нạвáка пájґа. "Чекај, добро, му–веле, ти и не са–уби момта"* [БМ,196]; ~ *ги–видéло мáчто: "Мă-рл'áу, мăрл'áу, мjáу, éе, прijáтăле, дéкójте?" "А–бе,ójме нă–плáнинта, гúби бé". "А–бе, дă–дóдум и–јác?" "А–бе, нúа другáре бăркме. Ајде". И мáчто сă–кăчýве нă–мăгáрто, вăрват. Пó нăтăкá ги–вúждe питéло* [ПК,2(275]; ~ *Струмá сме гă–вăрвéли, а нé знајáли сме дéк úма пăт дă–пумúнме. Вујнáта сè нă–искăрáла. Дóда и другáта дóда вујнúци г–искăрáли, сè лăкáтци, лăкáтци удúли. Сjá: нăтăкá ќ–ójш, пá нăтăкá ќ–ójш, нé прáво д–óдиш. То: сă–вúке лăкáтци* [ПК,2(321)].

натамами* pf 'надокнади, направи нешто да биде точно (*тамам*)' ~ *утиде, му веле на офчарут: "Аде, пубратиме, сега нимо саќи пари за житто, ами на кило двеста офци да саќиш, пак да си натамамиш офците"* [V,PM,294]; ~ *са чини една зла скапиа, фатиа уфчарето да идат за жито. "Валла" риче (офчару), "јас пари нејќум, офци сакум: за секое кило пу двеста офци". Си и натамами па офците, са чини па ќаја* [V,PM,294].

нататак adv 1. (просторно) 'не тука, онаму, настрана' ~ *вилú на ж'инáта: "ут н'éса да натáтак тáс кăш'та и тóс пиривóл' тфój зă–ј!"* [MS,t,47]; ~ *тогáс дjáволут му вéли: "úди си; по–нáтáтак ке да нájдиш дрýг кату мéни, негу да гу питаш!"* [V,PM,147]; ~ *"...тинака пак това што ми чини на меника, ки ти прошта̀вам, дур дека сам жив ". И така си оделиха, тојнака нататак, старио на тамука"* [V,PM,33-34]; 2. (временски) 'за напред' ~ *ут ýтр'ạ натáтак Гóспут' знáj, как за проми-н'éми* [MS,s,74]; ~ *си устáнах јас ивдувéц ... и живóту ми н'éса сáхатá (млóгу бéт') да ут утр'ạ натáтак Гóспут' знáj* [MS,t,3]; ~ *тос тас да гу имаш млогу на ихтибар и от сја нататак, кој ки иди да мели на воденицата, хак да не зеваш* [V, PM,278]; ~ *кату отиваха на пăтју, три–четри дни нататак најдоха един јунак, којто моретy гу смрăкаши сос устата му* [V,PM,44].

нататакан adv в. нататак ~ *л'у фáти да га пúта на жáбата, дали úма и дрýги жáби сос нéа. Жáбата му*

велú: "óшти единájси жáби úма". Тогáс га утепá жáбата и га намрáда нататакан [V,PM,28]; ~ *кубилата што била тешка, на пàтју метнала, и тојнака излези та гу зема жрјапчиту, гу фарли нататакан на една страна* [V,PM,94].

нàтáтки adv в. нататак ~ *избигá нàтáтки* [ПК(Гăр)]; ~ *бéги нăтáтки, нúм сă–бýти* [ПК,2(81)]; нăтáтки ~ *óди пó–нăтáтки дă сéднум и éс* [СК, 103].

нат'àнхá adv 'насамо' ("во четири очи") ~ *устáна з'éнт'у и нив'ăстата думá и тугáс нат'àнхá гу пúта: "ут ш'то сój си ти?"* [MS,t,15].

натемáго 'да биде проклет' (се кажува за ѓаволот) – во Воденско, во Мегленско нáтима 'проклетство' [BV (M)119]; сп. нăтăмá-те (= да ти се сневиди) ~ *нăтăмá–те и дéтто, шó árно мă–нàсмијá;* или: *нăтăмá–ве и дéцта, дéк сă–кăчýфте тáмка* [ПК,2(81)]; исто и како клетва: *нăтăмáте и чувéкут* (= да бидеш проклет, анатемисан) [СК,103].

нàтéпа* pf 'изудира, нанесе повреди' ~ *áк мо–j, нéк гу–нăтéпат, зéр цéл дéн éj немúрин, ус бóрна сj–o· бăрке* [ПК,2(205)]; ~ *стритéл нă–пăто нéкуј лувúја, му–ричéл: "Шó бе вúкиш нé излéве?! Нúă уд–нóк шéтме пу–зájци, пу–шо–дéj дă–фáтме, а тú ќи–ни–вúкиш: нé излéве, нé излéве". Фăтúли, гу–нăтипáли* [ПК,2 (302)]; ~ *пá у–пúте пóпо: "Jáринце, бéглинце, глáдно–си, жéдно–си?" "Ми, глáдно сум, жéдно сум". Пóпо нăтéпе и жéнта* [ПК,2(233)]; ~ *уф–сăрпцко бúше нóго лóшо, уф–сăрпцко дă–вújш кăквó бúше: ќи–зéмаа нă–чувéк ќо·–нăтéпаа. И–у–сăрпцко нé бúше живóт, нéмише живóт* [ПК,2(282)].

натéра pf 'принуди некого да направи нешто' ~ *мајка му сум ја натерал,] на сина кандил да свете,] браќа му сум ги натерал,] за Асан дрва да цепат,] сестри на Асан сум терал,] за Асан вода да носат* [МП(К),87]; ~ *много сам мајки расплакал,] Јована мајка највише,] татко му му го натерав,] сина на ражајн да пече,] мајка му му ја натерав,] печено месо да јаде* [МП(М),55].

нàтéрува* **impf** в. натера ~ *е, имáла адна жéна двé ќéрки. Ама едната бúла нéјна, а дрýгăта зăвáрна. Она сè мăжуфта ќéрка а–нăтерувáла, а–нăкăрувáла дă–рăбóте* [ПК,2(301)].

натика pf 1. 'кога некој се жали затоа што сторил нешто добро' – и на просјакот кога му се дава секогаш се мисли дека се раздава за душа на умрените... Кога се раздава за умрените не треба потоа да се жали ако некој (просјак) зел поголемо парче. Од таквото давање мртвиот нема да има никаква корист, зашто му го натика и тоја што му даде [ТГ,34]; 2. – (си) 'влезе на брзина (некаде), се сокри' ~ *Георги как зе страх, как си натика там на тиквите и ич не сборувами* [МС(В),80].

нàтúкне* pf 1. в. натика 1.; 2. – (сă) 'се облекол со топла облека, се спремил' ~ *шó си–сă–нăтикнáл тóлко, сăнки вóнка кáмине вăрнăт;* уште: *áдна кáпа нàтикнáл ду–ý·ште* [ПК,2(197)].

натимúса pf 'проколне, односно исклучи од црквата'; в. натема-го ~ *нé мóжи нéкој да рабóти измиќáр на двé áги; óти или иднóто ки си милýва, и на дрýгут ки гу каскандúса; или на иднóто ки му пумáга, па дрýгут ки гу натимúса* [MV, K,264]; ~ *па кóлку мúна ут тúи Граматúцити си рéкле мигý нúх скúршно* (< скришно): *Вóа човéк натимúса* [MV, K,265].

нạтјáнин* m 'жител на с. Нãте' (на Кожув Планина, населено со Власи) ~ *бегај Јован бегај, бегај да бегаме,] бегај да бегаме јод то пусто Зборско,] ето дека идат лошите натјани,] лошите натјани со пушки на рамо]... јони право јидат за то пусто Зборско* [МП(В),113].

Натка 'ж. л. име запишано во Кукушко' ~ *не плачи Натке, не жели џанам,] мајка те дала на место богато,] богато место куќи високи.] Натка продума на стара мајка:] пусто јостанале куќи високи* [МП(К),76]; ~ *Кол'о на Натка говори,] Натке ле Натке убава,] чекај нѐ Натке, чекај нѐ,] додек триш петли запејат,] није ке дојдме стројници* [МП(К), 152].

наткáва* impf 'на разбој исткае, додаде дел на платното' ~ *наткáвам инá плускá, гу звáж'дам с'ётн'ạ ч'умáку* [MS,t,7].

наткãл'ви pf 'победи во натпревар: кој ќе посече повеќе дрва' ~ *јунак си иде на брдо,] и си хи са мол'аше: – "Мãр Гајтано, Гајтано,] хајт да идем в гората,] та да кãл'вем, да сјачем!] та да си са наткãл'вем!] л'ако та ја наткãл'вã,] шче ти зема ликото"* [МП(Д),184].

натоварва impf в. натовáри ~ *и през нãшта натоварва ги нéз мулета умр'алите и ги испусне кãде искат да идат мулетата... На нóа чув'ак са останали парите* [ВД(Ка),335].

натовáрен* adj 'тој што носи товар' ~ *и дјáдотó му кáзал: "Да са вãрнеш, сúнко, дá му потéраш пет кóн'а натовáрени: едúн сос пченúца товáрен, друк сос мéт, и едúн сос прóсо"* [V,PM,256]; ~ *та му дáл ќосéто пет кóн'а натовáрени сас што пойскал* [V,PM,256].

натовáри* pf 'стави на грбот на добиток (или на друго превозно средство) извесни работи (товар)' ~ *и бјазарѓáнина пúснал едúн тјалáл та прикóпил л'о што имáло фаф касабáта сижиме, канáпја, хóртоми, та натовáрил н'ákој двéсте арабú* [V,PM,256]; ~ *мар та погл'адни низ јасно небе,] мар изл'азла ли ја звјазда деница, звјазда деница, баш керванџијцка! Мар та назоби девет биволици...] мар та ги напој до рујно вино,] мар та натоварјај тешка кирија* [МП(Д),95].

натопи pf 1.'намокри нешто со прскање' (со вода или др. течност) ~ *саноќ седам, пиле, под пинцерки,] саноќ ронам дробни саузи,] чеша саузи, пиле, сам напаунау, а риза сам натопау* [МП(М),130]; ~ *сетила се вечер мома ми Румена,] на ода да идја, лице да јомија,] лице да јомија, коса да натопи.] Одоздолу иде едно клето Грче]* [МП(Д),138]; ~ *– Ej мор мале, стара мале,] ја подај ми ладна вода,] да натопам тенка јуста.] Одговара млад собаша:] – Неси моме при мајка ти,] ти си моме при собаша* [МП(М),100]; 2. 'стави нешто во течност' ~ *и он му викнá, да ричé: Тáтко Авраáм, прóсти ми, и пúшти на Лáзар, да си натóпи на крáнинто прãстин уф вóдата, да дójди да ми сã разлáди изúќот* [MV,K,274]; 3. 'ја навади земјата (обилно)' ~ *дудулува мајка стрет море седе,] с кова вода лије на дудул го прске,] дај ми боже дај ми, дај силни дождове,] ајде да натопеш сето рамно поле* [МП(Д), 138]; 4. fig. 'разлади, освежи' ~ *"Стујане, Стујане,/ милин ми ти мãжу!/ дај ми капка вино,/ гãрло да натопам"./ Кога гледе Стујан,/ бочви испуштени* [ТГ,330]; ~ *при кого*

ќи ме уставите?] Кој ќе ми вода дунесе?] да си натопам устата,] да си наладам срцито [МП(М),71]; 5.'насапуни, пред бричење' — во сабота навечер, пред свадбата, во куќата на младоженецот ќе се приготви топла вода, брич и сапун и ќе го повикаат младоженецот да дојде на бричејне. Потоа ќе ги повикаат свирачите да свират додека го бричат младоженецот. Еден од побратимите ќе го натопе и ќе повика некое дете, кое е сус мајка и сус татко, тоа прво малку да тргне со бричот [ТГ,168].

натóчи pf 1.'со помош на специјален камен, со триење, направи ножот или секирата да бидат наострени, лесно да сечат' ~ *и р'éч'и на с'éстра–му да пój на димирџ'ијата, да му натóч'и калăч'ката* [MS,t,51]; 2. 'развлекува тесто, го прави на кори (со помош на сукалка)' ~ *шчо ми са си кахăрлиа,] дăл си гола, ил си боса,] запретни са, засукни са,] да јумјасиш чисти л'абе,] да наточиш и баница,] тă шче идим ју дјадови* [МП(Д),96]; 3. 'налева (пр. од буре во некаков помал сад) – обично се точе вино или ракија' ~ *најружај ми до две брзи којне,] наточи ми две здравици вино,] наружај ми две бели пугачи,] премени се руба невестинска* [МП(М),46].

натóч'ин adj 'нож (или секира, или коса и сл.) што убаво сече'; сп. наóстрин [MS,s,74];

натпјаји* pf 'победи во натпревар: кој поубаво пее' ~ *хајде граганке да пјајем,] да пјајем, да се натпјајем!] лă јако ма граганке напјајеш,] да ми јодрјажиш крилцата,] крилцата до раменцата* [МП(Д),183]; ~ *граганка си му думаша:] – "Иди си збогом славејче,] мен'а ми стига славата,] чи сам славејче натпјала"* [МП(Д),184].

натплати pf 'даде пари повеќе отколку што чини нешто' ~ "... *и сам сегá отслáбнал та не мóга за да хóдем, и ти са мóлем да ми донéваш катá ýтрина мл'ákуту от охцéте прјáсно, да ма хráниш, и кóлко шта ти ńзем, шта ти плáтем и нáтплáтем"* [V,PM,261].

натупен adj 'нешто што е ставено во вода (или во друга течност)' – верување: ако се случи во селото некој да умре, а пасмото (преѓата) не е симнато од мутувилуто и не е натупену, тогаш треба (кога ќе го симнат), низ пасмото три пати да се провре мачка за да се отстрани лушутијата [ТГ,366]; в. натопи.

натуп'óва (сă) impf в. натопи ~ *ја звáж'дами т'éнџ'ирáта сăс ш'ирóпу, ја тýрнувáми на врăх баклавáта, сă натуп'óва и фáш'тами ... да јид'éми* [MS,t,8].

натуре* pf 1. 'стави нешто (некаде) во голема количина' ~ *млад Секула по нивеста појде,] по нивеста за Варадин града,] си оjдели таман натурили, натурили девет коли трн'е* [МП(К),53]; ~ *што ин веле на дружина:] Ej дружино чујте ме!] Наслонејте малихери,] натурејте ножови,] запалејте бумбите* [МП (К).116]; 2. 'достигне (до некаде)' ~ *ајде, да кинисам долгите патишта,] ајде да натурам зилени ливади,] ајде да си најдам лика спроти мене* [МП(М),39].

натýрле (се)* pf 'се држи на високо, се прави важен' ~ *кá сé–ј нạтурлúл* [ПК,2(169)].

натфăрли* pf 'фрли посилно (повисоко) од другите' ~ *сăбрали сă пубрали,] седемдисет јунакă, осимдисет осим јунакă,] да ми фăрл'ат,*

натфрл'ат.] Кој убруси миранза,] тој ста земе муманă [МП(Д),47]; ~ *Бужано, моме, Бужано,] Бог да јубиџе татко ти![што си прудаде чифлику́т,[двеста погуна ливади,[триста погуна угаре![там ки се собур субере,[тешко џилезо да фрл'ат,[који ти натфрле џилезо,[тој ки ја земе Бужана* [ТГ,92].

натăжен* adj 'насекиран, загрижен', в. натăжи (са) ~ *сéа си–дујдéн уд–Гă-рџја, трúјсăт гудúни нé снă–видéни. Знáјш–ли кáк ми–бéше сăрцту натăжéну дă–си–вúдăм брáтче, дă–си–вúдăм ут–кýјкта нéкуј* [БМ, *202];* и: натажен* ~ *свадба ки правàт, брат ти ќи го женат,] а твојта мајка надвор седеше,] надвор седише тажна, натажена,] тажна натажена бога се молеше:] – Дај ми бре боже крилја соколови* [МП (М),103] ~ *си дочула негва мила сестра,] брат се жени неја не ја кане,] се расплакала ем се натажила.] Тогаш вели најголемио син:] Зошто плачиш, што си натажена* [МП(К),51].

натăжи (са)* pf 'се насекира, го опфати жал' ~ *рекăл на жента–мо: "Жено! Ќ–одум на чуждина да ќарувум!" Одил, одил пу пăтут, му са натăжило, си вел'ал на умут: "Децата ми и уставих, отглади ки ми умрат"* [V,PM,272]; ~ *си дочула негва мила сестра,] брат се жени неја не ја кане,] се расплакала ем се натажила* [МП(К),51]; – *Му са дудеало от напилесии, станал па кинисил да оде на чуждина. Одил, одил, па му са натажило, па са вă-рнал* [V,PM,272].

натăкми pf 'подготви, среди (нешто)' ~ *купú óшти дéсет корáби, и едúн пăрв гимициúа фатú гимúите, ги напăлни имáни такóв, што тре-бýваши на Цариград, ги натăкми и кинúса* [V,PM,14]; ~ *гу завéдја за ракáта и на еднó ќушé фаф ходаéта отлýпил му едúн кáмен, и пот кáмен'а едúн казáн алтăн'а. И му рекăл харáпина: "Катó тéраш от Гóспот и Бóг, за тéбја ги е натакмúл да едéш и пиеш* [V,PM, 254]; ~ *граждането сă чјудили как таков џарски чјул'ак шта кондиса в такавă кăштă, в котрă саде мăжо си бил, и затова на другă кăштă натакмили хи кунак и изл'азли да јă посрешт нат* [V,PM, 283].

нăтăртено (< нăтăртено место) n, adj 1. 'место помодрено уд удар' – се лекува на следниот начин: со истолчен кромид се обложува удреното место да не се аволандисе, т.е. да не отече, а потоа треба да се најде свежа кожа уд штотуку заклан овен и да се стави на нăтăртеното место [ТГ,238]; ~ *нóкта џéлта ме–ј–нăтă-ртина;* 2. 'со напрчен задник' ~ *вúд–јо кăкóф ej–нăтăртин, алúс кут нéкаа жéна* [ПК,2(80)].

нăтăрче* pf 'дојде со трчање' ~ *сă–нăтăрчáа Тýрци, кój сус–бăлтúа, кój шó нăјдéл. Пýшки прăпукáа, дујдé адúн Тýрчин, плáчме нúџ, нéма дéка д–óјме. Сă–субráа тáма Тýрци* [ПК, 2(357)].

нăубле́че* pf 'кога човек ќе стави многу облека врз себе' ~ *кá сé–ј нăубличéл, чúниш вăрнат кáмине* [ПК,2(156)].

наука f 'систем од знаења за појавите во природата, техниката, општеството и сл.' ~ *на идно училиште сне јодиле, на идно училиште сна јодиле,] на идин стол сне сиделе.] Заминувам за Русија, заминувам за Русија,] заминувам за Русија за гулема наука, наука* [МП(М),149].

науми* pf 1. 'помисли' ~ *тój му*

вилй: "хйч' парй да ми ни дáваш'и, тузй, ш'ту гу наýм'ăх, пóýбав'ą да м'ą уклавéш'!" [MS,t,19]; 2. – (се) 'се присети, си спомна' ~ *и утйди дур на клáјąнцу на кумлýку, там сă наýми, сă вăрна насáт'* [MS,t,41]; ~ *ги брујй тóс, гл'éда, с'éдим ч'атáл'ą йма; и тугáс сă наýми тój за гудиницата* [MS,t,19]; ~ *брăкаха дрăвé да му стóр'ąт крăс, тугáс сă наýм'ąха: "вин'ăти ги н'éс гр'éнди да крастóсајти гу на т'ăх!"* [MS,t,45]; ~ *амá забрáви да пйта и за гăската и утйди дур на клáјąнцу на кумлýку, тáм сă наýми, сă вăрна насáт'* [MS, t,41]; 3. 'се размисли' ~ *и ч'урбаџ'йјата сă наумй: "тój, ш'ту гу фăрлй мáлкуту, тузй зај бајá!"* [MS,t,17]; ~ *и кату гу фтаса на пăнтјут му вели: "е ти, побратими, што знаиши, ча за падна о–дарвото, знаиш и кога за умра! молим да ме кажиш". И тој са почуди, што да му рече, си науми та му вели: "ти побратими, за си жив ошти три дена, после за умреш"* [V,PM,225]; 4. 'се одлучи, се реши' ~ *тогај зева пушката да ги отепи и двата там, дека си науми, пак вели сам: "по–харно е да оставим за утра таја работа"* [V,PM,163]; ~ *плакаха, што не можаха да гу најдат детенто живо. Тогас пападјата си наумила, та фати, собера коматите наедно ги залепи и фати сос зминината трјава гу помаза детенто, јужувјало* [V,PM,216]; 5. 'посака' ~ *една жена се бане на морето, от којато сонце грее, та и него засенила. Л'у ја виде, и му се наумило да ја залиби, ала не може ништо да устори, дур не земе изим от стара си мајка* [V,PM,265].

наýмјува (си)* impf в. науми (си) ~ *"... ви кажýвам, ча едйн дéн от тогáс насáм н'а можáх да вйдам бел дéн, зашто́ когá си наýмјувам, кáк вйкаши господáрот ми, когá јáзи гу бйех сос камини да гу óтепа и от тогáс насáм не é кабйл сéкој вéчир дýр да не дójди на спанéто ми"* [V,PM,28].

науружан* adj 'тој што има оружје со себе' ~ *ветар да подујне магли да растргнат,] магли да растргнат, реки да присекнат,] реки да присекнат, момци да заминат,] момци да заминат, момци Македонци.] Наште Македонци се науружани* [МП(В), 134]; в. нăуружа се.

наýт m. bot., Cicer arietinum 'зрнесто растение, се пече и се добива леблебија (= вид храна, но не е основна туку за каснување)' [BV,118]; според Саќов: нахýт (во Кукушко) [СК,301].

наутлија adj 'се кажува за пита што содржи наут' – кога жената сака да потфати наутлија квасец, таа прво ќе се измие, ќе се исчешла и ќе се затвори сама в соба. Тогаш ќе земе сден грăст истолчен наут (= непечена леблебија) и околу половина ока брашно, па од тоа ќе замеси (со млака вода) тесто. Некои во тестото стават помалку од стариот квасец. Тоа тесто ќе го покријат со чиста крпа и ќе го остават покрај оган да кисне [ТГ,366]; ~ *чýвум нăутлйа квáс, зă–Прăбрăждéн ќи–мéсум нăутлйа пугáча. Нăутлйа пугáча сă–прáве ус–нăутлйа квáс, а квáсо сă–прáве ус–нăýт и шикéр* [ПК, 2(80)].

на-ýтринáта adv. 'времето кога се разденува, кога се јавува сонцето, наутро' ~ *јас с'ąд'ăх идйн в'éч'ер, стáнах на–ýтринáта, си утйдух у мójта братуч'éнка* [MS,t,2]; ~ *вéл'а на мájка: "јас за си пóда у Сулýн пăк!" и стáнах на–ýтринáта ... и утйхми дур у Лагадйна* [MS,t,2].

научéн adj 1.'привикнат на нешто' ~ *"м'éн'ą мájка м'ą йма науч'éну сăс*

ли́рину јорга́н да м'ạ пукри́ва" [MS,t.50]; ~ *де́тето са́каши–нека́ши, оти́де да копа́и. Кату не бе́ши науче́н на таква́ ра́бота, и от мло́гу захме́т, от пе́к слӑ́чоф, от мло́гу топлина́ си разбол'а́* [V,PM,150]; ~ *нај–малката мома беши нај–хубава и на–марифетлијка̀. Имала та и едѝн га̀лӑб научен сос неа и, дека да гу пушташи, работа битисуваши* [V,PM,62-63]; ~ *вели: "така не е научен тојнака да спие, л'у научен е да му носат вода от далечна чешма сос ришето, та да пие и така да спие"* [V,PM,104]; и: ну́чин: ~ *ка́ ре́кла "о́х", изле́га̀л "Ох" и де́тто гу–јскъра́л; а́рно а́ма де́тто не́ н–у́чино. "а́с – ре́ка̀л – ма́ле, не́–с нӑу́чих нӑ–знӑа̀т"* [ПК,2(255)]; ~ *ут–та́ма дуј̀де́ме ту́ка. Уф–Сики́рник пӑ́рви, адна́ нидел'а сиде́ме. Не́ ги–ариса́ло нӑ–на́ште де́дуфци, о́ти до́лу – Пустула́р, не́ би́ли уф–таква́ ва́лта на̣у́чини* [ПК,2(293)]; 2. 'образован, учен човек' ~ *одạ́т на́учницу́то и–Насрадин Оџа го–пи́тạт: "Ко́гạ ќи–припа́дни све́то?" Он му́дар, и–о́н се̣–нạсм'ал на̣–ти́ạ три́ че̣ти́ри ду́ши, ти́ạ на́учни л'у́ди, се̣–нạсм'ал и ви́ка̣: "Ха́,ха́, ха́!"* [ЛК,120].

науч'и pf 1. 'стори некој да усвои одредено знаење', односно: 'покаже некому како треба да прави (изработи) нешто' ~ *м'ạ науч'и́ п'е́т', ш'е́с гра́мати да зна́м ко́лку за да ж'ивово́вам* [MS,t,87]; ~ *му вили́: "за ти да́м о́ш'ти пари́ да по́ш', да на́јдиш' иди́н пса́лт хубав да т'ạ науч'и́ да пса́лӑш"* [MS,t,26]; ~ *тога́с кадиата му му ве́ли: "а́х чорбаџи́, ги не́маш ха́рно учени́ ти́а де́ца, ти остраму́ват". И тој: "а́ми ка́к да чи́нам, ефе́нди, ету што си научи́ха така́?"* [V,PM,25] – во контекстот имаме присуство на глаголската конструкција има (нема) + гл. придавка (што се третира за балканизам): ги не́маш ха́рно учени́ ти́а де́ца; значи придавката се согласува по род и број со предметот; 2. – (сă) 'се стекна со некоја умешност' ~ *учи́л, учи́л, јӑде́л, пија́л та́м адна́ гуди́на вре́ме. Иде гуди́нта, и́де си–до́ма. Ама–с–нучи́л музика́н, пӑрва́к* [ПК,2(270)]; ~ *излезе́ при е́зера, на кра́јут се́днал и чу́ши жа́бите, как кр'а́каа:... и са́каши и то́јнака да си нау́чи жа́бин јази́к* [V,PM,28]; ~ *му вили́: "на т'е́с пари́ да по́ш' да на́јдиш' иди́н ху́баф да́скал да са науч'и́ш' да п'ӑ́ш'!"* [MS,t,26]; ~ *има́ш'и иди́н катигити́с и ш'е́тал дуќа́та ш'и́ч'ка и сă и науч'и́л мло́гу ут ш'и́ч'ку* [MS,t,37]; 3. – (сă) 'изучи занает' ~ *ца́рут гу–ви́ка чо́јкут и–му–ве́ле дạ–о́де дạ–гу–зе́ва на́јгул'е́мут си́н дạ–гу–упи́та да́ли сă–нау́чи зана́т... На́јгул'е́мто де́те му–ве́ле дек сạ–нạ́ўчӑл ма́лце* [ВК(Ра),322]; 4. – (сă) 'дознае нешто, се извести, разбере' ~ *утрина́та, кату са научиха гражда́ните не́гови и комши́ите, са почу́диха, де́ка да и доби́л то́ј на пет–ше́с годи́ни толку сто́ка* [V,PM,16] – во контекстот среќаваме употреба на сврзникот да со комплетивна функција, во комбинација со литературното дека: са почу́диха, де́ка да и доби́л; вакви случаи имаме регистрирано повеќе; в. во граматичкиот дел; ~ *сига́ му вили́ на визи́рину: "за ти да́м питна́јси д'е́н'уви мухле́т, да по́ш' да сă науч'и́ш' ш'ту вил'а́т н'ӑ́с, ш'ту ги пи́сахми на тифте́р'у"* ...; ~ *з'е́ва и иди́н диса́ј̀к ли́ри, трӑ́гнува да по́ј да пи́та да сă науч'и́, до́ј̀ди на крајо́ на с'е́луту* [MS,t,40]; ~ *фа́ти да сă см'ӑ́ј*

з'е́нт'у: "ш'то́ м'ạ пи́таш' , ут ш'то́ со́j–сă?" ... "и́ш'там да сă нау́ч'а!" [MS,t,15]; ~ *кугá дójди дин'ó да сă паруш'ujáса на цáр'у, утúди на палáт'у да му кáж'и, ш'ту сă науч'и́* [MS,t,41]; ~ *пи́та, д'е́ ja прáв'ăт ќупри́jата, да сă науч'и́* [MS,t,24]; 5. – (сă) 'се привикне на некој (на нешто)' ~ *кату ле́гна да спи́ị со́с мăжó и́, му ве́ли: "мăжу, ти́нака ти́а де́ца та́ка, ка́к ги научи́, не́кој пăт ки ти остра́мjат"* [V,PM, 25]; ~ *една́ би́шка катаде́н бе́гаши. Бишката си научи́ла, ката де́н от ста́дото бе́гаши каде́ гора́та, ча́ та́мо има́ло две бра́тќа* [V,PM,115]; ~ *научила сă кăзăм Тудора,] вечер на јода нимој да ходи,] се утром, утром по месечина.] Там си ми најди ја лудо младо,] ја лудо младо кон'а напива* [МП(Д),126].

на́учник* m 'тој што се занимава со истражување, со наука' ~ *ода́т на́учници́то и–Наср̣ади́н Ода го–пи́тат: "Ко́г̣а ќи–припа́дни све́то?" Он му́дар, и–о́н се–на̣см'а́л на–ти́а три́ че̣ти́ри ду́ши, ти́а на́учни л'у́ди, се–на̣см'а́л и ви́ка̣: "Ха́,ха́, ха́!"* [ЛК, 120].

науч'о́ва* impf в. науч'и [MS,s,75]; и: ну́чуве ~ *Ара́пино ви́ке: "Ба́бо, о́ш–адна́ гуди́на ќо–уста́виш, две́ гуди́ни, ви́ке, не́к–у́че'. Па́ о–пу́ште до́л ба́бăта. И па́ у́че та́а гуди́на. Си́чко сă–ну́чуве* [ПК,2(268)].

нафака f 'судбина, среќа' — народот верува дека на треќата вечер се одредува и кăсметут (= среќата) на новороденчето. Околу полноќ се симнува Господ со ангелите од една страна, а ѓаволот од друга страна, и се натегаат околу детето: чие е и кој треба да му ја одреди нафаката (= судбината). Му ја одредуваат и Господ и ѓаволот, но нафаката од ѓаволот може да има сила само до крштевката, бидејќи тој ден преку детето пуминува крăст и детето се одрекува од *ѓаволут*" [ТГ,110]; — на заедничката вечера на свадбата прв благословува кумот, со чашка в рака: ~ *Дубре са субраме и дубре фтасаме! Госпуд ни пумаге, здраве ни даде, ил'ада утидеме, ил'ада и еден дујдеме. На новјут гост Госпуд нова нафака* (среќа) *да му даде! Сус таква радуст Госпуд сите братја да и зарадуве, и дека треба да вăрне! Ваја гудина винчаме, Госпуд да пувеле уд гудина воја време мăшко дете да крстиме! Уџакут да гу пудновиме*" [ТГ,184-185].

нафал adv 'напразно, без основа' ~ *и он тогај кату на нафал му рече: "ти ја давам, хем от сега твоја нека е!"* [V,PM,164].

нафиле adv в. нафал ~ *море нашјут базирѓанин две сандука алтуни има. Што играш ти? Имани млого сака, па, ако немаш, хич ми изваждаш нафиле!* [V,PM,23]; и: нăфиле́ ~ *нăфиле́ дујдéх ду ту́ка* [СК,301]; ~ *уддéх а́ма нăфиле́ ми–биде́ о́дăнто;* или: *нăфиле́ сă–ма́чиш* [ПК,2(81)].

нафура f 'од религиозната терминологија – залче леб откршен од светен леб, литургија, се дава на верниците заедно со винце кога е причесна' — кога ќе заврши литургијата тогаш пристапуваат кон причесна (прво мажите). Нафурата се става на пангарут (нешто како маса, стои на страната од каде што поминуваат верниците), кој како ќе се причести зема од нафурата и си оди дома" [ТГ.86]; ~ *ти да месиш, Катерино,[ти да месиш литургији,[литургији, Катерино,[литургији, панагији,[литургији за уф цăркви,[за уф цăркви за нафура* [ТГ.100]; уште: – тие што држат *тримери*, што

постат, на третиот ден рано наутро одат в црква да присуствуваат на литургија и потоа секој од нив добива по чашка света водица (од Богојавлен'е) и парче нафура [ТГ,13].

наф(ă)рле* pf 1. 'стави повеќе работи на едно место, но без ред' ~ *пушка пукна, јунак там ми падна,] јоно викна, бог да просте јунак.] Ко ки јумре гроба ископајте,] сос раце земја нафрл'ајте,] на главата црква направејте* [МП(В),142]; ~ *чије това што се ѓурѓа,] мајкино е, татково е.] Дека да го нафрлиме,] во сред село во Попови,] тамо има лепи деци,] лепи деци со таткови,] со таткови и со мајки* [МП(В),18] – во контекстот среќаваме проширена употреба на множинската наставка -и и кај именките од ср. род: лепи деци, иако се работи за песна, сепак ќе укажеме на можноста за влијание од несловенскиот елемент ; дотолку повеќе што слични примери имаме забележано и во прозни текстови; за ова в. во граматичкиот дел; 2. – (се) 'се устреми кон некого со намера да му нанесе повреди' ~ *уфчáро кóа гу–видéл ус–мăлéчкото кýче, пǫчнá дă–сă–смéе, óти óн имáл нóго кучúн'а и тóа гулéми. И óни óдма му–се–нăфрлúле нă–мăлéчкото кýче* [ВГ(М),273]; 3. – (сă) 'се измести, премине од едно место на друго' ~ "децата одат по селото викајќи: *"Кол'де, олелеле!... Дај ми, бабо, кулаче, да ти је живо малаче"* (= биволче), кога ќе се вратат дома кулидачката ја фрлаат што подалеку од дома, верувајќи дека и болвите ќе бегаат од нивната куќа. Тој ден обично секој се загледува во дворот и на покривот, плашејќи се некој да не ја фрлил кај нив кулидачката, па и сите болви од комшиите да се нафрлат, да преминат кај нив [ТГ,80]; 4. изр.: гу-нăфăрлú кăбáато (= обвини некого без основа) ~ *гу–збéрăт сéлто Кăркýтно уф–штúри плéмни: жéни, дéца, д–ýхо и ги–нăпăлнăвăт, ги–нăпрăскăвăт гáзја, ги–зăпáл'ăвăт... И, кá úде кумúсјăта уд–дóло, нéкаа еврупéјцка кумúсја, рéкла: "Кój ги зăпалú?" Они гу–нăфăрлúли кăбáато нă–Бугáрто* [ПК,2(312)]; сп. нафăрле бол'ка (= со магија и уроци "направи некој да се разболи") – се верува дека има случаи кога човек, особено дете, може да нагазе, да се разболи ако некој посредно или непосредно му направи магија или му нафăрле бол'ка [ТГ,227]; може да са нафăрле и рана (тоа се прави така: болниот, тој што има рани ќе земе некој орев или крушка, и кога никој не може да го види со споменатиов плод ќе ја натрие раната и ќе го фрли на улица со зборовите ~ *"кој ки а земе, кој ки а апне, на него рани, на мене здраве"*. ова ќе го изговори три пати, и откако ќе го фрли (плодот) повеќе не смее да се сврти на таа страна [ТГ,234] – суеверие.

нąфąрлýва* impf 'остава на куп некои работи со фрлање' ~ *тąкá ќи–нáпрąјми в–ęднá сóбą висóкǫ кąт–нą–крéвąт, и–ǫзгóри ќи–пǫстéлими б'ál чąршáф и–ќи–нąфąрлувáми лúстą ǫт–цăрницą кąт–ќи–изл'áгąт цăрвитǫ. И–тúą цăрфчинą сè пǫ–лúстąтą–сą, јąдáт* [ЛК,136].

нафтаса* pf 1. 'пристигне' ~ *на вечăрта нафтасáле самовúлите* [ВV,117]; 2. в. нафтасуве – девојките избегнуваат да се мажат во големи семејства, бидејќи не ќе можат да нафтасат *ни на леб мисејне, ни на вода пусејне* [ТГ,281].

нафтасуве impf 'успева да заврши нешто' – често пати на стројникот му зборуваа: *"Будала сум да одум*

уф тија ѓупци! Ни на леб са нафтасуве, *ни на вода са наносуве!"* [ТГ,280].

находи pf 'нашета' ~ *неја мајка не пушча,] ни на јода, на пл'ава,] ни сăс моми на хоро...] разбол'а са мајка и...] тогаз са Кал'а находи,] и на јода, на пл'ава,] и сăс моми на хоро* [МНП(Д),76].

нахожда* impf 1. в. најде 1. (открива нешто оставено, заборавено) ~ *и така ката ден нахождали на дворут по две–три карагроши. Един вечер сиромахут зема един карагрош сос негу и отиде на владиката* [V,PM, 39]; 2. 'гледа, забележува' ~ *на двóру кундúсува и сл'áва ут кóн'у ... утфáра врáта́та и нахóж'да цáрува́та мóма да спú* [MS,t,21] – уште еден случај на употреба на сврзникот да со комплетивно значење: нахóж'да цáрува́та мóма да спú (м. '... дека спие'). Споменатава функција на сврзникот да не е позната во македонскиот стандард; ~ *утфáрат кóндика́та и гу нахóждат Пéтру игýмину и ут п'éгу да на сáм úма трúста гудúни дур сигá* [MS,t,46]; ~ *утúва дур на инó м'ăсту у гура́та, идúн глăмбóк дóл нахóж'да* [MS,t,16]; 3. 'среќава' ~ *гу научúх мла́дојут óл да óри, пóвикето јáз рабóтех, дýр да гу наýча, и сегá, кáту остарéх ету пóвики, ме изгонú... тá не трéбýва илúк да чúни човéк нá нéкој, чá сéтника зло́ на́хóжда"* [V,PM,138]; 4. 'затекнува' ~ *ш'тó да ја вúди бахч'áта? зерзибúл ја нахóж'да; фáшта да му цúка: "ш'тó гл'éдаш'и ти тýк, ш'ту ж'úвини сă фл'áли, ја сă змáч'кали бахч'áта"* [MS,t,33]; ~ *гу нахóж'да пак плáч'и; "ш'тó плáчиш'?" – гу пúта* [MS,t,31]; 5. 'пронаоѓа' ~ *и тój ги з'éва парúт'ạ и трăгнува, утúва, нахóж'да идúн дáскал хýбав и са пазáр'ăт да гу науч'ú да п'ăј* [MS,t,26]; 6. – (си) 'постои, го има (некаде)' ~ "...*да úдам на господáро ми, да му закáрам тúа верисúи, што му собрáх от човéциту, ча и он не знáј, дека си нахóждам, и, ако е кăсмéт, пák мóжи јáзе да си чúнам твój зéт* " [V,PM,22]; ~ *ќосéто са разидúл та на трéти пăт го привáрил и му рекăл: "Дóбра срéшта!" И дéтето зажјадн'áло... та го запúтало, кадé са нахóжда вóда да пúјат* [V,PM,257]; ~ *от калугера кату си научила, дека си нахожда неин л'убовник ... полека–лека отишла на онова грат, сос цар'ут дослук фатили* [V,PM,192]; ~ *ч'урбаџ'úјата си клáј сăс умó, óти Гóспут' сă ни нахóж'да, за ш'éта ... и за сă загýби* [MS,t,14]; 7. изр. слеп си нахожда (= прави непромислени потези) ~ *и тојнака са чуваши млогу да гу не загуби кадрото. Но човек кога са чува, тога повики* слеп си нахожда [V,PM, 52]; ~ т'ạ нахóж'да диш'тúхима 'ти се случи несреќа' [MS,t,9].

нахра́ни* pf 'даде храна (на човек или на животно)' ~ *и си дójди на вич'ерó; пак утúди на кóн'ч'ạту да гу нахра́ни* [MS,t,31]; ~ *и сă богу мол'аши, мол'аши:] – фати боже росицă, росицă,] дă навăдим пченица, пченица,] дă нăхраним дјачицă, дјачицă* [МП(Д),24]; ~ *оj пиленце гласовито,] гласовито, красовито,] што си толко нажалано,] нажалано, наплакано,] со куќите изгорени.] – Оj пиленце гласовито,] напој ми се, нахрани се* [МП(В),119]; во посеверната регија (од Долновардарско) на-ране* ~ *"Е–ва́а, ви́кăт, Дýнна Ѓузă-ли́це, тúạ нé знáат дă–јáдăт,*

кили́мто извăл'áа" "А–удéјте, рéкăл, нăрăнéјте деут, ас ќи–нăранум детто" [ПК,2 (299)].

нацепе pf 'кога дрвото (со помош на секира) ќе го стори на парчиња' ~ "кога сватовите ќе дојдат кај невестата, посестримите на поткумникут му пеат: *Стани ми, стани, танка Ванѓелино,[борна да нацепиш, огин да навалиш,[огин да навалиш, каве да ми свариш, којна да напојиш, којна да назобиш* [ТГ,177].

нацирка* pf 'извлече млеко (со притискање) од вимето на овца, крава и сл. – измолзе' ~ *им вели: "скоро побрати, да најдити една крава, да га заколити, да га одерити кожата, да га чинити мјах... да нацирками мојте офци, да га напăлними млеку"* [V,PM,63].

нацúкува impf 'развикува' ~ *р'éч'и за да стáни тój, нацúкува т'á: "трă-ч'áти кумш'úји"* [MS,t,37].

нацăфти* pf 'кога растение (пр. цвеќе или дрво) ќе развие цвет' ~ *изникнáлă пиринýгă, изникнáлă пиринýгă,] Чубáн стóę пă–гă–глéда, чубáн стóę пă–гă–глéдă,] рáсни, рáсни пиринýго, рáсни, рáсни пиринýго,] дă–нарáсниш, дă–нăпýкăш, дă–нарáсниш, дă нăпýкăш,] дă–нацăфтиш, дă–нăпýкăш, дă–нацăфтиш, дă–нăпýкăш* [ЛК,131]

нăчáлник* m 'тој што е одговорен, што заповеда со некоја група' ~ *еднó вр'áми, éвę–гă змúатă дóвă, остáвă тáм парúти и–сę–врáшт'ă. И–тúă пó–нéă, пó–нéă, гă–вид'áлę у–кój бăúр, дéкă, уф–кóи м'áстo. Н'ákoи дóлчę тáм, дéк и–бúлo сędé-лoтo, дéкă óди. Одат, нă–нăчáлникo му–кăжýват...*

начапарено (< начапарено место) n (adj) – кога некој ќе се набоде на голема шајка, односно на голем трн (глог), местото се вика начапарено. Раната прво треба да се напаре (да не земе вода, т.е. да не загнои): ќе се земе жар врз кој ќе се капне малку зејтин, или ќе се стави малку свинска маст и врз пареата ќе се држи начапареното. Потоа раната се лекува како секоја посекотина [ТГ,239].

начерви (се) pf 'си стави црвило на лице' ~ *набели се, начерви се,] да ми одиш во градина,] да набереш цвете секакво,] да ми идеш в гора зелена,] да го видиш Делчо војвода* [МНП(Д),170].

начинен adj 'направен, приготвен' ~ *"Још̀те сум јас, лудо, мала и малечка,[мала ем малечка на дванаст гудинки,[још̀те немум азăр дари начинени". – "Мори моме мори, јубава дивојко,[колко пари чинат твоји тенки дари?"* [ТГ,199] – уште еден пример за присуството на "балканизми" во југоисточните македонски говори: глаголски конструкции од има (нема) + гл. придавка и тоа пак во првичната фаза кога придавката се согласува со предметот на кој се однесува: немум азăр дари начинени; ова веројатно има врска со фактот дека текстот е забележан пред стотина години (в. во граматичкиот дел).

начини pf 'стори, направи' ~ *рече: "таја работа, жену, харна е, што начини цар'ут, ама сакăн да не кажиш на нéкој"* [V,PM,32].

начичкан adj 'нешто што содржи многу деталји' – дикајната (= дрвена направа за вршење) од долната страна е начичкана со кремен камења и специјални ножеви, та кога се лизга (дикајната) по врауг (= снопје распослани на гумното) и врз неа седи човек, таа ја дроби и ја сече сламата и ги одделува житните зрна [ТГ,340]

Начо 'м. л. име запишано во Драмско' ~ *нен'о Ингилино,] френгова невесто] зашчо ме лăжеше,] за*

Карлова Гинка?] тја си јӑ оглавена,] за Вал̆ӑова Начо [МП(Д),157].

нача f 'роднинско име, жена на стрико (на брат од татко)' [MS,s,71].

на́чне* pf 'го направи првиот потез, започне нешто (пр. да јаде)' ~ *"Мă–ви́кат дă–кă̆рстум". Изле́зе нă–во́нка, о́де та́м нă–то̀ пикме́зо, нă̆ла́пкă̆–се, о́де прӑ–Ку́м–Вӑлчто, се́де. "Ка́ му–клӑде́ и́мă̆то?" – пи́те то̀. "Ближе́ш, ближе́ш, ре́кла, нă̆чне́ш". Дими́к гу–нă̆чна́ла ќу́по* [ПК,2(226)].

на́чорбаџијски adj 'она што му припаѓа на "надчорбаџијата" ' ~ *аку са́каш, се́ди ту́ка сос ме́ника да ти и́мам ка́ту че́ду, да ти ужéнам сос една́ на́чорбаџијска дивójка* [V,PM,25] – во случајот имаме употреба на партикулата за суперлатив 'нај' во форма на. Односнава скратена форма е навлезена од соседните влашки говори коишто претходно ја позајмиле од македонскиот јазик но ја редуцирале од 'нај' во на; еве уште еден пример регистриран во Кукушко: ~ *не ја канил негвата милна сестра,] не ја канил от је сиромашка,] сиромашка гиди јунерџијка,] јунерџии много кавгации,] – ин говори на–големио син* [МП(К),53].

наш' pron 1.'тоа што ни припаѓа нам' ~ *т'а́ гу пи́та: "д'е́ за по́јми?" Тој вили́: "за си по́јми на на́ш'та ца́рч'ина"* [MS,t,23]; ~ *уф–Шикирли́а нă–мужéх да–ви́дум на́ш чуве́к. Кӑштте виде́ме, а́ма на́ш чуве́к не́–зна́м, не́ виде́ме* [ПК,2(277)]; ~ *риче́: Зна́ими о́ти во́ ни и си́н на́ш, и сле́п шо си роди́; как гле́да се́га не́ зна́ими; во́ и голе́м, на не́го пита́јти* [MV,K,259] – со двоен сигнал за посвојност: во ни и си́н на́ш; ~ *Митјо бојажијче,] да не ми минаваш] през нашата порта,] и да не ми лă̆жиш] младите невести* [МП(Д),156]; ~ *ма́јка–и ка́зува с'е́тн'а на та́тка–и: "на́ш'та мо́ма и́ш'ти да е́зми на кафеџ'и́јата измиќа́ринут за мӑнч'"* [MS,t,84]; 2. 'со именска служба, со значење на нашинец' ~ *што́ и́маа ко́ли сигва́ре, сă–свӑли́а ту́к уф–сру́мичко, а тӑкви́ куту на́с устӑна́а. Да и но́го сă–нă̆сили́а, за–то́о сја́а уф–Со́фја и́ма но́го на́ши та́м. Ее–е, си–нă̆правѝӑ кӑшто та́м* [ПК,2(284)]; 3. изр.: на́шта-ј нă-две́ (= не сме решиле, се двоумиме) ~ *не́–зна́м да́л' ќ–о́дме. На́шта–ј нă–две́* [ПК,2(180)]; неје уф наши рӑци (= не зависи од нас, немаме можности) – кога имаат дома болен човек лекар повикуваат ретко, болниот се остава на природата и на својата судбина, ослонувајќи се на она: *ако има век; ако е дадено; ако саке Госпут; неје уф наши рӑци* и сл. [ТГ,284]– овој материјал (од Тановиќ) е собиран скоро пред еден век.

нашандрӑк m 'замка (ил'мек) направен од угламникут и запнат на долнта вилица на коњот за полесно да се управува'. Тоа се прави ако коњот е аџамија и не сака да оди право, туку излегува од патот и оди овде-онде да пасе [ТГ,284].

нашара* pf 'нацрта, напише нешто (без ред)' ~ *тије, като чикале, чикале да дојде, отишел един од них, и като го видел во реката, му рекал: "Шчо правиш, побратиме тука?" Тој имал га кӑлӑчката во рӑцете. Тоги нашарал и рекал: "Ќ–о дигнам теја место, да тече ис тука"* [ШК,(5)437].

нашива impf 'прикрепува едно со друго со помош на игла и конец' ~ *бате ле, бате Стојане,] ни сă̆м вечера зготвила,] ни сă̆м расклала столове –] цал ден ми дјате викаше,] цал ден му капа нашивах* [МП(Д),32].

нашинец m 'близок човек (по место на раѓање, по националност – како

што е во контекстот)' ~ *меѓу народот и еден поп.] Алексо вели гојворе:] – Оре бре попе, мор попе,] ако бре попе ти си Грк,] вратут ти да си искршиш,] ако си попе нашинец,] чини се ду мен поблизу* [МП(Д),129]; во Кукушко регистриравме на́шӑна̄ц ~ *тӑргна́ме, и́дме зӑ–Пе́трич. Ду–Пе́трич уде́ј(ки нӑпре́т о́јше е́јн на́шӑна̄ц. Би́л ма́лко ус–кумите́то, куту сӑ–бо́: ут–Гӑ́рцте* [ПК,2(220)].

нашинче n, в. нашинец ~ *елај си Јано. елај си,] килимот Јано да ткаиш]... – Чекај ме мамо, почекај,] шо лудо врве по друмот,] на сива којна вјанато,] на ресен килим седнато.] Ако е нашо, нашинче,] чекај ме мамо до вечер* [МП(В),272].

Нашко* 'м. л. име запишано во Дрмско' ~ *Нашковото јагне,] Лашко го јоткрадна,] Шӑбан го заколи,] та го испекоха* [МП(Д)144].

наш'л'умува* impf 'имитира' (?) [MS,s,71].

нва́ pron 'показна заменка – оној' ~ *отјува – от гла́ва на гла́ва, от гла́ва на гла́ва – та ги истрепал. Качал са горе, дет спи нва́* [ВД(Ка),335]; и ноа ~ *и през нӑшта натоварва ги не́з мулета умр'алите и ги испусне кӑде искат да идат мулетата... На но́а чув'ак са останали парите* [ВД (Ка),335].

не и н'а́ part 'не' 1. 'кога партикулата стои пред глаголот и́ дава одречно значење на целата мисла' ~ *дирминц'и́јата н'а́ б'а́ш'и, б'а́ш'и манц'о́т–и дирминц'и́ја* [MS,t,78]; ~ *и то́јнака га за́качи жа́бата за уста́та, да не мо́жи да ви́ка, да не чу́ет дру́гите жа́би и не ки изле́зат* [V,PM, 29]; ~ *дошел еден вӑлк; по вӑлкот една лисица, по лисицата една мечка и седнали. Лисицата рекла на вӑлкот: "Не ти се јаде?" Вӑлкот казал: "Не ми се јаде ич"* [ШК,5(С),415]; 2. 'во прашални реченици, без партикулите: дали, нели, ли' (кога се очекува позитивен одговор) ~ *фанала да сӑхне тикфата и се оплакувала на тополата: "Главата ме боли!" Тополата и́ вели: "Не ти речех, оти агос не ти поминал на главата?"* [ШК,5 (С),409]; ~ *му утфа́ра по́ртата и гу пи́та: "ш'то́ бр̥каш'?" Ја ка́зува фо́туграфи́јата: "н'а́–си ти?" т'а́ вили́: "ја–сӑ"* [MS,t,10]; ~ *т'е́б'а̨ т'е́ ни аре́са пуиди́н јуна́к?! о́ш'ти Ќел'е́ш'у уста́на да пруминé!" т'а́ му вили́: "Ќел'е́ш'у н'а́–ј јуна́к? н'е́ка пруминé и то́ј!"* [MS,t,34];~ *хо́ж'да ... на по́ртата про́сјак, му вили́: "н'е́ м'а̨ пра́ите кабу́л (н'е́ м'а̨ и́ш'тити) да до́јда"* [MS,t,80]; и во претходниот контекст, од т. 1. ја среќаваме истата употреба на партикулата не: лисицата рекла на вӑлкот: "Не ти се јаде?"; сп. – *"Не́–ни ку́пиш пу–ина̄ пу́шка д–о́јме да̄–ло́вӑме"* (синот прашува, ама и порачува татко им да им купи по една пушка). – *За́шт да̄–н ви–ку́пӑм, си́нко, му–ве́ле, да̄–ви–ку́пӑм"* [ДК,114]; 3. 'кога партикулата е зад условен сврзник, а тоа значи дека и негацијата е условна' ~ *а́ку н'а́, бис н'е́гува а́дја ни мо́га да до́јда* [MS,t,83]; ~ *тој нифтја да земи ништу, л'у и рекла: "ако ми дадети една кабачка, што имати, харно, ако н'а за си пода"* [V,PM,176]; 4. изр. не́-ј (у)вчира́шин (= се кажува кога од некого се очекува "зрела" постапка); ~ *не́–ј мӑле́чук, уда́мна па́мте* [ПК,2(180)]; не-ј тӑман (= има проблеми во менталниот склоп) ~ *нӑ–мо́јш сӑ–рӑзбе́риш, ти адно́ о́н дру́го ти–ве́ле, чи́ниш не–ј тӑма́н* [ПК,2(180)]; со блиско значење: не́-ј ус-си́те ~ *шо гувори́ш бе́? Ти́ не́–си ус–си́те, за́стра̨м–се* [ПК,2(180)]; не́ о-смӑрди

(= не го закачај, знам дека ќе реагира лошо) ~ *амáн нé о–смăрди, сјáа ќи–пóчне дă–ви́ке, кóј ќо:–слу́ше* [ПК,2(181)]; нé-си вăрăклúа (= се кажува на човек што си придава преголема важност, поконкретно: не се занесувај, не си од злато) ~ *зăшó сáмо нă–тéп, нé си вăрăклúа, сéкуј сáке у́буво* [ПК,2(181)]; нé тă-брăсне (= нема уважување, не те почитува) ~ *кá дуjдé ájн замáн, ни́куј нă–ни́куј нé–о брăсне;* и: *сúно ќи–пуми́не пукрăj тéбе, нé тă–брăсне: ни́ кá–си, ни́ шó–си* [ПК,2(181)]; нé-тă-вăрзáх ус-гóмнăно вăже (= ти тоа го стори самоиницијативно, јас не те присилив) ~ *сáм дуjдé, нé тă–вăрзáх ус–гóмнăно вăже, дă–шо тóлко сă–л'у́тиш* [ПК,2(181)]; нé-дáj бóже (= молба кон бога за да не се случи нешто лошо) ~ *нé дáj бóже дă–дóот, дéк ќи–сă–зăвăртме, нóго нé–j–тéсничко, нă–мójш ájн чувéк дă–прăчéкиш* [ПК,2(181)]; н-ájн кăнтáр ќи-дóот (= имаат еднакви интелектуални можн *тáр ќи–дóот* [ПК,2(180)]; не вики два пăти (= кога некому му се препорачува да биде воздржан во своите тврдења дека нешто ќе биде вака или онака) ~ *нé ви́ки двá пăти, мóж ќаа–зи́ме* [ПК,2(180)]; нé му вúм чáлмăта (= нема да го третирам како да е со престиж) ~ *áска нă–ни́куј нé му–ви́м чáлмăта* [ПК,2(181)]; нé-си виру́вум нă-у́:ште (= се кажува кога некој е крајно изненаден од некои сознанија што ги слушнал) ~ *слу́шум, áма нé си–виру́вум нă–у́:ште, тóо шо–сă–гувóре нă–мóж дă–биде* [ПК,2(181)]; нé чукнáа тăпăнто (= се препорачува стрпливост и исчекување, односно укажува дека не е толку итно) ~ *шó сă–вáркиш тóлко, нé чукнáа тăпăнто, и́ма врéме óште* [ПК,2(181)].

не – не conj 'ни...ни' (за негирање) ~ *имáло инă–бáба и ину–дéдо. Сáми си–би́ле. Нимáле нé дéца, нé чýпа, нé ни́што* [ДК,116]; ~ *му–вéл'ăт нă–жéjнте: "Бýнди ви–нóсиме. Фăрлите у–фýрнăта пáлтта! Нóви нóсиме". Тúа си–и–изгóрувăт пáлтта. Кóга óдăт нé бýнда и́ма, нé ри́би и́ма* [ДК,118].

нé: (< pron ни + пом. гл. е) – со асимилација и контракција ~ *мăжо нé кандисáл, рéкăл: "Нáс нé: зăбрáнно". "Нé е, рéкăл, вă–лăжáл тóо шó ви–зăбрăни́л, jăдéjте"* [ПК,2 (237)].

неа pron 'долга форма за директен објект и општа форма од таа (она)' ~ *тогај рибата му беши дал едно ребро от неа си и му вели: "на́ тузи мој ребро, и на морету ако ти стани ихтиза нешто, да го лизниш реброто, јазе ке ти дојдам!"* [V,PM,172] – во контекстот среќаваме 2 посебности: прво употреба на формите на личната заменка (*едно ребро от неа си),* наместо од очекуваната повратна заменка 'себе си'; и второ отсуство на редовно родово согласување: *рибата му беши дал едно ребро,* ова го нагласуваме бидејќи ваквите случаи од некои специјалисти беа погрешно интерпретирани (за ова в. во граматичкиот дел); и: н'éja ~ *и гу нájди мáлкуту там д'é плáч'иш'и, гу пуж'алú, си гу з'é сăс н'éja на рóпката* [MS,t,16]; ~ *едната и́маши прет нéja jарибúца сос дéвет jарибúчки, нá тапсjá игрáиха, и т'áнака нá гиргéф вéзиши и сúйр чúниши* [V,PM,135]; односно: нăjă (во крајната источна регија) ~ *тој тога увăрувал, разл'утил сă и рăкал на ăдăн си ратај да jахнă и нăjă, и закланото дăтă на ăдăн кон, да ги заноси на ăднă далăчнă и пустă планинă* [V,PM.291].

нéáрин* adj 1.'тој што не е убав' ~ *кут нéкаа мóма шó нé арéсе ергéн. Удбúре, удбúре и нă–крáјта ќо–зúме нáј–нéáрн'оо* [ПК,2(196)]; 2. 'нешто со лош вкус' – рибите во долновардарско ги делат на речни и ѓолцки, на арни и неарни. Речните се поарни и повкусни, а ѓолцките не се толку арни и не се толку слатки (вкусни) [ТГ,391].

неармасин adj 'младич што не с свршен'; сп. пожелување: ~ *плăна кукá бирикéт; сус крави, сус телци, овци, кукошки, пилци, јајца; на сите Госпуд да даде касмет, на неармасано – армасница; на нежинено – жена, на жинени деца; на деца здраве и кăсмет и уд Госпуд на сите здраве* [ТГ,16]; — освен белило (девојките), употребуваат уште кăна и буја. Од кăната косата поцрвенува, и неа ја употребуваат сите девојки, неармасани. [ТГ,136]; — за пусестрими (= девојки што помагаат на свадбата) се избираат од роднините на младоженците, тоа се неармасани девојки со кои домашните најповеќе контактираат [ТГ,16].

небе* (и: нибé – со редукција е > и) n 1.'просторот над земјата од каде што греат сонцето и ѕвездите и низ кој се движат облаците' ~ *на средјá пăтју си заоблачú небéту, вати тéшко да грамú и да лăска. Тáмо на пăтјут фарлú Гóспот кáмин от небéту, гу грăмнá сос кóн'ут му наеднó* [V,PM,16]; ~ *и ошти речта не доречи, падна вогин от небету и са запали чиницата, фати да гори* [V,PM,86]; ~ *мар та погл'адни низ јасно небе,] мар изл'азла ли ја звјазда деница, звјазда деница, баш керванџијцка! Мар та назоби девет биволици* [МП(Д),95]; и нéбо ~ *вашо је село, Тено, гулемо,/ има ли моми јубави? / – господар, белим господар,/ дека се чуло, видело,/ небо без звезди да биде,/ трло без овци да биде,/ и наше село без моми!?* [ТГ,346]; ~ *пóсле н'áколку дéна стигнáли на едúн балкáн, нéтри на еднá гóра, штоту сал еднó нéбо са глéдаши* [V,PM,27]; ~ "... *да викниш три патја Бого-родица а от морето ште излези еден цăрăн арапин с едено дудак* (усна) *на морету, едено у на небото; а от него да просиш 40 јајца с по еден зајк нетре"* [V,PM,242]; во *Кулакискотo евангелие* на неколку места констатиравме интересна мно-жинска форма небин'а: ~ *а глéдат лúцито на Тáтко ми шо сéди на небúн'ата... ~ нéма пувéла крă Тáтко вáш шо ј на небúн'ата* [MV,K,282]; од истата регија е запишана и формата нéбут (м. род) ~ *и јумбрук-чúата стóиши у–далéко, и нéкаши билé да крéни óчити на нéбут, тукý си бúиши гăрдити и вéлиши...* [MV, K,280]; 2. 'господова царштина' ~ *ки стáнам, ки си óдам на тáтко ми, и ки му рéчам: тáтко, грешúх на нéбито и на тéбе, и нé сам врéдин да си кáжам твójо сúн* [MV, K,281]; 3. 'горниот дел од усната празнина – непце' [MS,s,75]; 4. изр.: дă нé си пăднáл уд нéăпто (= се кажува за човек што не е информиран, односно што реагира и стои како здрвен) [ПЌ(АЌ)]; со исто значење: сăнкин уд нéпто-ј пáднин ~ *зăстăнáл, ни гувóре, ни сă–мăрдúне, сăнкин уд–нéпто–ј пáднин* [ПК,2(197)]; нănéпто дýпка не-ќ сă-утвóре (= некој настан колку да е важен за одредена личност сепак не може да има универзално значење) ~ *јазăк, бис–тéбе нă–нéп-то дýпка ќи–сă утвóре, ак ýмриш* [ПК,2(185)].

небесин* adj 'нешто што се однесува на небото' ~ *тукý вéл'ам на вáс шо*

уф Анадóло и уфдéка заóѓи слáнцито нóго л'ýди ки дуйдéле, и ки си намéстат су Авраáм и Исаáк и Јáков на царштúната небéсин [MV, K,265] – уште еден случај на неусогласеност на родовата опозиција: именката е од ж., а атрибутот (на кој се однесува) од м. род: царштúната небéсин; ~ *нúе новá шту вúдехме товá прáвиме испáт, та вúе испáте ни ни приúмате, јáс ако ви рéкох за земални рáботи та ни ув'áровáхте, áми как ште ув'áровáте, ако ви кáжа за небéсните?* [ВД(Тр),327]; ~ *ричé Гóспот вáа прикáзна: Небéсинта цáрштина умн'áса катý нéкоа човéк цáр, шо сакá да си лáфи су измикáрито нéгови* [MV,K,268].

небетчиа n 'стражар, чувар' ~ *еден ден младата самовила са чинила кату мăж небетчиа и отиде да мели на воденицата, скрихом му зева нос тас и му оставила друго на мјастото* [V,PM,278]; — наутро пред да тргнат кирациите (арабациите) ќе се договорат кој ќе оди напред и ќе ги води другите, арабациите го викаат небетчија, а кирациите калауз [ТГ,422]; кај Саќов: небетчиа 'човек, којшто чека ред на воденица или на фурна' (в.: небетчăлăк) [СК,31].

небетчăлăк и: небет m 'дежурство' (кај Саќов споменатава лексичка единица е со погрешна граматичка детерминација: adj); сп. изр. да праве небет (= свирачите редум му свират на кумот – на свадбениот церемонијал), односно: да му свират дубре-дујде или небет [ТГ,169-170]; — кога ќе стигнат во куќата на младоженецот, пред вратата младоженецот и невестата се поклонуваат... потоа свирачите свират небет и одат на ручек [ТГ,188]; – вечерта кога сусамут се меле и се цеди го чуваат ступаните (сопствениците), и тогаш тие од меленото прават алва. За една партија сомелен сусам се кажува еден нибет [ТГ,359]. Од контекстите излегува дека значењата на зборот небет се различни и не може да се доведат во меѓусебна врска, уште помалку можат да се поврзат со значењето на единицата што следува: небет-шеќер.

небет-шеќер m 'вид шеќер во крупни кристали' ~ *првиот билбил пее, пее ем гојвори:] – Ајде вечерајте до две луди млади,] вториот билбил пее, пее ем гојвори:] – Ајде легнувајте вије луди млади,] третиот билбил пеје, пеје ем гојвори:] – Ајде станувајте вије луди млади.] Тој билбил што пее, пее за вечера, со симит го ранам и со небет-шеќер* [МП(В),281]; според Тановиќ лексемата во Гевгелиско значи 'жолт шекер' : старите луѓе наутро пијат ракија, а на децата им се дава небет шиќер (= жолт шеќер); – кога човек ќи са настуде го лекуваат на следниот начин: варат цвет од слез, тој чај ќе го засладат и го пијат наутро и навечер; некои варат кужурци и ќе додадат жолт шеќер (= сус нибет шиќер) [ТГ,242].

небидееќи adv 'укажува дека некој (нешто) отсуствува' ~ *от тамка Господ отишол при погулемио. Невестата на погулемио, небидееќи тука мăжо ú, го пречекала, бакнала му рăка и, ка си дошел мăжо от оране, му кажала оти им дошел гост* [ШК,5(Г),105]. Во случајот бидејќи ја зачувал глаголноста, независно дека е со негација; за ова в. том 1. (с. 129).

неблагуслувен adj 'некој (или нешто) што ја нема божјата благослов' – добиците, според особините што ги имаат, како и според користа, ги делат на благуслувени и неблагуслувени. Во првата група спаѓаат: овците,

кравите, воловите, биволите и коњите. Во неблагословените спаѓаат: магарето, мазгата, козата и камилата (во минатото камилите служеле како превозно средство меѓу градовите во југоисточна Македонија и Солун) [ТГ,371].

не́бра̨но adj 'површина од која не се собрани плодовите, пр. *не́бра̨но ло́зе'*; сп. изр.: уф-не́бра̨но са̨ на̨јде́ (= се изненади, се посрамоти) ~ *флизе́ нă–адно́ч, апсăзда́н, а́ска уф–не́бра̨но сă–на̨јде́х* [ПК,2(207)].

неброени adj, pl. 'нешто во голема количина, што не може да се изброи' ~ *тој отишел там во града,] там во града гурбетчија,] гурбетлија ѓумрок бере,] ѓумрок бере вино пие,] вино пие пари дава,] пари дава неброени* [МП(Д),182]; ~ *карам те сино, јучам те,[... слези си доло јов јудајче,[земај си алтăн јотвурче,[отвори алтăн чекмеџенце,[земај си пари небрујени,[јодај си доло јов чаршија* [ТГ,211]; ја констатиравме и формата за ср. род: неброено – кога се однесува на збирна именка, каков што е случајот со именката стадо (бидејќи е составена од повеќе единици): ~ *кажи, кажи личин Ване,] колку стадо имаш Ване?] – Нел ме питаш капидану,] јазе право ки ти кажам:] – Мојто стадо неброено* [МП(В),65]; ~ *Пиринуго, јубава дивојко,[тихо пејиш дилеко се слуше,[чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло неградено,[јуф трло стадо небрујено* [ТГ,56]; и: нибруену (со редукција) ~ *чи шчо да му отдадеми?] дă му дăдјеми сиу стаду,] сиу стаду нибруену* [МНП(Д),52].

Невена* 'ж. л. име од Драмско и Кукушко (Нивена)' ~ *мăр Невено, џан Невено] дај гиди китка невенова] невенова, стрјатурова] јот Цариград донесена* [МП(Д),14]; ~ *Невено моме Невено,] Невено пиле шарено,] Бог да ги бије Невено,] вашите стари кумови,] што ми те тебе крстија,] лично ти име турија* [МП(К),159].

Невéнăковица top.'месност, ниви во околината на с. Тăрлис (Драмско)'; микротопонимот е изведен од л. име: Невенко, Невенка [ЈИ,МИ. ..,164].

невенов* adj 'нешто што се однесува на цвеќе невен' ~ *мăр Невено, џан Невено] дај гиди китка невенова] невенова, стрјатурова] јот Цариград донесена* [МП(Д),14]; и нивјанув (од истиот извор) ~ *мар Нивјану, џан Нивјану,] гиди китка нивјанувă] нивјанува стратурова!* [МП(Д),15].

неверин* adj 'тој што не држи до она што го ветил, односно што не го чува пријателството, љубовта' ~ *Бонината мајка сѐ по поле шете,] сѐ билки си бере Бона да лекуве.] Бона мома вели: Доста оди мајко,] доста шетај мамо, за мене лек се нема,] јазика ки умрам од неверна л'убов* [МП(К),143]; ~ *чула си Лено разбрала,] оти сум болен, ке умрам,] од пуста болест неверна,] од две куршуми удрено* [МП(В),297].

не́ве́рнин adj 'тој што е скептичен, што не верува' ~ *и на то́ ча́с а викна́ та́тко му на де́тито су са́лзи, и ве́леши: Веру́вам, Пуве́лин; да ми пума́гаш на не́ве́рнин* [MV,K,285]; ~ *па во́ ки испа́дни на́при ут не́гу су Сфе́ти Ду́х и куве́т Или́афу, и ки утвӑрти сӑрциви* (треба: сӑрцити), *на та́ткови наврас де́ца, и на неве́рнити ки му чи́ни пра́вини о́мни* [MV,K,321].

невестица f, dem. в. нив'а́ста ~ *ој Јано. Јано аровна невесто,] ниј'е не си знајме во кој е маната,] во кој је маната што си деца немме.] Ајде*

што му вели Јана невестица:] Јаска си ја знајам, во мен је маната [МП(К),74].

невéшто pron 'ништо, не знам што' ~ *шó–j то:? – невéшто–j, шó–j* (одговорот е со нијанса на незадоволство и пренебрегнување) [ПД(131)], [ПД(114)]; може да се претпостави дека се работи за лексички архаизам, конкретно дека овде се крие стариот глагол вѣдѣти = знае.

невиде (сă)* pf– се среќава во изразот дă-т-сă-нăвúде, што претставува еден вид блага клетва ~ *дă–т–сă–нăвúде рăбóтта шо–а–рăбóтиш, сè пу–тéп сáке д–óде чувéк, тă–дă–бúде кут шу–трéбе* [ПК,2(161)].

невиден* (и: невидин) adj 1. 'тој што не се забележува, што е невидлив' ~ *"ади сега, ету везмјајти си о–тука и ваште дјалови и да си појти сос здрави и ошти еднош да мислите Бога и да ни правити така!" И невиден си чини дјадото отпрет них* [V,PM,180]; ~ *вечерта донели софра на царјувата керка, седна сос мајка и да вичерат, и тојнака седна покрај неа; тјанака дробјаши хупки да јади, тој невидин га земуваши от пред неа, га јадјаши хупките* [V,PM,34]; ~ *и тој фати крив–куц да га тера та, терајќе кората, отиде на едно пусто и страшно место. Тамо видел да излези едно пиле, от пиле са чини човек и седна, и невидена трапеза пред него са положи* [V,PM,91] – во контекстот има уште еден пример во кој сврникот да служи за воведување на комплетивни реченици, наместо 'дека': видел да излези едно пиле; ~ *тогај видела кату чобан човек ја донесе един беневрек чобанска руби и пак невиден си чини* [V,PM,34] – во материјалот среќаваме употреба на именка во служба на атрибут: чобан човек (ваквите синтагми се познати во македонскиот јазик, но во Долновардарско се јавуваат почесто што зборува за поголемо присуство на турскиот елемент во овие краишта); 2. 'тој со кого се нема воспоставено контакт (визуелен)' ~ *три години, мори Доно, јармасани,] е, ја мори, Доно, јармасани,] ...[јармасани, мори Доно, невидени* [МП(М),122]; ~ *три години се сакахме,] три месеци невидени,] само еднаш на чешмата,] сланцето там не зајдело,]* [МП(В), 210]; ~ *три нидели јармасани,] јармасани невидени...] ти да јодиш на јорото,] да изиграш ситно јоро,] там ки дојде Туши Делов* [МП(В), 209]; – трудната жена за да не добие прекнувици (= дамки, пеги) по лицето треба, кога ќе се појави првата прекна да земе стиска (= грст, рака) прăс (= многу ситна земја, не е песок) уд незнајин гроб и таа земја да ја стави во чаша вода, па со таа вода да си го измие лицето и да прозбори: *"Неканени дујдете – невидени да–с јодите"* [ТГ,104].

невин m, bot., Calendula 'вид домашно (украсно) цвеќе, невен' ~ *тáм гу најдé лéвин Ѓјóрѓје [лéвин, лéвин кату нéвин* [МЕ(Р),97]; [МЕ(Р),174]; – секоја куќа има и башта, во која садат разни цвеќиња: трандафил, цăрну око, стратур, звезда, босил'ук, невин, миндер, кăз назли, каранфил', шебој, пулинско, малока, чингел', реса, цафаќ, анимчиче, замбул' [ТГ,304]; в. невенов.

нéвлизéн* adj 'кога некој е надвор (пр. во дворот)' ~ *óна, дур–д–óдăт рибáрите д–и–прудáт рúбите, идná пу–идná и–спуштýва пу–пăтут. Сéа зéвăт рибáрите, óше нéвлизéни у–врáтта, му–вéл'ăт нă–жéјнте: "Бýнди ви–нóсиме. Фăрлите у–фý-*

рнѝта пáлтта! Нóви нóсиме" [ДК, 118].

Неволен (и: Ниволен) top. 'село (до 1912 чифлик), покрај р. Струма во Серско'; како име на место се среќава во повеќе словенски јазици, сп. срп. Nevoljane, чеш. Nevolice, го има и во словачкиот; сп. Ј. Иванов има врска со пол. (ретко) wola (= село ослободено од плаќање даноци) [ЈИ,МИ...,164].

неволја f 'несреќа' ~ *не ме питај сестро мила,] не развивај лути рани,] срцето ми изгорело, од неволја и неправда,] од проклетите шпиуни* [МП(К),127].

невреди́н* adj 'неквалитетен' ~ *кăсметлиа беши големојут, понеже неговата работа га благослови Господ,... каква нива невредна да сеиши, тој од неа жетва за чуду ке да жниеше* [V,PM,82].

невреко́сан adj 'се кажува за оној што реагира многу нервозно' [BV,118].

не́гли conj 'отколку' (за споредување) ~ *тáа нáшта излизе́ пу рудни́нски: по́вике́ дáра не́гли мáсло. Арно си–знáм áска, ус–рудни́на дă–си не́мум зи́мне–дáвне* [ПК,2(188)].

не́го conj в. не́гли ~ *бу́мбăре ги ви́куме ти: шо не́ по́сăт ме́т, не́го нă гуто́во сă ра́нăт* [ПД(124)]; ~ *ви́ке: нă–вáс ту́ка спáс не́ма, нă–вáс са́мо Дójран ќи–вă–спáсе. Тóо чувéко, дру́к, кăжá: Бугáре, ви́а не́ сте Бугáре, ви́а сте чи́сти Макидо́нци, не́го ни́а нă–мóжме дă–сă–увéрме и зăто́о ве́ле вă–пи́тме. Ни́а пă сме ут–Ениje–Вăрдáрско, ви́ке. Тóо би́ше вујни́к у–гăрчко ублéкло* [ПК,2(188)]; ~ *éj мла́д зáјц, не́ ми́сл'ум мăлéчко епте́н, не́го мóже ве́ч дă бéге* [ПД(356)] – присуството на односниов сврзник за изразување на спротивност во југоисточните говори од извесни лингвисти беше оспоруван, за ова в. во граматичкиот дел.

негов adj 'нешто што му припаѓа на 3. лице (м. род)' ~ *му вели́: "кади́ ефе́нди, ја́зе сакам па́к да га зе́мам жената́ ми, туку да на́јдеш еди́н холá... и да́ј му ко́лку гро́ша са́ка! " Тогáс кадúата прати еди́н не́гов човéк да најди́ еди́н холá* [V,PM,11]; ~ *и така неговот маштех стори магии, та момата халваџијченто гу зал'уби и на татка и каза, ча друг н'ахто не зева, само халваџијченто* [V,PM,200] – интересен случај во кој лексемата 'маштеа' се јавува од м. род: неговот маштех, што претставува сериозна потврда за нефункционалноста на категоријата род во овие говори; ~ *купи́л: по́стел'а, перници и дру́ги рабо́ти... тој и купи́л катанд'á, штото ги не́маши ни́кој бога́т на не́гов вилаéт* [V,PM,19]; ~ *тогáс си возрадува́ господа́рот сос не́говата вр'áдност* [V,PM,15]; и: не́гăв* ~ *зададе́–се цăрна чу́ма,] кój ќи–сă–на́јме и–удбе́ре,] кój ќи–сă–на́јме дă–гă–изго́не?] Најме́л–се Го́це Де́лчуф војво́да,] ус–не́гăфта ве́рна дружи́на,] уф–Куку́шко ра́мно по́ле* [ПК,2 (298-299)], односно н'éгув* ~ *тр'ăбува да ти гу зва́ј тój и дру́гуту óку, да така́ и ти да му гу зва́ш' н'éгувóту* [MS, t,57]; ~ *ути́ва на паза́р'у, гу гл'éда н'éгувóту мага́р'ạ* [MS,t,55]; ~ *сăс дирминц'и́јата си м'ăр'ạхми пи́лкат'ạ, н'éгувáта биш'и по́гул'áма* [MS,t,78]; ~ *ги изва́ж'да н'éјнит'ạ ру́би, ги да́ва на про́с'ạку; про́с'ạку ги изва́ж'да н'éгуви́т'ạ ру́би, ги да́ва на н'éја* [MS,t,23]; ~ *Ќел'éш'у и вили́ на н'éгувáта ж'éна: "по́т' , ре́ч' му на та́тку–ти да ми дад'é иди́н ко́н' и ина́ калăч'ка да по́да и ја́с на мурабе́ту"* [MS,t,34] – во контекстот имаме скратени форми на императивот: по́т' , ре́ч' му ; ~ *му м'ăрат ди́рата н'éгувáта но́га и гу гл'éдат*

палто́ту катра́н нама́зану [MS,t,22] (во контекстот е испуштен предлогот 'од': ди́рата н'е́гува́та но́га (наместо 'од неговата ...'). Се среќаваат и примери во кои споменатиот однос се изразува описно (со предлогот на + општата форма него) ~ *тогај му вели јудата Зарзавила: "о!! ти си ида на цар наш, дете? Мене ме пусна татко ти да ти земам. Јаз сам аскер на него"* [V,PM,156](аскер на него м. 'негов аскер').

неграден* adj 'простор што нема ограда' ~ *Пиринуго, јубава дивојко,[тихо пејиш дилеко се слуше,[чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло неградено,[јуф трло стадо небрујено* [ТГ,56].

Негуш top. 'име на населено место во Долновардарско' ~ *на југ Бер; на југ и тро на зајди–слӑнца Негуш* [ME(P),72]; ~ *уздолу уд него се зафајќја идно толку гулему поле шо гу плакусува сӑто место мегју Солун, Бер, Негуш* [ME(P),70].

негушки (и: нигошки) adj 'нешто што се однесува до населбата Негуш' ~ *служи ме Сано, мори, служи ме,] лута ракија, Сано, негошка,] лута ракија, Сано, нигошка,]... црвено вино, Сано, вадрешко* [МП(М),137]; ~ *да дојде Лена при мене,] раните да ми приврзе,] понуда да ми дондесе,] лута ракија негошка,] црвено вино владешко* [МП(В),297].

Негушки Планини top. 'име на планини во Долновардарско' ~ *се зафајќја рӑмнинӑ, шо одӑ нӑ југ ду... Негушките Планини* [ME(P),79].

Неда* 'ж. л. име од Серско' ~ *Неду мари, бјангир Неду] бјанги имӑш, бјанги клаваш] на челоту девит бјанги] пут грлоту – десит бјанги* [МП(Д),13]; ~ *тенинка Недо хубава,] хубава Недо, гиздава] хранила Неда јагњанце,] навӑрви Неда на хуро,] и јагјанце ја заследи* [МП(Д),21]; ~ *презирнав си през бацата,] полна кујќа армасари,] бела Неда диван стоји,] свекор дава жолти лири* [МП(К),29].

недаде* pf 'opp. на даде, не сака да стави нешто на располагање некому' ~ *то́јнака му ве́ли: "ја́зе не́ са́кам пари́." – "ами што са́каш?" – "аку ми даде́ш она́ја кути́ја што и́маш прет те́бика, ха́рно; ако не́ ми га недадиш, не́ са́кам ни́што"* [V,PM,25] – во контекстот има случај на удвојување на негацијата: (ако не́ ми га недадиш), што не се среќава многу често, наспроти примерите со удвоена посвојност, на што укажуваме на соодветното место.

недеј 'немој – заповедна форма (со негација) од стариот глагол **дѣіати**' ~ *Ѓорѓето плачеше,] Вашко го мирешe:] – Мӑлчи Ѓорѓи, мӑлчи,] мӑлчи недеј плачи,] на тебе шче дадя̆т Марина Калинка* [МП(Д),145]; со иста функција (негирана заповедна форма) се јавува и недај, тешко е да се каже дали се работи за фонетска промена од недеј, или пак за изведенка од гл. дава ~ *мајка на Ратка думаше,] недај се Ратке потурчи,] турцка је вера најлоша.] Ратка си мајка не слуша,] и та се млада потурчи* [МП(К),80].

недувезан* adj 'кога некоја слика е почната со везење, но не е довршена' ~ *да ни вјазат фаф нидјал'а,] чи ста са болни разбулет,] гиргефене пусти ста стоет,] л'у завезани, недувезани* [МП(Д),15].

недуде́лкин adj 'човек со неконтролирано однесување'; според Саќов: 'недоделкан, којшто не е со сиот ум' [СК,31]; ~ *о́стáвј–о: тóо дӑрво*

не́дуде́лкино, уд–ни́што не́ ръ̆збу́ре [ПК,2(78)].

недупра́вин adj 1. 'нешто недовршено'; 2. изр.: пра́вин недупра́вин (= се кажува за оној што се однесува крајно несериозно – мрднат) ~ *то́о ба́б–Цо́фин Атӑна́с чи́ниш пра́вин недупра́вин: дек сă–ла́фе ќи–фа́те дă–сă–сме́е* [ПК,2(188)].

неѓдин adv 'не овде, на друго место, некаде' ~ *зă се́ шо сă имӑ ричену, гирек нă цъ̆рквă, гирек на ану́т или неѓдин нă другу месту, субăшувите пријӑтил'ă му кăжувӑт нă негу* [МЕ (Р),91]; ~ *најповикјă ут ветъ̆рут на југ; мигју них сă нăогјӑт негдин повичкјă негдин помалцă длăбоки долиштӑ* [МЕ(Р),78].

не́е pron 'л. зам. за 1 л. мн., м. 'ние' ~ *до́јде през нӑш при Јису́са та му ре́че: дидаскале, не́е зна́еме, о́ти ти́ си дошёл от Бо́га дидаскал, о́ти те́зи ниш'а́не, што пра́виш ти́, ни́кој не мо́же да ги сто́ри* [ВД(Тр), 327]; ~ *наи́стина, наи́стина ти вре́ве, о́ти не́е нова́ што ви́дехме това́ пра́виме испа́т та ви́е испа́те ни ни прии́мате* [ВД(Тр),327].

не́е pron 'долга форма за директен објект од таа (< со асимилација од 'неа')' ~ *и фӑрли про́с* (sic – забелешка на редакторот) *окно́то адна́ зашиена то́рба... и охче́ре ста́на та е–ра́спра. И што́ да–ви́ди ф–не́е? Што б'е́ше пӑлна пари́* [ВД(ГБр),333].

неженет adj 'тој што сè уште не стапил во брак' ~ *мома никна червена јаболка...] си научила пуста макеа,] ка си зела клетото сорче,] си пресекла две луди млади,] две луди млади, две неженети* [МП(В),42]; ~ *зашто мајка, горо, она мен ме даде,] на едно лудо младо, за едно неженето,] ден'е шета, горо, по темни долишта* [МП(В),235]; ~ *ју градина има темни ми зандани,] ју зандани има до две луди млади,] ду две луди млади, неженети* [МП(В), 280]; и: нежинен* ~ *плăна куќа бирикет; ... на сите Господ да даде касмет, на неармасано – армасница; на нежинено – жена, на жинени деца; на деца здраве и кăсмет и уд Господ на сите здраве* [ТГ,16]; ~ *разбулел се дете нежинено,[нити жинено, нити армасано,[пусакало нешто пунуда,[нешто пунуда, шикер црни сливи* [ТГ,158] – во контекстот среќаваме уште еден пример што укажува дека во овие говори категоријата род не функионира, сп. нарушена конгруенција меѓу субјектот и предикатот: разбулел се дете.

незадоволен adj 'кога некој чувствува незадоволство од нешто' ~ *ка–се̨ ва̨рна́л тре́та̨та го̨ди́на̨, та́тко̨–му не́за̨до̨во́ле̨н. Ви́ка̨: "На̨–те́бе̨ ќи–ти–про̨да́да̨м". Го̨–но́се̨ уф–Со́лун и му за̨ка́чува̨ еди́н ка̨рто́н на̨–гъ̆рди и пи́ши: "Си́но го̨–про̨да́ва̨м"* [ЛК, 124].

незапамитену adj 'од многу далечно време' ~ *на крајта морјту ошă уд незапамитену времă (од елимцко) ă имало гърцки села и кабијна* [МЕ(Р), 75].

незашто adv 'бидејќи, зошто'(?) ~ *тој рекло: "Шта ма биете, ал шта каза". Тија го питали, што ште кажја. Тој рекло: "Незашто ни может да разделет лозăтă, да јă отсекат и дјавола шта заколет, и тија вејќе ни шта сă карат"* [V,PM,281]

незнаен adj 'непознат, невиден' ~ *гу заколи, му зема сал коремот, гу расцјапи куремот, кату фес гу кладе на главата му, са чини еден гнусин човек та отиде незнаин на татко му...* ~ *и дојдело едно трговче,] едно трговче незнаено* [МП(К),59];

— за да не добие *прекнувици* (= дамки, пеги) по лицето, треба, ... земе *стиска* (= грст, рака) *прăс* (= многу ситна земја) *уд незнајин гроб* [ТГ,104]; ~ *на пăтот а срете Илија, незнаена дилија, и вели: "а бре Сраулица млада, блазе–ì на тој млад јунак, што ти прегăрнýва твојта бела примена"* [МС(В),96] – во случајот атрибутот незнаена се повел според завршокот на именката дилија, ова било потпомогнато од нестабилноста на категоријата род. Освен во Солунско, од каде што е примерот вакви случаи имаме забележано и при анкетирањето во Кукушко, конкретно се однесуваше на именката владика којашто влегува во спрега со л-формата била.

неизметéну adj 'просторија, односно простор што не е исчистен, на кој има ѓубре' ~ *си укачи́ го́ри, најдé неизметéну, неизчи́стину. Она фати́, поме́ти, изчи́сти; најдé сăдови неуми́ени от мло́гу дни́, тја́нака ги изму́* [V,PM,132].

неизмијан* adj 'кога некој не се измил, т.е. кога е нечист' — секој се измива пред да почне нешто да работи. Особено се внимава со неизмијани раце да не се фати леб, брашно, сол и слични работи што се употребуваат за јадење. Народот верува дека ако некој неизмијан почне да јаде, или ако жената неизмијана почне да меси леб ќе им дојде глад и сиромаштија [ТГ,18].

неизчи́стину adj 'просторија, односно простор на којшто има ѓубре, што не е изметен' ~ *си укачи́ го́ри, најдé неизметéну, неизчи́стину. Она фати́, поме́ти, изчи́сти; најдé сăдови неуми́ени от мло́гу дни́, тја́нака ги изму́* [V,PM,132].

неин, и: нејн adj (чл. н'éјн'у) 1.'кога нешто припаѓа на 3 л. ж. род – нејзин' ~ *хем от скалата до неин конак беши постелана сé многоцен камин и маргарит на земјата* [V, PM,26]; ~ *и пути́р'у и гу спи́ва, гу устáв'ă пра́зин; извáж'да и прăстин'у ут н'éјн'у прăс, си гу клáва на н'éгуву прăс* [MS,t,21]; ~ *ш'тó прáви т'á ? – и вили́ на н'éјната мóма да пój на буна́р'у* [MS,t,63]; ~ *мајка му, кату чу така от сина ѝ, познала, ча млогу мăка ке да тегли неин син* [V,PM,41]; 2. има примери (ги регистриравме во Еничевардарско) во кои формата за ж. род неин-а се поврзува со м. род – наместо негов-а – за ова, т.е. за нерегуларноста во употребата на заменските форми в. поопширно во граматичкиот дел: ~ *и тăкá, жáнăм, дéјто зăфăти́л дă–рăбóти, а тáткǫ–му сáмо фудулýк терáл и нę–знáјл кáк дă–зăстáни нă–нóси, óти имáл пęáн чувéк у нéјнта кýјќа* [ВЕв(К),292]; исто во Мегленско: ~ *мори, почна Павле огајн да ми вале,] ми зароси сиуна ситна роса.] Мори, ми ја фрли нејнта миуна сестра,] там испадна вода ликувита* [МП(М),99]; кај Верковиќ без локација: ~ *полека–лек тоја си зема нејна тешка бозлугана, една ја удри, и, кату ја удри, ламјата се беши разбудила* [V,PM,220]; регистриравме и повеќе прмери во множина: нејни м. 'негови': ~ *кăтǫ пęáн чувéк нęмáл мирáк дă–óра и дă–кóпа, áма... áкǫ не рăбóти нęма дă би́ди ми́л нă–дрýзите нéјни брáтќа* [ВЕв(К),292]; ~ *у–сéлто имáле и ăднó пóп, пă и óн чéсто пắти мă–ј–нóсил нéјнте кни́ги дă–му–пéј пęáнто дéте* [ВЕв(К),292]; со член: нејните ~ *није утидоме су мојта дружина,] на Диму кијата да му зеваме,] да му зеваме триста жолтици...] ка му отидоме на нејните овци,] ка му и запалиме није трите трла* [МП(В),62].

не́испра́н* adj 'работа, пр. дел од облеката што не е чиста, што треба да се пере' ~ *гу–зӑбурви́ла са́пуну нӑ–ѝдну ка́мен и до́шле ча́фки и му–гу–крина́ле. Ко́га ви́шла же́нӑта фӑти́ла дӑ–ту́фка: "Ту́ф–ту́ф! Шо́ ни–сӑ–сто́ри, ни–устӑна́ја пл'а́чките не́испра́ни"* [ДК,155].

неисцедӑн adj 1.'ако по цедењето (на нешто) останало малку влага'; 2.'ако е малку недопечен (лебот)' [ПД (118)].

нејзи pron 'овде во употреба на прав предмет од таа, место неа' ~ *ко́ј–што ми–да́ди, мо́ри, ја́бӑлка,] зиле́н дӑ–би́ди, мо́ри ка́к нејзи,] ко́ј–што ми–да́ди, мо́ри, пӑ́рстино,] приз–не́го да́–го, мо́ри, по́минат,] ко́ј–тре́тјо ми–ме́ни, мо́ри, ц'а́лувна,] да́ј–ми–го, бо́жи, мо́ри, за–не́го* [ЛК, 134].

нејке (нејќе) impf 1.'не сака' ~ *уд не́го не́јкум по́муш от но́го нӑве́ле. Ќи–т нӑпра́ве не́каа дубри́на сто пӑти ќи–т ја нӑве́ле* [ПК,2(183)]; ~ *ле́штевичке, бе́рберичке,] зби́ри пе́на дӑ–руча́ме.] Ојќам, не́јќам,] пи́ле ми е загина́ло,] од–мо́ре до–море́,] до цӑро́ви дво́руве* [ПК,2(329)] – во контекстот имаме архаизам, остаток од првичната форма на стсл. глагол хотѣти : о́јќам, не́јќам...; ~ *он је́ мло́гу бога́т, но неки да ми знае, зашто́ ја́зе сам мо́шни сирома́х, и тајфа́та ми уми́ра от гладѝа* [V, PM,13]; ~ *кога ни велиха да одиме на мӑ́хкимето, бегот викаше што е болин, сӑ криеше, некише да излезе* [MC(B),89]; ~ *са поклони на авциолиа и му вели: "ми некеш и меника да дојда сос тебика?"* [V,PM,43]; во контекстот имаме прашална реченица во која отсуствува честичката *ли*; ваков тип на балканизми се среќаваат повеќе во Долновардарско; 2. 'не треба' ~ *нејкја да се забрава оти ва је сӑл царцката ангарија, и то не е сӑта* [ME(P),73]; 3. изр.: нејкји питајна (= очигледно дека е така) ~ *нејкји питајна оти пукрај другото и во гу путкрена на Постол* [ME(P),71].

не-ј (< ни – pron + е – 3. л. ед. од 'сум') ~ *се́тне, уд–Мукри́во стӑна́ме, удде́ме нӑ–Сви́дувица. Имше ади́н шу́ра то́ мо́јо бра́т. Та́м сиде́ме. И–та́м, зӑ–то́о сја́а ко́рно н–е́ј ут–та́м* [ПК,2(279)].

нејоплетена adj, f 'неисчешлана' ~ *Златина мајка по дори ходи,] и сӑлзи рони, на снӑха вјали:] – Уој снӑхо, снӑхо, снӑхо Ирини,] мар шчо ми ходиш таквӑ по дори,] л'у јомијена, нејоплетена* [МНП(Д),86].

нејуженин adj 'тој што не е во брачни односи, што нема жена' ~ *карам те синко, јучам те...[земај си тенката пушка,[јодај си јов гора зилена,[палај си извор студна вода,[копај си бразда длӑбока,[слимни ја доло јов чаршија,[викај си мајстор нејуженин* [ТГ,212]; в. неженет, неженин.

нејсе part ~ *не́јсе ќе би́де* (= ќе се стори тоа) [BV,118]; ~ *а́ма са́мо мӑ́лчи, дӑ–не́ ла́фиш, дӑ–не́ кӑжу́виш о́ти ми бига́ же́нта. Са́му ќи–ти–пу-тти́сӑм. То́, во́, не́јсе, а́ма ќи–ми–да́ш дузво́л'а, по́тпис* [BEв(Кор),305]; ~ *му ре́кла: "Е, уста́јте–у чо́икут! Про́сти–му нӑ–чо́икут!" И му про́стӑл то́. Изле́гле утта́м се́а. Не́јсе.* [ДК,130]; ~ *не́јсе, бра́т–му ш–ути́шӑл, во́лут си–прижи́ве, то́о зи́ме бӑлти́та, о–зако́л'уве...Гу–фӑ́рле то́о ме́:сто. Мӑ́ршата а–фӑ́рле. Ната́м пе́–че́с ки́ла, ната́м пе́–че́с, пу–ти́ѧ дра́мките* [ПК,2(344)];.

не́јсӑне, в. нејсе (= му благодарам на Бога, добро е) ~ *не́јсӑне, сӑ–прӑ-*

бра́хме и–ни́а до́ма кут си́те л'у́де [ПК,2(180)].

нек pron 'долга форма за директен објект од заменката он (наместо 'него')' ~ *и тога́ зе́л ца́рја та на па́рвиа да́де де́сјат хил'а́ди и го испра́ти, и на фто́риа да́де хил'а́да гро́шја и една́ хала́јтка и не́к испра́ти, а пак на тре́тиа ре́кăл: "На те́бја Го́спот не́ка дадé!"* [V,PM,254]; ~ *му ре́че: дида́скале, ни́е зна́еме, о́ти ти́ си дошéл от Бо́га дида́скал, о́ти те́зи ниш'а́не, што пра́виш ти́, ни́кој не мо́же да ги сто́ри, ако ни е́ Го́спод сăс не́к* [ВД(Тр),327]; ~ *и кога́то стемни́ло, е́то еди́н хара́пин сас са́бја фаф рака́та пра́во на не́к да го́ загоби́* [V,PM,254] – случај на имперсонална употреба на глаголот, но без заменската форма 'се': кога́то стемни́ло.

не́ка part 1.'изразува согласност' ~ *ба́бата му вили́: "ми ути́ваш'! за т'ạ уб'ăси ца́р'у!" "н'е́ка м'ă уб'ăси, ја́–за по́ја!"* [MS,t,22]; ~ *то́ј му ве́ли: "да до́јда јаз ефе́нди, ама л'у да ми ви́дат деца́та, и те́ ки до́јдат". Па́к кади́ата му вели́: "не́ка до́јдат и те́!"* [V,PM,26]; ~ *и кога збор чиниха царју́т и сиромахот, царју́т рече: "ошти ацамни са, ама нека да ги уженими, ке да добиат ум"* [V,PM,114]; во употреба е и скратената форма нек: ~ *о́на ви́ке: "Та́те, и мо́јто мо́мче са́ке д–о́де". "Не́ ца́ним... а́к са́ке ја́ та́а кри́вăта куби́ла, не́ка: зи́ме, не́к до: и о́н"* [ПК,2(231)]; 2. 'за изразување на желба' ~ *"дилму то́лкус м'ạ мило́ва мума́та, н'е́ка ста́ни ра́бута́та и у нид'а́л'а за дад'е́ми гул'а́м прăстин"* [MS,t,28]; ~ *"р'е́ч' му н'е́ка и́ди ка́та в'е́ч'ер тук у м'е́н'ạ да ни киманиса за да ни прумина са́:т'у!"* [MS,t,30]; ~ *тогас, кога си куртулиса змиата* (пишува: *земиата* – сигурно погрешно) *от децата, и рекла: "кој тос човек, што ми откупи мене от децата? Нека дојди при мене!"* [V,PM. 203]; ~ *му пура́нч'ува на ч'уба́ниту: "у́тр'ạ саба́лин, кутри́ за до́ј да нави́ка на ко́зит'ạ, тут ед'е́нсăнăс на ку́чанта́та н'е́ка гу изида́т!"* [MS,t,17].

не́каа pron (< некоја – со асимилација) 'непозната, било која' ~ *ка́ сă–л'у́те, ка́ ви́ке но́го не́каа же́на, ки–ј ка́јш: што ма́р–ти сăба́јле си–измуча́ла–си нăла́ăно* [ПК,2(193)].

не́кạкси adv 'некако', в: некăк ~ *а то́ạ што–го–благословʼа́л, то́ј, не́кạкси, на́зạт, на́зạт, на́зạт и сѐ изгу́бил, и–на–печа́лбạ оти́шạл, ни́што не́–напра́јạл, се врат'ạл. На́зạт и́ди, на́ли лажа́та, лажа́. А то́ạ напре́днạл дру́гио* [ЛК,115].

неканен* adj 'тој што дошол без да биде поканет' – треба, кога ќе се појави првата *прекна* да земе *стиска* (= грст, рака) *прăс* (= многу ситна земја, не е песок) *уд незнајин гроб* и таа земја да ја стави во чаша вода, па со таа вода да си го измие лицето и да прозбори: *"Неканени дујдете – невидени да–с јодите"* [ТГ,104]; – домаќинот се труди убаво да ги пречека гостите (што доаѓаат од други села за панаѓур, за селска слава и сл.), но и во "гостувањето" не смее да се претерува, оттаму и изреката: На неканен гост место му чинуват зад врата; домаќинот се грижи и за добитокот со кој е дојден гостинот, но ако остане повеќе денови (гостинот) тогаш се опоменува со изреката: Гост са госте – магаре му посте [ТГ,318].

некој (и: некуј) pron 1. 'неопределено, непознато кој, било кој' ~ *кату чу мажо́ и́, не отговори ни́шту на жена му, туку рече: "таја работа, жену, харна е, што на чини царју́т, ама сакăн да не кажиш на не́кој таја*

работа!" [V,PM,32]; куче куга вије некуј ки умре (народно верување) [ТГ,247]; сп. изр. не́куј вăлк се́-ј убăрна́л не́где (= се кажува за нешто што се случува мн. ретко) ~ *а–у, и–ви́а дуjдéте – не́куј вăлк се́–ј убăрна́л не́где. Ка́ сă–ришúте дă–до́jте, ко́j зна́а?* [ПК,2(180)]; 2. 'ниту еден, ниту било кој, никој' ~ *онuа рогови сетника ки сакат да ги загубат, та некој лекар не знаи л'ак за них* [V, PM,35]; ~ *аф гората, виде млогу авuии, тераха едно фил'у да утепат; вазден са мăчеха, не можиши некој да гу отепи* [V,PM,41]; ~ *цáр'увата мóма úмаши стáр мараз: не́кој хикимцúа не мóжиши да позна́j штó мараз бе́ши* [V,PM,29]; ~ *му вели:* "*синку, ...сос това кепе да си завиuш и прет царскиj аскер да проминиш, хич некој не можи да ти види!*" [V,PM,33]; ~ *кату чу царjут, повики гу сожали и му вели:* "*ади, братку, jазе ке да пусна човек сос тебика, тел'ал да викни аф селоту, да не ти гибни некој ниту кокошта ти, а не тебика*" [V,PM,32].

не́кој пăт 'никогаш' (в. некој = никој) ~ *му ве́ли: "ма́жу, то́лку годúни има, што сми женéти сос тéбика, не́кој пăт не ми ка́за, ча úмаш бра́т на Ста́мбол"* [V,PM.18].

не́колку adv 'неопределено, непознато колку, но не многу' ~ *úма та́мука да зе́ва да да́ва верисента, и затова́ остана́ о́шти не́колку вре́ме nasam* [V,PM,19]; ~ *бра́т ми са́каши да до́jди сега́ со́с ме́ника, а́ма úма та́мука да зе́ва да да́ва верисента, и затова́ остана́ о́шти не́колку вре́ме nasam"* [V,PM,19]; ~ *се́кој пари́те, што длаго́ваши, му га да́доха, и се́кој си зема́ по́дпис от негу́вата ра́ка. Тоjнака, кату собра́ то́лку па́ри, са чини́ това́рот; от не́колку дни́ се́тни киниса да и́ди на дру́г гра́т* [V,PM,20].

неколкумина adv 'неколцина, неопределено колку' (само за машки, односно за мешани лица) ~ *земала сос себе двете гăлăбчета, венала на една коза и кинисала да оде при царут, а пушчила неколкумина да одат да кажат на царут, оти иде* [ШК,(5),424].

некрмен* adj 'кога животното (домашно) нема јадено крма (зрнеста храна со сол)' ~ *оj jовчари две добри jунаци,] што ви jовци, jовци потимнети,] дали jовци трева непасени,] или jовци вода непоjани,] или солче jовци некрмени* [МП(В),27].

не́кугăш adv 'некој пат, во минатото' ~ *си–има́л не́кугăш ни́куj цáр. Тó цáрут има́л и идна ќе́рка. Ќе́рка–му би́ла на–тăквó ме́сто клăде́на у–никуj удája, што– вéл'ăт цамлăк, што ни́куj не–вливáл у тó цамлăкут* [БМ,194] – во синтагмата у-никуј удája имаме две посебности: прво употреба на заменската форма никуј со значење 'некој', и второ нерегуларност во конгруенцијата, како резултат на мешањето на категоријата род, имено: определбата во машки, а именката на која се однесува во ж. род: никуј удája.

некуjси pron 'непознато кој, некој' ~ *иден дел уд негу му дал... на некуjси Ибраим–Ефенди* [МЕ(Р),83].

не́кăк adv 'некако' ~ *Зăтка́мин* (top.) *– не́ко: зăт–ка́мин ме́сто, се́ лузúна бúă, ме́стто тăка́ сă–ви́кше. Тăкóф–еj, кăту спóменик не́кăк* [ПК,2(216)].

некăлкан* adj 'коњ на кој не му се извадени полните жлезди' – младото од кобилата во првата година се вика ждребе, во втората муле. Во трећата година машкото е којн, женското кубила. Некăлканиут којн се вика ат [ТГ,374].

не́кӑсметли́а adj 'човек на кој му се случуваат несреќи, тој што не е успешен' [ЛК,94].

нели 1. part (прашална честичка зад која се очекува позитивен одговор) ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома на Танковата ишкија и да е прилика на неја?"* [МС(В),94]; ~ *то́а де́тто кӑ гу купи́ ни́ли му ка̨жа́: а̨дна ко́ла трӑ̀јне ќи и́миш на̨ гӑ́рбут* [ИГ,112]; скратено: нел' ~ *а бре сонце летно сонце,] цел ден одиш, цел ден шеташ,] нел' ја виде мојта мајка,] твојта мајка кулак меси* [МН(К),22]; ~ *и му–да́л ру́би дӑ̀–с–ублéче. С–ј–уддéл до́ма, сӑ̀–кӑчи́л нӑ̀–чӑ̀рда́ко, не́л' чӑ̀рдӑ̀кли́ј кӑ̀шти и́мше* [ПК,2(232)]; и: нали ~ *– дај ма, мајо, че моја чув'а́к – казва – те́ра мулета да иде на пазаре; – ами от де, мари чедо, нали немате пари?* [ВД(Ка),334]; односно скратено: нӑ̀л ~ *нӑ̀л испадна́ле ти́и измика́ри пу дру́мишти, ко́лку а најде́ле сӑ̀ти и субра́ле и а́рни и ло́ши* [MV, К,270]; 2. нел во сврзничка служба: 'штом' ~ *те стретоја баш душмани,] ...ке те питам да ми кажеш,] кои ти беа душманите?] – Нел ме питаш, да ти кажам,] кои ми беа душманите:] првјот беше Митре Јачов* [МП (В),125], уште: нӑли ~ *Смил'ане либе, Смил'ане,] вӑрни се либе вӑрзувај,] – Дафино грозна нивесто,] пусто стојали детето,] јогӑн горели рӑкојки,] нӑли–ј тукӑ Бужана* [МП (Д),34], односно н'али ~ *казувај снӑхо гјрахове,] шчо грјах имаш на душта? – Оj мају, стара свекӑрво,/ н'али си ма запитала,] ја на теп прау шча каза...*

нел'убен* adj 'тој што немал можност да биде љубен, сакан' ~ *чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло негрaдено,[јуф трло стадо небрујено,[мѝѓу стадо ведро пракувано,] пракувано, ведро немирено,[и јуф ведро една малка мома,[малка мома никак нел'убена* [ТГ,56]

нема* impf 1. 'кога нешто отсуствува, односно не е присутно' ~ *брӑ̀ка, брӑ̀ка то́с сӑс лупа́тата, му вили́ : "н'е́ма гӑ̀ска н'е́тр'а̨"* [MS,t,56]; ~ *усӑ́мна ху́бав'а̨, д'ӑ́т'а̨ту исл'а́зи до́л пукра́ј та́тку–му, гл'е́да мума́та ја не́ма* [MS,t,17]; ~ *вили́ на ман-а̨'о́т–и: "бра́ш'ну н'е́ма, за по́да на удини́ците да ме́л'а́!"* [MS,t,78]; ~ *му рекле: "а бре, ут кӑ̀де дујде? Как не тӑ̀ издеа кучијнта?" – Мѝѓу кучијнта поминах и дујдех да са главум на вас". – "Немме кутӑрциа, седи да ни терѝш офците!"* [V,PM, 295] ; ~ *мӑжо́т ми не тихи́са да е ха́рин, ме испанди́ и па́к сега́ са́ка да ми зе́ми, а́ма ја́зе, сега кату си најдех сос тебика, немам, бра́те, благодаре́ние да гу зе́мам о́шти едноч* [V,PM,11]; кога глаголската форма за 3. лице ед. (нема) прави акцентска целост со кратка заменска форма што се наоѓа во постпозиција, од глаголот отпаѓа основниот вокал: ~ *ти́а̨ сја́а че́кӑт: адна́ гуди́на не́м–го, две́ гуди́ни не́м–го. На̨–тре́тта гуди́на ричéли ти́ӑ...* [ПК,2 (267)]; 2. 'кога нешто воопшто не постои' ~ *имаши глас, толку му беши благ, којто не можи да се искажи; немаши на д'ун'ата таков глас* [V,PM,37]; ~ *и т'е́ му р'е́куха: "ја́ла! сирма́си сни́, н'е́мами дру́га удаја́ по́вики, ама́ пукра́ј нам про́мин' и ти́!"* [MS,t,,15]; ~ *гу пи́таха н'е́гу: "н'е́маш' ш'то́гуди ти да ри́-ч'е́ш', ч'ӑ́ за т'а̨ уб'ӑ́сами в'е́јќи?"* [MS,t,22]; ~ *кесету сос парити ми падна аф реката. Кату немам*

кăсмет сирак, што да чинам, пак ки си вăрнем назат да работам [V,PM,87]; ~ *они фатúха да плáчат, не сáкаха да úдат. Тогáс кадúата му вéли: "áх чорбаџú, ги нéмаш хáрно учéни тúа дéца, ти острамýват"* [V,PM,25] – случај на употреба на првичната форма на глаголските конструкции од "има (нема)" + гл. придавка во кои придавката се јавува во конгруенција со предметот на кој се однесува (по род и број): ги нéмаш хáрно учéни тúа дéца; ваквите контрукции се среќаваат често во Зборникот на Верковиќ и со право појавата може да се поврзе со релативната старост на материјалите што се бележани пред околу стотина години, сепак во одделни говори ваквите примери продолжиле да живеат, така во свеж дијалектен материјал од Воденско е регистриран во следниов контекст: *пúл'ту гу–питáл: "Шó крúвиш?" – "Јáс, тăкá и тăкá, кă–свăрúй мéсуто, нéмше дă–ти–дáдăм, ут–тýка си–сичéк, уд–нó·гта". Пúл'ту му–рéкăл:* "Јáс тú нéмăм óшче гу гултнáт" [ВВ(Кр), 313] – за ова поопширно во граматичкиот дел; 3. изр.: нéма сăрце а. (= не се решава да стори нешто лошо) ~ *нéмум сăрце дă–зúмум чýздо;* б. (= нема одважност, не е храбар) ~ *нéма сăрце дă–зăкóле áдна кукóшка* [ПК(Гăр)]; нéма дéк (= мора така да биде, нема друга можност) ~ *фáјќе, нăпráуве аднá ýбува пугáча, лéпче, демéк измéсуве. Тáа нéјнта мóма сáке, нéјќе, нéма дéк, óде* [ПК,2(285)]; нéма дă-т пáдне ýстта (= се кажува кога на некого му се препорачува да комуницира, односно да се ангажира вербално за некоја работа) ~ *áк кáјш адно дóбăр дéн нă–чувéк, нéма дă–т–пáдне ýстта, прăгувóри, зăшó си чувéк* [ПК,2(180)]; нéма пердé (се кажува за човек што нема норми во однесувањето, што нема срам) ~ *сјáа млăдéжо нéма пердé–ки, шó сáкиш д–úма нăпридúи. Нé сă–знáа кój–ej стáр, кój ej–млáт* [ПК,2(180)] – веројатно фразата стои во врска со настанот кога девојката ќе ја изгуби невиноста; нéма кирмúда нăд-глá·фта (= се кажува за човек што е многу сиромав, бескуќник) ~ *шó зéт зé, нéма кирмúда нăд–глá·фта* [ПК,2 (180)]; со слично значење е изразот: нéмат лéп дă-јáдат ~ *свáдба ќи–правúли, óни нéмат лéп дạ–јáдат* [ПК,2(180)]; односно клетвата: да немиш чиница да ти са раздаве; свеќа да ти са запале! (= да немаш пари за погреб) [ТГ,320]; немам хабер (= не сум известен) ~ *минува от Гроздинта куќа, демек мојта керка, ú вели: "На татку ти отиде поп Игнат да го конка. Имаш хабер или немаш?"* [МС(В),80]; со исто значење: нéмум нú аúр, нú ạбéр (= не ми е познато, ништо не знам за тоа) ~ *ут кá уддéа нé сă–јавúа, нéмум нú аúр нú ạбéр*; нема кулај (= не гледам решение) ~ *кату чу такá цáрјут, млогу си разл'ути, амá колáи нéмаши, дé вечерот му вéли ...* [V,PJM,10]; нéмум блáк дéн (= имам тежок семеен живот) ~ *ут–кá ми–сă–жúни дéтто, нéма блáк дéн*; нéмум акăл зă-адна пáра (= се однесува за човек што има склеротични тешкотии) ~ *шó ќо· клáдум шéјо нă–мóж до·–нáјдум, нéмум акăл зă адна пáра;* нéмум гу тóо ня акăл (= немам такви намери); нéмум скăршăна пáра (= без пари сум) ~ *нé ми–дáви акăл, пăри ми–дáј. Нéмум скăршăна пáра* [ПК,2 (181)]; нéмум смéтка (= ваквата солуција не ми одговара) ~ *áс ти вéл'ум: тú нéмиш смéтка ус мéн дă–сă–кáриш* [ПК(Мор)]; нéма чáре

(нема решение, не се може) [ДК,106]; нимáше áрно зънáт (= правеше нечесни работи, односно живееше нечесно) [ДК,106]; немат гајле (= не се грижат, се чувствуваат безбедни); во контекстот што следува: 'немаат потреба' ~ *вéлеа: Мéстото устанá ви́ки пусталúа, и врéмито заминá; пýшти си инсáнут да си óдат уф сéлата, да си зéват вечéра. Исус рéкал на ни́х: Нéмат гајлé да си хóдат ни́гден; давájти на ни́х да јáдат* [MV,K,266]; блиско значење и во: нéмат касавéт ~ *рéкле на Ученúцити: Зашо такá вáшо Дидáскало сéди су имрукчúи и су грéшни л'ýди да јáди су ни́х заjно? Исус ка слушá му рéкал на ни́х: Нéмат касавéт здрáвјити л'ýди ут икимцúата, тукý бóлнити шо лéжат уф пустéл'ата* [MV,K,300]; н'éма за гу врнуваш'! (= биди услужлив: кога некој ти бара нешто треба да го услужиш) ~ *за кáраш' вóда и кутрú т'ạ стр'áва на пänт'ó да ти бäрäка вóда за му дáваш', н'éма за гу врнуваш'!"* [MS,t,44]; нема да фати (= не почнува) ~ *ч'áка, ч'áка мумáта да фáти да киманúса, н'éма да фáти; мрäкна* [MS,t,27].

немаеќи adv 'бидејќи нема нешто' ~ *а момчето, от страх, да не се испäлни таја нарäчба и најстина, станало от рано и, немаеќи тука никој, а зел момичката, а однесол на дворот и а забодел на един кол* [ШК,5(Г),401]; в. нимáќи.

немажена adj 'девојка што не стапила во брак' ~ *оде Стоје крај сукаци...] да ми чека кирации...] да ми прати црно писмо,] црно писмо до Ѓоргија:] – Ако си дојш пред Ѓурѓовден,] ти ке ме најш армасана,] армасана немажена* [МП(В),165]; ~ *ил ме мажи, ил ми кажи,] моите друшки се мажија,] се мажија, со деца се.] – Молчи Митро, да–н те чујат,] твојте сестри погулеми,] погулеми, немажени* [МП(В),291].

немирено adj 'извесна количина од нешто на кое не му се знае мерката' – за празникот Ѓурѓевдин е поврзан следниов обичај: домаќинката ќе земе во скутот немирено (приближно, не гледајќи колку) бело просо и ќе го праселе сиот двор и ќе ја обиколи целата куќа зборувајќи: *"Кога душмајне ду зäрно воја просо ки гу суберат, тоги и касмет да ни праземат"* [ТГ,64]; ~ *Пиринуго, јубава дивојко,[тихо пејиш дилеко се слуше,[чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло неградено,[јуф трло стадо небрујено,[миѓу стадо ведро пракувано,] пракувано, ведро немирено* [ТГ,56].

немúрин adj 'обично се кажува за некое дете што не мирува, што ги предизвикува другите' ~ *áк мо–j, нéк гу–нäтéпат, зéр цéл дéн ej немúрин, ус бóрна сj–о: бäрке* [ПК,2(205)].

нéмитéн* adj 'простор што не е чист, каде што не "поминала" метла' ~ *тјáнака фатú – тýка еднá мéтла, удрú, тáмо еднá, са чинú нá мéсто митéну, на мéсто нéмитéну* [V,PM,22]; ~ *когá дójдоха самовúлите, најдóха ни́ту митéну, ни́ту немитéну, не можáха да га чúнат ни́шту* [V,PM,22].

неможú: f 'исцрпеност, болест – немоќ' ~ *неможú: мä фатú* [ПД(115)].

немój – императива форма, се среќава и во самостојна употреба со значење: 'престани, не го прави тоа' (~ *ни́м, дóста бúше)*, но исто така и заедно со друг глагол на кој му дава одречно, заповедно значење: ~ "*немój сéдиш тýка на хáнот, ча тýка е лóшу мéсту: úма дjáволи хajдýти, да не ти чúнат нéшту*" [V,PM,20];

~ му вели: "ви́а и́дити, ви са мо́л'а, да ми дока́рати пари́те, што́ дла́го́вати, и за́ онова́ гри́жа немо́ј и́мати" [V,PM,20]; *~ му ве́ли: "немо́ј ти е стра́х, ча не́ма ни́шту да стра́даш, л'у ка́жи, ко́ј ги отепа́!"* [V,PM,22]; *~ де́ка ти сам виде́л јазе те́бика? немо́ј са чи́ни безу́мен"* [V,PM,8]; во Кајларско е во употреба скратената форма нему: *~ гу кла́ва си́тто нӑо́пко, но́шфите нӑо́пко – ќи се́е бра́шно. Та чу́пата му ве́ле: "Ба́бо, не́му та́ка!". – "Е, сфа́ли–сă дă–ми ка́жиш, не́–ми–сă пу́ле* [ДК, 124]; *~ "... му–но́сăм две́ ја́ца – ми–да́ва пу–две́ ли́ри". – "Е, му–ве́ле де́тто, јас ќ–о́дăм ќи–му–зăне́сăм". – "Не́му си́нко, ве́ле, ти́. Не́ чи́не! Ти́ нă–мо́жиш д–о́јш. Не́ тă–зна́е", ве́ле* [ДК,142]; во Гевгелиско е регистрирано нимо: *~ бре нивесто црнајока![нимо јоди рано вонка,[не са гледе санăр меѓа,] санăр меѓа, црна веѓа* [ТГ,54]; во Ениџевардарско, Солунско (и Кукушко) ним *~ пăрва пу́шка пукна́ла,] Го́це гу уф–гăрди рӑни́ла,] в–ле́вата стра́на уф–сăрцето.] Дуде́к му ду́ша стуја́ла,] на–другáре ве́ле, гувóре:] дружи́на, ве́рна, згувóрна,] пу́шките ни́м си–фăрл'а́јте,] са́бјите ни́м си–кăрше́јте* [ПК,2(297)]; *~ ним плакасте, лăжа е, одејте на селото, ва не верувам да е истина* [МС(В), 80]; и: нем *~ удри́ла зми́та нă–пăрвă-та вра́та, сă–јăви́ла ма́јка–ј. Рипну́ве ма́јкăта до:–а́пне нă–де́тто. "Не́м, то́–ј мо́јоо спăси́тел", ви́ке зми́јчкăта* [ПК,2(262)]; има случаи кога контактот меѓу немој, односно нем и глаголот е нарушен со сврзникот да: *~ нем дă си кăжал лошо зă Туше, зер очте ќи–ти–ј изваде Киро* [ПК,2(156)]; заповедта може да биде и во "блага" форма *~ му ве́ли: "бра́тку, ко́лку за дре́хите... благода́рим ти, а́ма за́ наса́т не мо́га да си вăрнам... Јазе ти са мо́л'а: немо́ј хо́ждаш на врӑх вăлко́т ја́гне!"* [V,PM,21].

немошна f 'назив за следниот верски обреден ритуал: по три години од смрта, коските на умрениот се откопуваат од гробот, потоа се мијат со вино, се завиткуваат во бело платно и се носат во костурница, или повторно се закопуваат'; во грчкиот јазик, од каде што е позајмен зборот, значи: молитва што в црква се чита за умрениот [BV,118].

нęмути́а f 'сиромаштија, немаштија' *~ ка́ бе́гахме гуле́ма нимути́а би́ше* [ПК,2(78)].

не́мцки adv 'кога некој што е нем ја соопштува својата мисла со гримаси и сл.' *~ во́ ти́шăл у–инӑ–дăржа́ва. Ти́шăл у–ни́ку ба́ба, у–идно де́до та́му. Сă–сто́рăл не́м. Сă–кăжу́ва не́м се́га. Оде на́ ба́бăта му–ве́ле: "Ва́ка и ва́ка. Ја́с са́кăм рӑбо́та, му ве́ле пу–не́мцки"* [ДК,128].

Не́мцово вăрши́ло top. 'називот е изведен од прекарот Немца и земјоделскиот термин вăршило (= место каде што се врши жито, гумно)' [ЈИ,МИ...,164].

ненавижда* impf 'покажува нетолеранција, мрази (некого)' *~ една жена си имала еднӑ сојӑ дăштерја и другă завареницӑ. Нехинӑтă си миловала много, пак завареницӑтă ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето* [V,PM,286] – уште еден пример за лексички архаизам во југоисточните македонски говори, сп. рус. ненависть 'чувство на силна омраза'.

ненаносен* adj 'се кажува за некој што прерано завршил со животот и немал можности да се покаже убаво облечен' *~ Хрисо, мајчина*

дăшче,] прил'агаше ли Хрисо,] ăф цăрна земја да лежиш,] ненаходена, ненаносена! [МНП(Д),42].

не́нạпрăвéн* adj 'кога нешто не е приготвено, не е сторено (како што треба)' ~ *и си óде тóо нă–рăбóта. Си–грéде уд–рăбóта, стáпу стóе тýка; жéнта си–лéже; крáвите у–двóру вúкăт... рýчук не́нạпрăвéно, вóда не́нăпăлнéто* [ДК,124]

не́нăпăлнéт* adj 'ако сад, односно нешто што може да се полни или празни, во моментот е без течност' ~ *и си óде тóо нă–рăбóта. Си–грéде уд–рăбóта, стáпу стóе тýка; жéнта си–лéже; крáвите у–двóру вúкăт... рýчук не́нạпрăвéно, вóда не́нăпăлнéто* [ДК,124].

ненаходен* adj 'се кажува за некој што прерано завршил со животот, без да има можност да ги доживее животните радости' ~ *Хрисо, мајчина дăшче,] прил'агаше ли Хрисо,] ăф цăрна земја да лежиш,] ненаходена, ненаносена!* [МП(Д),42].

не́нýчин* adj 'тој што не го "совладал градивото" ~ *ка́ ре́кла "ох, ох", излéгăл "ох" и дéтто гу–јскăрáл. Арно áма дéтто не́нýчино* [ПК,2 (254)].

нен'а* f 'тетка' (?) ~ *нен'о Ингилино,] френгова невесто] зашчо ме лăжеше,] за Карлова Гинка?] тја си јă оглавена,] за Вăлăова Начо* [МП (Д),157].

нẹ̣блéчạн adj 1. 'кога некој е без облека, гол'; 2. 'недотеран, облечен во неубава облека' ~ *Срạди́н Оцạ ọти́шạл нạ–сва́дбạ, áмạ ọти́шáл ски́нạт, нẹ̣блéчạн. Си́ти сéдạт, не́гọ не́ гọ ка́нạт* [ЛК,120]; 3. 'војно лице без униформа' ~ *и тáм дујдé:, фрóнт нăпрăви́ă ви́ќе, дéка–ј то: Цумăјáта, укупи́рáа сè Бугá:рто. И куту–нáс стáри, ọсăмдăсé гуди́шни чувéци, нéублéчни, тăкá–ј кáрăт нă–фрóнто...*

неоплетена* adj 'неисчешлана' ~ *Златина мајка по дори оди] и сăлзи рони. На сн'аха вјали:] – Уој снăхо, снăхо, снăхо Ирино,] мар шчо ми ходиш таквă по дори–] л'у јомијена, неоплетена?* [МНП(Д),70].

неоружент adj 'кога некој е облечен обично, недотеран, без украси' ~ *фатили пак да проминат јунаци; тогај промина и калеко неприменент, неоружент; на него метнала најмалката јабалката... И пак повтор проминаха јунаците, и пак на калеко метна јабалката* [V,PM,159].

неотепа (се)* pf 'не погине' ~ *тоги тој (се) чинал арслан и зел на бојот да ги даве за шијăтă и сичките ги истепал. Од них никој се неотепал, а па се врнали од бојăт. Като идали наваќе дошли до една чешма* [ШК,(5),441].

непасен* adj 'кога животното нема јадено (доволно) трева' ~ *ој јовчари две добри јунаци,] што ви јовци, јовци потимнети,] дали јовци трева непасени,] или јовци вода непојани,] или солче јовци некрмени* [МП(В),27].

не́пеан adj 'тој што не е образован, во случајот што не знае да чита' ~ *у–сéлто имáле и ăднó пóп, пă и óн чéсто пắти мă–ј–нóсил не́јнте кни́ги дă–му–пéј пẹ́анто дéте. Тúја кни́ги пóпут нáјнóго и зẹвáл уд–влạди́кта, áма бидéјќи и пóпут бил не́пеан, пă–зăтó и óн му–ј–нуси́л нă–дéјто дă–му–пéј* [ВЕв(К),292].

непечéну adj 'нешто што било на огин, но останало недоволно печено' ~ *пáк на дрýгиј дéн порăнчеа, л'áп да мјáси, да гу пéчи, ама да é ни́ту печéну, ни́ту непечéну* [V,PM,132]; ~ *самови́лите оти́доха, пáк змéјут казá нá нéја: "кáк ки мјáсиш, дá кладéш пóдницата дá са пáли, и да*

гу покри́еш л'а́пот от го́ри ки са пе́чи, от до́л ки е́ непече́ну!" [V,PM, 132].

неписан* adj 'бел. чист (пр. лист) на којшто нема ништо напишано или нацртано' ~ *мор Бурјанке, бел Бурјанке,] немаш лице като лице,] лице имаш като книга,] варосана, неписана.] Ки продадам дуќанчето,] пак на рӑци ќи та кладам* [МП(М),53].

непојан* adj 'кога животното се нема напиено вода' ~ *оj јовчари две добри јунаци,] што ви јовци, јовци потимнети,] дали јовци трева непасени,] или јовци вода непојани,] или солче јовци некрмени* [МП(В), 27].

непознат adj 'тој што прв пат го гледаме, запознаваме' ~ *ин се моли делија непознат:] Ја подај ми мацирке девојке,] ја подај ми вода да–с напијам,] луда ми је таа пуста којна,] ак се свал'ам, не мож да се качам* [МП(К),140]; ~ *и де́тто о́оол, му–сă–рӑси́пува ќе́јфут... И кӑди–по́л но́ш шо́ си–има́л ни́ку па́ра – шшшт, на бига́јне. Стă ну́ва, бе́га. Оде у–идна́ дă ржа́ва, не́пузна́та и́ч. Кра́лцкӑта ќе́рка стă ну́ва нӑра́нто – не́мааа. Зе́тут гу–не́ма* [ДК,128].

непоморлив* adj 'нешто што го потпомага здравјето, т.е. што ја спречува смртта' ~ *двја загорцки моми,] л'у за Горă н плачат,]: "Мила наша земја,] наша Руманија,] шчо је л'абородна,] та непоморлива! Пуста голна Земја,] шче је л'абородна,] млого поморлива –] з девет брата дојдах,] без једă н шче с–ида* [МНП (Д).32].

непра́вилен' adj 'кога нешто не е усогласено со нормите' ~ *му–ви́ка̨ на ца́ро̨ та̨ка́: "Те́ра̨м от–те́би ка̨–ќи–до́јди де́до̨–ми да̨–не́–го̨ пре̨че́ка̨ти са̨с му́зика̨... пра́во̨ да̨ се̨ а̨ре̨сту́ва уф–за́тво̨р, гото́во̨. И ќе̨–го̨–сӑдите, ка́о не̨пра́вилно̨ таргу́ва̨ни"* [ЛК,126].

непреда f 'именување на денот среда во играта на зборови: пуниделник – *пусиделник*, торник – *удморник*, среда – *непреда*, читвă рток – *запă рток*, питок – *на пазар удејне*, сăбута – *глава мијајне*, нидел'а – *уф цă рква удејне* [ТГ,9].

не̨прија́те̨л* m 'тој што мрази некого и сака да му нанесе зло' ~ *ле̨тна́л–си го́ре̨ пе̨лика́но̨. Го́–гле́да̨ на̨–де́к ќе̨–о́ди. На̨–ко́ја̨ кӑшта. На̨–не̨го́ва̨та̨ кӑшта̨ на̨пра̨ви́л се̨де́ло̨. Со̨с–то́а̨ те́ра̨л да̨–ка́жи о́ти ќе̨–го̨–чу́ва о̨т–не̨прија́те̨ли* [ЛК,128]; ~ *зми́а̨та̨ ми–ги–но́си па̨ри́ти, ви́ка, а–чо́в'а́ко е̨–не̨прија́те̨л. А пе̨лика́но́ и́ма̨ на̨пра̨ве́но́ се̨де́ло́ и ми па́зи, на̨–мо́ј та̨ кӑшта̨ и́ма̨ се̨де́ло̨, ви́ка̨, и о́н га̨–ле̨кува́х* [ЛК,129] – интересна (и сериозна) потврда за нерегуларност во заменскиот систем во говорите во југоисточниот егејски дел: употреба на формата за субјект он, во функција на директен објект, наместо него го (сп.: и о́н га̨-ле̨кува́х наместо: 'и него го лекувах'); поопширно за ова во граматичкиот дел.

непразнен* adj 'во случајот 'непразнена' пушка не значи 'наполнета', бидејќи била *непă лнена*' ~ *дej гиди китка невенова] на момчета поклонена] момчетата болни лежат] пушките им празни стојат] непă лнени, непразнени* [МП(Д),15]

непрапијану петле n 'сосема младо петле што уште не почнало да пее', fig. 'поголемко дете, коешто наскоро ќе биде младич'; сп. загатка: *"Един курдак, две питлијна, две кокошки, едно непрапијаю петле и две пул'ки"* (= семејство од: вдовец (*курдак*), два младича (*питлијна*), две жени (кокошки), поголемко дете (*непрапијану петле*), две девојки (*пул'ки*) [ТГ,289].

неприменент adj 'облечен неубаво,односно неофицијално' ~ *фатили пак да проминат јунаци; тогај промина и калеко неприменент, неоружент; на него метнала најмалката јабалката... И пак повтор проминаха јунаците, и пак на калеко метна јабалката* [V,PM,159].

непростен* adj 'кога некој нема да се поздрави, односно нема да се збогува (да се прости)' ~ *Петар хи вјали, гојвори: – Царице, моја мајчице,] јоставих л'убе венчано,] венчано та непростено* [МП(Д),72].

не́прӑднӑн adj 'тој што не прднал (не испуштил гасови) воопшто' ~ *и ги–запи́туве: "Прија́тӑл'о, уд–де́к т–е́ј зе́мин то: учуме́н?" "Е–ее, ца́ро, ре́кӑл, то: учуме́н гу–се́е са́мо не́прӑднӑн чуве́к" Тӑка́ збиру́ве ца́ро све́то и вујска́та. То́о пи́тј–о да́л'–ej пӑрдна́л, дру́ґут пи́тј–о:, си́те ви́кат: "Е–ее зе́р адно́ш"* [ПК,2(301)].

не́пул'убе́н* **adj** 'се кажува за младич или девојка кои сè уште немале љубовни контакти' ~ *"Ма́јко, ја́с ќи–у́мрӑм, ама намӑн, ма́јко, ја́с ќи–умрӑм,] ма́јко, ја́с ќи–ју́мрӑм мла́да е́м зиле́на,] мла́да е́м зиле́на, ама намӑн, е́м не́пул'убе́на* [ДК,157].

непуслушин* **adj** 'тој што не ги уважува, не се сообразува со советите што му се укажани' ~ *или ки гу кладă сијменут да гу бијӑ нӑ непуслушњут* [МЕ(Р),90].

непуткуван (којн) adj 1. 'коњ на кој му се паднати плочите (од копитата)'; 2. fig. 'нешто неприготвено' ~ *сус гладин и непуткуван којн и сус праварзана кола* (ако е нешто скршено па не е поправено, туку приврзано) *не са праве арабацилӑк и кирацилӑк* [ТГ,419] – поговорката се употребува во различни ситуации за работи што не се добро приготвени, средени.

непӑлнен* adj 'празен, кога не содржи ништо' (во случајот пушка без куршуми) ~ *дej гиди китка невенова] на момчета поклонена] момчетата болни лежат] пушките им празни стојат] непӑлнени, непразнени* [МП(Д),15]

не́щӑ* n 'горниот (сводест) дел во усната празнина' ~ *не́щӑто мӑ–бо́ле* [ПК(Гӑр)].

не́разбра́н adj 'тој што не е разумен, што не сака да го прифати она што му се зборува' ~ *и о́н а ричé на ни́х: "а не́разбра́ни, да те́шки уф сӑрцито, требу́ва да веру́вате"* [MV,K,253] – во контекстот имаме проширена употреба на кратката форма за директен објект од 'таа' (ја односно а) како замена на кратката форма за индиректен објект од 'тие' (м. 'им'): о́н а ричé на ни́х; ~ *ки а ре́чам на ду́ша ми: ду́шо, и́маш но́гу добри́ни... чи́ни си раа́т, ја́ди, пи́и, и ра́дуј–с. Па му ричé на не́гу Го́спот: Не́разбра́н, ва́ но́ќ ти са́кат ду́шата у–те́би* [MV,K,277] – и во овој текст имаме употреба на кратка зам. форма за прав предмет, во функција на неправ: ки а ре́чам на ду́ша ми (м.: ки и́ ре́чам ...).

неразгӑрлен adj 'тој што ја има облеката закопчана до горе'; сп. неразгӑрлена кошула (= кошула на која јаката не и́ е расечена, туку платното напред е цело – станува збор за начин на облекување во Гевгелиско пред стотина години) [ТГ,109].

нера̀нџа f, bot., Citrus aurantium 'јужно, медитеранско овошје – портокал' [V,PM,375]; и: нирaнза ~ *наздравицă ти Калино,] јот твоја здрави на моја] – Стојане мори Стојане] не ти приемам здравето,] дур не роди врбата грозде,] и жӑлта дун'а нирaнза* [МП(Д),20]; сп. на̀ра́нsa.

не́рвaн adj 'се кажува за некој што

појавува неспокојство, нервоза' ~ *збу́нат, а́ма ве́ч–и те́мно, не́рвран, отива́јќи нис–плани́нити, си́лно го–те́рал ко́н'о, у́драл во–едно́ да́рво и се–уте́пал* [ЛК,116].

нервира (се)* impf 'чувствува, односно појавува нервоза' ~ *били́ два́ бра́та. Еди́ниот па́сел оф(ц)и́ти, дру́гио ко́нити... А на то́а по́гол'а́миот бра́т што па́сел оф(ц)и́ти, ва́лко му–фа́тал о́фца и–се–нерви́рал чов'а́ко* [ЛК, 115].

нервиран adj в. не́рван ~ *и–о́н се́а ка́о нерви́ран, бро́и, бро́и еди́најси ко́н'а. А на–то́а ко́н шо́–е ка́чан не́–го бро́и* [ЛК,115].

Не́раско ба́рце top. 'рид со нережани (напуштени) лозја', од стсл. нерѣзине (овој земјоделски термин се среќава често во македонската микротопонимија, сп. име на селото Нерези, во околината на Скопје) + dem. од бръдо [ЈИ,МИ...,164].

нерези́на f в. нере́с ~ *би́х уф–нерези́нта да–чо́пнум не́коо за́рно* [ПК,2(78)]; сп. top. Ниризи́нта ~ *пут–се́лто уд–до́л, се́ лузи́на би́а; и Ба́шчите бе́а ут–се́лто на–до́л, по–ја́чко ме́сто* [ПК,2(216)].

нере́с m 'лозје што останало необработено, што не е режано' [СК,331].

нероднина* m (f) 'личност со која не сме во роднински врски' ~ *на понидјалн'ак рано викат попот, му пеј водосвјатение, за да си чисти каштата... у стрјада месјат л'ап. На четва́рток рано зентјут ки акалеса десетина моми, и роднини и нероднини* [V,PM,247].

не́ра́бутли́ф* adj 'тој што не сака да работи, мрзлив' ~... *а́ко не ра́бо́ти не́ма да би́ди ми́л на–дру́зите не́јни бра́тка, и́ли ќи–му–изва́дат ла́ф ка́то не́ра́бутли́во мо́мче, па–на–мо́жи да–си–же́ни* [ВЕв(К),292].

не́ра́ц m 'некастрирана машка свиња, служи за приплод' [ПГ(Фур)]; во Серско е регистрирано како не́рас [ЛК,96]; сп.: младото од свињата во првата година се вика прасе или бишинце, а кога ќе порасне машкото се вика нерец [ТГ,374].

несакаки adv 'кога нешто е сторено без намера' — луѓето клекнуваат пред иконите и ги бакнуваат, а потоа се простуваат меѓу себе. Свештеникот ќе застане покрај столот наменет за владиката, а најстариот човек ќе му пријде, ќе му ја бакне раката и ќе каже: *"Прости дедо попе, ако сум ти згришил сакаки или несакаки"* [ТГ,35].

неслóга* f 'недоразбирање, постоење на конфликти' ~ *е́дну вре́ме си–жива́јале еди́н по́п и една́ пупа́дија. Пу–не́кулку гуди́ни уф–ни́јнит бра́к пучна́ла неслóактa* [ВГ(Б),275].

не́спусо́бин* adj 'се кажува за оној што нема ниту сила, ниту можности да заврши нешто' ~ *ва́лко па́ гла́дин. Уди́л, уди́л, виде́л адно́ кри́во му́ле, па́се, на̀па̀дин, кри́во – не́спусо́бино за̀–ра̀бо́та, на̀па̀ди́л–гу чурба̀ци́йа̀та* [ПК,2(224)].

не́стре́ка f 'настан што причинува страдање' ~ *о́н сј–ути́ша̀л, чуве́ко, стро́јник. шо вика̀т, ду–Ка̀за́нуво. Сиде́ли, пи́ли, си–зима́л лиша́нут, ста̀нал да̀–ш–јо́де. Арн–а́ма е́то не́стре́ка, гу–стрите́л Ту́рчино и дујде́ло ду–ло́шо, са̀–збури́ли* [ПК,2 (224)].

нетигл'ан* adj 'нешто на кое не му се знае тежината, што не е мерено' (сп. тегле = мери); – вражалката секогаш е готова за нетегл'ана торба брашно (да не се знае колку е тешка) и за неколку гроша "да ја расипе магијата" и да направи нова магија токму за онаа жена што ја порачала онаа магија [ТГ,250].

Нетка 'ж. л. име запишано во Гевгелиско' ~ калесарите (тие што канат на свадба) откако ќе се поздравaт ќе речат: "*Ви чинува чико Јован* (име на домаќинот на свадбата) *клајне и здраве и ва кане да пувелите за уф нидел'а на свадба; оти ки гу жене син му Ристо сус Нетка Пиперува* [ТГ,165].

неткаен* adj 'кога нешто е ткаено, но останало недовршено, недоткаено' ~ *и ткала, што и ткала, дојде и време за свадбата. Курдисали веки, свадба чиниха, дојдоха ја земаха нивјаста момата. Остана камухата неткаена на старолакот* [V,PM,42].

нетокмен* adj 'несреден, неприготвен' ~ *жена си немаши сиромахот, си оставише всичката му работа нетокмена, а кога се вăрноваши во дома му, га наваши работите все токмо: се чудеши сам, кој ги токми тези работи* [V,PM,42].

нетрика adv в. нăтр'ą ~ *тојнака, нетрика аф удајата кату беши, зема ухтар'ут, залепи на дноту му удол единуф алтăн* [V,PM,48]; ~ *јазе ки извáдем жéнски дрéхи да си примéниш и такá да ти зéмам нéтрика, ча нúа úмами зáкон: мăж човек не клáвами нéтри* [V,PM,9] – во контекстот имаме уште еден пример за образецот позајмен од турскиот јазик: именка употребена како атрибут на др. именка: мăж човек (= суштество од м. род, "машки човек").

нéтăмáм adj 'тој што покажува знаци на налудничавост' ~ *уф–Крéцăво устăнáла аднá Кáта Мирцáнува сáма, нúкуј, сáмо цикáла, тăрчáла нис–сéлто, нúкуј нé гă–зăлнăт, нéтăмáм стăнáла. Пóл'то пучнáло дă–гóре. Ут–биркéто нúшто нá–сă–збрáли, изгурéло пóл'то. Сéкаа кăшта–ј зăпáл'на. Кăшта нé устăвúли аднá. Уф–Кукýшка укóл'а сáмо úма устáвно дистúна–петнáјсе кăшти уф–Драгумúрци, дрýгто сè–ј–изгóрно* [ПК,2 (310)].

неумúен* adj 'предмет што не е исчистен (со вода)' ~ *си укачú гóри, најдé неизметéну, неизчúстину. Она фатú, помéти, изчúсти; најдé сăдови неумúени от млóгу днú, тјáнака ги измý* [V,PM,132].

нéумрéн* adj 'тој што е жив' ~ *кóа ќи–вúде – шó ќи–вúде: лéпа чýпа. Му–вéле: "Дájте–ми–ă!" – "Кă–дă–ти–ă–дájме, умрéна!" – "Умрéна, нéумрéна – ќ–ă–зéм, му–вéле, а–зéва, нă–кójнут и си–óде су–сè сéндек* [ДК,144].

нéурáтин adj 'коњ што не се користи за орање' ~ *гу–пруддéх, нéурáтин бúше гáаре* [ПК,2(78)].

нéучéн* adj 'тој што не е свикнат, пр. на работа' ~ *нă–мужúла дă–суткáе нúту двé пéди. –"Стáни, му–рéкăл, а ти лéп да мéсиш!"... Мисúла ину–крăвájче. Нă–мóж дă–мéсе нóгу. Нé–учéна, нé брáшно вúшла тá* [ДК,113].

нéфáтен* adj 1. 'нешто што не било во допир со човечка рака' ~ *чúниш ус–рăка нéфáтено* (= се кажува за нешто многу убаво изработено); 2. 'кога нешто останало надвор од доменот на некоја сила (пр. од дожд, од огин и сл.)' – кога некое животно ќе се случи да голтне од оние мали, зелени жапчиња може се подује а може и да умре, луѓето веруваат ако земат парче нова ќерамида, од дожд нефатена и со неа продолжително му го тријат јазикот на добичето, тоа ќе оздрави [ТГ,382] – празноверие.

нефéлан adj 'непогоден, односно неубав' ~ *ама јазе кату ти познáх от гласóт, ча си тúнака мојáта пăрва л'ýба, што са л'ýбахми аф хавýзот*

со́с му́зиките, ама да ти питам, как си дошла́ ту́ка и са ужéни сос такóф нефе́лан ма́ж? [V,PM,11]; ~ *нефе́лно мóмче сăм зе́ло] нефе́лно, мла́до г'еди́че!* [ПС(З),73]; и: ниф'е́лан (со редукција) ~ *паш'а́та му вили́: "ти деме́к такфóс ниф'е́лан ч'ув'ăк си"* [MS,t.48]; ~ *"Оj мају, оj мила мају,] девет сăм мају лижала,] и још̀че девет шче лежа,] пак си вјарата ни давам!] турцка је вјара нифелна"* [МП(Д),106]; сп. нафал 'напразно' .

нефт'е* impf'не сака' ~ *фати царју́т, гу затвори на зандана три дена, и пак гу извади: му са примоли цар да гу чини, да си земат. Тој нифтја цар да си чини, л'у побегна* [V,PM, 100]; ~ *тој утрината га пита же́ната му: "мари́ же́ну, гу пусна зе́тју́т, де́ка ти ре́кох?" Же́ната му ве́ли: "е, цани́м ма́жју, кату гу ви́дох со́с момá́та пригăрнат, нифтја́х да му ра́сипа ке́јфот, пу́снах на́ште дја́ца"* [V,PM,146]; ~ *тој нифтја да земи ништу, л'у и рекла: "ако ми дадети една кабачка, што имати, харно, ако н'а за си пода"* [V,PM,176]; и: н'áхтја: ~ *и змие́та заспа́ на мóмини скóта. И замина́ ма́лко вре́ме, и са пода́де ма́лку магли́ца и вăрвје́ше наса́м, и момá́та н'áхтја да гу пуру́ка* [V,PM, 260]; односнава архаична гл. форма (сп. стсл. **хътѣти**) ја констатиравме само во аорист.

нехи pron 'долга форма за директен објект од таа' (м. 'неа', позајмена од индиректниот предмет – мешањето на односниве форми е честа појава во егејските македонски говори; за ова поопширно во граматичкиот дел) ~ *карала Стана говеда,] и ги карала, плакала.] След нехи иде говедар,] на Стана вјали, гојвори* [МНП(Д), 123]; *тăзи ли је мома Фида,] мома Фида мојта главеница?] Рăки за нехи разгранаха,] напраиха ја млада нăвјаста,] млада нăвјаста за војвода* [МНП(Д),123].

не́хин* adj 'тоа што ѝ припаѓа на 3 л. ж. род – нејзин' ~ *и ста́на ма́ла мóма та си оти́де. И актó си оти́де, запи́та е не́хина ста́ра ма́јка и не́хин си та́тку: "Как си дóјде, ми́лно че́ду? Ка́к та пу́сна кле́ти змију?"* [V,PM, 260]; ~ *една жена си имала еднă којă дăштерја и другă завареницă. Нехинăтă си миловала много, пак завареницăтă ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето* [V,PM, 286].

Не́хтене top. 'планински гребен што се спушта меѓу Височен, Дрјаново и Драма'. Ј. Иванов наведува две објас-нувања, нам ни се чини поверодос-тојно второто и затоа ќе се задржиме на него: од исчезнатото м. л. име Нехтен (< стсл. не + **хътѣти**, односно од неговиот партицип **нехътѣнъ**). Натаму Иванов наведува: "... во говорот на околното население глаголот е редовен, сп. *нехтја́ да и́де, нехте́ да дóјде и сл.*". Ние ќе додадеме дека односнава глаголска форма ја имаме констатирано при истражувањата на малешевските говори, некаде со испуштено х: *не те́ да дóјде.*

нецене́т* adj 'нешто со висока вредност, скап' ~ *тогáс оти́де на́ дирви́шинот, гу на́јде жи́в óшти; тогáс дирви́шинот му дадé една́ пани́ца закл'учéна – аф пани́цата не́три и́маши не́ценéти ка́мини и бизе́р* [V,PM,142].

нечаден adj 'тој што нема, и не може да има деца – бездетен' ~ *едно врјаме имаши едѝн човјак, са и оженил и сакаши да си чини поп, ама беши нечадин: не му даваши Господ чедо, и затова млогу бериши грижа* [V,PM,88].

нечешлан* adj 'тој што има нечешлана коса' ~ *оj Стрифула, млад Стрифу-*

ла,] покарај ја нивестата,] да не јоде како мома,] како мома како дома,] како дома при мајка му,] набелена, направена,] топ цилуфи нечешлани [МП(В),218].

нечикано adv 'неочекувано, непредвидено' ~ *пăтникут шо има... застанато, да гу распулја чуднјут извор, шо така ич не чикано му испаѓа прид (него)* [МЕ(Р),69]; кај Саќов и Пеев од Кукушко: нечéкно [СК,331], [ПК,2(78)].

нéчúс adj 1.'за нешто што е валкано, неизмиено' ~ *ничúстă сăндови* (случај со зачувани траги од назализам) [ПС(З),67]; 2. 'за жена што има контакти (полови) со повеќе мажи' ~ *зинá е то:* (зн. 'неморален е'). *Зинá măгáре, будúнке пу–чýжди жéни, а нă–жéна пúс ин–вúкиме, пúс жéна тáа, пúс, нéчúста, фăшкúа* [ПК,2(241)].

нечýјн adj 'неслушнат' [СК,331].

нечýјно adv 'кога се случило нешто чудно, неочекувано' [СК,331]

нéчурбацúја m 'недомаќин' ~ *у нéкуј сéло си–бил ăднó зингúн чувéк и имáл нóго дéца, синóви; árno ăма нéчурбацúја, сăте дéца нé–ј устăвúл дă–рăбóтăт кăто чифчúј* [ВЕв(К), 292].

неште* impf в. нефт'е ~ *кирацuи разложани,] ја ви нештă рójно вино,] рójно вино и ракија,] ја иштам онăва момче* [МП(Д),117); ~ *елај горе Стојо бре војвода,] да те служам кафе ем ракија!] – Јас си нешта кафе ем ракија; јас си искам скризовски сенети* [МП(Д),175].

Неша* 'ж. л. име' (Нешој – vok.) ~ *море, по пат јодам, пат не знајам,] Нешој мори калешо,] по пат јодам, пат не знајам,] јагне мори сугаре* [МП(М),36].

нештичко pron, dem. од 'нешто' ~ – *Добре ми дошел деверо!] Нештичко ште се поплачам: синоќ сăс бачо ти се скарахме,] лоши си думи казахме.] Тој на мене ми каза:] – Иди си, иди Калинко* [МНП(Д),98].

ни part 1. (за негација, < 'не' – со редукција) ~ *ма ш'тó за јид'éми? трăбувáш'и да бúш'и халúс баклавá, ни на книгата пúсана* [MS,t,8]; ~ *му дáва дв'ă лúрă за кафéту; му вилú д'ăт'ąнту: "ни прáи тóлку кафéту"* [MS,t,83]; ~ *попитал третиа, ни казова. Пак гу попита, ни казова. И му рече царја: "Ни бој са!"* [V,PM,254] – во случајот имаме "блага заповед", а блокот негација (ни) и кратката заменска форма (са) се разделени со глаголот: Ни бој са!; ~ *с'ăканд'ą имáш'и дијадóсану ('му имáш'и пурăнч'ину') ... óти на кутрá скáла да пójат, да ги ни устáв'ат да јáхнат на гимúјата* [MS,t,58]; ~ *"á за т'ą пýсна сигá, амá гл'éј, да му ни фт'éсаш' на тáтку–ти, да т'ą пукалн'é пак да стáниш' магáр'ą!"* [MS,t,55]; ~ *пóситн'ą пруминá и идúн прóс'ąк ... т'á му вилú: "ми ги ни дáваш' тфójт'ą рýби и на м'éн'ą"* [MS,t,23] – во трите контекста имаме исто така необична линеаризација: негацијата доаѓа зад кратките заменски форми, т.е. во контакт со глаголот: да ги ни (устáв'ат); да му ни (фт'éсаш'), односно: ми ги ни (даваш), освен тоа отсуствува прашалната партикула ли; 2. изр. ни слáмка (= нема ништо; лексемата *сламка* е симбол на апсолутна минималност) – се среќава во елиптични реченици, со испуштање на гл. нема, за засилување на негирањето); има и обратни случаи, со присуство на глаголот: ~ *уф–кăшти нéмум чýздо нú слáмка* [ПК,2 (182)]; со исто значење се употребува и изразот нú шýшка (= ни малку)

~ *уф–а̨мба́ро не́ма ни́ шу́шка* [ПК,2 (182)].

ни pron 'лична заменка за 1 л. мн., (наместо 'ние')' ~ *и ч'а́ками с'е́тн'а̨ ту̨ц'а́рин (е́мборус) за да до́ј да гу уку́пи и ни да гу прудад'е́ми* [MS,t.5]; ~ *ви́кат: "сӑн ка́зуваш' ти? ни наи́стина ка́зува́хми"* [MS,t,12]; ~ *и н'е́с, хи́ч' ш'ту ни з'е́ха, и н'е́с пиш'ма́н ста́наха, т'е́ш'ки и ни да з'е́вахми то́лкус* [MS,t,60]; ~ *му р'е́ч'и: "ни и́ш'тими да т'а̨ сто́рими з'е́нт' , ти ш'то́ вили́ш'?"* [MS,t,15]; освен во селата на исток од Солун, се среќава и на запад (с. Ватилак) ~ *ка загинаха они и ни зимахме и еди̨н каи̨к рибӑрски, му најдохме тракта* [MC (B),81]; во употреба е и нескратената форма нија: ~ *та царското бостанциі̨че му вели: "нија имами цар много богат, не сака хазна, тој ми пушти или твојта глава да земам или ..."* [MC(B),94]; ~ *напкун отидохме нија, отира́ки козите на водата* [MC(B),73]; односно неја: ~ *– бре Јоване, болно дјате,] болно дјате пӑро л'убе!] јоткак сме са неја зели,] л'у си боля̆н, та си болен,] ни јумираш, ни стануваш* [МНП(Д), 81].

ни pron 'кратка форма за индиректен објект од ние' ~ *са разбрӑкаха мухараб'а́нта; Кара́да, Ш'е́рвија, Булгари́ја и Ела́да ста́наха и ч'итерт'ӑх идно́ деме́к ш'и́махи и ни гу лефтеро́саха м'а́стуту* [MS,t,1]; ~ *"Какфо́–з'е́нт' ?" – пи́та ч'урбац'и́јата; "ја нузи́ д'ӑт'а̨, ш'ту ни гу пусна́ ти ... и ни́ гу уж'е́н'а̨хми"* [MS,t,17]; ~ *напкун са мӑчиа да го извадат детето, ама не можаха, отидоха на нашти кехаи и ни вика: "ви̨ стари, елајте"* [MC(B),87]; ~ *ама́ ни ни трӑбува да сӑ ба́вими, трӑбува да по́јми* [MS, t,15].

ни pron 'долга форма за директен објект од они (наместо 'нив')' ~ *"Што, излезе Кекаро и Бојко, двојца". Тија беха овчари. Напкун ха по ни бре! Они ка видеха, што ки ги фатиме, а вӑрлија кабаницата* [MC(B),92]; ~ *во́ убисе́н ка̨ би́л, сӑ–свӑл'у́ва ут–бу́кта и свӑртува́ о́кулу еден ри́т, мину́ва пред–ни́ и сӑ–убису́ва на–адна дру́га бу́ка* [BK(Pa),323]; ~ *"е́ј – ре́кӑл адре́н ут–ни́ – а́ј да сӑ вӑрниме да–ви́јме пӑрвут да́ли о́ше сто́е та́мо"* [BK(Pa),323].

ни pron 'кратка форма за индиректен објект од они (наместо им)' ~ *оти мно́гу го–милу́ва̨т та́тко̨то и ма́јка̨та̨. За̨тва́ те́ра̨ли да̨–го̨–пого́ба̨т. И се̨га́ тре́тио̨ пӑт, па́ му–пла́тили и–о́н зе̨л, пре́д да̨–ни–ка́жи о́ти–са̨ бра́т'а̨, зе́л ча́ша̨ зла́тна̨* [ЛК,113]; ~ *да̨ и по̨ка́ни, а́ј по̨-едно́ ка́фи, а́ма̨ му́да̨р, има́л два́ си́на̨, а́ма̨ до́ма̨ н'а́ма̨л ни́што̨, н'а́ма̨л тӑрн да̨–зака́чи, и–ви́ка̨: "Че́ка̨јти, а́с да ни ка́жа̨ на̨–си́но̨ве́то̨, да̨–ни–на́пра̨т н'а́ку́ја бе́л'а̨, мно́гу са̨–ло́ши* [ЛК,117]; ~ *би́ли три́ бра́та̨. И–та́тко̨–ни и–ма́јка̨–ни жи́ви* [ЛК,118];

ни́а < 'оние' pron 1.'за покажување на предмети, или лица што не се во наша близина, но сепак ги гледаме' ~ *стана́ паша́та от сто́лот и ти́де, стоја́ при сирома́хот сос крӑсто́сани рӑци кату харами́а и фати́ да му ве́ли на ни́а л'у́ди, што сидја́а на мезли́чі̨ут* [V,PM,28]; ~ *три–че́три гуди́на ни́а ка́мини, ни́а цифӑйри ги продаде́, зема́ мло́гу па́ри* [V,PM,27]– во контекстот има испуштање на предлогот за: |за| *три–че́три...);* 2. 'за покажување на лица од ж. род – онаа' ~ *дујди́ та́: нивёсттą, кӑ–ӑ–ду-нси́ја. Е, ко́ј ки до́јде – са́л Мӑру́шка̨ су–ни́а̨ се́стрӑ–му, дру́га̨ се́стра ниидна́* [ВМ(Цӑр),320].

ниадно време 'премногу доцна' ~ *би́хме искăра́ли пу–ади́н со́н ка́ дуј-де́те; дуј-де́те уф–ни́адно вре́ме* [ПК, 2(182)].

ни́бише conj 'отколку' (при споредување) ~ *Исус ре́кал на Учени́цити: Истина ве́л'ам на ва́с:... по́кула́јно да поми́ни фо́ртомата уф и́глата, ни́бише зинги́н'от на Господи́нова царшти́на да фле́зи* [MV,K,269]; ~ *те́шку да си о́дат зинги́нити л'у́ди на Господи́нова царшти́на. Оти по́кула́ј и́ма да си зами́ни спарти́ната кураба́рцка уф и́глицки у́шите, ни́бише зинги́нин да фле́зи уф царшти́ната Господи́нцка* [MV,K,279].

ниблиби́и f 'печени зрна од јужното растение наут' ~ *апна́л, апна́л, ре́кăл: "но́гу а́рна ци́цка та́а, ре́кăл: а́ј ки–ј ра́нме де́цта сѐ ниблиби́и и су́гро́зде, ки–ј–зако́л'ме"* [ПК,2 (227)].

нив'а́ста (и: нив'а́ста)* f 1. 'девојката кога стапува во брак' ~ *и куумциата дур да закл'учи девет порти жележани, жената му пот лагăмот по–напрет отиде на зетју́т, са чини нивјаста. Фатиха да венчаваат* [V,PM,70]; ~ *"е́х, мари́ ж'е́ну, да и́диш'и мрăфка да ви́ш', ц'а́ла т'е́б'а ина́ нив'ăста–ји"* [MS,t,13]; 2. 'омажена жена (релативно млада), домаќинка' ~ *најдоа казану сос алтăните, ги разделиа: половината алтăни ги закараа на сиромахувата кăшта, теслим ги чиниа на жената му и га вел'ат на не́а: "нивја́сту, ету тиа алтăни царју́т ги пусна на вазика"* [V,PM,32]; ~ *и јунак Бошко, как зе такоф цухап, пушти една книга и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија"* [MC(B),93]; ~ *одиха на селата и кундисуваха на никоја куќа и напкун сакаха да спијат сăс нивестата или с никоја мома* [MC(B), 72]; ~ *му вили́: "да до́јда то́с в'е́ч'ăр у ва́м ... зари́м сă мо́кра ут дăш'!" му вили нив'ăстата: "да до́јш', д'ăду!"* [MS,t,80]; 3. 'сопруга' ~ *вили́ на нивăста́та: "ја́с на су́ху ни на́јдух ра́бута, на́јдух на мо́ри"* [MS,t,84]; ~ *умрăкна и ги уста́ха з'е́нт'у и нив'ăстата за да си л'е́гнат у удаја́та* [MS,t,29]; ~ *нив'ăстата му б'ăш'и мло́гу пре́пна; у нид'ăл'а ути́ди на ч'е́ркфата* [MS,t,67]; 4. 'снаата во однос на членовите на семејството' (постарите) ~ *то́–ј тăка́: ниве́стта по́вике́ сјаа са́ке ни́јнта ро́да, а зе́то не́гуфта* [ПК,2 (204)].

нива f 'одредена површина земја што се обработува, односно на која се садат различни земјоделски култури' ~ *двами́ната кини́саха от та́му, ходи́ха на мло́гу села́ и гра́дови. Така́ и сре́днојут бра́т најде́ еди́н чорбаци́а, са глави́ да му о́ри на ни́вите* [V,PM,20]; — кога е селска слава (*панаѓир*), по службата (в црква) *попот диге панагија*. Панагијата (= лепче што верниците го носат в црква) не треба да биде голема бидејќи свештеникот се лути: *си ми дунцел цал леб, за десит души да ручат! Неје ваја нива* (погрешно пишува н'ива). *Ваја је цăрква! Малце дунеси ама сус се сăрце дунеси! От ки дунесиш цал леб, Госпуд не са свал'уве да руче или да ти рече: "А ферим! Ти најгулема пугача дунисе!"* [ТГ,220]; ~ *дур да нараст'е́ да ста́ни аш'лама́ ади́н ч'о́прик да така́ за по́јми да ја с'ăјми ашлама́та на ни́вата* [MS,t,4]; ~ *за по́да на ни́вата, за ра́стува́р'а ура́луту, за ве́зма бујундру́кут, за кла́да на о́луве́ту* [MS,t,65]; ~ *раш'та́ ја ч'у́ками на враш'и́луту сăс ко́пани и з'е́вами л'ăбут и раж'ани́ната уста́нува на ни́вата* [MS,t,67].

нивéстин* adj в. нивјастинцки ~ *уф пунидéлникут пусéстримте цă сă ублéчăт уф нивéстини фустáјне, пубрáтимте ус шăмúјки (тул'бéјне) нă глáвта – игрáат óро, сă цăрнăт, мéчки сă прáвăт* [ИГ,118]; ~ *чиј са тие дворови,] невестини дворови,] со босилок метени,] на босилок мерисат* [МП(К),18]; — братот на невестата со свои побратими во петокот одат кај младоженците. Со себе носат и пуклон со кој ги канат сватоштините да дојдат на гости. Тие таму и вечераат, а по вечерата се веселат до никуе доба. Утредента, откако ќе се почестат со ракија и кафе се враќаат дома. Потоа зетот, невестата, свекорот и свекрвата, деверот и еден побратим се спремаат да одат на пувăрнич уф нивестин татко и мајка [ТГ,191].

нивестица f , в. нивистúчкă ~ *кога мăже на јурајне,] они на мијани,] кога мăже јуд урајне,] они на пустели.] – Е бре мăжо, мили мăжо,] мошне се разбулех,] ми тикнало пунудица,] ... ми тикнало пугачица,] ... да ја меси нивестица* [ТГ,40].

нивистúчкă f, dem, (hip.) од нивéста ~ *"Кój тă–нăучú тăкá лéсну и спóрну дă–ткáјш, нивéсту?" – Ет тăкá: сáмă сăмúчкă кăту–млáдă нивистúчкă – му вéле пá вá будăлáта* [гВ,19].

нивистýл'ка f, zool. Putorius vulgaris 'мало грабливо животинче, има жолти влакна - ласица' (отровна е, се храни со јајца, пилиња, луѓето се плашат од неа); со овој назив се именува и некоја лоша жена' [ПК (Гăр)]; кај Малецки: нив'ăстýлка [MS,s,76]; – народот има извесни предрасуди за некои животни и мисли дека е греота да се убиваат. Така нивистул'ката и кукумафката (утка) не ги убиваат плашејќи се дека ќе им се случи несреќа; исто така греота е да се убие домашно куче, освен ако побесни, натаму не смее да се убие желка, мачка и др. [ТГ,385].

нивúчка f, dem. од нúва ~ *имáше сăмо иднă–тýрцка кýјќа. Гáздăта нă–тá кýјќа сă–викáше Асăн, а имáше жсéна, дéца и чýпи. Имáше и мáлку нивúчки. Си–рăбутáше и árно му–бéше* [ДК,153].

нивјастинцки* adj 'нешто што се однесува, односно што ѝ припаѓа на невестата' ~ *гленда ча не беши тамо јунакот, ... кату беши сос нивјастинцката руба, фатила да тера пак тја јунакот на полету.... му дала на чобанот, му даде нејните нивјастинцки руби, и он даде на неа неговите чобанските руби* [V, PM,21]; ~ *тој ден четвăртук на нивјастинската кашта рано викат попот, им пеј водосвјатание млого пате, и они на понеделн'ак и на читвăртук за фаштат квас* [V,PM, 248];

нивистинска китка f 'китки наредени во вид на венец што посестримите (заедно со другите подароци) ги носат на денот на свадбата кај невестата' — тогаш на невестата од младоженецот и носат цубе свитино (= горна облека од чоја) пуставено сус лисичина (кожа од лисица или од некое друго животно), папуци плăни шиќер, чурапе, каврак за клајнанјне, какма (= украсна позлатена жица), каврак за пукривајне (= вел, во минатите години со црвена боја, а денеска, т.е. пред стотина години кога е собиран материјалот, со бела), нивистинска китка (венец), неколку портокали и др. [ТГ,174].

нивистинство n 'доказ за девојчинството што невестата треба да го покаже ноќта кога стапува во брак со капки крв на невестинската кошула' — утрото по првата брачна ноќ

невестата и младоженецот стануваат рано, а на два часа пред самнување станати се и другите од куќата. Гостите што ја преспале ноќта тука и таму, кој каде нашол, се будат и со радозналост ги очекуваат младоженците. Во колибата (тоа е соба без прозорци, каде што спијат младоженците – не е надвор од куќата) влегуваат свекрвата со уште неколку жени да го разгледат нивистинството. Штом ќе се уверат во чесноста на невестата, излегуваат сите надвор и свекрвата гласно извикува: А јарлија! Дајте блага ракија! [ТГ,186]; со исто значење и моминство: – рано наутро доаѓаат прво жените од соседството, а потоа и подалечните, да го видат нивистинството или моминството [ТГ,187].

нивол'а f 'лоша среќа' — кога младичот нема да се ожени во првата младост, кога ќе изостане, тој за жена зема каква ки најде: крива, слепа. Сп. изрека: *Сите жена зимуват, па и он жена зимуве! Уф џебут да ја кладиш па да ја носиш! Уд–нивол'а жена!* [ТГ,132].

нивăрзан* adj 'кога нешто е слободно, односно не е врзано, во случајот: она со што се придржува косата' ~ *мар та искарај Златина скутник,] мар л'у киндисан, та нијопасан,] мар та искарај Златина шарфета,] мар л'у купена та ниврзана* [МП(Д),70].

нигант m 'вид револвер' (сп. нагант) ~ *наште Македонци сѐ наоружани,] на рамото носат куси малихери,] на половинта дробните патрони,] на страната носат нигант патлаци,] на главата носат црните кушаци* [МП (В),134].

ни́где adv 1. 'ниту на едно место, никаде' ~ *сăм сăм јуфчăр мăлкај–ле Дăно,] сăм сăм јофчăр, сăм сăм ќăја,] ни́где зарăр мо́ри ле мăлкај–ле Дăно,] ни́где зарăр мо́ри не́ сăм нạпрăви́л* [ПК,2 (332)]; ~ *Де́цтạ, ви́е дру́јте де́ца, до́мạ устăна́јạ, не утѝдија ни́где. Е, на́пкăмтạ, кă–că–вăрна́јạ, că–вăрна́ме ни́е нăна́зăт* [ВМ(Цăр), 320]; и: ни́јде ~ *мрăкнăлу–сạ и женăта си утишла́. Мару́шкạ фл'а́лạ в кăштăтạ. Та́м има́лу четри́ăсте ста́и. Т'а́ утвар'а́лạ и зăтвар'а́лạ си́чки врати, ни́јде ни́шту ни–нăшла́* [ВД(ГБр),330]; 2. 'на некое место, некаде' ~ *ину–вре́ме има́ло бра́к ни́где. Ину–дăулџи́а су–то́ да́улут ду́мбăл шу–ду́мбăл та́му, кă–сфăршăл, си гре́де* [ДК,142].

нигдин (и: никден) adv в. нигде 1. ~ *борџувă фăтиа да јспливувăт а пă уд нигдин немă да испагјăт пари* [МЕ(Р),86]; ~ *и Исус ричѐ на ни́х: Пруфи́тин не́тимиса́н ни́кден не́ма, ими́ уф се́лото не́гуву и уф ку́ќата му. Да не́ că чини́л та́мо но́гу чу́дби, за́шт'о нема́ли ве́ра* [MV,K,296]; 2. 'некаде', в. нигде 2. ~ *ве́леа: Ме́стото устана́ ви́ки пусталѝа, и вре́мито замина́; пу́шти си инса́нут да си о́дат уф се́лата, да си зе́ват вечѐра. Исус ре́кал на ни́х: Не́мат гајле́ да си хо́дат ни́гден; дава́јти на ни́х да ја́дат* [MV,K,266].

нид'ăл'ạ f 1. 'деновите од понеделник до недела' ~ *им'ăш'и идно́ вр'ăм'ạ у идно́ с'е́лу иди́н ч'ув'ăк сирума́х, у дв'ă нид'ăлạ уж'е́нинт* [MS,t,67]; ~ *н'ăс нид'ăл'а ш'ту бракова́т, că разбул'а́ва кумба́рата* [MS,t,12]; ~ *ина́ нид'ăл'а пруминá, пак му вили́ цăрува́та мо́ма: "за пу́снам пак прусина́рин"* [MS,t,28]; ~ *ути́дух на фармаки́јун, пинџ'и́к з'е́х и дру́ги л'а́куви и за у ина́ нид'ăл'а н'е́тр'ạ ху́баф ста́нах* [MS,t,3]; во Дојран: нăде́л'а ~ *о́ти ко: стујăл ста́р До́јран ма́ндрите биле нă го́ре, при́ма Никола́ч, дăле́ко и уд нăде́л'а нă*

нăдéл'а си идéле дóма; 2. 'последниот ден од неделата, тогаш не се работи' ~ *"дилму тóлкус м'ą милóва мумá-та, н'éка стáни рáбутáта и у нид'ăл'а за дад'éми гул'ăм прăстин"* [MS,t,28]; ~ *катă ниделjă и катă празник, су-бăштă ки чинише абер* [ME(P),89]; ~ *дójди нид'ăл'ата, ги калéса тáт-ку-jи на óтбрăтки* [MS,t,15]; 3. изр.: кут-сăбăта и нидел'а-сă (= се кажува за некои што секогаш се заедно) ~ *Măрин и Ташка сé сă задно, кут сăбăта и нидел'а* [ПК,2(171)].

нидеј part 'форма за заповеден начин од стсл. глагол дѣти, со одречно значење' ~ *и гледам дедо Продан седиши на вратата. "нидеј влевај, Трајко, нăтри, толко баби са măчиа"* [ТС(В),87].

нидéл'чиндéн m 'денот што доаѓа по сабота, што не е работен' [СК,331]; ~ *нúą ќи им дáдме цáло (срéбăрна пáра), алтăнче, зąмáнска пáра, и цвéќе ... бухчăлăк: кушýл'а, гáшти, рúза, чивре́ (пăчéта), чурáпе, вăр-кузýн. Măлéчќут нишáн уф нидéл'чин дéн* [ИГ,113]; ~ *прăс тáа пýста рéка, рéка нă-мóж дă-тjáа кáжум, а-а Струмá бúше, а-ду-тýк а гăзá-ме,... гу-гăртте, ду-гăрди. А-пумиáме, дујдéме у-Цумáата. Кá тăргнáме ут-Цумáата, ут-сăбáјлинта, нидéл'чин-ден, ду-вéчăрта, ду-Кучăрúнуво сè пéшки, а тýка тúą прăст'о крăф ни-пăртичéе. Ни-с-сусичéе* [ПК,2(280)]; в. нидел'а 2.

ниéт m 1.'намера, цел' ~ *на пăрви март отидах на Бугариво, имах ниет да лежам там* [МС(В),86]; и: нает ~ *тăрговецо от това сă уверил, чи не саде jă излăгал, ал чи је и при нејă спал, дал му двăтă товара алтăјнă и навăрвил да иде дома си, с нает да убијă женăтă си* [V,PM, 281]; 2. изр. стóри ниéт (= се реши, одлучи нешто) ~ *тóјнака не послушá на гóлојут, што му речé, тýку éдноч стóри ниéт, киниса на пăтју да úди... извадú сáбјата* [V,PM, 21]; со слично значење се и двата израза што следуваат: си клáл ниéт ~ *ричé Гóспот вáа прикáзна: Идéн човéк си клáл ниéт да си óди уф чуздúна, а вика́ на измиќáрите* [MV, К,270]; чини најет ~ *ји ти тука, Недо, и јас тука, бре севдо,] и ти тука и јас тука,] пуста куќа, Недо, сама дома, бре севдо,]... чини најет, Недо, да ме зевиш, бре севдо,] чини најет да ме земиш* [МП(М),41]; сп. уште: нă-шó нéет-си? (= какви планови имаш, што мислиш да правиш?) [ПК,2(186)]; со исто значење: нă-шó ąкăл-си? [ПК,2(186)].

нúжа f 'врвка на која има нешто нанижано – низа' ~ *на трéтиј пăт му докараха еднó кúло парú и еднá нúжа алтăни, нáј на врăх на нúжата едúн голéм алтăн* [V,PM, 118]; и скратена форма: ниж ~ *тогајн мома се разбуди,] извикнала да си плаче.] – Молчи, молчи моме Гиро,] молчи јагне нимој плаачи,] ки ти дајме ниж' фрулини,] ниж' фролини, жолти лири,] да наредиш бела гуша* [МП(В),244] – случај на употреба на беспредлошки додаток за место: да наредиш бела гуша (м. 'на бела гуша').

ниже impf 'реди нешто на врвка, пр. тутун, со помош на игла' ~ *малката рече: "јазе за ја дам един марифет, от очите и безер да рони". Другата речи: "јазе па за ја дам един марифет, сос устата и маргарит да нижи"* [V,PM,219]; ~ *и кату ја виде мајка ú, млого са зарадува, хем плакаха и двата: от моминте очи безер си рониши, от устата и маргарит са нижиши, дека таптја-*

ши стребро са чиниши [V,PM,219]; ~ *ти са-скинá мáлкај-ле Дáно дрóбăн гирдáн,] сă-нăвидéх мáлкај-ле Дáно,] да гу-збúрум, да гу-нúжум,] гу-збирáх мáлкај-ле Дáно,] уд-úзгрева ду-зáвода* [ПК,2(331)]; сп. кај Малецки: *нúж'ими т'ут'ýн'* [MS,s,76]; тој паралелно го наведува и гл. р'éнда, но тоа е превид, бидејќи редењето е подготовка пред нижењето, кога се ставаат 5-6 листа наредени еден врз друг и одеднаш се навлекуваат на иглата, исто така редење има и во една друга, наредна фаза, кога тутунот се калапи во балиња.

нижене n – в. ниже ~ *"Седи Като, нимој ходиш,] нимој ходиш в Кобалишча,] тјутјун имам за кршене,] за кршене, за нижене"* [МП(Д),121].

низ praep 1. 'укажува на премин од едниот крај на просторот до другиот, односно на движење низ внатрешноста на нешто' ~ *áдно врáме кóли óдаа, нéмше дрýго. Јăрăцúј шó бúа тăквú, óдаа нúс мójто сéло, ми, вăрваа, нóсаа кукушéнки, жсéни ут-Кýкуш, дă-тăргýвăт. Оти Сóлăн мóре, мáдăм, стóка ут-Сóлăн зúмаа нă-Кýкуш нóсаа* [ПК,2(280)]; ~ *кату влезé аф Стáмбол нетри, кăрпáчинот фатú да шéта нúз чаршиата, нúз магазúите и, што н'áшту му арéсаши за кăштата и купúл* [V,PM, 19]; 2. 'проникнување, влегување, односно пробив' ~ *го вјана и тигл'а право на Имир Николови конаци, право низ портите с голема сила... по скалите право* [МС(В),94]; ~ *кój к-óд дă-гă-вúде, мáлјут прăс дă-j-гу-вúде низ-цáмут, ки-дáа édна тýрцка лúра* [ПК,2(298)]; 3. 'укажува на простор каде што се случува нешто, се врши некаква дејност' ~ — *бре Стојане, сино мили,] шчо ти стадо вечер бл'аје,] вечер, утрин низ јегрека...] дал ти мјасто трава нема,] јели извора студена уода* [НП(Д),37]; ~ *Марушице дивојчице,] дваш дни, три да мина,] да та видја низ нивјата,] да та стрешна на чешмата* [НП(Д),21]; 4. 'укажува на правецот на движење, наместо предлогот кон' ~ *мар та погл'адни низ јасно небе,] мар изл'азла ли ја звјазда деница, звјазда деница, баш керванџисијќа! Мар та назоби девет биволици* [МП(Д),95]; 5. изр.: низ иглини уши да гу вдениш (= се кажува за толку слаб човек, што "може да помине" низ отворот, низ ушите на игла) [ТГ,247]; низ прăсти му глéде (= му попушта, го фафоризира) [ПК(Гăр)]; загатка: гладна кучка низ гора шете, па гладна си дома иде? (одговор: секира) [ТГ,290] – во контекстот кратката форма си и глаголот се разделени: гладна си дома иде.

низамски adj 'нешто што се однесува на регуларна војска' [V,PM,375].

низвéрнин adj 'тој што не сака да верува (во случајот во зборовите на Бога)' ~ *нáпкунта вéли на Томá: Дóниси вáка прăстот, éм вúди ми рăцити, да дóниси рăката, да клáди си на рéбрито; да ним сă чúни низвéрнин* [MV,K,254].

низитлив adj – обично за добиче низитлúвọ 'тоа што сака многу да јаде' (= изесливо) [ЛК,96].

нúи pron 'л. зам. за 1. лице мн.; <ниа (ние) со асимилација' ~ *а кăштатă нáшă, ọт-мájкă-ми, дóли. Жив'ájми дăлéку нúи ọт-нúх. И-кă ки-вúкнăјми дă-п'ájми и-тáткọ-ми вúкăл: "Ее, éтę-гă нáштă Гúцă, гă-слýшăти?! Слýшăјти-гă! Етę-гă Гúцă нáшă, п'áj!", вúкă* [ЛК,135].

нијдéн (< ни(ту) + еден) — колку да имаш грижи, едно дете да имаш, ки та рашене (= ќе те развесели).

Родителите сакаат да имаат повеќе деца, зашто постои и изрека: Едно – ниедно! Сус едно дете никуј не пракопса [ТГ,129]; ~ *има́л ни-куј–чуве́к, си–има́л си́нуви, нијде́н не́–гу–са̀кал. За̀мина́л идӭн–чуве́к, ре́ка̀л: "Ба́јчс, шо́ пра́јш?" – Шо́ да̀–пра́м, не́ ма̀–са́ка̀т ви́е си́нуфте, та̀ка́ ма̀–и́ма̀т ка̀ту пе́с* [ВМ(Зб),321]; ~ *И та̀ка́ са̀–искрипи́ле, са̀–исчини́ле и ќи–са̀–пра̀ви́ла ниве́стта аза̀р... Е, ко́ј ќи–до́јде – са́л Мару́шка су–ни́а се́стра–му, дру́га се́стра ни́идна́* [БМ, 207]; и: ниједин — секој што седе на софрата (откако ќе се вратат од крштевка) ќе пушти грош или металик – како дар на детето со зборовите: *Гледиш ли гу, укубетут ниједин! Се́ разберуве, па види ка молче за пари!* Ако пак плаче тогаш ќе рече: *Брее, брее, ки се каже дека е! И оти бил јунак, па знајал да плаќе. Ох, ох! Грубутија нијадна!"* [ТГ,116]; сп. изр. ни́адно вре́ме (= се однесува на времето пред и по полноќ) ~ *би́хме искӑра́ли пу–ади́н со́н, ка́ дујдете. Дујдете уф–ни́адно вре́ме* [ПК,2(182)].

нијопасан adj 'кога нешто што е наменето да се носи на половината (појас), но не е употребено' ~ *мар та искарај Златина појас,] мар л'у јобагрен, та ни јопасан;] мар та искарај Златина скутник,] мар л'у киндисан, та нијопасан* [МП(Д),71].

нијс interj 'извик за терање волови' [ПД(126].

нијќајки adv 'не сакајќи' ~ *нијќајки ногу да са моткама пу Одеса нија су негу така си а уједисама работта за кинисувајтто...* [МЕ(Р),68].

ни́как adv 'ни најмалку, во никој случај' ~ *му вели́: "ами́ еди́н твој хизмика́р на́јдох да и́ма опре́гнати о́ловиту, и едно́ту гу бодја́ши на́ че́лото, дру́гото на́ ка̀чут, и не мо́жиши ни́как да о́ри, зашто́ еди́нојут о́л напре́т оти́ваши, дру́гио nasám!"* [V,PM,115]; ~ *ја́с ина̀–чу́па ви́ду. На̀–че́шма̀та и–на̀пува́ ко́јна̀та. На̀–мо́жа̀м д–а̀–у́рвам ни́ка̀к* [ДК, 115]; ~ *ту́ка и ни́ј да̀–зе́мими са́мити, изи́кут шо–пра́ви и гла́ва̀та ни́шо не–пра́ви. И а́рно но́си и ло́шо но́си. Па́ си–исчуди́ја, не́–и–уједиса́, ни́ка̀к* [ВЕв(Кор),304]; ~ *и та̀ка́ вике́ са–близе́ле уна̀тре, а не́–и пукани́ле ни́ узго́ра, вике́ ни́ка̀к. И та̀ка́ са̀–искрипи́ле, са̀–исчини́ле и ќи–са̀–пра̀ви́ла ниве́стта аза̀р...* [БМ, 207].

никакфо́с (и: ни́какуф) adj 1.'комплетно отсуство: негирање или одрекнување' [MS,s,76]; ~ *кој шча̀ ти јаде белото грозде,] кој шча̀ ти пије рујното вино,] ка̀то си н'амам ника̀кви роднини,] Бог је високо, л'убе да̀леко* [МП(Д),149]; ~ *на́што се́ло са̀–ви́кше Мура́рци. Три́ста и пе́а̀се ка̀шти би́ше. Се́ христе́не, не́мше ни́ка̀ква дру́га ве́ра* [ПК,2(215)]; ~ *ше́јсе гла́ви гуве́да ја́с по́мнум уф–дво́ро са̀с те́лци ка́ и́ма̀хме. Ќи–спа́дна̀т ут–пуја́тта пра́во сј–о́от, си–па́са̀т, бес гувида́р, ни́ка̀коф гувидар пу–ни́х, ни́ка̀ква ни́што* [ПК,2(293)]; ~ *ка́ не́шту да̀–ми–ја́да̀. Ја́ са̀м пручуе́н на̀–це́л све́т. Ко́а ќи–чу́ја̀т же́нта ми–бига́ла ка̀д о́да̀м ја́с. Зна́чи не́ма̀м ни́ка̀кво че́с* [ВЕв(Кор),305]; 2. 'се однесува на предмет (или лице) во лоша состојба, што не чини' ~ *и же́ната са̀ уплаши́, и са̀ тре́сиши, ни́какфа са̀ чини́ла ут пла́х, дујде́ да му падна́ на не́гу, да му ричела на не́гу са̀та пра́вина. И о́н а ричѐ на не́а: Ке́рко, ве́рата тфо́а ти лекува́, о́ди си ра-до́сна* [MV,K,324].

никнат* adj (в. никне) ~ *чиј ва дивојка калеша,] шо рано јоде за вода,] уд сате моми најнапред,] ем од невести*

најнапред.] – Мори девојке калешо,] дали си од земин никнато?] – Не сам од земин никнато,] не сам од небо паднато [МП(В),267]; ~ *Патрупо моме, Патруно,] дејгиди пиле шарено,] дали си уд бога паднато,] или си уд земен никната?] – Нит сум од бога паднато,] нит сум од земин никнато* [МП(В),313].

никне pf 1.'кога никулецот од семе на растение ќе се појави над кората од земјата' ~ *на нива да трăгниши да иди да оре, ке да загубиши или теслата или другу нешту, и, што да сеиши, гаргите гу јадиха, и оно, што ки никниши аф нивата... снопите хазăр си загинаха* [V,PM,82]; ~ *зашто си толко хубава?] дал си од земе никнăла,] ил си од небе паднăла? – Ej бре лудо, та младо,] не сăм од земе никнăла,] не сăм од небе паднăла* [МП(Д)111]; 2. 'кога човек ќе клекне, односно ќе се наведне' ~ *р'éч'и за да ни́кни д'ăт'ą Кати́нч'у за да в'éни ка́лч'ą, сă уд'ąли́ ут пулуви́на, па́дна на зим'áта* [MS,t,39]; ~ *ама́ д'ăт'ąту Кати́нч'у ни па́дна сид'ă р'éч'и: "о́х сăрциту м'ą забул'á!" Крáл'у Ма́рку му р'éч'и: "ни́кни, в'éн си мрăва ка́лч'ą ... за да ха́пниш' за ти пруминé сăрциту"* [MS,t,39]; 3. освен со споменативе, глаголот никне се јавува уште со следниве значења: ~ *и о́на ќи–că–пуфа́ле ус–думăќинлăк, нé глéде пуд но́ктто гăби ќи–ј ни́кнăт* [ПК,2(189)]; ~ *то–ј гулéм ка́măн, уд зéмăта ни́кнăн, нé că искáруве, нé că măрднýве* [ПД(129)]; исто така: 'кога врвот од детско запче ќе ја пробие кожата, т.е. ќе се појави'; 4. изр.: дéк нé-о сéјш, тáм ни́кне (= се појавува на места каде што не се очекува да биде) [ПК(Грам)].

никнува impf 1. в. никне 1. ~ *и уттáму, по́на́ка, фăрл'ąт чéшл'ăта. Ви́шлс шó нé ви́шле. фăрл'ăт чéшл'ăта. Никнýвăт ини–чéшл'а шó нé–că стăпнýва тáму. Бига́ле, бига́ле, е, умрăкна́лее* [ДК,115]; ~ *мулчејте, мулчејте, ајнаци ценебетлер! Трабуве една гудина чувек да чека, па така да му дајте леб... Ама јас! – За 90 дена никнувам и леб дунесувум* [ТГ, 342-343]; ~ *"Вăрé трó жи́то, па ко́га ќи–сфăршам рăбóта ту́ка, ќи–о́дăм дă сéјăм". – "Кăко вăрéше жи́то? Ти зна́јш шó вăрéно жи́то нé никнýва?" – "Ааа, кăко нé никнýва!? А кăко мóже вăрéни јáјца дă–л'ýпăт пили́на?"* [ДК,156]; 2 'се наведнува' ~ *гу гл'éда н'éгувóту магáр'ą пáк тáм, ни́кнува на ухóту, му вили́ ...* [MS,t,55]; 3. 'клекнува' ~ *му дáва еднó јáгне сос млóгу разидéние и му вéли: "нá, брé еднó јáгне та и́ди си на дјáвола!" И тој ни́кнува и му вéли: "ту́ри гу бráте, ти са мóл'а, нá врăх шиáта ми"* [V,PM,147].

Нико 'м. л. име запишано во Воденско' ~ *куленичат и се молат,] да не гори Мисимер,] тоа село гркоманцко.] Седи не јоди горните села,] горните села Штипската каза,] ej таму има млади кумити,] млади кумити Нико војвода* [МП(В),116].

ни́кој pron 1.'ниту еден, отсуство на било кој' ~ *фатиха тил'ал да вика: "... чујте, сел'ани, от царјут има повелиа, на тој сиромах никој ништу да не чини лошу, ниту една кокош да му не си загуби!"* [V,PM,33]; ~ *от мáлко врéмја сéтне се зачýло на една далéчна зéмја три мóми цáрцки, та не мóжел ни́кој да зéме о(т) тјáх* [V,PM,87]; и: ни́куј (со редукција) ~ *глéј си рăбóтта, ни́м că–зăкáчуви ус–ни́куј* [ПК,2(169)]; ~ *имало един цар, пувил'ал: уф градут мо л'ујто да не седат ного доцкана на вечара; пу вичери напкум да не свитлее никуа куќа!* [V,PM,267]; 2. 'никого'

(номинативна форма употребена во служба на директен објект) ~ *видех три овци чужди; му вел'ам на овчарите: "с кој сă најдехте вија днеска?" Они ми вел'ат: "Не сă најдехме ни с никој"* [МС(В),80]; ~ *ој, лозје, лозје, со бело грозје,] кој ќи те копа?] кој ќи те копа, кој ќи те вади?] никој си немам,] никој си немам, никој никого,] само идин бога* [МП(М),79]; (инцидентно во материјалите од Серско ја среднавме дативната форма никому ~ *имáл пýшкạ и–кá–ẹ слобóдẹн изл'áвạл низ–бạ́йро, ọтéпạл, нẹ–ọтéпạл, ни́кóму ни́што* [ЛК,126]; 3. 'никаков' ~ *преди четири години имах перде, сă чудих, сă чудих; немаше никој кулај, то пусто е око* [МС(В),76]; 4. 'било кој, неопределено кој – некој' ~ *одиха на селата и кундисуваха на никоја куќа и напкун сакаха да спијат сăс нивестата или с никоја мома* [К,ВС,72]; ~ *пу–ни́ку вре́ме сéга, пу–ни́ку гуди́на, си–дóшле и мăјште, áма ни́кој не–пи́сал нă–ти́а мăжи, нă–ти́а бра́ќа* [ВК(Ра),324-325]; ~ *јадéќи тáм, ạдин пăјтóн пу пăтут, ни́кој гулéмиц, ни́кој пáша уф нăтре* [ИГ,110]; ~ *цáр'увата мóма ймаши стáр марáз: нéкој хикимци́а не мóжиши да познáј што́ марáз бéши, ни́ту мóжиши ни́кој да га излекýва* [V,PM,29].

Никóдимос 'м. л. име' ~ *на новá вре́ме и́маше еди́н ч'ул'áк от фарисéите и́мето́–му Никóдимос; тój бéше гол'áм зинги́нин мéжду чефýтето та дójде през нăш при Јисýса* [ВД (Тр),326].

никодинчаниц* m 'жител на Никодинска земја (top.)' ~ *три ми години дож не врнало,] дож не врнало Никодинска земја.] Кога си седнал Свети Никола,] да си пурдава жито јем вино...] ка го дочуле никодинчани,] летат и трчат и јони да купат* [МП(В),31].

Никола 'м. л. име присутно во многу говори, во случајот запишано во Долновардарско (Солунско, Кукушко)' ~ *му вели: "тој ми пушти: или твојта глава да земам или ..." на сахатот Имир Никола пушти Бошко и завал Станко* [МС(В),94]; ~ *Јанините жалби многу се големи,] што му веле Караман Атанас:] Е, бре Котен, Котен ej Никола...* [МП (К),98].

Никóлуф 'фамилијарно име запишано во Кукушко' ~ *сạ–ви́кум Гóце Ри́стуф Никóлуф, рóдин сум уф–Ку́кушко, уф–сéло Шикирли́а. Ут–Ку́куиш сáат и дéсит мину́ти, пóвќе нéма. Двăнájсе кăшти би́ше. Сè ристéне. Нă–бéго имóт би́ше* [ПК,2 (277)].

Николче 'м. л. име, dem. од Никола' ~ *наредиле две–три пусии,] две–три пусии на џадету,] там ки мине Кафир чауш,] Кафир чауш Асан агу,] Асан агу Папалазу,] Папалазу млад Николче* [МП(В),129].

никотра pron, f 'ниту една, никоја' ~ *тогас старио гу зема... и му рече да гу чини зет: која мома сака от трите, да му дади. Тојнака нифтја никотра* [V,PM, 100]; зачуван архаизам, сп. стсл. **инкъторъıи.**

нику(j)е доба n "времето на еден час по пувичери се вика никује доба. Во тоа време сé што е благословено спие. Салде вода и душмајне не спијат" [ТГ,11]; – млекото може да са праземе (= да се извлече од туѓото добиче, да се преземе за себе) само спроти Ѓурѓовдин. Тоа може да го стори само жена која прајасала (којашто не може повеќе да раѓа). Кога ќе дојде никоје доба, таа скришум излегува, *са сублечуве*

куту уд мајка рудена, вјануве на едно кросно и излеве на сред–село, и потоа се упатува кон дворот или кон уборот од чија стока сака да го праземе максулут [ТГ,66]; – во потокот по свадбата, братот на невестата заедно со побратими од женска страна, доаѓаат да а канат (невестата) на госте. Со себе носат и пуклон. Тие таму и вечераат, а по вечерата се веселат до никое доба, може таму и да останат на спиење [ТГ,191]; со исто значење се употребува и изразот: ни́коо вре́ме ~ *шó пра́виш мăр–Ши́л'ко, сно́шти ду–ни́коо вре́ме све́тше уф–ва́ска* [ПК,2(182)].

никугаш adv, opp. на 'некогаш' ~ *Ста́ра плӑни́на, ма́ле, блӑжи́на,] ни́кугаш пра́зна, ма́ле, не́ сто́е,] зи́мӑта пắлна, ма́ле, јуфча́ри,] ле́туто пắлна, ма́ле, јӑнда́ри* [ДК,157]; ~ *му–ви́ка на Го́спо: "Ас мо́рам да–го–о́тклó-нам о́т–те́би", зна́чи от–Го́спо, о́н си–ве́ру́ва мно́гу на–Бо́га. Ви́ка: "Ни́-когаш не–мо́жиш да–го–о́тклóниш. За́што да–го–мӑчими чов'а́ко!"* [ЛК,118].

никуки́ра f – песната не е завршена, сепак контекстот упатува на: 'дома-ќинка, со негативна конотација' ~ *шо му ве́л'е Ма́рку на Јанкула: ["триш блазе́ ти, бра́то, су ниве́ста [су шен, бра́то, госте причику́ва [си смија́јки, бра́то, и пруваѓја [ами мо́јта, бра́то, никуки́ра"* [МЕ (Р),96].

нику́лскиј m 'есенски (зимски) месец, називот е добиен според името на празникот св. Никола' [BS,118].

никш interj 'извик за терање волови' [ПД(126].

нилти – нилти conj (за негирање) 'ни - ни; ниту – ниту' ~ *кондисала Црна Арапина,] кондисала над Солуна Града.] Телал вика нилти да се жени,] телал вика нилти да се мажи,] телал вика јони да му носат,] по невеста, по една кокошка* [МП(В),22]; ~ *мор невесто калешова,] каде ти је твојто момче?] – Ој бре лудо, ти бре младо,] мојто момче у чуждина,] нилти писмо тој испраќа,] нилти него па го има,] поминале девет години* [МП(В),219].

ним в. нимо ~ *ни́м о́ди са́ма зă во́да* [СК.331]; изр.: ни́м мă-пă̆лни ґу́ґуве (немој да ме секираш, не ме полни јадови) [ПК,2(78)]; ~ *И она е за нас!* (се мисли на болеста). *Ти ним са разбол'уви, јас ним са разбол'уви, ими кој – Госпуд!* – така му се возразува на оној што често се жали дека е болен [ТГ,248].

Нима́нци top. 'име на село во Кукушко (во североисточниот дел)' ~ *а́с бнх сјурма́шка, бис–та́тко би́х, тăка́ с–јути́дăх. Мă–зима́а та́м, уф–Ни-ма́нци ми–прӑви́ă сва́дба* [ПК,2(250)].

нима́ќи adv (гл. прилог) 'како резултат на тоа дека нешто немало' ~ *пра́ќи, се́стрă му гу на̨о́жќе ка́мăнчто и нă мо́ж да̨ сă на̨гле́де на не́го. Ма́јки:* (= мајкă-и́) *и́ викна́ла да а пи́те не́што, о́на, ка́мăнчто, нима́ќи де́к да̨ гу кла́де – да̨ уф у́стта* [ИГ,110].

нимо (< немој – со редукција) – за заповед = не, односно: не прави така, немој да го правиш тоа ~ *ка а виде́ Исус на не́а, и прижал'а́ на не́а, да му ре́кал на не́а: Ни́мо пла́кај. Да ка си наближи́, а фати́ носи́лото (ти́и па шо му но́сиа застана́ле)* [MV,K,273]; ~ *ој невесто калишава,] нимо стои крај реката,] река тече матна вода,] матна вода јем студена,] ќе те смăкне, ќе те крене* [МП(В),166]; ~ *утиде, му веле на офчарут: "Аде, пубратиме, сега нимо саќи пари за житто, ами на кило двеста офци да саќиш, пак да си натамамиш офците"* [V,PM,294].

нимóштина f 'црковна служба за

помен на умрениот, панихида' [СК, 101]; Тановиќ во Гевгелија запишал: нимушино – на шестата недела по погребот месат задуша за умрениот, а во црквата се чита нимушино (= црковен обред за покој на душата на умрениот).

нимужи́а f 'здравствена немоќ што го притиска човекот, најчесто од болест, но и од старост' [ПК,2(78)].

ни́н'* pron 'нешто што им припаѓа ним – нивен' ~ *е́ту и са́та гра́да испадна́ла да гу приче́кат на Исус; ка гу виде́а на не́го, му сӑ моли́ле да испа́дни ут ни́н'ото си́нор* [MV,K, 265]; ~ *нӗ–ј а́рно да зе́ми чове́к ле́пут ут де́цата и да му да́ди на кучи́ните. Же́ната ре́кла: Така́, Афе́ндо; о́ти кучи́нити ја́дат ут ро́нкити шо па́ѓат ут со́фрата ут ни́н'ото стопа́н* [MV,K,265] – во формата: кучини-ти се забележува присуство (комбинација) на две множински наставки: -и од машки и -ин'а од именки од ср. род; во ова и во др. слични примери се наѕира туѓо влијание, в. во граматичкиот дел; ~ *ја́с ви пушти́х на ва́с да жни́ите шо не́ си ма̣чи́хти да се́ите; дру́зи си ма̣чи́а, и ви́а на́вра̣с ни́н'ата му́ка сти до́шле* [MV,K,259] – бидејќи се работи за евангелски текст, случајот за замената на големата носовка со у, во примерот мука треба да се третира како црквенословенизам. Формата нин' се среќава и како нијн(и) – со антиципација на мекоста: ~ *ка утидоја дури дома,] си испаднала нијна мајка,] нијна мајка, нијниот татко,] прегрнале нијно чедо* [МП(В),165]; ~ *чи́ко има́л би́булцка ко́ла, гă–тувăри́л. Тури́л ше́ј тăка́ зă–путре́ба, зă–де́цта: јурга́не, ира́ме, кили́мчта. Тăкви́ ръ̆бо́ти. А ма́јка–ми, о́т та́тку–ми о–зе́ли вујни́к, тури́ла ше́ј нă–ни́јнта ко́ла* [ПК,2(321)]; сп. и нихни*: ~ *и еди́н де́н изле́знал да си ше́та по сока́ките и, кату ше́таши, најде́ е́дни же́ни... Ху́бави би́ли мо́ми, ни́хната гиздави́на не можи да се иска́жи* [V,PM,9]; ~ *прати еди́н чове́к не́гов па́к да ги земи цифарци́ите, да ги сӑди по́фтор. Оти́де чове́кот, ама ко́гу ке да на́јди? Тогас кадиата позна́ нихната кри́вина* [V,PM,9]; ~ *фатил да вика: "на ва тос дреп, обесејте за неа, та да зна́ј, зашто ја имам ку́тна, а́ не́ да ме вика портокалциа!" Така после са земаха пак мӑж и же́на, и пак отидоха, на нихните кашти седнали* [V,PM,192]; во контекстот што следува формата за ж. род: нихна се јавува во функција за машки (евентуално за множина), што претставува уште една потврда дека категоријата род во овие говори не функционира: ~ *тојнака тиа думи кога думаши, пак царју́т нихна са шеташи аф гората* [V,PM.64].

нинадјанат adj 'необлечен' ~ *мар та уотлупјај Златина сандӑк,] мар та искарај Златина јалӑжӑ,] л'у јошиена, ни надјаната;] мар та искарај Златина клашник,] мар л'у јошиен, та нинадјанат* [МНП(Д),70].

ни...ни conj (в. ни...ниту) ~ *ни́ на т'е́б'а̣ ти сӑ см'а́ја, ни́ на ма́н'ц'ата ти сӑ см'а́ја* [MS,t,18]; ~ *за гу сто́р'а, да му ни уста́ни ни ура́лу ни ш'о́гуд'а̣* [MS,t,77]; ~ *та́а ре́кла: "Сӑ–забра́уве, ја́. Ас ка́–бих мла́да, мо́јте де́ца не́–ќ–уста́вӑх ни–бис–куко́шка, ни–бис–пи́ле, ни–бис–ни́што, а́ма сјаа... мӑ–нӑпади́а̣ уд–до́ма"* [ПК, 2(266)]; ~ *уд рӑчо́к ка̣ сӑ фа́шќӑт ду́рду ве́чӑрта, ни́ то́а па́жќе, ни то́а* [ИГ,113]; ~ *гу пукӑлна́ Кра́л'у Ма́рку, му р'е́ч'и: "тузи́, ш'ту ми гу сто́ри ни на Бо́га ду́ш'а да дад'е́ш' ни на з'е́м'а ко́кал да клад'е́ш' !"*

[MS,t,39]; изр.: ни́ уф-те́лци, ни́ уф-гуве́да (= се однесува за човек на кого на некој начин му е прекината кариерата, пр. не успеал да го оформи образованието, исто така се кажува и за свршена девојка која не се омажила – од различни причини) ~ *ја́ кумши́что, шо́–ј ду–на́ска, зе́ а–уставѝ ӑрма́сницта, сја́а мо́мта ни́ уф–те́лци, ни́ уф–гуве́да–ј. Ни́ ф–мо́мте мо́ма–ј, ни́ уф–же́нте же́на–ј* [ПК,2(182)]; ни-крӑк ни-мрӑк (= беше изненаден, не кажа ниту збор) [ПК,2(182)]; ни́-аир, ни́-абе́р (немме) (= се кажува кога многу време не сме известени за нешто што нѐ интересира, што ни е важно) ~ *уд–мо́ј Го́ле а́ј–го то́лко гуди́ни не́ма ни́–аир, ни́–абе́р, кавка́–ј мо́јта ду́ша зна́јте–ли?* [ПК,2(182)]; ни́-а̣пна́ло, ни-сӑркна́ло (= се кажува за некое дете што е многу слабо) ~ *то́о ва́што ну́че ни́–а̣пна́ло, ни́–сӑркна́ло, сла́бо ипте́н* [ПК,2 (182)]; ни́-рӑбо́та, ни́-путо́па (= се кажува кога некој е крајно неактивен) ~ *ва́адӑн це́л–де́н а́нцак маабе́те, уд–ме́н нима́ ни́–рӑбо́та, ни–путо́па* [ПК,2(182)].

ни-ниту conj (за негирање), в. ниту...ниту ~ *и сто́риха мухабе́т но́с д'е́н', ала́ ни ж'ина́та му казу́ва ... ч'а кш'е́нудо́хину и–і̣ мӑнч' ни́ту кш'е́нудо́хину му вили́ ... ч'а на́с ми–і̣ ж'е́на* [MS,t,12].

нин'ука f 1. 'нос'; 2. 'муцка (кај свињата)' [MS,s,76].

нипрӑтка f, zool. 'вид змија' ~ *ша́рина зми́ја, мло́гу фармака́та* [MS,s,76].

нипӑнен* adj 'кога сликата при везењето е исцртана, но не е исполнета со конци, т.е. кога е празна' ~ *мумине ми болни лежјахӑ,] гергефине пусти стојаха,] л'у писӑни, нипӑнени,] на момчитӑ не пуклонена* [МП(Д),15].

ниранзија adj 'нешто што има боја портокалова' ~ *та ми иди ф Сјар на пазар,] та си купи баш коприна,] баш коприна гевезјана,] от жӑлтата ниранзија,] та си иди ф тјахно село* [МНП(Д),15].

ниринде́ n 'метална направа со дупки, служи за рендење плодови, пр. дуњи кога се вари слатко' [ПК,2(78)].

нируја* f 'извор со вода', грцизам (според Ст. Романски): ~ *тогај си вӑрна големојут ѓавол, му вели на сите ѓаволи: сега да знајат они да дојдат от тука, от нирујата да земат малко вода, да го умујат, царскиј син оздравјава* [V,PM,167]; кај Малецки: нири́ја 'бразда' [MS,s,76].

ниси(ј)а f 1.'месност' ~ *напкун на то, дека сакаха да ми закол'ат, него велеха Трајкова нисиа* [МС(В),73]; ~ *стоих у нисијата, там кӑшла имах; таму имаше една кумпанија Арнаути, што крадиха* [МС(В),80]; 2. 'насип, остров' ~ *усред ѓол'от имаше една нисија, та нисија орман беше и овците зимаха над нисијата* [МС(В),81]; кај Малецки ниш'и́ 'остров во морето' (со исто значење: ада́) [MS,s,76].

ни́ска adj, m (и: f) 'нешто што има мала висина' ~ *ни́ска ч'ув'а́к* [MS,s, 76] – ваквите примери му дале повод на Ј. Иванов да заклучи дека во Солунско има случаи во кои се вокализирал крајниот ер – се работи за превид што се случил поради некомплетната информираност за дијалектната ситуација во регионот; веќе рековме дека случајот претставува една од последиците што настанале во врска со нерегуларноста на категоријата род во Долновардарско; ~ *"Ќи–т–стӑкнум гӑзо с–а́јн ко́л и ќи–пи́јш, пи́јш во́да уд–ре́кта; та́а кӑшта–ј ни́ска... ќи–сӑ–ка́чме го́ре, ќо:–утӑкниме ко́ло в–о́ѓно... то́ги*

ни́ă ќи–фле́зме и ќи–зе́мме не́што зă–já́дне" [ПК,2(247)]; ~ *пи́тиш кắшитте кăквй би́а? Еми ја́, ни́ски кắшти, не́ тăквй висо́ки куту сја́а шо и́мме пра́вини кắшти. Ни́ски кắшти тăка́, не́куј ма́лко пуди́гнини* [ПК,2(227)]; ~ *зе́ла сире́нце и пре́шлито шу–приде́ла и ти́шла та́му го́ре, у–се́луто, де́уто де́ка жи́вăл. Ку́јќите туга́ј бе́а ни́ски. Сă–кăчи́ла нă–ба́цăта го́ре* [ДК,146]; сепак во употреба е и формата за м. род: нисук ~ *Постол се наогја на иден рид шо јаваш–јаваш се чина по нисук ут кăда–ј селто* [МЕ(Р),70]; ~ *кичу́к му–ви́киме ни́ă, ни́сук, мăле́чок. Имише уф–Грăма́дна е́јн кичу́к, уф–Цума́ата умре́ сира́ко; ни́сук чуве́к, и о́н рăбо́те, а́ма не́ма бо́ј* [ПК,2(241)].

ни́ско adv 1.'близу до земјата' ~ *тај тре́ва зă би́шките, ни́ско ра́сте, пу–зе́мăта–ј то:, жăлти ки́ткички си́тни цăфте* (станува збор за тревата тушница) [ПД(123)]; 2. – во текстот што следува прилогот ниско се однесува на начинот на жниење, сечење на житните класја, конкретно: стебленцето во поголем дел да оди со класот, а само малу да остане со коренот' ~ *зајди, зајди јасно слăнце,] да ме мене куртолисаш,] јот тримина драгомјана,] јединрука: "Бăрже жени!"] други рука: "Ниско жени!"] трети рука: "Немој класи!"* [МП(Д),32]; 3. 'долу' ~ *бричи са бричи бре млади зетјо!] кога ќе идеш на момина двори,] ниско да гледаш, бисер да нижеш* [МП(Д),49].

ни́ско ме́сто* n 'поле' ~ пăлăми́да 'диво едногодишно растение, *бо́цкăт ли́стăта ма́лце нă врắо, гă и́ма уф ни́ските ме́ста'* [ПД(122)].

ни́ско̨то n, поим. придавка 'долина, поле' (в. ни́ско ме́сто) ~ *ајду́ци, ара́ми́и. Пл'ачка̨т. И ви́ка̨, на̨у́ча̨л о́ти ќи–сли́за̨т, ти́а̨–са̨ на̨–висо́ко̨то̨, а сли́за̨т ни́ско̨то̨, ни́а̨ ви́ка̨ми дире́. Тва́–е̨ ту́рски збо́р* [ЛК,117] – објаснувањето за називот ни́ско̨то̨ со турцизмот дире́ не е соодветно.

нит conj в. ниту ~ *мар Вел'о, мар лоша жено,] пило ли је магарето уода?] – Нит је пило, нито је видјало* [МП(Д),65]; ~ *гла́с ми–сă–чу́е,] го́ре уф–планина́та.] Да́ли кафа́л сви́ре,] и́л' мо́ма пе́е? Ни́т–кафа́л сви́ре,] ни́т мо́ма пе́е,] Ту́рци ја ма́чат] у́бува Ја́на* [ПК,2(297)].

ни́ти* pl. 1. 'нишки, конци'; 2. 'прибор од направата разбој, што ги влече нишките од основата нагоре и надолу и така ги заплетува во јатокот; в. нишăлки' ~ *с'ă и́ш'тими да гу уд'ắними пла́тнуту, з'е́вами ни́титу и гри́бин'о́* [MS,t,7].

ниту-ниту (и: нито-нито, нити-нити) 1. conj ~ *васа но́шт на мрачи́ло да са́: ни́ту то́ј да га ви́ди, ни́ту жена́та не́гу* [V,PM,11]; ~ *му ве́ли: "о́х ма́жу, ха́рно си зема́л ри́бата и ми ве́лиш да го́тва ма́ра, а дру́гата да га на́сол'а, ами кату не́мами ни́ти со́л, ни́ту пипе́р, ни́ту шарлага́н?"* [V,PM,17]; ~ *и фаф сара́е фне́тре така си́ све́тешја и дан'а́ и ноштја́ и ни́што ни липсова́шја фа́ф сара́е ни́то о́т еде́не, ни́ту от пи́ане, ни́ту от дре́хи за но́сене* [V,PM,259]; ~ *мло́гу că упла́ш'и, даш'о́ ра́нуту б'ắш'и панаги́р : ни́ту по́п, ни́ту дја́к ... ш'и́ч'ка умр'ắнта идна́ ку́па* [MS,t,70]; 2. part 'зедно со партикулата не (ни) ја засилува негацијата, дури' ~ *"и ш'то пра́ви там на́с мо́ма?" – ја пи́та ба́бата; "мума́та та́м јад'е́, пи́ј cắс измика́ркит'а, ни мо́ж'и да по́ј пуиди́н ни́ту пи́лӑ биле́"* [MS,t,21].

ни́ках* m 'брак, брачен договор со кој сопругот, при склучувањето на бра-

кот, се обврзува дека во случај на развод на невестата ќе и́ исплати извесен паричен износ' (?)~ *утринта́ ошти по зор'ата да га оста́ви па́к жена́та са́ма. Кога́ ки осу́мна, тога́с ви́кат па́рвиј ма́ж, пак ника́х га чи́нат* [V,PM,10]; ~ *па́к мажо́ и са́каши да га зе́ми, зашто нејната гиздави́на не можи да си иска́жи, а́ма ту́рскиј за́кон така́ кату не да́ва, зашто ту́рците, кога́ оста́ват же́ните си, им да́ват ника́хот сетни пак да си зал'у́бат* [V,PM,10]; ~ *ни́ту то́ј да га ви́ди, ни́ту жена́та не́гу, та утринта́ о́шти на зорјата да га оста́ви па́к жена́та са́ма. Кога́ ки осу́мна, тога́с ви́кат па́рвиј ма́ж, па́к ника́х га чи́нат* [V,PM,11].

ниути...ниути conj (за негирање) в. ниту-ниту ~ *ниути кон'а, Недо, јодварзана, бре севдо,] ниути кон'а јодврзана,] ниути вода, Недо. напујена, бре севдо,] ниути вода напојена,] ниути зобе, Недо, назобана, бре севдо,] ниути зобе назобана* [МП(М),41].

нифеланґа́* f 'завист, злоба' ~ *кугá ја ви́д'ạ ма́јка–и ут ина́т'у и ут нифеланґа́та–и пу́кна* [MS,t,64]; сп. нефелан.

нифелну adv 'злобно' ~ *кога ма Демире миловаше,] мен'а ми па́к л'ак падаша,] от де са вӑрниш повăрниш,] и да ни ти је зготвено,] хич ми на криу погледна,] хич ми нифелну ни рече* [МП(Д),41]; сп. нафал, нефелан.

ни́фка* f (dem.) 'мала нива, нивче' ~ *си ку́п'ạх ино́ магарч'ạ, си ка́рахми дрӑву́ш'ки, си ги ра́бут'ӑхми и ни́фкит'ạ* [MS,t,1].

нифора f 'христијански религиозен термин: залче од осветен леб, што се дава при причесна на верниците' (во др. говори: нафора) ~ *срце ме тргнало на цркве да одам,] на цркве да одам свеќа да запал'ам,] крстот да си крстам, комка да си зевам,] нифора да зевам со теб да се земам,] со теб да се земам кајурка да бидам* [МП(В),57].

них pron 1.'долга форма за директен објект и општа форма од зам. они (тие)' ~ *кој дилејне, кој мӑжејне керки, му ј рӑздроби сӑти селӑ мигју них и Постул* [ME(P),85]; и: ниф ~ *и–о́н зe̯л, пре́д да̣–ни–ка́жи о́ти–са̣ бра́т'ạ, зе́л ча́ша̣ зла́тна̣, и–па̣ри́ти и–ча́ша̣та̣ зла́тна̣ га̣–ста́ил уф–чува́ло. И ти́а̣, ква́ си–тӑргна̣ли, си–о́да̣т се̣га́ и–о́дма̣ пра́шта̣ по̣–ни́ф по̣ли́ција* [ЛК,113]; 2. 'себе' ~ *сенту гу косиа зӑ них* [ME(P),90].

нихка pron в. них 1. ~ *куга дошла момата крај царув, гледе безброј л'уде излезени да го пречекат. Кату наближила крај нихка, накарала сел'ането да ги испушчат заецето пред л'удето. Они, кату видели заецето, са спушчили да ги уловат* [ШК,(5),424]; ~ *и така утишли; адната за вода, а другата за дрва. Адната налела вода, а другата набрала дрва и се врнали ув нихка* [ШК,(5),431]; ~ *да пушчи́хме до труи́ца,] в до́бро се́ло Борисла́ва,] ле́б да са́кат, ле́б да про́сат.] Не́л' ги ни́хка препозна́ли,] позна́ле ги, фати́ле ги,] еди́нот на ко́л удри́ле* [ШК,СбНУ(1),116].

Нихте́пка (и: Мехте́пка) top. 'име на чешма во Горна Махала, с. Височен (Драмско)'. Топонимискиот назив е изведен од тур. mektep 'училиште' + суф. -ка [ЛИ,МИ...,164].

нихто pron 'никој' ~ *остана камухата неткаена на старолакот: нихто н'ахто не знаиши да влези на старолакот, да ја ткаи, момата кату са ужени за царското дете* [V,PM,42].

нич'и́* impf 'кога нешто живо, пр. растение, или заб, ја пробива преградата што го покрива и се

јавува надвор' (во истата регија – Солунско и: ни́кнува) [MS,s,76].

ни́чкум adv 1. 'клекнат, со лицето кон земјата' ~ *е́ту и гла́с ут о́блак испадна́, шо вел'а́л: Во́а и мо́јо си́н милосли́ф, на не́гу и пуве́лата; на не́гу да слу́шити. Ка слуша́ле учени́цити, падна́а ни́чкум, и му падна́ стра́х мо́шни* [MV,K,327]; и: ничку ~ *ти́ша́л ину–де́до да́–бе́ре па́рчки, да́–пле́те кушо́ј, ко́га а́–пу́ле – ина́–чу́па ни́чку си–пла́че. Му–ве́ле: "Шо́, чу́по, пла́чиш ту́ка?" – "Ма́шче́а–ми ми–изва́ди о́чите", му–ве́ле* [ДК,120]; 2. 'сад поставен со дното на горе' – сп. игра: ќе седнат сите момци и девојки во круг и редум ќе фрлаат у вис еден филџан, настојувајќи да застане правилно со дното долу за што се добива десет поени, ако застане ничкум – обратно, со дното на горе играчот добива само еден поен, ако пак застане на бок не добива ништо [ТГ,325]; – со корито ловат птици зимно време, кога земјата е покриена со снег. Коритото се поставува ничкум на земјата, и со стап ќе се потпре како да се прави заклон. На долниот крај на стапот се врзува парче конот што се повлекува кога ќе дојде птица за да падне коритото и да ја покрие птицата [ТГ,390]; ~ *о́на о́де, ја́де ме́т. Ту́а вуло́јте на́–мо́жа́т да́–са́–се́та́т. Ајде, а́јде – се́ки де́н та́ка, ину–де́н гу–сфа́рши́ла ку́пут, гу–прикутна́ла ни́чку* [ДК,139].

ни́ша (са́)* impf 'се клати со умерени движења' ~ *Арну–ма, прет да́–фта́сма́ ни́е у–се́лту, узго́ра, зна́чи, вра́ѕ–се́лту и́мма́ кури́ја, вра́ѕ–кури́јта гле́дма́: узго́ра, на́–идна ту́мба печис–гла́ви са́–ни́ша́т. а ве́лима́, се́га на́–фати́ја, а ни́е и–но́сма́ то́–матири́ја́лут* [БМ,191].

нишадор m 'хемиска сол, амонијаков хлорид, се употребува во народната медицина' – ако настине добитокот се зема нишадор, ќе се истолчи ситно како брашно и ќе се стави во носот на добитокот, исто така може да се измеша со ракија и да се истури во ушите (на дубитокот) [ТГ,381].

ниш'а́н'* m 1. 'предмет – остаток од нешто' ~ *неколко трага кату во шо гу има пăтувачут прид очите су неговото... исчувана има "Пел" и други дробни и едри нишајна* [МЕ (Р),69]; ~ *Де́брец у–то́ вре́ме има́ло по́јќе ут–чти́ри стути́ни ку́јќи, ... Во́јден и́ма ниша́ни де́ка се́лто би́ло у–по́ле, та́ка шу–и́ма не́шта шо́ са́–ви́ка́т* Ши́шива Че́шма,... Тăргуви́шче, *бизбе́ли та́му са́–пра́ве́ло ни́куј па́зăр* [ДК,153-154]; 2. 'материјален доказ' ~ *мо́ш' да клад'е́ш' ниш'а́н'ă, на зим'а́та пе́п'ăл за настил'е́ш'; и на ска́лата парма́ку катра́н за гу намаж'ш'* [MS,t,22]; ~ *кога на Георѓовден да ми ги чини тислим – 90 овци кусо. Нишане нема, он хак сака!* [МС(В),84]; – девојките исто така, по вечерата, кога ќе појдат на спиење, земаат една тепсија во неа ставаат пепел, и внимателно ја оставаат тепсијата зад вратата, за да преноќи. Кога утредента ќе станат тие одат да видат дали има некаков нишан (знак) на пепелот и како изгледа [ТГ,44]; ~ *нилти писмо тој испраќа,] нилти него па го има...] мор невесто ти јубава,] дали имаш нишан нешто?] – Абре лудо, ти бре младо,] десна рака прстен има.] – Мор невесто ти бре младо,] такси, такси што ќе таксиш,] да ти кажам твојто момче* [МП(В),165]; ~ *тој că узовал и рекал: "ела да ми отвориш, зашто мăжо ти ма прати да преспим тăзи нăшт тука у вас, та, ако не вјаруваш, ето и сахато си даде за нишјан, чи тој ма је пратил"*

[V,PM,280]; – во глаголската форма сă узовал се крие стсл. гл. **зъвати**; 3. 'специфичност, особина' ~ *"е, ако не ми лăжиш, извади белите цицки." И ва тăгл'а петлицата и сă разгăрди и му кажа нишаните* [МС(В),98]; ~ *овчаро в сăндăко през сăрцето гледаł и видел, чи па корема има нишан маслинкă* [V,PM, 281] – печатарот згрешил па место 'през сăрчето' (т.е. преку стаклото) напишал: *през сăрцето*. Од контекстот сакаме да ја одбележиме и употребата на синтагма во која именка се јавува како атрибутска определба на др. именка нишан маслинкă – образец позајмен од турскиот јазик. Ваквата комбинација е позната и во др. говори, но овде е посилно изразена; за ова в. во граматичкит дел; 4. 'остаток од повреда, белег' ~ *кутú мла́ди си–л'агна́ле, зе́ла та́: да–с суб.ле́че. Он ú рӑче́л: "Ти и́миш ниша́н, удде́ка те́–ј?"* [ПД(152)]; ~ *и о́н му рече́: "аку́ не ви́дам на рӑците му ниша́ните ут карфи́ите, и аку́ не кла́дам прӑстут ми на ниша́ните, и аку́ не кла́дам рӑката ми на ре́бруто му, не–ќ поверу́вам"* [ВЕв (К),308]; ~ *– јам да го видиш, шчја лӑ го познаш?] – Оj аго, аго, бре мили, таго,] л'у да го видја, и шче го познам:] ја тој имаша гол'ам нишан,] ја на главата, ја на сранăта* [МП(Д),82]; 5. 'порака, знак за нешто' – кога на небото ќе се појави ѕвезда со опашка, народот верува: тоа е божји знак, нишан дека ќе има кавга (= војна) и дека некој цар ќе погине (од истата регија уште едно верување: ако низ небото прелета ѕвезда, народот мисли дека тоа е знак оти некој грешник сакал да се уфрли во гумното, во кругот на праведните) [ТГ,433]; 6. 'цел кон која се нишани, стрела' [ВК,118]; 7. 'простор, односно бразда која ги разделува нивите – меѓа' [ЛК,95]; – од други јужни говори, од земјоделската терминологија, називот нишан ми е познат со значењето 'меѓник', т.е. камен што стои на крајот и ја обележува меѓата; 8. 'подароци што на свршувачката ги разменуваат меѓу себе родителите на младите' — кога ќе дојде стројникот ќе донесе голема шарвета (крпа за врзување на косата) и едно мало бело марамче што се носи в џеб, еден каврак и една китка сус цало (= стара сребрена пара). Сето тоа го подава на таткото од девојката, а во замена добива една пачета, еден пар чорапи, една риза (= крпа за бришење, пешкир) и китка сус цало. Тоа е првиот нишан, знак дека девојката е свршена, ветена. Потоа уговараат кога ќе менуваат малечук нишан (= размена на прстени), односно гулем нишан (размена на бохчалăк = подароци) [ТГ,152]; ~ *ах, оди, види, питај, мила мамо, дали ќи м–ја дадат,] ако ми ја дадат, мила мамо, бргу, ле, да си дојдиш,] бргу да си дојдиш, мила мамо, нишан да донесиш* [МП (М),161]; ~ *учино мила сричина,] нито ма братја бедјаха,] нито ме мајка корјаша,] л'у си ма татко главјаша,] за Зил'амувото козарче!] – Кал'у л'у мари, Калино,] колку ти нишан дадоха* [МП(Д),109]; ~ *дујде́ стро́јникут. "Ва́шта мо́ма сӑ арися́, дојде́ме да нӑ а да́јте да а арма́сме". "Ди́л'ми ви́а стӑ нӑ арися́ле, и ни́ӑ арися́ме". И му кӑжа́, оти ќа: да́дме, и уф нидел'та ниша́н мини́ме* [ИГ,113]; сп. уште: има мӑле́чук и гуле́м ниша́н: ~ *ни́ӑ ќи им да́дме ца́ло (сре́бăрна па́ра), алтӑнче, зама́нска па́ра, и цве́ќе и ќи́тќичка (кӑрӑмфи́л'че), вăрза́ни ус цӑрве́н ко́ниц, сус вăра́к, бухчӑлăк:*

кушу́л'а, га́шти, ри́за, чивре́ (пъче́та), чура́пе, въ́ркузу́н. Мъ́ле́чку́т ниша́н уф ниде́л'чин де́н. Ду́ри на́ гуди́на и пулви́на гуле́м ниша́н мини́ме [ИГ,113]; 9. 'чудо, необичен настан' ~ *до́јде през на́ш при Јису́са та му ре́че: дида́скале, ни́е зна́еме, о́ти ти́ си дошёл от Бо́га дида́скал, о́ти те́зи ниш'а́не, што пра́виш ти́, ни́кој не мо́же да ги сто́ри* [ВД(Тр), 327]; 10. 'нешто што има забележливи недостатоци и се третира како предзнак за несреќа' ~ *али́с ниша́н е́ј то́о де́тто, дур за-гри́ота*; ~ *кога кукошка снесе ниша́н* (мало јајце), *некуј ки умре* (за да не се случи тоа народот верува дека таквото јајце треба да се скрши, да се замеша со брашно и да ѝ се даде на истата кокошка да го изеде) [ТГ,248] – во контекстот имаме употреба на свршен глагол во сегашно време: кога кукошка снесе ниша́н (м. ќе снесе), што не е обично за литературниот исказ, за ова в. во граматичкиот дел; 11. изр.: нънища́н гу дъ́рже 'внимава на однесувањето на некого' ~ *ни́м съ́-бо́ј, а́ска гу-дъ́ржум нъ́-ниша́н, нъ́-мо́ж дъ́-ми-избе́ге* [ПК,2(185)].

Нишајне pl 'име на созвездие' – кирациите и арабациите уште навечер се договараат кога ќе тргнат: *сабајлин, укулу зори, зора ка ќи удре,* Нишајне *кога ки зајдат или кога ќи угрејат* (тоа се 6 ѕвезди, по 3 во ред, едниот ред на другиот се поставени вертикално; се јавуваат и заоѓаат заедно со ѕвездата Зорница, имено зиме изгреваат некаде околу 21 часот), сп.: Нишајне *беја три устена горе*! [ТГ,12]; ~ *ваја застра станаме уште ка фатија првни петли да пејат. Станаме рано,* Нишајнто *беа там горе!* [ТГ,17]; освен Нишајнто временски ориентири им се и другите ѕвезди, сп.: *кога ќи угреје или зајде* Квачка (една голема ѕвезда со многу ситни ѕвезди околу неа, зиме изгрева навечер а зајдува наутро), односно *кога ки угреје* Саба Јъ́лдизи (Деница) и сл.

ниш'а́нин m в. нишан 3. ~ *"ди́лму и́ш'тиш' да съ́ науч'и́ш' и јас за ти ка́жа!" ја́снува куш'у́л'ата на го́р'а, му ука́зува ниш'а́нин* [MS,t,15].

нишанли* adj 1. 'надарен, тој што има некоја позитивна посебност' ~ *та си ја либеше тамам осем години, и родила шеесет сина, фрет тие били нишанлии, златни криле имали на ногите си* [V,PM,265]; и: нишанлија ~ *родило се малко дете,] малко дете нишанлија,] нишанлија даровито.] На челото јасна ѕвезда* [МП(Д), 68]; 2. 'тој што има некаков знак' [BV,119]; ~ *се сетило едно ќаче:] Да-н сте рода, род роднина,] род роднина брат и сестра.] Продумала бела Јана:] Јас си имах едно братче,] но си беше нишанлија* [МП(К),59].

ниш'иш'те́ n 'скроб' ~ *за ина́ тапс'а́ баклава́ ... идна́ ука́ ме́т, ука́ и пулуви́на бра́ш'ну и сто́ дра́ма ниш'иш'те́* [MS,t,8].

ниш'и́* n 'остров, насип' ~ *"ди́рму н'е́мами о́да, да зл'а́зими на ниш'и́ту да е́змими о́да"* [MS,t,84]; в. нисија.

ни́шка f 'конец од развлечена волна, или памук, кога се преде' ~ *ка́ съ́-преде́ли? Е, фу́ркъта те́-ј тук-тъ́ка́ зъ́бо́дна, нъ́-по́јсо и ќи-мъ́книш ни́-шкъта, ту́к ќи-въ́ртиш тъ́ка́ и ќа:-зъ́-ви́јш ни́шката...*

ниш'т'е́ impf 1. в. нефте ~ *му вили́ "ха́ди, ха́ди, баш'лади́сај му гу каба́:т'у, ниш'та́м ни да ми гу зва́ди, ни да му гу зва́ја!"* [MS,t,57]; ~ *и гу пи́та: "уд'е́-ти то́с л'а́к, как гу дука́ра?" То́ј и́ш'ти да скри́ј; гикте́р муктер ниш'т'е́ да ка́ж'и* [MS,t,37];

~ *то́ј му ка́зува: "хи́ч' ниш'та́м ш'то́гуди дру́гу, да м'а̨ уста́јити да сă пука́цам го́р'а̨ ... и да сă пумо́л'а на Го́спут'"* [MS,t,23]; ~ *ма́јка–му ко́лку гу ка́ни: "ја́ш' ма́јч'ин ма́нц'а!" "ниш'та́м, ма́ли, ми сă ни ид'е́ ма́нц'а"* [MS,t,31] – во контекстот имаме пример за нерегуларен, поинаков редослед, имено со негацијата е прекината врската меѓу глаголот и кратката зам. форма: ми сă ни ид'е́; и: ништă ~ *а пак тре́тиа на́псо́вал на ца́рја ма́јката и рекắл: "Го́спот да ми даде́, а то ца́рјови́те пари́ ништă". И на но́зикана чјас сла́хал са та замино́ваше о(т)та́м ца́рја... и ги дочу́л што вре́вили* [V,PM,253]; ~ *таму вечерот кату си не збуни сос неа, утрината нивјастата пак на мајка ѝ вели: "мале, мила мајко јазе се утрувам, тос ч'увек за мăнж го ништа!"* [V,PM,186]; 2. неште 'нема (да)' ~ *тиа свирки кога ки фати да свириш, што нешто има по земјата, или земја, или камин или добитук или човек, и сичка ке да играт и, дур не папсаш свиринето, неште си запрат* [V,PM,230].

Ни́штек top. 'ниви и параклис до с. Волак (Драмско)'; од исчезнатиот назив ништ 'слаб, сиромав' (во случајот за почва), сп. рус. нищий, ср. (и хр.) ништ 'беден', стсл. нищть + суф. -ек [ЈИ,МИ...,165]

ништер m 'остар нож со кој се служат лекарите – хирурзи' ~ *и хекимџиата дошел. Тогај ца̨рјут му дава негов ништер на хекимџиата, за да му везми крăв. И хекимџиата, тамо на страната кату си вал'аши нос лиен, го зема, в него да течи крăвта* [V,PM,168]; кај Малецки: ниш'т'е́р ~ *но́ш' мло́гу наточ'ин, ху́бав'а̨ ш'ту сич'е́* [MS,s,76]; од Кукушко (кај Пеев): 'ноже со дрвена рачка што се затвора, (со́јка)' [ПК,2(78)].

ништичко pron, n (dem.) 'сосем ништо – никаква работа' ~ *Турчета млади бегчета,] пуснете ми рăцете,] да си достигна Бојана,] нишчичко н'ама да и направја,] бузите шă и одрпам,] като крсата јабăлка* [МП(Д),119]; ~ *си устана́ чуве́ко кут ри́ăпта нă–писо́ко, биз ни́штичко* [ПК,2 (172)]; ~ *што́ и́мше нă–ба́хчата се́ он прăмăкна́, нă се́стрите ни́штичко не́ дăдé* [ПК,2(193)].

ни́шт'у (и: ни́што) pron 1. 'она што го нема, што не постои, односно што не се случило' ~ *вили́ д'ắдуту: "како́ ч'у́до ста́на ту́с ?!" нив'ắстата му вили́: "н'е́ма ни́ш'ту!"* [MS,t,80]; ~ *"ни́ш'ту ни сто́рих, хри́пнах у тран'е́ту"* [MS,t,75]; ~ *фатиха тил'ал да вика: "... чујте, сел'ани, от ца̨рјут има повелиа, на тој сиромах никој ништу да не чини лошу, ниту една кокош да му не си загуби!"* [V,PM,33]; ~ *и фаф сара́е фне́тре така си́ све́тешја и дан'а́ и ноштја́ и ни́што ни липсова́шја фа́ф сара́е ни́то о́т еде́не, ни́ту от пи́ане, ни́ту от дре́хи за но́сене* [V,PM,259]; во употреба е и скратената форма ниш ~ *и́де гуди́нта, и́де си–до́ма. Ама с–нучи́л музика́н, пăрва́к. Гу–пи́те та́ткуто: "Ка́к бе си́но, што́ нăпрăви́?" "Ни́ш – ви́ке, та́те, о́ште адна́ гуди́на, ве́ле, к–о́дум, о́ште сто́ ли́ри па́ри ки–да́јш* [ПК,2(270)]; ~ *о́ни па́к сă–та́м, а он умре́ мăче́јки пу–за́т-вуре. А пă ни́ш не́ пра́вше, ко́ј–зна́: што́ гу–зăмрăзи́а* [ПК,2(324)]; 2. 'она што постои како неопределено нешто (предмет односно појава)' ~ *тогас му вели: "е, што сакаш сега мижде да ти дам?" Лудојут кату са повратја тамо, да види ништу да проси, му промина през окото една свиркичка* [V,PM,230]; ~ *да ка́жи*

на мáјка и́ такá: "мúла мáјку, сáкам ни́шту да ти кáжа, ама ми е стрáх от мáжа ми, ча ми порáчи на дрýг да не кáжа" [V,PM,23]; ~ *и кога ки ти дојди некоја газа на главата ти, да го туриш перото на вогино, и ниа на тебика можими да ти помогними ништу* [V,PM.96]; ~ *и на чесá дójде мéчката и е фáти да е дерé сас нéхтете, пак бáбата е бáрашја мéчката и хи́ си мúслеше, чи е јонак... Мéчката е едéшја, пáк тја мислéше, чи ни́шту хи прáви кату мáш* [V,PM,264].

нишчéлки* pl.tt. в. нишáлки ~ *зáткáлă нивéстăтă, кá ă нáучúл дéуто и сă–чýде, кóлку лéсну и спóрно сă–ткáе плáтнуту! Зăигралă суфáл'кăтă у–рáцту нă–млáдăтă жсéнă, и нишчéлките зăпијáле кăту кукóшкă, кóгă куткудјáкă* [ДВ,19].

нишáлки pl.tt. 'дел од направата разбој, со кој жените ткаат (т.е. изработуваат платна), тие (нишáлките) ги повлекуваат нишките на горе и на долу и така се вплеткуваат со јатокот, *óни сă–нáпрáвни ут–прáсýкно прéдно шó–ј зăкáчно нă–двé тáрски; низ ни́х пуми́нуве уснóвăта*' [ПК,2(78)]; в.: нишчелки [ПД(130)].

но conj 'ја воведува втората мисла којашто се противстатвува на првата – ама' ~ *му вели: "ej, авциоли... направих удаја, каква сакаши душата ми, но сега сакам от тебика и ламината кèрка"* [V,PM,43]; ~ *јазе и́мам у́м, но пари нéмам, затовá хóд'а тýка кату барли́в* [V,PM,13]; ~ *кинисах сос гимиа... но на гими́ата нáјдох едни́ побрáтими двамина, са чини́хми ортáци ... ќарот да гу дéлими брáтску* [V,PM,8] – редакторот во фуснота наведува дека братску е добиено од братско, со редукција, но прашањето е друго: зошто: *да гу дéлими* брáтску, или братско (сé едно), а не братски!?.

нов* adj 1. 'нешто направено неодамна, опр. на стар' ~ *фатил от селу на селу да проси и просејке–просејке отиде на вилеетут. И кога гледа, кăштата му нова новичка* [V,PM,87]; ~ *една застра стана Сраулица млада и засука скути и рăкави, зема две нови стомни и киниса да оди за Дунав на вода* [MC(B),96]; ~ *афý сă умý д'ăт'ąнту хýбаја и сă прúм'ąни сăс нóват'ą рýба* [MS,t,81]; ~ *и тój, д'é б'ăш'и сирумáх, стáна синги́н'у, стóри нóва кăш'та* [MS,t,48]; 2. а. 'пресен (леб)' ~ – *жено, тури малко л'áпче – казва – ја ше ида, на работа да вăрв'а – казва– децата да се хранат, голи се, дрипави се. И т'а клáла нóва комат хл'ап* [ВД(ГБр),333]; б. 'жито од нова (идна) реколта' – кога почнуваат да сеат се молат на Бога: *Госпуди и Свити Јуване, дајте ни касмет и бирикет и уд гудина сус здраве да дучекме жетва и* нов леб [ТГ,306]; 3. Ново лето 'Нова година' — спроти *Божик* "се колат" крави, кокошки. рало, ноќви, па и човек (особено кога е болен). Домаќинот ќе застане со секирата покрај болниот, како да сака да замавне и ќе рече: *Воја чувек (или воја дете) не уздравејве, туку да гу закол'ум, па да са куртулисум уд него. – Сакăн, ним гу закол'уви! – Наа, утре е Ново Лето, Госпуд ки му даде ново здраве, ки уздравеје!"* [ТГ,83]; 4. top. Нови Хан 'име на место на брегот на Арџанскиот Ѓол', близу до с. Калиново, на патот Стојаково (Гевгелија) – Солун каде што се менува небетчијата (тој што го води карванот од арабаџии), таму и преноќувале, имало ан' [ТГ,423].

нова pron 'укажува на лице (или предмет) од м. и с. род (од ж. ?), што е оддалечен (просторно или временски), но што сепак се гледа

– оној' ~ *приз рамото́ си фӑрлешја кока́ли́те, и ни оста́вешја ко́кал от прес не́к. И ага́ ја́доха, ста́на ади́на зми́ј да ди́гне и гле́да трепе́зата: прид нова́ челове́к ко́кал не́ма* [V, PM,262]; ~ *и́машја ади́н чјове́к на нова́ вре́ме, што́то хо́дешја по плани́не́те. И като хо́дешја, јути́де на едно́ мја́сту и на́јде да (2) челове́ка, што́то бјаха зми́јуве* [V,PM,262]; ~ *царо нова сахат сӑ лӑхало та излазӑл на потоно да сӑ расходи и, като видӑл чл'ака, рукал го при нӑг* [V,PM, 289]; и: ноа ~ *ноа веч'ар си заспал харно; утринта кату стана от одӑрот, си уму лицето, вели на жена му: "варај, жену, динеска, кату немам кеф, нека дојди едната дивојка с мене на офците!"* [V,PM,43]; односно нува́ ~ *л'у́ кој ни са́ роди́ от о́да и от ду́х, не мо́же да фле́зе фав ца́рстото бо́жје; нува́ шту са́ е роди́ло от сна́га, то́ј е сна́га, пак нова́ шту са́ е роди́ло от ду́х, то́ј е ду́х* [ВД(Тр),327].

но́вина f 'земјоделски термин: нова нива, прв пат орана – добиена со корнење на грмушки и чистење од камења' ~ *ни́ва сја: ско́ро ска́пӑна* [ПД,121]; ~ *де́к и́ма пра́зно ме́сто пӑ–но́вина утво́рувaa, по́ дӑ–сӑ–ра́нӑт сјурма́си, де́. Си–рӑбо́таа та́м, ка́мине тре́баа, с–иска́рваа. Но́вина утво́рувaa, дӑ дӑ–рӑбо́тӑт ни́ви* [ПК,2(250]; ~ *то́–ј це́лина, гӑ–убӑрна́ли, гӑ–рӑскӑпа́ли, гӑ–утвури́ли, нӑпрӑви́ли ни́ва зӑ–се́јне* [ПК,2(78)]; и: новинӑ* ~ *и имӑт чифт бивујљӑ зӑ нӑдвурешни рӑботи, кӑту зӑ дӑрвӑ, вудиници,... и зӑ кинатӑ новини* [МЕ(Р),88]; сп. микротоп. Но́вина 'новоразработена нива' во реонот на Сакафча (Серско) и Нови́ните – Сенгел'ово (Валовишко) [ЈИ, МИ...,165].

но́вина f 1. 'кога месечината се раѓа, кога е нова' ~ *ка́ сӑ–ро́жде михчи́нта* [ПК,2(78)]; верување: кога месецот се раѓа, кога е новина, а девојката прв пат ќе го види, треба да се фати за косланките (плетенките на косата) и да рече: *"На тебе бела пугача, на мене длӑга коса"* (забележано во Дојран) [ТГ,433]; 2. изр.: уд-но́винта нӑ-гине́жо (= се кажува за нешто што се случува ретко, т.е. од 'новина' до 'погибел') ~ *и́дат де́цта дӑ нӑ–ви́дат уд–но́винта нӑ–гине́жо* [ПК,2 (204)].

но́вина f 'поврзани (неколку) листови на кои има печатени вести, соопштенија со кои се известува граѓанството за најважните настани, весник' ~ *се́мто шо–ки–пл'у́ске* (станува збор за одгледување на свилена буба) , *шо́ ки–са̣–ро́е то́, ки–си–кла́виш идна̣ но́вина на̣–то́ едну о́дӑрче и... на́м ут–та́ кӑпи́нта ки–си–кла́виш на̣–се́мто, ки–си–ски́ниш ли́с* [ВМ (Са),316].

новичӑк* adj, dem., hip., в. нов ~ *та си отиде на Иринкини,] на Иринкини новички порти.] Та си почука и си порука:] – Гиди Иринко, тӑнка Иринко,] дума сӑм чуло, думала ли си?* [МП(Д),151]; ~ *и тојнака, кату чу така, стана оно час и фати от селу на селу да проси и просејке–просејке отиде на вилеетут. И кога гледа, кӑштата му нова новичка; жената му тојнака га позна* [V,PM,87].

новородено* adj, n 'живо суштество наскоро родено' ~ таа вечер дошла бабата заедно сос некои други жени за да го зал'ул'а новороденото детенце [ШК,5(Г),401].

нога f 1. 'екстремитет на долниот дел на телото на човек или животно, со ногата се стапнува при движење' ~ *си си́гна нуга́та и хи́тра Пе́три па́дна ут дало́т у инӑја трӑни* [MS,t,

75]; ~ *гл'éда на главáта–јн идúн ш'андáн' сф'ăти; и на нуs'ăт'ạ друк ш'андáн' сф'ăти* [MS,t,21]; ~ *нéкуј шóпки вúкаа: "Зă–вáска нáште мăже ги–јстипáа. Уд–Гăрите бé:гте, а вúạ сте Гăрци, já нójсто ká–ј дăржите нă–стрáна, ká ґвájте нă–мăгá:рто, кут Гăрци. Já нă–мăгáре ґвájте пу–гăрчко"* [ПК,2(325)]; ~ *căс нуs'ăт'ạ гу раздрúва грубó, гу звáжда цар' Алéксандрус ут вăнк* [MS,t,61]; 2. 'издаден дел од одредени предмети (пр. стол, маса и сл.) на кој се потпира (предметот)'; кај Малецки: 'дел од разбојот, (нога) на кој се потпира кросното' [MS,s,76]; 3. изр. еднá нóга по-напрéт (= побргу, порано – макар за малку) ~ *трăбува да пójми и инá нóга напр'ăт да му рич'éми да стáни тас рáбута* [MS,t,15]; ~ *такá сéтни викнá онúа човéците, штó úмаши от нúх да зéва, му велú: "брáтја мóи, јáзе дојдóх тýка, ви са мóл'а еднá нóга по–напрéт да ми платúти парúте, што длагóвати"* [V,PM,21]; ми-гóре пуд-нójсто (= имам многу важни работи, што треба итно да се свршат) [ПК,2(175)]; устáнах биз нóзи (= од многу одење и трчање по некоја работа чувствувам голем замор) [ПК(Грам)]; турú нóга (= завладеа, присвои нешто); ногата ми а фăрл'ум (= чекорам) ~ *стреднјут рекал: "ногата ми а фăрл'ум колко ду Стамбол". Малечќут рекал: "водиничарскýт камин го дигнувум на рамото"* [V,PM,260]; под нози ти поклон'ава (= кога нешто се подарува со голем почит) ~ *и му рече така: "царју, младо Добро халвациче под нози ету ти поклон'ава да продадиш то пăрстен, на негу спомúн"* [V,PM,57]; (сè) нă-нóга (= движење без превозно средство, пеш) ~ *ут–тáм, а–брé, а–брé, тáа зúма уддéме уф–Сóфја, тáм сидéме. Ду–Сóфја сè пéш удúхме, сé нă–нóга. Вујнáта, нúạ бéґме, вујнáта пу–нáс úде* [ПК,2(282)]; со исто значење: căс нós'ạ 'пешки', се употребува паралелно со јаján [MS,s,76]; на нóга станáха (= искажаа длабока почит) ~ *и кáк гу видéха мóмите Кулýфа, сúчки на нóга станáха от рáдост и којá по–напред да му речé: "добрја дójди!"* [V,PM,10]; му сă-плéтат нójсто (= се кажува за пијан човек што се движи несигурно) ~ *нă Дúнчо сéкуј дéн му сă–плéтат нójсто, зăтăвá н'о:–бúве чувек* [ПК,2(178)]; нóсто дă-му-мúе, вóота дă-му-пúе (= се кажува за добар човек кому за добрината треба да му се укажува внимание) [ПК,2(183)]; нă-нóга (= кога нешто се случува на брзина) ~ *апнájте нă–нóга, зéр ќи–зăдóцниме* [ПК,2(185)]; нă-нóга-ј (= се кажува за човек што не е многу здрав, но сепак е подвижен) [ПК,2(185)]; ~ *дудек сум на нога и дудека рăци и нози ми дăржат да гу удомум* (= да го оженам), *па напкум што ки ми даде Госпуд – тоа!* [ТГ,132]; ус аднáта нóга уф-грóп ej (= така се кажува за некој што е тешко болен) ~ *а–видéх Дéжда вáдăн, ус–аднáта нóга уф–грóп éj, ќ–умúре, нă мужé дă мă–пузнáа* [ПК,2(205)]; ги-утигнá нójсто (= се кажува за човек кога ќе умре, изразот е со извесна доза на пренебрегнување) [ПК,2(157)]; рăци и нози да ти са фатат (клетва = да станеш неподвижен, да се парализираш); со исто значење: да ти се исуши и рăка и нога [ТГ,320].

нóгичка dem. од 'нога' [ПД(Фур)]; ~ *лисúцта викнáла: "О–ó, лéле, нóгичка!" Вăлко чтăјáки óти нóгăта јă––фатúл, сă–упнáл тéгле, тéгле и ќýп! сă–скинáла жúлта* [ВД(П),287] – присуство на лексички архаизам: чтăјáки 'мислејќи', сп. рус. Считаю что ты неправ (= мислам дека не си

во право); ~ *запали финер бурина,/ да не ти флезам ф–тимпина,/ да не ти згазум детинце,/ да не му скăршам ногичка* [ТГ,328]; и: нужи́чка ~ *ко́га и–фăшта́ше куре́јнăта уд–дăрвăта, вика́ше: "А, ле́ле, нужи́чка! Ле́ле, нужи́чка! Ле́ле, нужи́чка!" И та́ка̀ уткина лиси́ца̀та уд–вăлкут* [ДК,144].

но́гоми́на adv 'мнозинство од луѓе' ~ *но́гоми́на ут сфе́тут, ка му слуша́ле ва прика́зна, ве́леа: Во́а–ị исти́на Профи́тинут. Дру́зи па вел'а́ле: Во́а–ị Христо́с* [MV,K,262].

ногу, и: ного 1. adv 'во големо количество, многу на број' ~ *но́го ќи–стра́де* [ПК,2(183)]; ногуту – со член: ~ *ама ки реча некуј шо зар ногуту удејна на патриата можа му а удмилја на неа?* [ME(P),67]; во употреба е и скратената форма ног ~ *шо–ќ ти кажум! Тăва шо–ј нăредно, нăпишно ќи–дојде. Не вирум ас ништо. Еми, ног арно видех, тă–ќи–вирум, дă–вирум!* [ПК,2(279)]; 2. – со придавско значење 'голем, просторен' ~ *лăкăрдијăтă "блату" ј токму су турцкăтă "ѓолј" и кăжувă зă ногу месту пукриено... су вода* [ME(P),80]; ~ *амă 5 килă ишур правăт сăл љујту, шо сă ногу тајфа и шо терăт две ралă* [ME(P),87]; 3. изр.: но́го (не́) му-чу́кат (= се кажува за човек што не ги контролира своите постапки) ~ *да́л' мо́же, и́л' нă–мо́же, о́н ќи–с–зи́ме, но́го не́ му–чу́кат* [ПК,2(183)]; но́го нăди́ге (= се кажува за некој што прави неред и што се обидува со насилство да ги остварува своите планови) ~ *о́н не́–ј за–ус–чуве́ци, но́го нăди́ге, сѐ ќи–рăсту́ре, не́–ќ ви–сă–ви́де ни–висе́лба, ни–ни́што* [ПК,2(183)]; но́го сте́гнина ду́ша (= се кажува за човек со многу скруполи, многу срамежлив) ~ *мо́(ј)о чуве́к е́ј но́го сте́гнина ду́ша* [ПК,2(183)]; но́го музна́а л'у́л'то (= се кажува за човек што со итрина ги решава работите) ~ *но́го му–зна́а л'у́л'то, а́ма но́го ќи–стра́де* [ПК,2(183)]; сп. млогу.

ное pron, adj 'нешто што припаѓа на 3 л. од ж. род, нејзина' ~ *тога́с ма́јка и́ ное по–у́мна, фа́ти рӑци да крӑши и да ве́ли: "ва́рај, ке́рку, това е за ло́шу, ама була́ким на детето да не́ си чи́ни ни́што!"* [V,PM,31].

ноембăр m 'претпоследен месец во годината, кога почнува зимата' [ПД (Фур)]; со редукција: нуе́мбăр ~ *Гă̆рџте и Бугắрто сă–ришиј, Тӳрџја а–изгуни́ј. Гă–изгуни́ј ф–нуе́мбăр чăтăрна́јста, а петна́јста гуди́на па́ сă–утвури́ вујна́* [ПК,2(222)]; во Воденско: ноéмбри [BV,119].

нож(ш) m 1.'направа со острило, има рачка, се користи за сечење во домаќинствата, исто и во работилници' ~ *и с'е́днаха да ида́т; им'ӑха то́ч'ину ('пи́та') и брӑкаш'и сфа́т'а̣та иди́н но́ш'* [MS,t,78]; ~ *с'е́тн'а̣ з'е́ват но́ж'у, ја красто́суват тапс'а́та* [MS,t,8]; ~ *ма путиснаха на мен, ми вăрзиха рӑците и нозите и извадиха ножот, ми го туриа на гă̆рклапот* [MC(B),74]; ~ *как чу, отиде дума и видел неговите жени да скокат голи, грабнал ножа и заклал всичките* [MC(B),72] – во контекстот имаме случај кога сврзникот да воведува комплетивни реченици, наместо 'дека': видел неговите жени да скокат голи (наспрема македонскиот стандард: ... дека скокаат) – за ова поопширно во граматичкиот дел; ~ *после това на една удаја клават трапеза сос л'ап, сол и друго јастие... Зентјут кату за седни на стол, му дават нож, чоп-*

нова три хупки л'ап [V,PM,250]; 2. fig. 'нешто што претставува сериозна закана' ~ "Св. Андон *е тежук и аталија* празник на луди луѓе. Св. Андон е *нож* против лудило. Особено ги прогонува ѓаволите. Каде што ќе се појави тој (св. Андон), ѓаволот мора да бега 24 часа далеку" [ТГ,29]; 3. изр.: ќо:-нăмăрсе нóжо (= ќе го убијат, ќе го заколат) ~ *нóго пúе, сă-тéпе, ќо:-нăмăрсе нóжо, ќо:-зăкóле нéкуј нéгде* [ПК,2 (202)]; зă-гóл нóш сă-фáште (= се кажува за оној што многу ризикува) ~ *зă-н'áа зă гóл нóш сă-фáште* [ПК,2 (165)]; нă-нóш сă (= се кажува кога некои се во сериозен конфликт) ~ *нéјкат дă сă-вúдат, сă-мăрзạт, нă-нóш сă* [ПК,2(185)]; ус-нóш до: сéчиш (= се кажува за нешто што од течна поминало во густа состојба – пр. кисело млеко) ~ *шó путфăтúх адно квáсно (кúсло) млéко, ус-нóш до: сéчиш* [ПК,2(206)].

Ножарските кузни top. 'ковачки работилници во с. Г. Броди (Серско)' – според Ј. Иванов таму била искована сабјата на Јане Сандански. Во односниов микротопоним е зачуван лекс. архаизам кузна 'ковачница', стсл. **кознь**ць, рус. кузнец 'ковач', белоруски кузня, пол. kuźnia 'ковачница' [ЈИ,МИ...,165].

ноже n (dem. од нож) ~ *кауре глава дигнали,] фредỵ си комитја станали,] – Дејгиди мајо будала,] седи си мајо слободна,] каурска пушка ни рани,] каурско ноже ни сјаче* [МП(Д),160]; ~ *одговара млад собаша:] – Не си моме при мајка ти,] ти си моме при собаша.] – Ој собаша, млад собаша,] ја подај ми врашко ноже,] да си сечам бисерче,] да нанижам флориите* [МП(М),100].

нóжде impf 'наоѓа', в. нáјде ~ *чувéк шó-ј нóго лимóн-тăбитлúа, нóго мáани нóжде, сé не му сă-арéсуве* [ПК,2(205)]; ~ *дéк ќи-тýрум нé о нóждум, сјáа ќо:-клáм шéјо, нă мóж до:-нáм* [ПК(Грам)].

ножица f, dem. в. ногичка ~ *коледе, бабо, коледе,] што-ј та лица на пулица?] клади мене у турбулица] да-н ме измини дружиница,] да-н ме изеде песе за ножица* [МП(М),15]

нóж'ниц'ạ pl.tt. 'направа со две сечила прицврстени на средина, служи за сечење платно, хартија и сл., се користи во домаќинствата и во шивачки работилници' ~ *и му вилú...: "éзми н'éс нóж'ниц'ạ, скрúпни ми мăра в'ăж'дит'ạ"* [MS,t,86]; и: ножици ~ *– Не можам, лудо Ѓорги да станам, да отворам,] широк ми фустан Ѓорги, под мајка, зад мајка.] – Земи ножици, Лено, пресечи фустанот,] па отвори, Лено, мори, вратничка, вратничка* [МП(М)143]; ~ *"Ного ти са мол'ам, кузум баче Митре,[ти да ми сушијиш жлăта ми камуда,[ти да ми сушијиш сакмалија фустан,[горе сакмалија, доло чадăрлија,[биз аршин, нужици ти да ми гу кројиш,[биз игла и конац да ми гу сушијеш!"* [ТГ,204].

нóж'ничʼка f, dem. од нóж'ниц'ạ (сп. нóничʼки) [MS,s,77].

нóз pron 'укажува на предмет што е подалеку, односно што е помалку познат – оној' ~ *иднá лáм'а стăпна на нóз дáл, ш'у сид'áш'и хúтра Пéтри* [MS,t,75]; ~ *изл'áзи нóз д'éн' мéч'ката да пасé и гу нáјди мáлкуту там д'é плáч'иш'и* [MS,t,16]; ~ *фáти да пăта ут дугáн' на дугáн', ни нáјди рáбута нóз д'éн'* [MS,t,84]; во истиот текст среќаваме случаи со обезвучено з : нос ~ *и тук úма идúн бóлин, ш'ту му-ји бóлката кулитúќа, за клад'éми идúн кривáт ч'ísта и на нóс бóлнију* [MS,t,42]; ~ *дур да пój*

тóс да сă заóкули ут нóс сукáк дур на нóс, нив'ăста ... ут будрýм'у на јатáку прáв'ą [MS,t,13]; ~ *"на пăнт'ут за нáјти идúн дрýк пампóр'; нăтр'ą у нóс пампóр' зă–ј аракли́кут–ти Ґóрги"* [MS,t,86]; ~ *да му иштиш прăстенот, што има на прăстот! Сос нос прăстен ки знаиш, сичко на земјата што има и што да сакаш ти донева* [V,PM,203]; во ж. род: нас (в. таму) ~ *л'у приближиха крај нас касаба, фати Зарзавил пишува една книга на татко му да знај, как син му иди* [V,PM,156]; во множина: нес ~ *Бăлгаринот му вели: "ох, дјадо, си фатил да ме питаш за Господински работи. За нес работи дјадо Господ знаи. Јаз што знам?"* [V,PM,179]; ~ *тогај вјахна и дјатенто на бăрза таткова му кон'а приминент, уружен кату зент, и еднош кату изл'ал вăнк да удри нес махмузи на кон'а, кон'ут кату пиле летна* [V, PM,183].

нóзи (и: нози́) pron в. ноз ~ *а пак цáрја са би́л нáл'утúл на нóзикáна, штотó му напсóвал мáјката, и нáбăржја пýснал да го закóл'ат и да му донесáт главáта. И закла́ли нóзи, штотó са вăрнáл* [V,PM,254]; ~ *и тáм, на нози́ сéло ймашја аднá мóма млóго ги́здава. И бјеéше гóтова момáта да са гóди* [V,PM,254] – на редакторот на Зборникот на Верковиќ не му било јасно удвојувањето на вокалите во овие говори, така зад гл. форма *бјеéше* ставил (sic); објаснувањето е следно: се работи за аналошко израмнување според формите на 1. и 2. мн. (impf) во кои по губењето на х дошло до удолжување на основниот вокал, односно до негово редуплицирање, а потоа тоа удолжување се пренело и на другите лица.

нóзикáна pron в. ноз ~ *а пак трéтиа нáпсóвал на цáрја мáјката и рекăл: "Гóспот да ми дадé, а то цáрјовúте парú ништă". И на нóзикáна чјас слáхал са та заминóваше о(т) тáм цáрја... и ги дочýл што врéвили* [V, PM,253]; ~ *и като вăрвјáли стúгнали до еднá гол'áма рјáка, и нóзикáна, штотó нóсешја парúте, заминá; пофтóрниа, штотó óдјашја женáта, отúде до средé рјáката* [V,PM,254]; ~ *та мý са евúло нозúкана дјáдо и мý рекло́: "Нибój са, сúнко, лéгни си, спи. Јас шта е свăршја тáзи рáбота"* [V,PM,258] – од примерите излегува дека заменката нозикана ги определува именките независно од родот, впрочем веќе нагласивме дека категоријата род во овие говори обилува со нерегуларности.

нозинка* f, dem. од 'нога' ~ *лешúцата фатú да си плáчи ногúте и: "óх, нозúнки, нозúнки за плакáни, глáва за трошéни! Тáтко ми не бéши кадúа да сăди, јáзе што сáках кадúа да си чúнам"* [V,PM,139]; в. нóгичка.

нóја pron , opp. на 'овој' (за покажување на предмети, лица, што се далеку, односно непознати) ~ *дигнýва са. Фл'ават, фл'ават, фл'ават... "Капá аврáм"!" – затвар'а се тиклăта. И тој нóја чув'ак спи там, спи...* [ВД(ГБр),333]; сп. ноз.

нојкjтă adv 1. 'во текот на ноќта, ноќе' ~ *пуминувајтту ут иден чифликj нă друкj мојшă дă бидă или скришум нојкjтă...* [ME(P),88]; ~ *коа беа пчиничките сă стрекjиа сăл нојкjта* [ME(P),77]; ~ *тăрча и кажа на селото: "го отипаха на Трајко!" Напкун стана селото, сите тăрчаха, там ми палаха ноќата* [MC(B),75]; и: но(j)ќа ~ *дéјна а прáва пу лéтну слăнце [нójќја се тýрва пу мисичúна* [ME(P),95]; ~ *една вечар, каде сахатот три ноќа – му вел'ат на то мес-*

то на Данајков Рид, там овци пасах – дојдеха двамина Арнаути право на мен [MC(B),74]; ~ *нóќа бидéки на тáа дéн уф надéлата, да пóртите бúле затфорéни, тáмо шо биле Ученúците субрáни зарди стрáх ут Чифýтите* [MV,K,255] – во контекстот има две посебности: а. архаична употреба на сврзникот 'бидејќи' со зачувана глаголност (впрочем како и другите гл. прилози): нóќа бидéки = во текот на ноќта; б. потврда за присуството на рефлексот ќ за прсл. *tj во најјужните македонски говори (селото Кулакија, од каде што потекнува материјалот, се наоѓа до самата утока на р. Вардар во Егејско Море). Сепак во одделни говори (од односнава регија) се среќаваат и примери во кои е запазена првичната фонетска разновидност: ноштa (со рефлексот шт) ~ *по дно време имало един поп, не имал от сăрце чендо. Ден'а и ноштa са молиши на Бога, да му даде от сăрце чендо* [V,PM,224]; ~ *дојде време по Илинден, сичките чопл'аци си хождат на вил'аатот, стана и тој, летна, сос них отиде... Мајка му ден'а и ноштa плачеши за него, татко му беши умрјал* [V,PM, 242]; ~ *и фаф сарáе фнéтре така сúсвéтешја и дан'á и ноштjá и нúшто ни липсовáшја фáф сарáе нúто óт едéне, нúту от пúане, нúту от дрéхи за нóсене* [V,PM,259]; ~ *и ви казýвам динéска: "блазé му на онúа, што рабóтат ден'á и ношт'á, и сос мăките му што добúват"* [V,PM,28]; односно ноштa ~ *завареницăтă ненавиждала, бахтала и ја праштала на воденицăтă да млејă наштја, белки ја изјадат короконцјурс* [V,PM,287]; а има и случаи во кои се комбинираат двата рефлекса: ќ и шт ~ *" Ууу, тóлку слáтко мéсо шу–úма, му–вéле, нé–и зăкláме дéцăта д–и–изéјме!?" Дéцăта кă чýле тáка, нóшќăта стăнýвăт... су кóјнут вéтер д–и–стúгне* [ДК,115]; 2. загатка: два брата сус еден рид раздилени, дејна ноќа са гледат, па не можат да са видат? (одговор: очи) [ТГ,290]; верување: ноќта вода од лијенот не са плиске вонка, оти ки та бол'ат очи [ТГ,248]; дента не спијам, ноќта не пијам вода – затоа сум здрав – одговорил некој кога го прашале на кој начин се чува од болести [ТГ,248].

нóјма f 'кога нешто се соопштува без зборување, може со гримаса, со прстите од раката и сл. – со некаков знак' ~ *ја вúд'ạ на идúн балкóн, ш'ту с'ạдú инá ж'éна ... и дáва инá нóјма* [MS,t,10]; ~ *да как испаднá нé мóжиши да уговóри на нúх, и пузнајáле шо а видé чýдби уф валтá-рут. Да óн вúки сè су нóјма му чú-ниши на нúх; и устанá глýх* [MV,K, 295]; ~ *и му чинúа нóјм на тáтку му, ка сáка он да му извáдат úмито. Па óн сакá книга, да му писáл ем вéлиши: Јоáнн ки бúди нéгувуто úми* [MV,K,321].

нóјце impf в. нождe ~ *вéчăрта си нóјце акрáно, уф кавăнéто* [ПД(151)].

нóкут* (и: нóфт') m 1.'тврда покривка од рогова материја на врвот од прстите на човек' ~ *устата му бúла крúва и отворéна, очúте му царвéни кату жáр, рăцúте му кáту кóси, штó косјáт чаúриту, нóктја úмаши кату чингéли* [V,PM,24]; ~ *јуштúсаа на врăх нéгу да гу отéпат. Те кóлку одрúјаха, тój хабáр нéмаши, и еднóч салдúса прет нúх сос нóктите му едúн човéк, гу распóрна и гу изјáди* [V,PM,24]; ~ *и ету најде еден стар човек, којто имаши бела брада до ноктите му дăлга и балтиа имаши аф рăки, сечиши една гол'ама бука* [V,PM,83]; стсл. **ногъть**; интересна е множинската форма: некте (еднинската ја немаме

регистрирано): ~ *надјанаха хи цăрна фереж'а,] каносаха хи црните коси,] каносаха хи бјалите нехте, та ја сториха млада кадăна* [МП(Д),107]; ~ *и на чесá дójде мéчката и е фáти да е дерé сас нéхтете, пак бáбата е бáрашја мéчката и хú си мúслеше, чи е јонак* (не е погрешно: јонак место 'јунак') [V,PM,264]; 2. Малецки освен споменатото значење (за назив нóфт') наведува и второ: 'раздвоено копито кај животните преживари' [MS,s,76]; 3. изр.: нă-нóхтто си-глéде: а. ~ *óни зă–кáвга нă–нóхтто си глéдат* = одвај чекаат да се скарат; б. = кога некој доаѓа во најпогодниот момент за него, пр. кога има убаво јадење и сл. [ПК,2(185)]; пуд нóктто гắби ќи-ј ни́кнăт (= се кажува за многу нечиста жена) ~ *и óна ќи–сă–пуфáле ус–думăќинлăк, нé глéде пуд нóктто гắби ќи–ј ни́кнăт* [ПК,2(189)]; скăрнăта (или: цăрнуто) пуд нóктте нé сј-аа дáве (= многу е скржав, не сака ништо да даде) [ПК,2(195)].

нóкǫтник m 'ситни испокинати кожички што се јавуваат на спојот меѓу кожата од прстот и долниот крај на ноктот – песи нокти' [ЛК,96].

Нóл'овица top. 'место во с. Хоцово (Валовишко)'; според л. име Нол'о (< Манол) + суф. -ица [ЈИ,МИ. ..,165].

нóнич'ки pl.tt. 'ножница' [MS,s,76]; в. нóж'нич'ка.

нос* m 1. 'орган на предниот дел на главата, со отвор низ кој се излачува секрет, односно служи како сетило за мирис' ~ *три–четри дни нататак најдоха еден јунак, којто морету гу смрăкаши сос устата му, и от носот му са убесуваха ледници и остануваха рибите аф суха земја* [V,PM,44]; ~ *úди мýхата, гл'éнда арасла́нут и лиш'úцата (тáс мýхата, ш'у фл'áва у нусóт на дубúциту)* [MS,t,77]; ~ *и му вели на негу, којто смрăкаши морету и от носот му висјали ледници: "ej побратими, ади стани ча на тебика дојде редот да ни куртулисаш"* [V,PM,46]; ~ *мишката... оттамо отиде на червен пипер, си упипели пашката, и сетне отиде, дека спјаши царјувата мома сос арапинот... пашката и ја бутна нетри на носот* [V,PM,204]; – уште еден случај на проширена употреба на предлогот на кога ја презел функцијата на предлогот во и укажува дека нешто се наоѓа внатре: нетри на носот; 2. изр. му влезе на носот (се кажува кога некој многу досадува) ~ *нал един казана алтăна... ги износил у дома му скрихом од жената му. Та, дека беши чобанин, стана един гол'ам базирѓанин. Де сега жената му му влезе на носот, да ја кажи, отдек ги добил толку пари* [V,PM,170]; нóго го-ј дигнáл нóсо (= се прави многу важен) ~ *пéрнј–о: мáлко, зéр нóго го–ј дигнáл нéшто нóсо* [ПК,2(182)]; нăиз нóсо мо: искăрá (направената услуга повеќе пати му ја наплати) [ПД(137)]; плáко мо-ј нă-нóсо ~ *сă–кăжýве зă–нéкуј шо уд мáлчко нéшто плáче* [ПК,2 (188)]; тимјáно уф-нóсо с-јóо нóсе (= болезлив, многу слаб) [ПК(Гăр)]; дýшта уф-нóсо ме-ј-дójдăна (= се употребува со значење на крајна исцрпеност, состојба што се граничи со тоа кога 'душата излегува', т.е. кога се умира) ~ *дýшта уф–нóсо ме–ј–дóдăна уд–рăбóта, а óни кéјфот си–глéдат* [ПК,2(161)]; сј-убисú нóсо (= се кажува за оној што видливо е нерасположен, налутен) ~ *а видé óт úде мáјк–ми, ќо:–убéсе* нóсо [ПК,2(195)]; ќи-пугóдиш на нéкуј шо úма влáкна уф-нóсо (= ќе згодиш на некој лош, ќе ти врати со иста мера) [ПК,2

(201)]; сéгдин с-јóо пи́ке нóсут (= се интересира за сé и сешто; се меша во туѓи работи); шó нóс и́ма (= се кажува за некој што има изострен осет за мирис) ~ *е-е, óн истýм ќи-флéзе ќи-усéте, ут-тáм нéгде нáмирúсуве шó и́ма рáчóк. Шó нóс и́ма да-знáјш* [ПК,2 (212)]; уд носут крв ти тече! (= со овие зборови жената што ткае сака да го прекине разговорот што се однесува до квалитетот на нејзиното ткаење) [ТГ, 365].

носе impf 1. 'држи нешто во рацете, или го има на грб и се движи со него' ~ *и л'удето, што носиха умрентујут човек, гу зарáха на гробут и са вáрнаха пак на селоту* [V,PM, 33]; ~ *и му-вéле кýмо-вóлче нạ-лẹсúцáта: "Кáчи-се врз-мéн!" И-нáпкун кọга-сă-кạчú и му-вéле: "Бóлин зráф нóсе, бóлин зráф нóсе"* [ВМ(Са)316]; ~ *и кáто отúде при одáта, чјодешé са кáк да прáви зá одáта, óти кóжета не мóже прáзна да нóси* [V,PM,262]; ~ *т'é кугá хó-ж'даха за óда, сă умур'óваха, а хúтра Пéтри на главáта гу нóси и игрáј хóру* [MS,t,74]; 2. 'има кај себе (пр. во џебот)' ~ *ги-нóсиш ли дукумéнтто?;* 3. 'допраќа'~ *мáјшто ни-бúă сè вујнúци, а пă свúкуро нă-нусú на-гóре. Нúă су-свéкуро и су-свăкăрвăта бигувáме, сéтне издујдéе мáјшто ут-вујнáта* [ПК,2(252)]; ~ *как сă наближú ду пóртата уф грáдут, éто идéн умрéн гу нóсиа нáдвор да гу кóпат, сáл тóа дéти имáла мáјка му* [MV,K,273]; 4. 'доведува во брак дете' ~ *еднá жéна пуфтурúла, имáла двé кéрки. Еднáта гă-пусúла óна, нéјна-си. Еднáта гă-зăвăрúла, уд-мăш-ıj* [ПК,2(299)]; 5. 'реката влече предмети' ~ *Трăкáјна нé нóсе сéкуј пăт ќутýци, нéкуј пăт тăркáл'уве кáмăне...;* 6. 'кога птица одделува од себе јајца' ; 7. 'облекува' ~ *нашто село носи бăшка ублекло, кăту шо носăт уф два-тринајсăт селă удвăдă Вардăр* [ME(P), 80]; ~ *хеј мар Велико хубава,] хубава џјулбер гиздава,] шчо бјало пореш, пăк црно носиш –] дал мајка жалиш, ја лă татко тăжиш?* [МП (Д),82]; ~ *Рáда и́ма трú дивójки – де, де гиди де,] ја и трúте édно лúко, édно рýхо нóсат* [ИГ,108]; 8. 'прави' ~ *бýмбăре ги вúкуме ти шо нé нóсăт мéт, нéго нă гутóво сă рáнăт* (станува збор за машката пчела – трут) [ПД(124)]; 9. 'прифаќа, поднесува (некаква храна)' ~ *"скóру да ми дадéти да јáм, ча мóшни сам глáдин! И нéмој глéдаш кебáрски мáнци: што да е јаз јáм, ча мójут стомáх нóси сéкакво јáстие"* [V,PM, 24]; 10. 'го држи јажето со кое е врзан човек (или животно) и се движат заедно' ~ *ги фатихме, ги вăрзахме и ги дадехме един арин ќупек и ги нусихме вăрзани на свадбата* [K,BC,92]; 11. 'има' ~ *пăрталут му носă и везовă и шаровă, сăлдă они стоат по бетни* [ME(P),82]; 12. 'превезува, дава' ~ *ти сăл сакă да нојсиш пу једнă колă сену нă кунакут* [ME(P),88]; 13. 'испраќа (невеста)' ~ *как сă наближú ду пóртата уф двóрут* нóсаа нивéстта, *сáкше дă-с вăрне, áма бáч Кóл'о о-фạтú зă рăкта и н'оо пуштú* [ПК(Мор)]; 14. 'тера говеда, овци (ги води)' ~ *тáа трéскичка бáпта с-ја-турú-ла зăд-врáтта. Кá удúла бáпта дă-ј-нóсе гувé:та, тáа трéскичкăта ќи-сă-чинúла мóма и сúчко ќи-сури-дúла дóма* [ПК,2(300)]; има случаи односниов глагол, со истото значење, да биде придружен со зам. форма си ~ *ка вика, вика*

нътрýпън adj 'насобран на едно место во голема количина' ~ *нъ́кън снéк, уд вéтъро нътрýпън* [ПД,130].

нътувáре pf 'стави товар на грбот на добиток или врз некое превозно средство (пр. кола) за да биде (товарот) однесен некаде' ~ *нъ-дéут му-вúкът: "Шó сáкиш ќи-ти-дájме, дéтто нé-у-пýштиме". И къжáл: "Шó сáкум?! Пáри ќи-ми-дájте" "У-у, дéдо, тóа нéка-j ръбóтта". Едúн тувáр лúри му-нътувáрувът нъ-мъгáринцто, дéут стáне, си-óде* [ПК,2(220)] – употреба на перфективен презент: дéут стáне, си-óде (место 'станува').

нътувáрин* adj 'превозно средство, пр. коњ, кола и сл., врз кое има ставено товар' ~ *пу-тó: друм вървéли уд-врéме нъ-врéме пъзърцúи. И ém-ти ъдúн мътрънáс нъ-кóла нътувáрна сус рúби върве пу-друмо* [ВД (П),285].

нътуфкáн adj 'отечен во лицето (од пиење алкохол, односно од болест)'...

нътъртýшка f 'рана (од многу одење, односно од удар) во која има насобрано гној' ~ *нъ-стъпáлто шó мé-j-испаднáла адна нътъртýшка, нъ-мóжум дъ-нъстáпум* [ПК,2(80)].

нъуружа (се)* pf 'се кажува за оној што располага со оружје' ~ *се-нъуружáа нéкуј шéисет дýши и му дъдéа пýшки дъ-се-брáнът áко дójде Вáндо, óти óни ут-сéлъто бéа кáту издájници óти и-истипáа вујвóдите* [ВЕв,299].

нъфáште (съ) adj 1. 'се налепува, се наложува' ~ *гнáсно шó съ нъфáште нъ кóжта уд гóре нъ чувéк* [ПД(117)]; 2. 'се наема (да сврши нешто)' ~ *ќи-jáдът, ќи-пúјът – нáтре. Нéма д-и-извájш нъ-сфé-тут... Ак избéгът дéцата, глáвъта ќи-ти зéмме", му вéле крáлут. Идну-дáскъл съ-нъфáшта су нéго, димéк, к-и-ýче* [ДК,130].

нъцéло adv 'целосно, комплетно' ~ *пá-с збráме дистúна кáшти уд-Мурáрци, търгнáме. Móстут ръсúпин, тáм ájн móс пъднáл, цилéзън бúше, пъднáл, с-убисúл тъкá. Енj друк úмше, óн нъцéло дúгнин* – станува збор за мостовите на Струма низ кои требало да поминат бегалците од Кукушко, притиснати од грчката солдатеска (1913 г.) [ПК,2 (220)].

нъчнéш m 'кога нешто се започнува, се начнува' ~ *"Кá му-клъдé úмъто?" – пúте тó:. "Ближéш, ближéш, рéкла, нъчнéш". Димéк гу-нъчнáла кýпо. Ближéш ду-нъчнéш. И нъ-друґо: дéн пá тъкá* [ПК,2(226)]; в. начне.

нъчýди (съ) pf 'се изненади, се зачуди' ~ *'Ajде, тáтко, вéле, нéмъj гájле! Нъýчу уд-нéго пójке, ама вáрди-съ, тáтко!", вéле. Уооop, съ-чúне идну кójн. – "Вjáни, тáтко!, вéле. Сéа нéмъj гájле!" Дéуто съ-нъчýди* [ДК, 141].

нъчýрле pf 1.'покрене, исправи нешто' (обично предмет што има врв); 2. изр.: нъчурлú ýши (= се кажува кога некој прислушкува) ~ *шóм ќи-дójде нéкуј, óн ќи-нъчýрле ýши* [ПК,2(186)]; ~ *и тъкá, съ-къчúла нъ-гóрницта и фътúла дъ-трéсе. Трéсе, трéсе, пъ ки-зъстáне и ки-j-нъчýрле ýште и ки съ-нъпрáве куту дъ-слýше нéшто* [ВД(П)287]; со слично значење: нъддáве ýши (= се обидува да чуе) ~ *нъ-мójш лáф дъ-си-нъпрáвиш, сè тýк нъддáве ýши* [ПК,2(186)].

нъштé сърце 'гладен' ~ *тиą áпуве съ-пúит нъштé сърце* [ПК,2(186)].

нъштърпúца f 'направа за ловење глувци' [ДК,103].

Н'

н'а: (и: њаа < негацијата не + кратката форма за директен објект од она – ја) pron ~ *вика́л: "Ви́а́ де́к са́кте уде́јте, та́ мо́ма ќ–а–уста́виш нӑ–ме́н за–сна́а". А па та́тко вика́л: "Н'` уста́вум, сум–и–дунце́л ту́ка не́т, сј` ќи–ј–да́вум тӑка́. Дуде́к сум жси́ф, а́с де́те не́ да́м"* [ПК,2 (323)].

н'ӑ pron 'кратка форма за директен објект од 'ние' (наместо 'нѐ)' ~ *пак н'ӑ субира́ на аскѐ́ру то дека́кш'и* [MS,t,2]; ~ *р'е́ч'и на ма́лката́–му мо́ма: "иди́н јуна́к ина́ ру́ба има́ш'и куту́ слӑнциту, то́ј бириќа́т н'ӑ курта́ли́са"* [MS,t,35].

н'ӑј 'негација на 3 л. ед. од сум'; сп. *н'ӑј така́*, или *н'ӑј тӑј* (= не е така) [MS,s,72].

н'аде adv 1.'на некое место, не тука – некаде' ~ *И ко́не фсе́ си бје́ше убру́жен кату ку́га́ навӑрвја, и на ко́не му от го́ре стое́ше адна́ мӑгла, и фсје́ сас магла́та и сас ко́не хо́дешја н'а́де* [V,PM,259]; 2. и: н'агде 'никаде' ~ *Јоване ле море,] бре милинки сино,] колку земја уојде,] уојде и јобиде,] н'агде ни хареса,] ни мома нивјаста,] ни вакла вдовица* [МП (Д),114]; односно н'ајде ~ *разбол'ала се Калина... н'ајде никој немаша,] нито јод мајка, јот татко,] нито јод рода роднина* [МНП(Д),28].

н'аква pron 'неизвесно (или неопределено) каква, некаква' ~ *та–да–гле́даш про́с* (sic – забелешка на редакторот) *зла́тно пе́нж'ура, аку да–ви́диш от–на́зи ба́рчи́на да–са–подаде́ н'а́ква мӑгла, и на–чеса́ да–ма–ру́каш* [ВД(ГБр)].

н'ӑкн'ạ adv 'денот непосредно пред вчерашниот – завчера, но и не мора да биде строго фиксирано, т.е. може да значи: 'пред неколку дена' ~ *за му рич'е́ш': н'е́мам вр'ӑм'ạ кутука́к ви р'е́кух и н'ӑкн'ạ* [MS,t,28]; ~ *"ти н'е́ма за канди́саш' па́к, за му рич'е́ш': н'е́мам вр'ӑм'ạ, кутука́к ви р'е́кух и н'ӑкн'ạ"* [MS,t,28]; ~ *пи́та на кш'е́нудухијуту: "такфо́с пуиди́н ч'ув'ӑк ни пруминá утýк?" "би́ш'и н'ӑкн'ạ ту́ќа́, ама́ си ути́ди на Америки́"* [MS,t,29]; и: некни ~ *слуша́јте сја́а, им–ви́ке кутуро́ко нӑ–ми́што: "Ко́ј и́ма ре́кӑл ту́ка? Не́кни дујде́ адна́ мла́да нивѐста, а́с ви́ке не́ạ гӑ–те́рум. Ви́ạ ќи–с–ка́чте го́р, ќи–те́рте, уф–не́ạ и́ма ади́н зла́тин пӑрстин"* [ПК,2(264)];~ *вели́ на жена́та му: "мари́ же́ну, ја́зе ки и́дам на Ста́мбол. Имам еди́н бра́т та ми пи́шиши от не́кни, да му ку́пја една́ кӑшта, и ја́зе му купи́х; да и́да да ми даде́ па́ри да ја платја"* [V,PM,18].

н'ӑм (и: нем) adj 'тој што не може да артикулира човечки говор, што

не може да зборува' ~ *утúди на инó кш'énудухúју на стр'ăш'та цáрскију кунáјќ и тáм си киманúсаш'и тój, алá н'ăм сă кáза* [MS,t,29]; ~ *најдоха един просек н'ам, штото просиш, го земаха от чаршната, го занесоха на ханот, го затвориха н'амојут просек на една удаја* [V,PM,177]; ~ *мури, стáни, лýдо, стани, млáдо, на нúва да јóдиш [мури не си слéпа, не си нéма отн рáлу нéмам* [ME(P),98]; ~ *дé един ден царјут за денот мо и имал гозба и гостјал гости, в трапезата му имал и еден кеманецна. Тос кеманециата, кату гу видé н'амојут, и рекла на царјут: "царју, јазе за го сторја, тос н'амојут да отговори!"* [V,PM,192] – случај на нерегуларност во конгруенцијата: кеманециата,... рекла на царјут (субјектот во машки, а предикатот, л-формата во ж. род); за оваа појава имаше погрешни објаснувања, в. во граматичкиот дел.

н'ăс pron 'показна заменка – множинска форма за лица или предмети што се подалеку – оние' ~ *за гу платúш' и за устáвиш' динóж'иту парú дв'ă кóлку прáви имáниту! н'ăс парú за лиж'áт с'é тáм на туж'áриту* [MS,t,28]; ~ *сигá му вилú на визúрину: "за ти дáм питнájси д'éп'уви мухлéт,. да пóш' да сă науч'úш' ш'ту вил'áт н'ăс, ш'ту ги пúсахми на тифтéр'у"* [MS,t,40]; и: н'éс ~ *си утúдух на с'éлуту, си фáтих инá рáбута, сăс н'éс парú ш'ту ми ги дájти* [MS,t,15]; ~ *"н'ăсă јáс кăтý вáм бýдалá да фáтам н'éс, ш'у хóд'ăт пу зим'áта, јáс фáш'там да л'áтат на вит'ąрóт"* [MS,t,75]; ~ *н'éс днú дójха ут Англúја идпăја мóма да вúд'ąт цáрскуту ágалма* [MS,t,78]; ~ *н'éс, ш'ту имáха з'éнту прăс у инá ш'éмпа ... пиш'мáн сă стапáли* [MS,t,,60] в. нас'показна заменка за ж. род – онаа' .

н'ăфту (и: н'áфту) pron 1. 'ниту еден, ниту било кој – никој' ~ *д'ăт'ąнту вúд'ą, ч'ą ни зл'áва н'áфту, р'éч'и: "јáс за úзл'а!"* [MS,t,86]; и: н'ахто ~ *и така неговот маштех стори магии, та момата халвацијченто гу зал'уби и на татка и каза, ча друг н'ахто не зева, само халвацијченто* [V,PM,200]; ~ *и на н'áхто не казá, што и вúдел аф богáтската кăшта* [V,PM,17]; ~ *гу здигнова сандукот о–тамо, кату не знајши што има нетре, гу занесе нетре на Солун да гу продаде. Тел'ал вика, н'ахто си не наемнал да гу везми. Оттам гу издигнал, гу занесе на Стамбол* [V, PM,234]; 2. 'никого' ~ *сă ч'úд'ąш'и д'é да пój, ни знájаш'и н'ăфту* [MS,t,81]; 3. 'некој, неопределено, било кој' ~ *Тóс скопó ни им'ăш'и н'ăфту да гу гл'éнда* [MS,t,78]; ~ *"затур'ăти вратăтą, да ни зл'ázи н'ăфту! јáс за р'éка гáч'ица!"* [MS, t,73]; ~ *и манц'от–и сúга сă ч'úди, кáк да ха фăрлú вăнка да гу ни вúди н'áфту* [MS,t,68]; ~ *ут идúн сахáт' гл'éнда, н'éма да сă клăтни н'ăфту ут трит'á* [MS,t,70]; со член: ~ *пампóр'ут сă зал'ąпú на крајóт на ниш'úту, з'éха нáфтиту варéлит'ą* [MS,t,84].

н'ăш'ту pron 'се однесува: на некој неодреден предмет, појава, настан)' ~ *питнájси дни му дáва мјухлéт: тó за стóри пóхýбаву н'ăш'ту ут занајáт'ут–му, нóс за ја в'éни мумáта ж'éна* [MS,t,19]; ~ *му вилú: "запр'ăти сą мрăва, забрáх инó н'ăш'ту думá "* [MS,t,13]; ~ *дójди ги напýлни трúт'ą дуган'ă вúца н'ăш'ту и фáти пу идúн измúкáрин* [MS,t,28]; ~ *кăрпáчинот*

фатú да шета нúз чаршиата... и што н'áшту му арéсаши за кăштата, и купúл [V,PM,19]; во множина: ~ *ги клáват на инá кумш'úјка у удајáта н'ạш'тáта* [MS,t,12]; 'во именска служба': нéшто ~ *и такá Гóспот го милýваши, и когá да прóсиши нéшто от Бóга, му дáваши* [V,PM,16].

н'éгу pron 1. 'долга форма за директен предмет и општа форма од тој (он)' ~ *да сă пукáциш' на ц'амúјата, тój за стуú удóл, да сă фăрлúш' ти на врăх н'éгу* [MS,t,57]; ~ *и д'ăт'ạтój бúш'и разбуд'éну, му вилú на н'éгу: "пóт' мáјч'ин–ти!"* [MS,t,17]; ~ *з'éва инó ж'ел'ạзу инó индизé длăгу и такá сăс н'éгу ш'тив'ásува* [MS,t,5]; ~ *игрáјат, игрáјат, сă умурú мумáта и му вилú на н'éгу: "да пóа дóл"* [MS,t,9]; ~ *кугá úш'тими, јад'éми сăс кач'амák ...ш'ту úш'тиш' мákај сăс н'éгу* [MS,t,4]; во западната регија од Солунско палаталното н' затврднало: **нéго** ~ *лúтна, пррр! Лúтна, у–нă–цáрут двóрут кундúса. Нăинăш сă–стóри идну триндáфел'. Он сă–стóри идну јáстреп, дáп пу нéго* [ДК,141]; ~ *"Ако úмăш пáри, му вéле, тă–сákăм зă–жéна". И сă–сфăршúло. Му–дáвăт пáрте нă–Арáпите, Арáпите – дóма.. Вáа устăнýва су нéгооо* [ДК,131]; ~ *и как флéгле уф кýќата, а нáшле дéтито су Марúа Мáјка му. И сă наведúја, му сă пуклунúле на нéгу; и утфорúле стóката, му дунсéле на нéгу дáр (бахчúш)* [MV,K,306] – во контекстот словенскиот збор дар се објаснува со турцизмот бахчиш , што претставува убав пример и указание за изразито силното турско влијание во оваа регија; во употреба е и редуцирана форма нег: ~ *... рекла: "това је лесно, синко! иди направи един сăндăк толек, штото да можеш внетре в нег да стоиш прав, на средăтă да кладеш едно сăрче колко једно око"* [V,PM,280] (прави впечаток присуството на архаичната форма толек 'толку голем, толкав'; при анкетирањето во Гуменца запишавме и колик); освен нег, во крајниот југоисточен дел се употребува и нăг: ~ *по малко врăмă сăтнă царо писал по фрăт зăмјăтă си, да идат при нăг фрăт јунацитја, и кој сă наймă да тарколи планинăтă в морăто ...* [V,PM,289]; ~ *царо нова сахат сă лăхало та излăзăл на потоно да сă расходи и, като видăл чл'ака, рукал го при нăг* [V,PM,289]; 2. во примерите што следуваат се јавува наместо нему – во функција на индиректен предмет (нерегуларностите во употребата на заменските форми во југоисточниот егејски дел се многу обични; за ова в. во граматичкиот дел) ~ *му дадоха кајве и пил, л'апче маричка кату гол'ам базирѓанин пу мăра да јаде. Него да му даваха на темнојут един пициник му не стигаше, ама как да измамјат един траговец* [V,PM,178]; ~ *му вели чамурциата: "не ми давати мăра леп". И те му рекоха: "ниа не можими да наситими един јунак". И него ошти да му дадат леп оттамо* [V,PM,234]; 3. 'со значење на заменската форма себе' ~ *им'áш'и удбирáну идúн зимбúл смóкфа за д'ăдуту и гу з'éва сăс н'éгу* [MS,t,86]; ~ *един вечер сиромахут земá един карагрош сос негу* (м. 'сос себе') *и отиде на владиката* [V,PM,38]; – членовите на мировниот совет при решавање на случаите за отштета се држат настрана и од сопственикот на нивата и од сопственикот на говедото што ја направило штетата, зашто секој накаде негу тегле (м. 'на кај себе...'; = секој сака да приграби за себе) [ТГ,280].

н'емладúса* impf'кога некој предмет

ќе прими влага, ќе навлажне' ~ *áку пóш' на висóку, ут слăнциту ѝсă раступ'áт крилáта, áку пóш' на ни́ску млóгу,ут мур'éту ѝсă н'емладѝсат крилáта* [MS,t,58].

н'éса adv (редуцирана форма од денеска) 'во текот на денешнот ден' ~ *и на Алéксандрус с'éстрит'ăму д'éн' и н'éса óш'тп ж'ѝви сă* [MS,t,61]; ~ *н'éса пурăнч'ах да ми дунисáт ýтр'ạ п'éт' хил'áда укă ви́ну* [MS,t,,68] ~ *вилѝ на ж'инáта: "ут н'éса да натáтак тáс кăш'та и тóс пиривóл' тфój зă–j!"* [MS,t,47].

н'ó: (и: н'оо) pron 1. 'долга форма за директен објект и општа форма од он, наместо него' [ПД,113]; 2. – со асимилација и контракција <не + го ~ *ближнáл пăрстăно: áj го кójно, кáк лу сă–кáче и прăвáруве. Вујнáта кá гл'ăдáла, сă–чýде, н'о: зи`т кój éj* [ПК,2(231)]; 3. – со асимилација и контракција <ни + го ~ *гу–кăлвáа, ни́ạ ричéме тáтко ко:–утéпăт; árно áма н'оо–дéе, сj–о–зéме дóма* [ВД (П),287]; ~ *ви́ке мójтă сéстра: ѝмахме адѝп кутéл шó чýкạхме пă дéн пу двé лáтки млéко... Ви́ке: "Уд дéк вé j тóо кутéл, сте–н'о:–зимáш, ас–гу пузнáм д–ej нáш. Уд–дéк гу–пóсте, дéк би́хте?"* [ПК,2(279)]; – во контекстот среќаваме две посебности: употреба на презент од свршени глаголи – *ас–гу пузнáм* и употреба на декларативни (комплетивни, интенсионални) реченици со да – *ас–гу пузнáм д–ej* (<да е) *нáш.*

ОДБРАНИ ГРАМАТИЧКИ ПРАШАЊА

РЕЛИКТИ ВО ПРОЗОДИСКИОТ СИСТЕМ НА ЈУГОИСТОЧНИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ ОД КУКУШКО-ДОЈРАНСКОТО ПОДРАЧЈЕ

1.1. Повеќе истражувачи на македонскиот јазик, при поделбата и разграничувањето на дијалектите, акцентот го земаат како критериум со релевантно значење.

Меѓу првите со таква методологија се јавува Леонард Мазинг, кој во студијата за македонските дијалекти – објавена уште 1891 г., во Петербург – на акцентот му посветил посебен оддел[1]. Иако врз оскуден материјал, тој се обидува комплексно да навлезе во проблематиката на македонската акцентуација и притоа изделува две дијалектни групи: источна – говори со слободна и западна – со врзана акцентуација.

1.2. Натаму, со аналитички пристап кон проблемите од прозодиските системи на македонските народни говори се одликува недовршената работа на Милош Ивковиќ, излезена во две продолженија во Јужнословенски филолог[2]. Во овој труд, на акцентски план авторот изделува три групи на македонската јазична територија. Во првата [А] група ги разгледува источномакедонските говори што се карактеризираат со разносложност и парадигматичност (од Злетово и Кочани на север, до Солун и Кајлар на југ). Втората [Б] група, со ограничено-разносложна акцентуација, ги опфаќа говорните области во Костурско – Леринско и Тиквешко – Мариовско. Во третата група [Ц] ги разгледува западните говори, коишто имаат установен (врзан) акцент.

---

[1] L. M a s i n g, *Zur Lautund Akzentlehre der macedonischen Dialekte,* St. Petersburg, 1891.

[2] М. И в к о в и ќ, *Акценшски системи срйско-македонских говора.* Јужнославенски филолог, г. 2., 1921, с. 254-271; г. 4, 1924, с. 46-71.

1.3. Нешто посложена, но исто така и понепрегледна, е поделбата на македонските дијалекти што ја прави бугарскиот проф. Б. Цонев. Тој изделува пет групи[3].

2.1. Во поново време на ова прашање се задржале професорите Б. Конески и Б. Видоески.

Првиот, во Историјата на македонскиот јазик[4] разликува четири акцентски типови: 1. говори со подвижен акцент (малешевско-пиринските и говорите во Солунско), 2. говори со акцент, главно, на вториот или третиот слог од крајот, со повеќе или помалку окситони зборови (костурско–леринси, тиквешко-мариовски и југоисточните македонски говори), 3. североисточни говори и 4. говори со акцент установен на определен слог (овде влегува говорот во Корчанско со двосложно акцентирање и западното наречје со акцент на третиот слог).

2.2. Слична, но со повеќе детали, е поделбата што ја прави проф. Видоески. Тој прво македонските говори ги дели на две групи. Западните говори имаат определен (фиксиран) акцент, а источните неопределен (слободен). Границата оди по правецот: Корча – Долна Преспа – Црна Река – Вардар – Пчиња – Скопска Црна Гора.

Првиот, определениот, акцентски систем функционира во две свои разновидности: **а.** определен акцент на третиот слог од крајот (западното наречје) и **б.** определен акцент на вториот слог (говорите во Корчанско).

Вториот, неопределен (слободен) акцентски систем зафаќа поширок ареал. "Таков систем имаат говорите во источна Македонија, на целиот простор од Вардар и Црна до границата со бугарската јазична територија и од Козјак до Солун и Бистрица. Меѓутоа, и на овој терен акцентот не е единствен. Можеме да изделиме три основни акцентски типа: 1. говори со неопределена и подвижна акцентуација или малешевско-пиринси тип, 2. говори со неопределена и неподвижна акцентуација или штипско-воденски тип, и 3. говори со ограничсно-нсопределена акцентуација или тиквешко-костурски тип"[5].

---

[3] Б. Ц о н е в, *Увод в историята на българския език.* А. *Преглед върху българските говори,* Сборник на народни умотворения, наука и книжнина, г. 27, 1901, с. 354-425.

[4] Б. К о н е с к и, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје 1967, с. 110.

[5] Б. В и д о е с к и, *Акцентските системи во македонските дијалекти,* Литературен збор, г. 17, бр. 3, Скопје 1970, с. 4.

3.1. Предмет на нашава работа се одредени специфичности во акцентирањето, со посебен осврт на реликтните појави, во југоисточните говори, поконкретно на подрачјето на кукушко-дојранскиот регион.

Овие говори спаѓаат во штипско-воденскиот тип кој се протега на широкиот простор од Солунскиот Залив па до границата со српската јазична територија на север. Источната граница на овој тип говори оди нешто поисточно од Крива Паланка, Кочани, Струмица, Кукуш и Солун, а западната оди по правецот Куманово – Свети Николе – Демир Капија – Остров – Кајлар.

Основна акцентска специфичност на овој тип говори претставува: разносложноста и парадигматичноста. Акцентот може да стои на сите слогови: на последниот (затворен) слог: **рибáр, орáч, елéн, торбáр** 'просјак', на вториот од крајот: **недéл'а, погáча, годúна,** на третиот: **жéничка, брáтово** (дете), **стóловте, нóсеме, óднеси;** за акцентирањето на четвртиот слог ќе зборуваме дополнително. Значи, разносложноста сепак донекаде е ограничена со тоа што акцентот не може да стои на последниот отворен слог. Ова претставува една од главните различителни црти на кумановско-кратовските, штипско-струмичките и гевгелиско-воденските говори во однос на малешевско-пиринските.

Повлекувањето на акцентот од крајниот отворен слог истовремено претставува сериозен потег во ликвидирањето на стариот акцентски систем, односно во отстранувањето на подвижноста, што натаму приготвувало терен за создавање на неслободен, фиксиран акцент. Значи со повлекувањето на окситонскиот акцент од крајниот отворен слог кај именките од типот **борбá – бóрби – борбáта – борбúте** дошло до акцентско совпаѓање со моделот на парадигматскиот акцент, што веќе постоел и ја олеснил оваа промена: **бáба – бáби – бáбата – бáбите.**Така се има дојдено до генерализирање на едно акцентско место низ парадигмата, односно низ сите флексивни форми на еден збор, што претставува една од главните карактеристики на овој акцентски тип. Сп.: **кóза,** со член **кóзата** или **кóаста,** мн. **кóзи,** со член **кóзите** или **кóјсте,** кај придавките: **цăрвéн – цăрвéна – цăрвéно,** мн. **цăрвéни,** со член: **цăрвéнио** или **цăрвéнјо, цăрвéната** или **цăрвéнта, цăрвéното** или **цăрвéнто, цăрвéните** или **цăрвéнте,** кај глаголите, во презент: **нóсам** или **нóсум, нóсиш, нóсе, нóсиме** или **нóсме, нóсите** или **нóсте, нóсат;** во аорист: **носúх, носú, носú(х)ме, носú(х)те, носúа;** кај имперфектот: **нóсех, нóсеше** или **нóшше, нóсехме** или **нóсееме, нóсехте** или **нóсеете, нóсаа;** кај глаголската придавка: **нóсéн, нóсéна, нóсéно,** мн. **нóсéни,** со член **нóсéнјо, нóсéнта, нóсéнто, нóсéнте** и сл.

4.1.Односниве особености: разносложноста и парадигматичноста го покриваат целото подрачје од овој тип говори и, во основа, за оние што се занимавале со акцентуацијата во македонските дијалекти претставува позната работа. Ние на нив се задржавме за да го обосновиме натамошниот дел од излагањето.

4.2. Говорите што се предмет на нашиов интерес: кукушкиот и дојранскиот претставуваат периферија од споменатава дијалектна зона од парадигматски тип и се граничат со крајните источни говори, малешевско-пиринските и дел од североисточните солунски села во кои сѐ уште се чува подвижниот акцент и акцент на крајниот отворен слог.

Имено, од изоглосното огниште што иридира од солунската област еден изоглосен сноп оди право на север во правецот Кукуш – Берово во кој се јавува и диференцијалната изоглоса на "акцентските типови **жена́ – же́ни //жената – жените, бра́да – бра́ди // брада́та – брада́те, седло́ – се́дла // седло́то – седла́та, се́ло – се́ла // село́то – села́та, дар – да́рове // дар – даро́вето, вол – воло́ве // во́ло – воловѐто, гно́ј – гнојта́;** кај глаголите: **пе́ча – пече́ш, држа – држи́ш** (презент), **пе́кох – пе́че** (аорист) и **пече́х – пече́ше** – (имперфект) и др. Спомнативе акцентски типови се среќаваат до линијата Солун – Дојран – Виница – Крива Паланка. На запад од оваа линија настапува друг акцентски систем: парадигматичен и разносложен"[6].

Наоѓајќи се на границата, дојранскиот и кукушкиот говор, иако во основата се вклучуваат во зоната на парадигматскиот акцент, презентираат – како што е и обично за периферните говори – ред посебности, меѓу нив и архаизми на прозодиски план. Значи, независно што стариот систем на подвижен акцент не функционира, во одделни синтагми се среќаваат реликти од односниов акцент. Интересно е дека овие специфичности повеќе се експонираат во градските говори, дојранскиот и кукушкиот и во некои села од Карадагот, додека во полските села, особено оние на југозапад, присутноста на парадигматичниот акцент во системот е речиси комплетно изразена. Тоа најрелјефно се забележува во случаите кога кај одделни образувања дошло до поместување на акцентот кон иницијалните слогови во еднинските форми за да се сложи со оној во множина, сп.: **оре́л : о́рли > о́рел : о́рли,** или **вене́ц : ве́нци > ве́нец : ве́нци.** Уште поуказателен е случајот со еднинската форма

---

[6] Б. В и д о е с к и, *Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија,* Македонски јазик, г. 13-14, кн. 1-2, Скопје 1962-63, с. 96.

рог која се проширила со морфемата **–ов** спрема множинската форма **ругóве** и на тој начин се зачувала парадигматичноста на акцентот: **ругóв – ругóве.**

Од истиве причини, да се зачува акцентот на одреден слог низ парадигмата, подвижните самогласки **е** и **о,** што обично се испуштаат во множинските форми кај одреден тип двосложни именки, овде се чуваат: **питéл – питéле,** исто **питéлче – питéлчета,** натаму **сукóл – сукóле** (од градскиот дојрански говор).

Значи, на истиот терен на показ се резултатите од судрувањето на старата слободна и подвижна акцентуација, карактеристична за крајните источномакедонски говори (малешевскиот, во Пиринска Македонија: благоевградскиот, санданскиот, разлошкиот, гоцеделчевскиот и петричкиот, и во Егејска Македонија: серскиот и сушковисочкиот) и решителната експанзија на стабилизираниот низ парадигмата акцент, изразен најпрво со укинувањето на окситонезата во отворени слогови, застапен во останатите источномакедонски говори.

5.1. На проблемот околу повлекувањето на акцентот од крајниот отворен слог во овие говори прв се задржал Д. Мирчев во студијата за кукушко-воденскиот говор; тој уште во почетокот на нашиот век запишал: "со исклучок на членуваните: **вичиртá, радустá, старустá,** или во композиција со кратки заменски форми: **брăт-мú, мăјкă-мý,** во никој друг случај акцентот не го менува местото, така што со право г-н Б. Цонев го определува како постојан и двосложен"[7].

5.2. Подоцна, но и поопстојно, на ова прашање се задржал М. Ивковиќ. Тој забележил: "Денеска на отворен краен слог акцентот стои само во неколку случаи: 2. и 3. л. едн. аор. : **тăрчá – тăрчá** и формите за ж. и с. род од **ậдúн: ậднá – ậднó.** Во споменативе примери јасно е дека таквиот акцент е внесен од другите форми. Овие се сите, и единствени случаи со акцент на последниот слог во овие говори за кои би смеело да се тврди дека се настанати на домашна почва. Акцентот на отворен краен слог во броевите: **пậдậсé, шијсé, сăдăмдăсé, дăвăдăсé** (Дојран) не треба да се вбројуваат во овие случаи, односно крајниот слог не треба да се смета за отворен, бидејќи крајното **–т** можело да отпадне дури откога гласовниот закон за повлекување на акцентот од крајниот отворен слог престанал да важи. Има уште примери со акцент на отворен краен слог, но тие се нанос од страна во поновата епоха. Такви се примерите во Дојран и Кукуш **вęчęртá,** со исто значење се употребува и **чáска;** во Дојран **вăркăнú** 'бргу'; турските зборови

---

[7] Д. М и р ч е в ъ, *Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ*, СбНУ, г. 18, София 1901, с. 470.

бäшкá, коцá итн.; **блasé-му, блasé на-тéбе;** во Кукуш **брäт-мú** додека во сите говори е **брáт-ми;** во Кукуш, Дојран **когá, сęгá** покрај постарото **ка, са,** а во сите останати говори **кóга, сéга** покрај **ка, са,** зборот **тóга** [Воден] во Дојран гласи **тогáј** со затворен краен слог, од односнава форма акцентот можел да биде внесен во **когá** и **сęгá**"[8].

5.3. Искажувањата и на Д. Мирчев и на М. Ивковиќ имаат потреба од објаснувања и дополнувања.

Прво, освен спомнатите членувани форми: **вичиртá, радустá, старустá,** забележивме и други именки од женски и среден род со окситоничен акцент, сп. примери од пунктот Амбар Ќој: *ни да рäбóтат, ни* **чистотá** *дä дäржат; – лóша* **миризмá** *úјше; – гулéма* **дäлбучинá**; *– уд-***вујнáта** *нé са вäрнá; – сè* **рäмнинá** *бúше; – нä-***висучинá** *нä-мóжум дä-стóм:* од пунктот Мутулово: *кá нé мó-ј* **гриутá** (гревота), – **празó** (чл. фор. од 'праз') *исäнá; – сè* **мäрснинá** *сä-нäпрäвúл си; – уф* **тимнинá** *сä-вäрнáа;* уште: **висучинá;** од Крецово; *нáшта* **слубудá** *нúгде га нéма; – гулéма* **ширинá, вујнá, вујнú,** овде ќе го споменеме и примерот: *нóво* **школó** *прäвúха,* иако зборот не е од словенско потекло; од Шекерлија; *дујдéха приз-***нуштá,** во Грамадна: **нуќтá;** од Градобор: **гуришгинá** *(гулéма);* сп. уште од Кукуш: *испäднáле* **двитé** *кучúшта, и: – кój* **кäдé** *мóже.*

Кон споменатите примери со акцент на последниот слог, што се добиле со аналогија: **аднá, аднó** (спрема **адúн**), натаму аористните форми: **тäрчá** – 2. и 3. л. ед. (спрема **тäрчáх**), треба да се споменат и заменските форми: **тäквá, тäквó, тäквú** (спрема **тäкóв**), **унäквá, унäквó, унäквú** (само во случаите: **тäквá, унäквá ама свäршú рäбóта**), натаму: **кäквá, кäквó, кäквú** (спрема **кäкóв**).

Во материјалите од Кукуш [МакПр, г. 9, кн. 3-4, с. 170-176] во врска со акцентот на последниот слог ги извлековме следниве примери: *анцúјата ут-***тувá** **нäпридné;** *– да* **сигá** *как да-бéгиш?; – анцúјата* **кугá** *си кýпе сóл', кугá си кýпе брáшно;* **нä-бäштá-ј;** *–* **тäкá;** *–* **кäквó** *да-нóсе; – чукнáл нä* **врäтá-та.**

5.4. Случајот со акцентирањето на заменската форма во примерот **брат-мú** не успеавме да ги забележиме при нашите истражувања на говорите во Кукушко, меѓутоа – како што рековме – во некои села од Карадагот, и во Дојран, а според материјалите и во градскиот кукушки говор, во извесни синтагми од роднински имиња и кратки заменски форми се чува старото акцентско место: *душéл дóма и кäжáл на-***жинá-му.** Ваквите форми егзистираат паралелно со примерите во кои акцентот е повлечен: *сритнáх адна* **жéна,** а сè

[8] М. И в к о в и ќ, op. cit., с. 264-265.

уште го чуваат старото место на акцентот бидејќи се јавуваат само во акцентски композиции во кои крајниот отворен слог, влегувајќи во спрега со кратката заменска форма престанал да биде отворен и тие не пречат на правилото за парокситонично акцентирање. Ваквите случаи се обопштиле и кон нив се приклучиле и други роднински имиња што не се акцентирале на последниот слог (се разбира само во споменативе акцентски композиции); *га-уднисе́л на-**мајка́-му** на-ка̀тут; – на-**систра́-му** са-л'у́те* (од пунктот Мутулово); *– шта́ам на-**штерка́-ми** га-ви́киш* (од Алексово) и др.

5.5. Односно синтагматско акцентирање како модел така се наложил кај роднинските имиња што се јавува и кај именки од машки род. Така во пунктот Аканџалија (се наоѓа во подножјето на Беласица, покрај Езерото), така е и во Дојран, и во Алексово, и во Ниманци, наспоредно со примерите: *ка да-ј дукима́сме, ричел **ма̀жо́-ј;** – **ма̀жо́-ј** ак га-ви́ке* и сл.; аналогни случаи среќаваме и со именката **син:** *и о́н и **сино́-му** адно́-са.*

Сличен развиток, истакнува проф. Конески, може да се следи во западното наречје, се разбира во системот на третосложното акцентирање: "Во акцентирањето на извесни синтагми, пред сè на состави од атрибут и именка, во ова наречје се чува заправо старото место на акцентот врз атрибутот: **тако́в-човек, бела́-брада** и сл. Старото место на акцентот е овде зачувано, бидејќи ваквите акцентски целости се вклучуваат во правилото за третосложно акцентирање без да има потреба од пренос на акцентот. Ваквите целости заправо можеле да бидат сами по себе еден важен продуктивен образец при изградувањето на системот на третосложното акцентирање"[9].

Овие акцентски типови во селата јужно од Кукуш, во реонот Поле, не се обични, сп. примери од Казаново: **нӑ-ма́јк-ти; – нӑ се́стрӑт-ти; – нӑ-ма̀жут-и;** од Постолар: **нӑ-же́ӑн-ти; – нӑ-се́стрӑ-ми.**

Бројот на лексеми со акцент на последниот отворен слог особено се зголемил со навлегувањето на ред турцизми; сп. примери од Кукушко, пункт Мутулово: **аба́** 'дебел волнен штоф', **бошча́** 'широка крпа за завиткување', **бина́** 'висока, голема куќа', **дулма́** 'кошула', **дӑлга́** 1. 'бран', 2. 'некоја непријатност што траела долго време', **зӑмба́** 'метална направа за отворање дупки', **кӑшла́** 'планинско, далечно пасиште', **мӑштӑрба́** 'бокал од чинго', **мӑја́** 1. 'потквас за сирење, сириште', 2. 'странична, голема греда од покривот на куќа', **пӑрча́** (: *адна́ **пӑрча́** си́рне*), **пӑнча́** 'шака, рака' (: *да́ј-ми адна́ **пӑнча́** ури́с*), **појра́** 'долниот, тесен дел од буката на

[9] Б. К о н е с к и, op. cit., с. 108.

воденица, оттаму излегува водата', **сăфрá** 'стомачно оболување, киселини', **сјурмé** 'дрво за потпирање на надворешната врата', **чинé** 'вилица (: *ка́ ќ-у́мре чувéк* **чинéтта** *ќи-му-вăрsат*), **ќушé** 'она што е на аголот, ќоше', **чатмá** 'главна греда на покривот', **цурá** 'слаба ракија, таа што истекува последна од казанот'; од Амбар Ќој: **бинá, јабандá** 'туѓина', **кумá** 'покрив на куќа со 4 стреи', **мирá** 'поле, рамница', **сирмé** 'резе за запинање', **ќуфтé ќуфтéта** 'мелено и испржено месо, во вид на сплескано топче, ќовте'; **кăпăмá** 'нешто покриено', **цăдé** 'широк пат, "царски" '. **шишé**; од Градобор: **душумé, сурмé, кафинé, тилимé** 'пресно сирење без сол'; од Гăрбашел: **булмацá 'вид кожно заболување', биљá 'непријатна случка, беља', капамá** и др.

За одбележување е дека во дојранскиот говор бројот на туѓите зборови со акцент на последниот отворен слог е многу поголем отколку во соседните југоисточни говори, сп. **алкá** (во Струмица **áлка**), **јакá** (во Струмица **јáка**), **сăмбá** (во Струмица **зăмба**), **кавé** (: **кáве**), **суфрá** (: **сóфра**) 'ниска округла маса, кога се користи (за јадење или за сучење) не се седи на столица, туку на земја', **сăрмá** (: **сáрма**), **тукá** (: **тóка**), **удăјá** (: **удáа**), **шишé** (: **ши́ше**), така и во микротопонимиската номенклатура: **Андóнуфта Башчá, Гулéмата Кăлдăрмá** 'дел од патот меѓу Стар и Нов Дојран', **Јени Малé** 'турска населба во Дојран' – името останато од минатото, градот Дојран комплетно бил уништен кон крајот на Првата светска војна; **Калá Тепé** 'највисокиот рид над Дојран', **Килимџинá** 'во минатото на тоа место ја колеле стоката, касапница'[10].

И покрај исклучоците, за кои зборувавме погоре, сепак овие говори, во основа, се вклучуваат во зоната на македонски говори со парадигматичен акцент и повлечен од последниот отворен слог.

6.1. Бројот на случаите со парокситоничен акцент се зголемил, освен со примерите во кои акцентот се префрлил на вториот од последниот отворен слог, и со оние што првобитно се акцентирале на третиот или четвртиот слог од каде што се повлекол на вториот од крајот, пр.: **михчи́на, ругузи́на** и сл.

Во други случаи, кога акцентот останал на старото место, за да се избегне четворосложното акцентирање, на вториот слог се појавил нов, спореден акцент, чиј интензитет е послаб, или како што вели М. Ивковиќ (op.c it. 262-263), се работи за постоење "услови за развивање на спореден акцент", "така што заправо четворосложниот комплекс се дели на две двосложни ритмички целости", сп. примери од пунктот Амбар Ќој: **си́нкуви́ца** 'вид чир помодрува и многу боли', **ки́хуви́ца, пре́плетчéта** (: **пре́плет** 'мало пасмо'); од Мутулово: :

[10] К. П е е в, *Дојранскиот говор,* Македонистика 2, Скопје 1979, с. 52.

би́вули́ца, ка́тари́ца 'верверица', **гу́шуви́ца** [] **жаба́р** 'барска птица, личи на штрк, се храни со жаби, оттаму и називот', **ле́стуви́ца, пра́скуви́ца**; од Мораруи: ма́тури́ца 'свиња што има мали прасиња'; од Грамадна: ма́ндраци́а 'тој што работи на бачило'; сп. топ. Гъ́гл'уву́то Алча́к.

Многу повеќе примери со двоен акцент забележивме при истражувањето на пунктот Савек, Серско: **ма́тури́ца, ци́гари́ци** 'чварки, цимиринки', **аф-бо́лници́ата, аф-мили́ци́ата, је́реби́ца, ле́стави́ца, кра́стъви́ца, па́дави́ца, би́ули́ца, те́нцерче́та, ја́рънце́та, пра́сънце́та, мо́мичка́та, ра́жано́ва** (слама]. Во овој говор интензитетот на вторичниот акцент, за разлика од оној во дојранско-кукушкиот, стои паралелно со првичниот акцент. Прашањето за вторичниот акцент поопстојно го елаборирал К. Мирчев во студијата за неврокопскиот говор[11] **[11]**.

Двоен акцент среќаваме и во некои сложени зборови: ја́нґозли́ја 'тој што гледа настрана, разрок', чака́ндишли́ја 'човек со големи, истурени напред заби', ќо́рши́лич 'лилјак', сма́рдико́пан 'мало жапче, личи на рипче, полноглавец' (од пунктот Патарос), натаму во степенуваните форми на качествените придавки: по́-шаре́н, на́j-висо́к, односно кај прилозите: по́-го́рце, на́j-напре́ди, на́j-висо́ко и сл.; сп. уште: пре́ба́ба, пре́де́до.

7.1. Со егземплификацијата јасно се покажа дека се работи за говори во кои се вкрстуваат акцентските посебности од две дијалектни зони. Иако новиот акцентски тип во основа надвладеал, сепак на показ се и случаите од стариот, подвижен акцент: же́на, но: на-жена́-ми.

Со ова, а и со двојниот акцент дојранско-кукушките говори се јавуваат како спона меѓу штипско-струмичките говори од една, и малешевско-пиринските од друга страна, потврдувајќи го, на тој начин, единството на источно-македонските говори.

---

[11] К. М и р ч е в, *Неврокопскиятъ говоръ,* Годишникъ, *СУ, кн. 32, София* 1936, бр. 1, с. 54.

RELIKTY PROZODYCZNE W POŁUDNIOWO-WSCHODNICH GWARACH MACEDOŃSKICH OKOLICY KUKUSZA I DOJRANA

(Streszczenie)

Gwary kukuszko-dojrańskie należą do wschodnio-macedońskiego kompleksu dialektalnego i reprezentują w ramach tego kompleksu typ sztipsko-wodeński charakteryzujący się akcentem organiczenie swobodnym i nieruchomym. Widoczne są tu również rezultaty działania tendencji do wycofywania akcentu z otwartej sylaby wygłosowej.

Ulokowane na peryferii macedońskiego obszaru językowego gwary te utrzymały jednak także pewne archaizmy prozodyczne. Akcent na otwartej sylabie wygłosowej wykazują nie tylko formy rodzajnikowe jak *vičirtá, radustá, starustá,* czy też np. formacje z suf. *–ina* jak *dalbučiná, visučiná,* lecz także wyrażenia z enklizą typu: *kažál na žená-mu.* W drodze analogii akcentuacja taka objęła również nazwy rodzinne pierwotnie nie oksytoniczne: *ga-udnisél na-majká-mu, ... na-šterká-mu,* itp. Sekwencje tego typu nie podważają zasady nieakcentowania otwartego wygłosu, ponieważ jako ostatnia sylaba sekwencji występuje enklityka. W kolejnym kroku analogii podległy również wyrażenia z nazwami rodzinnymi rodzaju męskiego, por. *ričél na-mäžó-j; ... i on i sinó-mu adnó sa.*

1987

СКРАТЕНИЦИ

А,БТР – Л. Андрейчин и др. , *Български тълковен речник* , София 1963.

БМ – Ст. Бојковска – Максимовска, *Дијалектни текстови од Мегленско,* Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992.

Б(М,В,СД,К) – Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско,* Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско,* Македонско народно творештво, 8, Скопје 1989; *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско,* Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; *Македонски народни песни од Кукушко,* Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989.

Б,ОГ – П. Бицевски, *Орловото гнездо,* Скопје 1996.

В (V,K,S) – W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej,* Warszawa 1983 (V – Воден, K – Кукуш, S – Солун).

ВГ,БЕР – В. Георгиев и др., *Български етимологичен речник,* София,1971...

В,СД – Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско,* МАНУ, Прилози XXII, 2, 1992.

V,PM – P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze, 1932, s. IV-596.

VM,ESJČ – V. Machek, *Etymologický slovnik jazika českého a slovenského,* Prag, 1957.

Г,ДМГ – Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276.

ДВ – В. Думевъ, *Воденски®ш† говор†,* МакПр, XIII, с.8–42.

ДК – В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор,* Скопје, 1991.

ДС (Ч) – С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлицик* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997.

ИГ – Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ,* София, 1932.

КЕ – М. Карамфиловски, Ениџевардарскиот говор, докторска дисертација, машинопис, Скопје 1995.

ЛС(К) – Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско), магистерска дисертација, Скопје 1997.

MS,t,s – M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty,* Kraków 1934; *II Słownik,* Kraków 1936;

МЕ(В) – Б. Ристовски, *"Вардар". Научно-литературно и општествено-политичко списание на К. П. Мисирков,* Скопје, 1966.

MV,K – A. Mazon et A. Vaillant, *L`évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar,* Paris 1938.

МС(В) – Л. Милетичъ, Изъ живота на Българитѣ въ Солунско, МакПр, VIII, София, 1932.

МЕ(Р) – Бл. Ристовски, Раните ракописи на К. П. Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998.

О,СРЯ – С. Ожегов, Словарь русского языка, Москва 1963.

ПД – К. Псев, Дојранскиот говор, Македонистика, 2, Скопје 1979.

ПК,I,II – К. Пеев, Кукушкиот говор I, 1988; II, 1989.

ПК(Гр) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Грбашел, Кукушко.

ПК(Кр) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Крецово, Кукушко.

ПК(М) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Мораpци, Кукушко.
ПК(Мут) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Мотулово, Кукушко.
ПК(Грам) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Грамадна, Кукушко.
ПГ(К) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Коњско, Гевгелиско.
ПГ(С) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Стојаково, Гевгелиско.
ПД(Ник) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Николич, Дојранско.
ПД(Пат) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Патарос, Дојранско.
ПД(Ф) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Фурка, Дојранско.

PS, ERHSJ – P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Zagreb, 1971...

Р,ДГ – Ст. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, кн. 1, София 1932.

РМЈ – *Речник на македонскиот јазик* I, II, III, Скопје 1961...

РСХКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика*, Београд, 1959...

СК – Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкия говор*, Българска диалектология, III, София 1967.

ТГ – Ст. Таневиќ, *Српски народни обичаји у ѓевѓелијској кази*, Српски етнографски зборник, XL, Београд, 1927.

УЕ – Д. Угриновски, *"Народни обичаи од Еницевардарско"*, машинопис.

Ф,ЭСРЯ – *Этимологически словарь русского языка*, Москва 1986...

ШГ,1(К,Д) – К. Шапкарев, Сборник от *български народни умотворения*, т. 1, София, 1968 (К – Кукушко, Д – Дојранско).

ШГ,5(С,К,Д) – К. Шапкарев, *Избрани дела*, V, Скопје, 1976 (Г – Гевгелиско, С – Солунско, К – Кукушко, Д – Дојранско).

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. – Со овој знак го предаваме "темниот вокал" независно од неговото потекло.

ạ, ẹ, ọ. – Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор: *ạ* клони кон *ă*, *ẹ* кон *и*, *ọ* кон *у*.

a:, e:, o:. – Должината на вокалите ја означуваме со знакот : (две точки) поставен од десната страна до буквата.

ä. – Со овој знак го обележуваме широкиот изговор на вокалот *е*.

л'. – Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. – Со овој знак се означува мекото *н'*. Во крајната југоисточна периферија, пр. во Лагадинско консонантите си имаат свои меки парници што ги претставуваме на истиот начин – со надреден знак од десната страна на буквата (*д* - *д'*, *з* – *з'*, *т* – *т'* и сл.).

л̥. – Со овој знак се означува вокалниот изговор на *л*.

р̥. – Овој знак го означува вокалниот изговор на *р*.

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282.4(495.6-12)(038)

ПЕЕВ, Коста
Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел Т. 3 / Коста Пеев. - Скопје: Студентски збор. 2005. - 359 стр. ; 24 см

Na naspor. nasl. str.: Dictionary of Macedonian dialects in the South-East Aegean part of Macedonia. B. 3 / Kosta Peev

ISBN 9989-45-125-7

а) Македонски јазик - Дијалекти - Егејска Македонија, југоисточна - Речници
COBISS.MK-ID 60908554

СОДРЖИНА

Л.....	11
Л'.....	50
М.....	58
Н.....	162
Н'.....	337
Одбрани граматички рашања.....	341
Кратенки.....	353

Коста Пеев
РЕЧНИК
НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

**

Новинско-издавачко претпријатие *"Студентски збор"* – Скопје

**

директор
д-р Томе Груевски
**

главен и одговорен
уредник
Зоран Костов
**

технички уредник
Владимир Лазов
**

дизајн на корица
Игор Настевски
**

графика
Македонски градски мотив, Ѓорги Ачески
**

Печатено во Борографика, Скопје
тираж: 1000 примероци

Издавањето на Речникот го потпомогна Министерството за култура на Република Македонија.

МАНУ – БИБЛИОТЕКА
R
II 1727/3
100002274
COBISS



ISBN 9989-45-125-7